**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА
# УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

(ЗА ПЕРИОДОТ 2015-2018)

Штип, 2019 година

**Комисија за евалуација:**
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, претседател
проф. д-р Александра Милева, член
проф. д-р Анѓеле Михајловски, член
проф. д-р Мишко Џидров, член
доц. д-р Борка Тушевска, член
м-р Ристо Костуранов, член
Милкица Миленкоска, член
Дијана Насева, член
Ана Маноилова, студент
Анастасија Пенева, студент
Тамара Чавдарова, студент

**Уредник**
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева

**Лектор**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување**
Славе Димитров

**Издавач**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

**Печати**
Печатница "2 Август" - Штип
Тираж: 100 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

005:378.1(497.731)"2015/2018"(047)

ИЗВЕШТАЈ за самоевалуацијата на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип : (за периодот 2015-2018) / [уредник Лилјана Колева-Гудева]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, 2019. - 377 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-244-642-4

а) Универзитет "Гоце Делчев" - Штип - 2015-2108 - Извештаи б) Менаџмент во образованието - Универзитети COBISS.MK-ID 110543370

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Комисија за евалуација**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

(ЗА ПЕРИОДОТ 2015-2018)

Штип, август 2019 година

# С О Д Р Ж И Н А


ВОВЕД 10

**1. ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ** 12
1.2. Мисија на Универзитетот 17
1.3. Стратешки цели на Универзитетот 17

**2. НАСТАВНО-НАУЧЕН, СОРАБОТНИЧКИ, АДМИНИСТРАТИВЕН И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ КАДАР** 19
2.1. Анализа на наставно-научниот и соработнички кадар на ниво на УГД и по кампуси 19
2.2. Анализа на наставно-научниот и соработнички кадар по одделни факултети 24
2.3. Административен и помошно-технички кадар 32

**3 . НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** 34
3.1. Прв циклус студии 34
3.1.1. Карактеристики на студиските програми 34
3.1.2. Структура на студиските програми 55
3.1.3. Вештини и компетенции 57
3.2. Втор циклус студии 68
3.2.1. Студиски програми 68
3.2.2. Структура на студиските програми 79
3.3. Трет циклус студии 80

**4. С Т У Д Е Н Т И** 86
4.1. Анализа на број на студенти по кампуси 89
4.1.1. Кампус 1 - Уметности 89
4.1.2. Кампус 2 - Природни, технички и биотехнички науки 90
4.1.3. Кампус 3 – Медицински науки 93
4.1.4 Кампус 4 - Општествени и хуманистички науки 95
4.2. Анализа на број на студенти по факултети 97
4.2.1. Ликовна академија 97
4.2.2. Музичка академија 100
4.2.3. Филмска академија 102
4.1.4. Електротехнички факултет 104
4.1.5. Земјоделски факултет 107
4.1.6. Машински факултет 110
4.1.7. Технолошко-технички факултет 112
4.1.8. Факултет за информатика 115
4.1.9. Факултет за природни и технички науки 118
4.1.10. Факултет за медицински науки 121
4.2.11. Економски факултет 124
4.2.12. Правен факултет 127
4.2.13. Факултет за образовни науки 130
4.2.14. Факултет за туризам и бизнис логистика 133
4.2.15. Филолошки факултет 136

**5. ПРОСТОРНА И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ** 140
5.1. КАМПУС 1 - УМЕТНИЧКИ АКАДЕМИИ 140
5.1.1. Музичка академија 140
5.1.2. Ликовна академија 141
5.1.3. Филмска академија 142
5.2. КАМПУС 2 - ПРИРОДНИ, ТЕХНИЧКИ И БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ 142
5.2.1. Факултет за природни и технички науки 147
5.2.2 Машински факултет 148
5.2.3. Факултет за информатика 149
5.2.4. Земјоделски факултет 150
5.2.4. Електротехнички факултет 151
5.2.6. Технолошко-технички факултет 152

5.3. КАМПУС 3 - МЕДИЦИНСКИ НАУКИ 153
5.3.1. Факултет за медицински науки 153
5.4. КАМПУС 4 - ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ 156
5.4.1. Економски факултет 156
5.4.2. Правен факултет 157
5.4.3. Факултет за образовни науки 158
5.4.4. Филолошки факултет 158
5.4.5. Факултет за туризам и бизнис логистика 159
5.5. ПРОСТОРНА И МАТЕРИЈАЛНА ОПРЕМЕНОСТ НА НАСТАВНИТЕ ЦЕНТРИ 160

**6. СТУДЕНТСКА АНКЕТА** 164
6.1. Организација на процесот на настава 164
6.1.1. Информираност 164
6.1.2. Организираност на наставата 165
6.2. Студиска програма 165
6.3. Предметни програми 167
6.3.1. Содржина на предметни програми 167
6.3.2. Литература 167
6.4. Следење и оценување на постигнувањата на студентот 168
6.4.1. Потребно време за учење 170
6.5. Мислење за наставниците 171
6.6. Мислење за асистентите 172
6.7. ИКТ поддршка на наставата 174
6.7.1. Платформа за електронско учење 174
6.7.2. Електронски индекс 175
6.7.3. Електронска библиотека 176
6.8. Мислење за сервисните служби 176
6.9. Општа оценка 177

**7. АНКЕТА НА НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР** **179**
7.1. Организациска поддршка на наставата 179
7.1.1. Информираност 179
7.1.2. Годишен академски распоред 180
7.1.3. Наставно-нагледни средства 181
7.1.4. Платформа за електронско учење 182

7.1.5. Електронски индекс 183
7.1.6.. Електронска библиотека 183
7.2. Внатрешна соработка 184
7.2.1. Соработка во рамките на факултетот 185
7.2.2. Соработка со одделение и сектори 186
7.2.3. Веб-страница 188
7.3. Научноистражувачка работа 189
7.3.1. Услови за научноистражувачка работа 189
7.3.2. Фонт за научноистражувачка работа 190
7.3.3. Проектни активности од Фондот за научноистражувачка работа 190
7.3.4. Апликативни проекти 192

**8. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ 193**
8.1. Учество во меѓународни научноистражувачки проекти 193
8.2. Учество во домашни научноистражувачки проекти 195
8.3. Учество на меѓународни манифестации (конференции, симпозиуи, семинари) и начин на презентација на трудот 196
8.4. Учество на домашни манифестации (конференции, симпозиуми, семинари) и начин на презентација на трудот 199
8.5. Организирани собири од страна на единиците на УГД 202
8.6. Објавени трудови и публикации во научни списанија 203
8.7. Фонд за научноистражувачка работа (ФНИР) 209

**9. ФИНАНСИРАЊЕ 215**
9.1. Средствата од буџетот на Република Северна Македонија 216
9.2. Средства од сопствени приходи 217
9.3. Средства од научни проекти 218
9.4. Средства од апликативни проекти 219

**10. ЛОГИСТИКА И СТУДЕНТСКИ СЕРВИС 222**
10.1. Е-индекс 224
10.2. Студентска легитимација – електронска картичка 225
10.3. Е-библиотека 226
10.3.1. Кампус 1 – Уметности 227
10.3.2. Кампус 2 – Природни, технички и биотехнички науки 228
10.3.3. Кампус 3 – Медицински науки 229
10.3.4. Кампус 4 – Општествени и хуманистички науки 229
10.4. Студентска е-пошта 233
10.5. Е-распоред 233
10.6. Е-репозиториум 235
10.6.1 Кампус 1 – Уметности 236
10.6.2. Кампус 2 – Природни, технички и биотехнички науки 237
10.6.3. Кампус 3 – Медицински науки 237
10.6.4. Кампус 4 – Општествени и хуманистички науки 238
10.6.5. Воена академија, одделенија на УГД и индустрија 238
10.7. Е- учење 239
10.8. Е-календар 242

**11. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА 245**
11.1. Мобилност на студенти и наставници од УГД по Еразмус програма 246

**12. КОНСТАТАЦИИ И ПРЕПОРАКИ** 257
12.1. Структурна организација 257
12.2. Наставен и соработнички кадар 257
12.3. Наставно-образовна дејност 258
12.4. Студенти 259
12.5. Просторно и материјално-техничка опременост 259
12.6. Студентска анкета 260
12.7. Анкета на наставнички и соработнички кадар 261
12.8. Научноистражувачка дејност 264
12.9. Финансии 265
12.10. Логистика и студентски сервис 266
12.11. Надворешна соработка 267
12.12. Внатрешна проверка на квалитет 267

ПРИЛОЗИ 270

## Користени кратенки

ЕАУ - Европска асоцијација на универзитети
ЕКТС - Европски кредит трансфер систем
ЕФ - Економски факултет
ЕТФ - Електротехнички факултет
ЗВО - Закон за Високо образование
ЗФ - Земјоделски факултет
ИКТ - Информатичко компјутерска технологија
К1 - Кампус 1, Уметности
К2 - Кампус 2, Природни, технички и биотехнички науки
К3 - Кампус 3, Медицински науки
К4 - Кампус 4, Општествени и хуманистички науки
ЛА - Ликовна академија
МА - Музичка академија
МОН - Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
МФ - Машински факултет
НИ - Научно-истражувачки
ПИЕ - Програмата за институционална евалуација
ПФ - Правен факултет
ТТФ - Технолошко-технички факултет
УГД - Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
ФА - Филмска академија
ФИ - Факултет за информатика
ФМН - Факултет за медицински науки
ФНИР - Фонд за научно – истражувачка работа
ФОН - Факултет за образовни науки
ФПТН - Факултет за природни и технички науки
ФТБЛ - Факултет за туризам и бизнис логистика
ФФ - Филолошки факултет

## ПРЕДГОВОР

Во своето дванаесетгодишно постоење и навлегување во втората деценија од своето работење Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип посебен акцент им дава на студентите во делот на квалитетна наставата, студентски живот, на сето она што им припаѓа на студентите и што еден универзитет треба да им го овозможи на своите студенти. Студентите се темелна определба на Универзитетот, од тој пат нема скршнување и нема алтернатива. Тоа е вистинскиот пат што треба да го оди секој универзитет.

Новите информатички и комуникациски технологии, како и новите техники за научно истражување наложија промовирање на современ пристап во методите на наставната и на истражувачката дејност. Тоа создаде потреба Универзитетот да промовира нов и современ пристап во високото образование со креирање и развивање на платформи за е-индекс, е-учење, е-репозиториум, е-библиотека, е-журнали, е-календар, е-распоред и интранет. Сите овие системи со заеднички префикс „е” даваат своевиден белег на Универзитетот, со што Универзитетот е  препознатлив за младата популација во регионот и пошироко.

Во сите овие години на постоење овој Универзитет создаде и современ пристап за менаџирање и контрола на квалитетот во сите сегменти на неговото работење. Овој механизам, како и постојаната посветеност на културата на квалитет и континуираната работа го рангираа Универзитетот на високото второ место на државните универзитети и високорангирана позиција на Шангајската листа, позиција која е во континуиран пораст. Во механизмите на контрола на квалитетот спаѓаат и процесите на самоевалуација, кои се спроведуваат во континуитет на секои три години и кои даваат конкретни насоки за понатамошните активности во развојот на оваа стабилна високообразовна институција, која е креирана и функционира по мерка на младите.

Четвртата самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, е процес кој е спроведен од Комисијата за самоевалуација, во соработка со Комисиите за самоевалуација на факултетите, Одделението за обезбедување со квалитет, како и сите единици и оддели на Универзитетот.

Овој извештај за четвртата самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип 2015-2018 година ја отсликува реалното и детално анализата на сите сегменти, тела и единици на нашиот Универзитет.

**Комисија за самоевалуација**
**Штип, јули 2019 година**

**ВОВЕД**

Дванаесеттата година од своето постоење Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип ја одбележува со својата четврта по ред самоевалуација, процес кој се изведува на секои три години. Првиот тригодишен период од формирањето и постоењето на Универзитетот е евалуиран во првиот извештај за 2007-2009 година. Вториот тригодишен период е елабориран во Извештајот за евалуација на Универзитетот за периодот од 2010 до 2012 година, следниот тригодишен период е елабориран во Извештајот за евалуација на Универзитетот за периодот од 2013 до 2015 година, а последниот процес на евалуација, опфатен во овој извештај, го опфаќа периодот од 2015 до 2018 година.

Универзитетскиот сенат донесе Одлука за започнување на постапка за спроведување на самоевалуација на Универзитетот за период 2015-2018 година бр. 0701-238/10 од 28.2.2019 година, донесена на 157. редовна седница. Со Одлуката се задолжи Комисијата за спроведување на самоевалуација, која е формирана со Одлука на Универзитетски сенат бр. 0701-296/11 од 21.3.2016 донесена на 122. редовна седница на Универзитетскиот сенат (чиј мандат изнесува 4 години), да ја спроведе самоевалуацијата заедно со комисиите за самоевалуација на единиците на Универзитетот - факултети и академии.

Комисијата за спроведување на самоевалуацијата е во состав:

- проф. д-р Лилјана Колева-Гудева - редовен професор на Земјоделски факултет, претседател;
- проф. д-р Александра Милева - вонреден професор на Факултет за информатика, член;
- проф. м-р Анѓеле Михајловски - вонреден професор на Филмска академија, член;
- проф. д-р Борка Тушевска - вонреден професор на Правен факултет, член;
- проф. д-р Мишко Џидров - вонреден професор на Машински факултет, член;
- м-р Ристо Костуранов - генерален секретар на Универзитетот, член;
- Милкица Миленкоска – советник на ректорот/советник за меѓународна соработка и обезбедување со квалитет, член;
- Дијана Насева – советник за обезбедување со квалитет, член;
- со Одлука на Универзитетски сенат бр. 0701-238/10 од 28.2.2019 г., донесена на 157. редовна седница на Универзитетскиот сенат, за членови на Комисијата за спроведување на самоевалуацијата, од редот на студентите, назначени се студентите Ана Маноилова, Анастасија Пенева и Тамара Чавдарова.

Овој процес на внатрешна евалуација е од особено значење за Универзитетот, затоа што се спроведува во периодот на заокружување на првата декада и навлегување во втората декада од своето постоење, период во кој Универзитетот се етаблира како препознатлива високообразовна институција во регионот.

Комисијата во горенаведениот состав ги започна активностите за самоевалуација во март 2019 година. Постапката за внатрешна евалуација беше спроведена во согласност со методологијата за спроведување на самоевалуација дефинирана од Одделението за обезбедување со квалитет на Универзитетот и Прирачникот за квалитет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, според барањата на стандардот ИСО 9001:2015. Истата во целост е базирана на препораките дефинирани од Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образовнаие (Standards and Gudelines for Quality Assurance in European Higher Educational Area, © European Association for Quality Assurance in Higher Education, 2005, Helsinki), како и Упатството за евалуација и евалуациона постапка на факултет/висока стручна школа/научна установа, донесено од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, а во согласност со националната регулатива и европските програма за институционална евалуација на високообразовните институции.

Процесот на самоевалуација е спроведен на институционално ниво од страна на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот и респективните Комисии за самоевалуцаија на сите единици (факултети/академии).

Основни цели за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип врз база на кои Универзитетот се развиваше, се развива и кои ќе го поддржат нашиот понатамошен раст се:

- Воведување на нова техника и технологија со цел – автоматизација на процесите на работа, олеснување на наставно-научниот процес на Универзитетот и комуникацијата меѓу вработените и студентите;
- Продуцирање на високопрофесионален и квалитетен кадар, подготвен да го аплицира своето знаење во сите сфери на општественото живеење, поддржувајќи го на тој начин националниот економски развој и развојот на државата воопшто;
- Преземање на мерки за исполнување на критериумите за повисоко рангирање на Универзитетот на релевантните листи за рангирање на универзитетите во светот;
- Креирање на маркетинг стратегија, која ќе овозможи поголема препознатливост на Универзитетот;
- Постојано збогатување на библиотечниот фонд со изданија на вработените и пристап до релевантните светски бази на стручна литература;
- Постигнување на значајни резултати во научноистражувачката, апликативната и стручно-уметничката работа на вработените на Универзитетот.

Четвртата самоевалуација на Универзитетот дава севкупна слика за периодот 2015-2018 година и детална анализа на сите сегменти, тела и единици на нашиот Универзитет, токму во периодот кога оваа институција е пред втората деценија од постоењето. Извештајот содржи детален преглед и анализа на надворешните услови и ограничувања, во кои функционира Универзитетот како и анализа на внатрешните силни и слаби страни, како и вкупниот потенцијал на институцијата за понатамошниот динамичен и брз развој.

Деталните анализи во извештајот отвораат можности и правци за надминување на постојните слабости, како и потенцијални можни насоки за идниот развој на институцијата во целост.

## 1. ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип функционира според моделот на интегриран универзитет и со него раководи ректор. Орган на управување и стручен орган на Универзитетот е Универзитетскиот сенат. Основан е од страна на Собранието на Република Македонија на 27 март 2007 година, а во академската 2007/2008 започнува со реализација на првите студиски програми на 7 факултети и една висока школа (Правен факултет, Економски факултет, Педагошки факултет, Факултет за рударство геологија и политехника, Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Факултет за музичка уметност и Висока здравствена школа). Во академската 2008/2009 година во состав на Универзитетот влегоа уште шест нови факултети, а во 2014/2015 година Факултетот за музичка уметност премина во академија, а се отворија и две нови академии Ликовна академија и Филмска академија.

Денес Универзитетот интегрира 12 факултети (Правен факултет, Економски факултет, Факултет за образовни науки, Факултет за природни и технички науки, Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Факултет за медицински науки, Филолошки факултет, Електротехнички факултет, Машински факултет, Технолошки факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика) и 3 академии (Музичка академија, Ликовна академија и Филмска академија), вкупно 15 единици кои се распоредени во четири кампуси (Кампус 1, Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4), со повеќе од 100 студиски програми во три циклуси на студии.

Седиштето на Универзитетот е во Штип, а има наставни центри во Струмица, Гевгелија, Кавадарци, Прилеп и во Скопје.

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од почетоците Универзитетот спроведува активности за обезбедување и подобрување на квалитетот и истите ги постави на највисоко институционално ниво. Во рамките на тие процеси се имплементирани голем број активности за развивање на култура на квалитет во сите аспекти

на функционирање на Универзитетот. Спроведена е и стандардизација на целокупното работење на Универзитетот согласно со серијата ISO 9001 - стандарди за управување со квалитетот, кој стандард во континуитет се спроведува од 2013 година. Во моментот Универзитетот работи по стандард ISO 9001:2015.

Од февруари 2015 година Универзитетот е полноправна членка на Европската асоцијација на универзитети (European University Association).

Од 2018 година Универзитетот е полноправна членка на Magna Charta Universitatum

Во октомври 2010 година е извршена првата внатрешната евалуација за периодот од 2007 до 2010 година. Во мај 2012 година е започната втората внатрешната евалуација за периодот од 2010 до 2012 година. Во 2013 година е завршена втората самоевалуација, во март 2016 година започна трета постапка за самоевалуација за периодот 2013-2015 година, во март 2019 година е донесена Одлука од Универзитетски сенат за започнување на постапка за самоевалуација за периодот 2015-2018 година, со што е потврден континуираниот процес на самоевалуација на овој Универзитет.

Со оглед на динамичниот развој на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и напорите за транспарентно, социјално и одговорно работење, процесот за надворешна евалуација беше иницирна во јуни 2013 година. Во јуни 2014 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2014, кој излезе од претходните резултати на извршените први две самоевалуациии на Универзитетот. Во ноември 2017 година како производ на надворешната евалуација е добиен извештајот од надворешните евалуатори IEP evaluation report 2017. Целосниот извештај од надворешната евалуација на УГД, 2017, е даден како прилог во овој извештај.

### 1.1. Организациона поставеност на Универзитетот

Организационата структура на Универзитетот е следна:

**Универзитетски сенат -** Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган на Универзитетот.

**Универзитетски совет** (тековно неактивен).

**Ректорска управа -** Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на единиците на Универзитетот и 1 (еден) претставник на студентите избран од Студентското собрание на Универзитетот.

**Кабинет на ректор -** Ректорот е раководен орган на Универзитетот. Во рамки на Кабинетот на ректорот се формираат сектори и одделенија кои работат на прашања од обласа на: електронски индекс, развој, администрација и корисничка поддршка, информатичко-комуникациски технологии, системска и мрежна администрација, обезбедување на квалитет, издавачка дејност и култура, финансиско, сметководствено, материјално и благајничко работење.

**Кабинет на проректор за настава и студенти -** Во рамки на Кабинетот на проректорот за настава и студенти се формираат одделенија кои работат на прашања од областа на: настава, библиотечно работење, доживотно и електронско учење, студентска архива и останати студентски прашања.

**Кабинет на проректор за наука -** Во рамки на Кабинетот на проректорот за наука се формираат школи, канцеларии и одделенија кои работат на прашања од областа на науката, магистерски и докторски студии.

**Кабинет на проректор за развој, инвестиции и одржување -** Во рамки на Кабинетот на проректорот за развој, инвестиции и одржување се формираат одделенија кои работат на прашања од областа на инвестициите и развојот, како и јавните набавки на Универзитетот.

**Кабинет на проректор за меѓународна соработка -** Во рамки на Кабинетот на проректорот за меѓународна соработка се формираат канцеларии и одделенија кои работат на прашања од областа на меѓународната соработка, меѓународните проектни активности и ЕКТС.

**Универзитетска стручна и административна служба -** Како стручни и административни работи се сметаат: планско-аналитичките работи, персоналните работи, работите на сметководството, евиденцијата и статистиката, работите на подготвувањето и обработувањето на материјалите и актите од нормативно-правна природа, работи од областа на јавни набавки, работите на компјутерската мрежа, на информатичкиот и на библиотечниот систем на Универзитетот, издавачката дејност, административните работи (примање и испраќање на пошта, деловоден протокол, архивски и слични работи), општите работи, одржување и чување на објектите и просториите, како и други работи што според својата природа спаѓаат во овие видови работи.

**Одделение за обезбедување со квалитет**

Во одделението за обезбедување со квалитет се извршуваат следниве работи: развивање на постапки за внатрешна и надворешна евалуација, методи за истражување на различни аспекти на квалитетот на образованието; поттикнување и организирање на постојани трибини и дискусии за квалитетот и ширење на културата на квалитетот во академската и неакадемската јавност; дефинира стандарди и критериуми за квалитетно функционирање на единиците на Универзитетот, спроведува анализа и собира повратни информации за квалитетот на сите корисници; координира и спроведува анкети на студенти и наставници; обработува резултати; истражува и причини за неквалитетно, неефикасно и долго студирање, како и други работи за потребите на секторот и одделението.

Универзитетот, под услови утврдени со закон, има основано три трговски друштва и тоа:

- Универзитетски спортски и културен центар (посебен правен субјект);
- Уни-сервис (посебен правен субјект);
- Уни-сервис агро (посебен правен субјект).

**Кампус 1**

Во состав на Кампус 1 се единиците на Универзитетот - академии кои вршат наставно-научна и уметничка дејност од научното подрачје хуманистички науки, согласно со Законот за високо образование, Законот на научноистражувачка дејност и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност и тоа:

- Музичка академија,
- Ликовна академија и
- Филмска академија.

**Кампус 2**

Во состав на Кампус 2 се единиците на Универзитетот - факултети кои вршат наставно-научна дејност од научните подрачја биотехнички, природно- математички и техничко-технолошки науки, согласно со Законот за високо образование, Законот на научноистражувачка дејност и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност и тоа:

- Факултет за природни и технички науки,
- Факултет за информатика,
- Земјоделски факултет,
- Машински факултет,
- Електротехнички факултет и
- Технолошко-технички факултет.

**Кампус 3**

Во состав на Кампус 3 се единиците на Универзитетот кои вршат наставно-научна дејност од научното подрачје медицински науки и здравство, согласно со Законот за високо образование, Законот на научноистражувачка дејност, Законот за здравствена заштита и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност и тоа:

- Факултет за медицински науки.

**Кампус 4**

Во состав на Кампус 4 се единиците на Универзитетот - факултети кои вршат наставно-научна дејност од научните подрачја од општествени и хуманистички науки, согласно со Законот за високо образование, Законот на научноистражувачка дејност и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност и тоа:

- Економски факултет,
- Правен факултет,

- Факултет за туризам и бизнис логистика,
- Факултет за образовни науки и
- Филолошки факултет.

Организационата шема на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, пред сè, организационата структура на кампусите е претставена во прилогот 1.

Стручната и административна служба, односно Ректоратот, е седиште на Универзитетот каде што се сместени највисоките раководни тела: ректор, проректори (проректор за настава и студенти, проректор за наука, проректор за развој, инвестиции и одржување и проректорот за меѓународна соработка, генерален секретар, како и стручно-административната служба, која е во функција на работењето на единиците (факултетите/академии) и внатрешно-организационите единици (одделенија, институти итн.), интегрирани во Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во Ректоратот е имплементиран и се одржува Системот за менаџмент со квалитет, а сите негови политики за квалитет и култура на квалитет се образложени во Прирачникот за квалитет на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип според, барањата на Стандардот ИСО 9001:2015.




Слика 1.1. Органограм за интерниот систем за самоевауација на УГД

Органограмот за организациона поставеност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, Прирачник за квалитет на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, според барањата на стандардот ИСО 9001:2015, Штип, 2018 г., е прикажан во прилог 1 од извештајот.

### 1.2. Мисија на Универзитетот

Како млада и енергична високообразовна институција, која постојано ги следи интересите на младата популација, како и најновите светски економски, индустриски и технолошки трендови, Универзитетот креира извонредни можности за високо образование. Мисија на Универзитетот е создавање и пренесување на знаењата за обезбедување на социјална и економска благосостојба и напредок на општеството, подготвување на студентите за занимања во кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, културна и јазична разновидност, поттикнување на технолошкиот развој, развој на уметностите, техничката култура и спортот. Промовирање и развивање на научните дисциплини застапени во студиските програми, согласно со потребите на регионот и државата, е значајна стратешка цел на овој Универзитет. Зачувување и градење на достоинството на професијата, развивање и унапредување на моралните вредности на академската заедница, промовирање на знаењето како вредност и свеста за одговорноста на Универзитетот како институција на највисоките човекови вредности се главни определби на Универзитетот.

Наши парадигми се: студентот во центарот на вниманието, индивидуален пристап кон студентот, зголемен степен на интерактивност во наставата.

### 1.3. Стратешки цели на Универзитетот

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е државен универзитет и е една од водечките национални високообразовни установи, рангиран на второто место на листата на државни универзитети во државата, кој со своите активности е препознатлива институција и во меѓународни размери. Наша визија е лидерска улога во областа на високото образование како значаен и активен учесник во севкупниот напредок на општеството и стопанството во државата и регионот. Оттука, разбирливи и препознатливи се и стратешките цели на Универзитетот како што се:

- Обезбедување на врвна едукација на студентите, базирана на најнови светски истражувачки достигнувања;
- Осигурување на сопствен научноистражувачки кадар и материјални ресурси (опрема, машини, површини, инфраструктура и др.) во соработка со водечки образовно-истражувачки институции во регионот и пошироко;
- Активно вклучување во меѓународниот состав на високото школство и наука, со поголема мобилност на студентите и на наставничкиот кадар;
- Вклучување во меѓународни образовни, научноистражувачки и стручни проекти и нивна имплементација на национално ниво;
- Организирање на сопствени кадри, инфраструктура и служби;
- Квалитетен пренос на знаења и технологии спрема стопанството и општеството во целост;

- Поттикнување и учество во донесувањето на важни прописи и закони од областа на високото образование;
- Континуирано градење и усовршување на стручниот и професионалниот углед на нашиот Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- Влијание во средината и двигател на културата и јавното мислење, за што Универзитетот има и општествена одговорност;
- Формирање на развојниот тренд на регионот и пошироко, а со тоа и зголемување на нивото на културата и јавната свест, со што Универзитетот влијае во градењето на новата мисла кај младите во вистинска насока.

## 2. НАСТАВНО-НАУЧЕН, СОРАБОТНИЧКИ, АДМИНИСТРАТИВЕН И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ КАДАР

### 2.1. Анализа на наставно-научниот и соработнички кадар на ниво на УГД и по кампуси

Постојаниот прилив, но и одлив, се основна карактеристика на наставно-научниот кадар на Универзитетот „Гоце Делчев". Наставно-научниот кадар во учебната 2015/2016 година брои 254 постојано вработени и 136 хонорарни соработници, а во 2016/2017 година тој број изнесува 291 постојано вработени и 92 хонорарни соработници. Согласно со потребите на студентите и студиските програми, за реализација на наставните активности во 2017/2018 година, бројот на постојано вработени се зголеми на 303, додека бројот на хонорарни соработници се намали до 87. На единиците на Универзитетот како помош во изведувањето на наставата се ангажирани и стручњаци од практиката, и тоа: 67 во 2015/2016 година, 124 во 2016/2017 година и 109 во 2017/2018 година (прилог 2.5).

Наставно-научниот кадар (постојан и хонорарен) во учебната 2017/2018 година е составен од 94 редовни професори, 98 вонредни професори, 133 доценти, а соработничкиот кадар од 1 научен соработник, 5 виши лектори, 4 лектори, 28 асистенти докторанди, 3 асистенти и 24 помлади асистенти (прилог 2.4).

Структурата на постојано вработениот наставно-научен и соработнички кадар во учебната 2017/2018 година според наставно-научното и соработничкото звање е дадена на слика 2.1, а според академското звање е дадена на слика 2.2. Структурата на постојано и хонорарно вработениот наставно-научен и соработнички кадар според академското звање е дадена на слика 2.3.

Според анализите направени во однос на структурата на наставно-научниот и соработничкиот кадар се забележува тренд на континуиран напредок на постојано вработениот наставно-научен кадар во споредба со претходниот евалуационен период, што е јасно изразен во бројот на редовни професори (зголемување за околу 104,9%), вонредни професори (зголемување за околу 12,5%) и доценти (зголемување за околу 2,3%).

Трендот кај соработничкиот кадар е опаѓачки – намалување за цели 33,7%, што се должи на постојаната динамика на напредување на

соработничкиот кадар во доценти, како и на недоволниот број на нови вработувања. Трендовите на промена на постојаниот и хонорарниот наставно-научен и соработнички кадар се прикажани на слика 2.4 и 2.5.




Слика 2.1. Структура на постојано вработен наставно-научен и соработнички кадар според наставно-научно и соработничко звање (2017/2018)




Слика 2.2. Структура на постојано вработен наставно-научен и соработнички кадар според академско звање




Слика 2.3. Структура на постојан и хонорарен наставно-научен и соработнички кадар според академско звање




Слика 2.4. Тренд на промена на постојаниот и хонорарниот наставно-научен кадар




Слика 2.5. Тренд на промена на постојаниот и хонорарниот соработнички кадар

Сепак, може да се констатира дека позитивниот тренд на зголемување на персоналот и напредувањето во академските звања е планиран процес на развој, кој целосно е во согласност со зголемените потреби од наставнички кадар.

Анализата на кадровската распределба по факултети укажува на постоење на нерамномерна распределба на наставнички и соработнички кадар (прилог 2.1). Односот наставник-соработник се зголемил од 2,3 во 2014/2015 година на 5,00 во 2017/2018 година. Односот студент-наставник се намалил споредено со претходниот евалуационен период, од 31,50 во 2014/2015 година на 20,67 студенти на еден наставник, додека односот студент/соработник се зголемил од 73,00 во 2014/2015 год. на 103,35 студенти на еден соработник во 2017/2018 година, на ниво на УГД. Сето ова укажува на зголемената потреба за ангажирање пред сè на соработнички кадар. Распределбата на постојано и хонорарно вработениот наставно-научен и соработнички кадар по кампуси е исто така нерамномерна и е прикажана на слика 2.6. Распределбата на постојано вработениот наставно-научен и соработнички кадар по кампуси е прикажана на слика 2.7.




Слика 2.6. Тренд на промена на постојаниот и хонорарниот наставно-научен и соработнички кадар по кампуси




Слика 2.7. Тренд на промена на постојаниот наставно-научен и соработнички кадар по кампуси

**2.2. Анализа на наставно-научниот и соработнички кадар по одделни факултети**

Наставничкиот и соработничкиот кадар на **Ликовната академија** брои 7 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 6), 8 ангажирани наставници од УГД и 3 хонорарни наставници, а во учебната 2017/2018 година се запишани 32 студенти. Од анализата е евидентен недостатокот на редовни професори, како и немањето на соработнички кадар. Односот студент-наставник е 1,78.

Табела 2.1. Ликовна академија 2017/2018 г.

| | **Постојан работен однос** | **Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **-** | **-** | **3** |
| **Вонредни професори** | **4** | **51,14%** | **8** |
| **Доценти** | **3** | **42,86%** | **7** |

**Музичката академија** брои 19 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 20), 7 ангажирани наставници од УГД и 11 хонорарни наставници, а во учебната 2017/2018 година се запишани 186 студенти. Од анализата е евидентен недостатокот на соработнички кадар и високиот однос наставник-соработник 36,00. Односот студент-наставник и студент-соработник е 5,17 и 186,00, соодветно.

Табела 2.2. Музичка академија 2017/2018 г.

| | **Постојан работен однос** | **Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **11** | **61,11%** | **14** |
| **Вонредни професори** | **5** | **27,78%** | **11** |
| **Доценти** | **2** | **11,11%** | **11** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Асистенти докторанди** | **1** | **100,00%** | **1** |

Според бројот на кадар и бројот на запишани студенти во 2017/2018 година (16), **Филмската академија** е најмалиот факултет на УГД, со 3 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 2), 1 ангажиран наставник од УГД и 3 хонорарни наставници. Од анализата, главен недостаток е немањето на соработнички кадар, како и немањето на редовни професори. Односот студент-наставник е 2,29.

Табела 2.3. Филмска академија 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Вонредни професори** | **1** | **33,33%** | **2** |
| **Доценти** | **2** | **66,67%** | **5** |

На **Електротехничкиот факултет** има 10 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 8), 8 ангажирани наставници од УГД, 2 хонорарни наставници и 124 студенти во учебната 2017/2018 година. Има само двајца асистенти-докторанди во постојан работен однос. Потребно е зголемување на бројот на соработници, особено ако се погледнат и другите параметри. Има 9 наставници на еден соработник, а односот студент-наставник и студент-соработник е 6,89 и 62,00, соодветно.

Табела 2.4. Електротехнички факултет 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **3** | **37,50%** | **6** |
| **Вонредни професори** | **2** | **25,00%** | **5** |
| **Доценти** | **3** | **37,50%** | **7** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Асистенти докторанди** | **2** | **100,00%** | **2** |

На **Земјоделскиот факултет** има 27 постојано вработени (исто како и во 2014/2015 година), 17 ангажирани наставници и соработници од УГД и 3 хонорарни наставници. Во учебната 2017/2018 година има 345 студенти. Односот наставник-соработник е 3,70, а односот студент-наставник и студент-соработник е 9,32 и 34,50, соодветно.

Табела 2.5. Земјоделски факултет 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **9** | **47,37%** | **15** |
| **Вонредни професори** | **4** | **21,05%** | **11** |
| **Доценти** | **6** | **31,58%** | **11** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Научни соработници** | **1** | **12,50%** | **1** |
| **Лектори** | **-** | **-** | **2** |
| **Помлади асистенти** | **7** | **87,50%** | **7** |

**Машинскиот факултет** брои 9 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 16), 12 ангажирани наставници и соработници од УГД и 5 хонорарни наставници, а бројот на запишани студенти во 2017/2018 година е 145. Односот наставник-соработник е 5,50, а односот студент-наставник и студент-соработник е 6,59 и 36,25, соодветно.

Табела 2.6. Машински факултет 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **3** | **42,86%** | **6** |
| **Вонредни професори** | **2** | **28,57%** | **8** |
| **Доценти** | **2** | **28,57%** | **8** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Лектори** | **-** | **-** | **2** |
| **Асистенти докторанди** | **2** | **100,00%** | **2** |

Табела 2.7. Технолошко-технички факултет 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **3** | **30,00%** | **10** |
| **Вонредни професори** | **3** | **30,00%** | **6** |
| **Доценти** | **4** | **40,00%** | **11** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Лектори** | **-** | **-** | **1** |
| **Асистенти докторанди** | **2** | **100,00%** | **2** |

На **Технолошко-техничкиот факултет** има 12 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 11), 16 ангажирани наставници и соработници од УГД, 2 хонорарни наставници и 173 запишани студенти во учебната 2017/2018 година. Има по 9 наставници на еден соработник, а соодносот студент-наставник и студент-соработник е 6,41 и 57,67, соодветно. Евидентна е потребата од дополнителен соработнички кадар.

**Факултетот за информатика** broи 24 постојано вработени (исто како и во 2014/2015 година), 18 ангажирани наставници од УГД и 2 хонорарни наставници, а бројот на запишани студенти во учебната 2017/2018 година е 361. Односот наставник-соработник е 7,80, а односот студент-наставник и студент-соработник е 9,26 и 72,20, соодветно, што укажува на потребата од вработување на дополнителен кадар.

Табела 2.8. Факултет за информатика 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **2** | **10,53%** | **8** |
| **Вонредни професори** | **9** | **47,37%** | **14** |
| **Доценти** | **8** | **42,10%** | **17** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Асистенти докторанди** | **5** | **100,00%** | **5** |

**Факултетот за природни и технички науки** има 34 постојано вработени, 25 ангажирани наставници и соработници од УГД и 2 хонорарни наставници, а бројот на запишани студенти во 2017/2018 година е 451. Овој факултет има најмногу редовни професори во постојан работен однос – 17. Односот наставник-соработник изнесува 6,63. Соодносот студент-наставник и студент-соработник е 8,51 и 56,38, соодветно, што укажува на потребата од дополнителен соработнички кадар.

Табела 2.9. Факултет за природни и технички науки 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **17** | **58,62%** | **22** |
| **Вонредни професори** | **5** | **17,24%** | **15** |
| **Доценти** | **7** | **24,14%** | **16** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Лектори** | **-** | **-** | **3** |
| **Помлади асистенти** | **5** | **100,00%** | **5** |

**Факултетот за медицински науки** како факултет со најмногу студенти брои 48 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 47), 8 ангажирани наставници од УГД и 32 хонорарни наставници и соработници. Во учебната 2017/2018 година има 2084 студенти. Односот наставник-соработник е 3,63, а односот студент/наставник и студент/соработник е 30,20 и 109,68, соодветно. Сето ова укажува на потреба од дополнителен наставнички и соработнички кадар.

Табела 2.10. Факултет за медицински науки 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **12** | **33,33%** | **18** |
| **Вонредни професори** | **7** | **19,44%** | **16** |
| **Доценти** | **17** | **47,23%** | **35** |

| Соработнички кадар | | | |
|---|---|---|---|
| **Лектори** | - | - | 1 |
| **Асистенти докторанди** | 4 | 33,33% | 9 |
| **Асистенти** | - | - | 1 |
| **Помлади асистенти** | 8 | 66,67% | 8 |

Наставничкот и соработничкиот кадар на **Економскиот факултет** брои 19 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 16), 8 ангажирани наставници и соработници од УГД и 1 хонорарен наставник, со вкупно 578 студенти во 2017/2018 година. Евидентен е недостатокот на соработнички кадар. Од структурата на наставно-научниот и соработнички кадар кои се постојано вработени може да се забележи релативно високиот број на доценти – 10, соодносот наставник-соработник е 13,00 во 2017/2018 година, соодносот наставник-студент е 22,23, додека соодносот соработник-студент од 289,00 е втор по големина на УГД.

Табела 2.11. Економски факултет 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | 5 | 26,32% | 6 |
| **Вонредни професори** | 4 | 21,05% | 5 |
| **Доценти** | 10 | 52,63% | 15 |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Лектори** | - | - | 2 |

Табела 2.12. Правен факултет 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | 2 | 12,50% | 4 |
| **Вонредни професори** | 8 | 50,00% | 10 |
| **Доценти** | 6 | 37,50% | 12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Асистенти докторанди** | **1** | **100,00%** | **1** |

**Правниот факултет** брои 17 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 15), 6 ангажирани наставници од УГД и 4 хонорарни наставници. Во учебната 2017/2018 година на Правниот факултет биле запишани 299 студенти. Бројот на соработници е минимален, само 1. Соодносот наставник-соработник од 26,00, додека соодносот студент-наставник е 11,50, а соодносот студент- соработник од 299,00 е највисок на УГД. Евидентна е потребата од дополнителен кадар, пред сè, од соработнички кадар.

На **Факултетот за образовни науки** има 22 вработени (во 2014/2015 година биле 18), 5 ангажирани наставници и соработници од УГД, 7 хонорарни наставници и 194 студенти запишани во учебната 2017/2018 година. И на овој факултет бројот на соработници е минимален, само 1. Односот наставник- соработник е 16,00, а односот студент-наставник и студент-соработник е 6,06 и 97,00, соодветно, што укажува дека постои потреба од ангажирање на соработнички кадар.

Табела 2.13. Педагошки факултет 2017/2018 г.

| | **Постојан работен однос** | **Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **10** | **47,62%** | **13** |
| **Вонредни професори** | **5** | **23,81%** | **8** |
| **Доценти** | **6** | **28,57%** | **11** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Лектори** | **-** | **-** | **1** |
| **Асистенти докторанди** | **1** | **100,00%** | **1** |

**Факултетот за туризам и бизнис логистика** брои 21 постојано вработен (исто како во 2014/2015 година), 11 ангажирани наставници и соработници од УГД, 3 хонорарни наставници, а во учебната 2017/2018 година се запишани 1302 студенти. Односот наставник-соработник е 3,38, а

односот студент-наставник и студент-соработник е 48,22 и 162,75, соодветно, што укажува на итна потреба од кадри од сите профили.

Табела 2.14. Факултет за туризам и бизнис логистика 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **3** | **17,64%** | **4** |
| **Вонредни професори** | **7** | **41,18%** | **10** |
| **Доценти** | **7** | **41,18%** | **13** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Лектори** | **-** | **-** | **4** |
| **Асистенти докторанди** | **4** | **100,00%** | **4** |

На **Филолошкиот факултет** има 31 постојано вработени (во 2014/2015 година биле 28), 5 ангажирани наставници од УГД и 7 хонорарни наставници. Во учебната 2017/2018 година на Филолошкиот факултет биле запишани 428 студенти. Евидентен е високиот број на соработнички кадар и добар соодност наставник-соработник од 1,69. Соодносите студент-наставник и студент-соработник се 15,85 и 26,75, соодветно.

Табела 2.15. Филолошки факултет 2017/2018 г.

| | Постојан работен однос | Процент од постојан наставно-научен/ соработнички кадар | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-научен кадар** | | | |
| **Редовни професори** | **4** | **26,67%** | **12** |
| **Вонредни професори** | **6** | **40,00%** | **8** |
| **Доценти** | **5** | **33,33%** | **7** |
| **Соработнички кадар** | | | |
| **Виши лектори** | **5** | **31,25%** | **5** |
| **Лектори** | **4** | **25,00%** | **4** |
| **Асистенти докторанди** | **1** | **6,25%** | **1** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Асистенти** | **2** | **12,50%** | **2** |
| **Помлади асистенти** | **4** | **25,00%** | **4** |

## 2.3. Административен и помошно-технички кадар

Административниот и помошно-техничкиот кадар на Универзитетот „Гоце Делчев” е ангажиран за извршување на административните и помошно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. Универзитетот во учебната 2017/2018 година има ангажирано 150 лица за извршување на административните работи, од кои 12 се магистри, 137 се со висока стручна спрема и еден со виша школа. Исто така, ангажирани се 92 лица за извршување на помошно-технички работи, од кои 85 се со средна стручна спрема и 7 со ниска стручна спрема. Структурата по установи е дадена во табела 2.17 и прилог 2.9. Може да се забележи дека поради интегрираноста на Универзитетот, најголем дел од административниот кадар е сместен во центрите, одделенијата и Ректоратот (178), а само 64 се распоредени по факултетите.

Табела 2.17. Број на административен и помошно-технички кадар по факултети

| **Факултет** | **Административен кадар** | **Помошно-технички кадар** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Ликовна академија** | **1** | | **1** |
| **Музичка академија** | **3** | | **3** |
| **Филмска академија** | | | **0** |
| **Вкупно Кампус 1** | **4** | | **4** |
| **Електротехнички факултет** | **3** | | **3** |
| **Земјоделски факултет** | **10** | | **10** |
| **Машински факултет** | **1** | | **1** |
| **Технолошко-технички факултет** | **1** | | **1** |
| **Факултет за информатика** | **3** | | **3** |
| **Факултет за природни и технички науки** | **8** | | **8** |
| **Вкупно Кампус 2** | **26** | | **26** |
| **Факултет за медицински науки** | **14** | | **14** |
| **Вкупно Кампус 3** | **14** | | **14** |
| **Економски факултет** | **4** | | **4** |
| **Правен факултет** | **4** | | **4** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Факултет за образовни науки** | **3** | | **3** |
| **Факултет за туризам и бизнис логистика** | **3** | | **3** |
| **Филолошки факултет** | **6** | | **6** |
| **Вкупно Кампус 4** | **20** | | **20** |
| **Центри и одделенија** | **56** | **86** | **142** |
| **Ректорат** | **30** | **6** | **36** |
| **УГД** | **150** | **92** | **242** |

**SWOT анализа за наставно-научен, соработнички, административен и помошно-технички кадар**

| **СИЛНИ СТРАНИ (Strengths)** | **СЛАБИ СТРАНИ (Weaknesses)** |
|---|---|
| ▪ Зголемен број на соодветен наставно-научен кадар<br>▪ Доволен број на административен и помошно-технички кадар | ▪ Изразен недостаток на соработнички кадар на сите факултети<br>▪ Недостаток на наставно-научен кадар на одредени факултети<br>▪ Одлив на дел од наставничкиот кадар во други институции<br>▪ Бројот на наставно-научен и соработнички кадар не кореспондира со бројот на студенти на одделни факултети |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
| ▪ Можност за вработување на нов наставно-научен и соработнички кадар<br>▪ Можност за сопствена едукација на кадри преку организирање на втор/трет циклус студии<br>▪ Можност за користење на сопствени приходи и средства од проекти за ангажирање на соработнички кадар | ▪ Неодобрување на согласности за вработувања на наставно-научни и соработнички кадри<br>▪ Одлив на наставнички кадар поради подобра егзистенција во странство |

Внатрешни фактори

Надворешни фактори

Позитивни

Негативни

# 3 . НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## 3.1. Прв циклус студии

### 3.1.1. Карактеристики на студиските програми

**КАМПУС 1 – УМЕТНОСТИ**

**Музичка акдемија**

- Теорија на музиката и музичка педагогија
- Етнокореологија
- Соло пеење
- Пијано
- Музичар изведувач – вокално-инструментална музика (флејта, обоа, кларинет, фагот, хорна, труба, тромбон, туба, виолина, виола, виолончело, контрабас)
- Џез студии - гитара, бас, труба, саксофон, тапани, пијано, тромбон, кларинет.

Во 2012 година е спроведена реакредитација на студиските програми акредитирани на Музичка академија. Со реакредитацијата сите студиски програми се конципирани како четиригодишни студии, со настава во 8 (осум) семестри и со 240 кредити според Европскиот кредит трансфер систем или Европски систем на пренос и акумулација на поени (англиски: European Credit Transfer and Accumulation System) (понатаму во текстот ќе се користи кратенката ЕКТС).

Во 2016 година е започната постапка ре/акредитација на студиските програми, при што е задржан четиригодишниот концепт на студирање, со настава во 8 (осум) семестри и диплома со 240 кредити според ЕКТС и е проширена листата на акредитирани студиски програми. Во 2017 година на Музичка академија се добиени решенија за акредитација на следниве студиски програми:

- Виола
- Виолончело
- Гитара
- Етнокореологија
- Кларинет
- Композиција
- Контрабас

- Музичко-сценска режија
- Обоа
- Пијано – камерна музика
- Пијано – корепетиција
- Соло пеење
- Теорија на музика и музичка педагогија
- Тромбон
- Труба
- Туба
- Фагот
- Флејта
- Хорна
- Чалгиска музика – насока виолина
- Чалгиска музика – насока кларинет
- Џез бас
- Џез кларинет
- Џез пијано
- Џез саксофон
- Џез тапани
- Џез тромбон

Со завршувањето на избраната студиска програма студените добиваат диплома со соодветно звање од областа на студирањето и тоа:

- Теорија на музиката и музичка педагогија – дипломиран музички теоретичар и музички педагог;
- Етнокореологија – дипломиран етнокореолог;
- Соло пеење – дипломиран соло пејач;
- Пијано – дипломиран музичар изведувач - пијанист;
- Музичар изведувач – вокално-инструментална музика (флејта, обоа, кларинет, фагот, хорна, труба, тромбон, туба, виолина, виола, виолончело, контрабас) – дипломиран музичар изведувач (во звањето се додава матичен инструмент од соодветната област);
- Џез студии - гитара, бас, труба, саксофон, тапани, пијано, тромбон, кларинет – дипломиран џез изведувач.

На прviews циклус студии на Музичка академија се застапени вкупно 267 предмети и тоа според следниов распоред: Теорија на музика и музичка педагогија 43 предмети, Етнокореологија 43 предмети, Соло пеење 46 предмети, Пијано 42 предмети, Џез студии - гитара, бас, труба, саксофон,

тапани, пијано, тромбон, кларинет – дипломиран џез студии 45 предмети, Музичар изведувач – вокално-инструментална музика (флејта, обоа, кларинет, фагот, хорна, труба, тромбон, туба, виолина, виола, виолончело, контрабас) – дипломиран музичар изведувач (во звањето се додава матичен инструмент од соодветната област) 48 предмети.

Структурата на наставата се реализира преку концептот на задолжителни, факултетски и универзитетски изборни предмети. Како универзитетски изборни предмети се понудени Спорт и рекреација и Странски јазик, соодветно на профилот на образование на студентите на Музичка академија.

**Ликовна академија**

- Класично сликарство
- Вајарство

Првиот циклус студии на Ликовна академија започнува со акредитацијата на студиската програма со назив Класично сликарство во 2014/2015 година. Во 2016 година се акредитира и програмата Вајарство. Двете студиски програми се организирани како четиригодишни студии. Наставата се спроведува во 8 (осум) семестри, а со завршување на која било од двете студиски програми студентите добиваат диплома со 240 кредити според ЕКТС.

Вкупниот број на предмети на двете студиски програми е 136 предмети, при што на секоја програма има по 68 предмети. Наставата се реализира преку изучување на задолжителни, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Фондот на часови кај задолжителните предмети најчесто е 152 или 121 час, за факултетски изборни предмети фондот е 121 час, а за универзитетските изборни 152 часа.

Со завршување на студиската програма класично сликарство или вајарство студентите добиваат диплома со називите:

- Класично сликарство – дипломиран ликовен уметник од областа на класичното сликарство;
- Вајарство – дипломиран ликовен уметник од областа на класичното сликарство.

**Филмска академија**

На Филмската академија во 2014 година се акредитирани 8 (осум) студиски програми, организирани како тригодишни студии, кои се неактивни.

- Филмско сценарио
- Филмска костимографија
- Филмска монтажа
- Филмска музика – аудио инженер
- Филмска музика – звучен дизајн
- Филмска продукција
- Филмска режија
- Филмска фотографија.

Со активна студиска програма првиот циклус студии на Филмската академија започнува со акредитација на студиската програма со назив Современ танц во 2017 година. Студиската програма е организирана како тригодишни студии, во 6 семестри, а со нејзиното завршување студентите добиваат диплома со 180 кредити според ЕКТС и назив на дипломата - дипломиран современ танчер.

Вкупниот број на предмети на студиската програма со назив современ танц е 27 и тоа распределени по концептот на задолжителни предмети, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Задолжителните и факултетски изборни предмети се реализираат со фонд на часови од 240, 180 или 120, а универзитетски изборни со фонд на часови од 120.

## КАМПУС 2 - ПРИРОДНИ, ТЕХНИЧКИ И БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ

**Земјоделски факултет**

Во 2012 година е спроведена ре/акредитација на студиските програми на Земјоделски факултет, при што се реакредитирани следниве програми: Агроменаџмент, Градинарство, Енологија, Лозарство, Наставна насока, Фитомедицина, Преработка на анимални производи, Поледелство, Рурален развој, Општа насока. Како заеднички студиски програми се акредитирани студиската програма со назив: Рурален туризам со Факултет за туризам и бизнис логистика, а во 2015 година акредитирана е студиска програма со назив Прехранбена технологија со Технолошко-технички факултет. Во 2014 година е акредитирана студиската програма со назив Растителна биотехнологија.

Во 2016 година е спроведена реакредитација на студиските програми и тоа реакредитирани се следниве програми:

- Агроменаџмент
- Градинарство
- Енологија
- Лозаро-овоштарство
- Поледелство
- Растителна биотехнологија
- Фитомедицина.
- Во 2018 година е реакредитирана програмата Биологија.

Првиот циклус студии на Земјоделскиот факултет опфаќа четиринаесет (14) студиски програми, вклучувајќи ги и двете заеднички со Факултет за туризам и бизнис логистика и Техничко-технолошки факултет. На овие програми студираат студенти запишани во учебните 2013/2014, 2014/2015, 2016/2017 и 2017/2018 година. Вкупниот број предметни програми на сите студиски програми кои се слушаат во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година изнесува 430 (четиристотини и триесет) и тоа според концептот 40 предмети предвидени за четиригодишните студии со 240 кредити според ЕКТС и 30 предмети предвидени за тригодишните студии со 180 кредити според ЕКТС.

Наставата се спроведува според концептот на изучување на задолжителни предмети, факултетски изборни и универзитетски изборени предмети. Наставната програма кај задолжителните предмети се реализира во фонд на часови од 216 или 156 часови, зависно од обемот на предметната програма, факултетските изборни предмети со фонд од 120 часови и универзитетски изборните предмети со фонд од 156 часови.

Студентите на четиригодишните студии со 240 кредити, според ЕКТС, ги завршуваат студиите со полагање на дипломски испит, а студентите со тригодишните студии со 180 кредити, според ЕКТС, ги завршуваат студиите со полагање на завршен испит.

Со завршувањето на која било студиска програма студентите се стекнуваат со диплома со соодветно звање и соодветен број на кредити според ЕКТС. Звањата се определени според областа на којашто дипломирале и тоа:

- Агроменаџмент- дипломиран инженер агроном (агроменаџер);
- Градинарство - дипломиран инженер агроном (градинар);
- Енологија - дипломиран инженер агроном (енолог);

- Лозарство - дипломиран инженер агроном (лозар);
- Фитомедицина - дипломиран инженер агроном (заштитар);
- Преработка на анимални производи - дипломиран агроном инженер (преработка на анимални производи);
- Пољоделство - дипломиран инженер агроном (поледелец);
- Рурален развој - дипломиран инженер агроном – рурален развој;
- Општа насока (тригодишни студии) – инженер агроном (општа насока);
- Рурален туризам - дипломиран менаџер по рурален туризам.

**Факултет за природни и технички науки**

- Геологија
- Рударство
- Географија
- Инженерство на животна средина
- Индустриска логистика
- Градежно инженерство (модули: Транспортна инфраструктура и Геомеханика)
- Архитектура и дизајн
- Пејзажна архитектура
- Дизајн на ентериер и мебел

На Факултетот за природни и технички науки има 9 (девет) студиски програми, во траење од 6 (шест) или 8 (осум) семестри, зависно од организацијата на студиската програма и тоа како: тригодишни студии со 180 кредити според ЕКТС или четиригодишни студии со 240 кредити според ЕКТС.

Во 2012 година ре/акредитирани се следниве студиски програми: Индустриска логистика (тригодишни студии), Градежно инженерство (модули: Транспортна инфраструктура и геомеханика) (тригодишни студии), Архитектура и дизајн (модули: Пејзажна архитектура, дизајн и технологии на мебел и ентериер) (тригодишни студии), Рударство (модули: Површинска експлоатација, Подземна експлоатација и Минерална технологија) (четиригодишни студии), Геологија (модули: Геологија и геофизика, Петрологија, Минералогија и геохемија, Инженерска геологија и хидрогеологија, Наоѓалишта на минерални суровини), организирани како (четиригодишни студии), Географија (четиригодишни студии), Инженерство на животна средина (четиригодишни студии).

Во 2016 година е спроведена ре/акредитација на следниве студиски програми:

- Географија
- Геологија
- Дизајн на ентериер и мебел
- Индустриска логистика
- Инженерство за заштита на животна средина
- Пејзажна архитектура
- Рударство.

Со ре/акредитацијата од 2016 година сите студиски програми се организирани како четиригодишни, во траење од 8 (осум) семестри, и со 240 кредити според ЕКТС. Со завршувањето на која било од избраните студиски програми студентите добиваат соодветно звање од областа на дипломирање и тоа:

- Геологија – дипломиран инженер геолог по геологија и геофизика;
- Рударство – дипломиран рударски инженер по површинска експлоатација;
- Географија – дипломиран професор по географија;
- Инженерство на животна средина – дипломиран инженер по животна средина;
- Индустриска логистика – (тригодишни студии) дипломиран инженер по индустриска логистика;
- Градежно инженерство – транспортна инфраструктура (тригодишни студии) - дипломиран градежен инженер по транспортна инфраструктура;
- Градежно инженерство – геомеханика (тригодишни студии) – дипломиран градежен инженер по геомеханика;
- Архитектура и дизајн – (тригодишни студии) – инженер по архитектура и дизајн.

На првиот циклус студии на сите студиски програми акредитирани на Факултетот за природни и технички науки во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година има вкупо 453 предметни програми (предмети) и тоа по следниот распоред:

- студиската програма Геологија содржи 109 предмети и е организирана во четиригодишни студии со чие завршување студентот стекнува диплома со 240 кредити според ЕКТС;

- студиската програма Рударство содржи вкупно 80 предмети кои се слушаат во осум (8) семестри на четиригодишни студии и со нејзиното завршување студентот стекнува диплома со 240 кредити според ЕКТС;
- студиската програма Географија има 52 предмети организирани во четиригодишни студии, со 240 кредити според ЕКТС;
- Инженерство на животната средина има 52 предмети распределени во програма организирана како четиригодишни студии со 240 кредити според ЕКТС;
- студиската програма Индустриска логистика е организирана како тригодишни студии, вклучува 38 наставни програми (предмети) и со нејзиното завршување студентите добиваат диплома со 180 кредити според ЕКТС;
- студиската програма Градежно инженерство – транспортна логистика е организирана како тригодишни студии, вклучува 38 предмети и со нејзиното завршување студентот стекнува диплома со 180 кредити според ЕКТС;
- студиската програма Градежно инженерство – геомеханика содржи 37 предмети и е организирана како тригодишни студии со 180 кредити според ЕКТС;
- студиската програма Архитектура и дизајн се реализира како програма од тригодишни студии, со 45 предмети и диплома со 180 кредити според ЕКТС.

Од аспект на фонд на часови, наставно-образовниот процес се спроведува преку концептот на изучување на задолжителни предмети, изборни предмети и универзитетски изборни предмети. Од аспект на фондот на часови наставата се реализира преку спроведување на 216 или 156 часа за задолжителните предмети, 120 часа за факултетските изборни предмети и 156 часа за универзитетските изборни предмети.

**Технолошко-технички факултет**

- Текстилно инженерство
- Текстил, дизајн и менаџмент
- Нови технологии и материјали
- Дизајн на текстил и облека
- Технологија на текстил и облека
- Технологија на материјали.

Во 2012 година е спроведена реакредитација на постојните студиски програми на Технолошко-техничкиот факултет, при што се реакредитирани студиските програми со назив:

- Нови технологии и материјали (тригодишни/четиригодишни),
- Текстил дизајн и менаџмент (тригодишни/четиригодишни),
- Текстилно инженерство (тригодишни/четиригодишни).

Во 2015 година е акредитирана програмата со назив Прехранбена технологија (тригодишни) – заедничка студиска програма со Земјоделски факултет. Зависно од тоа дали се запишале на тригодишни или на четиригодишни студиски програми студентите стекнуваат диплома со 180 или 240 кредити според ЕКТС.

Во 2016 година е спроведена е ре/акредитација на студиските програми: Дизајн на текстил и облека, Технологија на текстил и облека, Технологија на материјали. Овие студиски програми се организирани како четиригодишни студии и со нивното завршување студентите добиваат соодветна диплома од 240 кредити според ЕКТС.

Со акредитација на трите нови студиски програми од 2016 година, на факултетот има 9 студиски програми, при што вкупниот број на предмети на сите 9 (девет) студиски програми во организација на Технолошко-техничкиот факултет изнесува 345 предмети и тоа на тригодишната студиска програма Текстилно инженерство има 31 предмет, на четиригодишната студиска програма Текстилно инженерство има 41 предмет. На тригодишната студиска програма Текстил, дизајн и менаџмент има 31 предмет, на четиригодишната студиска програма Текстил, дизајн и менаџмент има 41 предмет. На тригодишната студиска програма Нови технологии и материјали има 31 предмет, а на четиригодишната студиска програма Нови технологии и материјали има 41 предмет. Новите студиски програми од 2016 година се основани како четиригодишни студии, во траење од 8 (осум) семестри, со вкупно 43 предмети на секоја студиска програма. Со завршувањето на овие студии студентите добиваат диплома со 240 кредити според ЕКТС. Концептот на изучување на новите програми е задолжителни предмети, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Задолжителните предмети се со фонд на часови 240, 180 или 120, а факултетските изборни со фонд од 120 часа.

**Факултет за информатика**

- Компјутерско инженерство и технологии
- Компјутерски науки
- Бизнис информатика
- Математика – наставна насока
- Информатика – наставна насока
- Бизнис информатика на англиски јазик/ Business informatics (тригодишни или четиригодишни студии).

Првиот циклус студии на Факултетот за информатика е организиран во тригодишни и четиригодишни студиски програми, во траење од шест (6) или осум (8) семестри. Со завршување на тригодишна студиска програма студентите добиваат диплома со 180 кредити според ЕКТС, а со завршувањето на четиригодишна студиска програма добиваат диплома со 240 кредити според ЕКТС. Со реакредитацијата од 2017 година се реакредитирани следниве студиски програми, како четиригодишни студии:

- Бизнис информатика
- Компјутерско инженерство и технологии
- Компјутерски науки
- Математика – наставна
- Business informatics.

По концептот на тригодишни студии со 180 кредити, според ЕКТС, на Факултетот за информатика се реализираат следниве студиски програми: Математика, Бизнис информатика, Компјутерска техника и информатика. Како четиригодишни студиски програми со 240 кредити според ЕКТС постојат следниве програми: Бизнис информатика, Бизнис информатика на англиски јазик, Математика, Компјутерски науки, Компјутерско инженерство и технологии.

Зависно од насоката што ја завршуваат (тригодишно или четиригодишно образование), студентите се стекнуваат со соодветно звање од обласа и тоа:

- Компјутерско инженерство и технологии (четиригодишни студии) – дипломиран инженер по информатика - компјутерско инженерство и технологии;
- Компјутерски науки (четиригодишни студии) – дипломиран инженер по информатика - компјутерски науки;

- Бизнис информатика (четиригодишна студиска програма) – дипломиран бизнис информатичар;
- Бизнис информатика (тригодишна студиска програма) – бизнис информатичар;
- Математика (тригодишни студии) – дипломиран професор по математика;
- Математика (четиригодишни студии) - инженер по математика.

Наставно-образовниот процес на сите студиски програми на Факултетот за информатика, во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година, се реализира преку вкупно 260 предмети на сите студиски програми. На секоја одделна студиска програма се изучуваат по 40 предмети на четиригодишните студии и 30 предмети на тригодишните студии.

Структурата на секоја наставна програма е по концептот задолжителни предмети, изборни предмети и универзитетски изборни предмети. Задолжителните предмети се реализираат во настава со фонд на часови од 180 или 240 часа, факултетски изборните предмети во фонд на часови од 120 часа и универзитетски изборни предмети со фонд на часови од 180 часа.

**Електротехнички факултет**

- Системи за автоматско управување
- Обновливи извори на енергија
- Автоматика и системско инженерство
- Електроенергетика и обновливи извори на енергија
- Мехатроника и роботика.

Во 2012 година на Електротехничкиот факултет се акредитирани следниве студиски програми: Обновливи извори на енергија и тоа по концептот на тригодишни со 180 кредити според ЕКТС и четиригодишни со 240 кредити според ЕКТС и реакредитирана е програмата Системи за автоматско управување, како тригодишни и четиригодишни студии, со 180 или 240 кредити според ЕКТС.

Во 2017 година на Електротехнички факултет е акредитирана и програмата Автоматика и системско инженерство, која се реализира во 8 (осум) семестри, а со чие завршување студентите стекнуваат диплома со 240 кредити според ЕКТС. Во 2017 година на Електротехничкиот факултет се акредитира и програмата со назив Електроенергетика и обновливи извори на енергија, како четиригодишни студии, со чие завршување студентите

стекнуваат диплома со 240 кредити според ЕКТС. Во 2018 година е акредитирана програмата со назив Мехатроника и роботика. Сите ре/аредитирани програми од 2017/2018 година се конципирани како четиригодишни студии.

Со завршувањето на студиските програми на Електротехничкиот факултет студентите добиваат соодветни звања од областа што ја избрале и тоа:

- Системи за автоматско управување (тригодишни студии) – инженер по електротехника;
- Системи за автоматско управување (четиригодишни студии) – дипломиран инженер по електротехника;
- Обновливи извори на енергија (тригодишни студии) – инженер по електротехника – обновливи извори на енергија
- Обновливи извори на енергија (четиригодишни студии) – дипломиран инженер по електротехника – обновливи извори на енергија;
- Автоматика и системско инженерство (четиригодишни студии) – дипломиран електротехнички инженер;
- Електроенергетика и обновливи извори на енергија (четиригодишни студии) – дипломиран електротехнички инженер.

Наставно-образовниот процес се спроведува преку изучување на задолжителни, изборни и универзитетски изборни предмети. Во поглед на фондот на часови, задолжителните предмети се реализираат во фонд 3+2+2 или 2+2+1 (исклучок е предметот според којшто се реализира во фонд 0+0+2, а е задолжителен предмет), факултетските изборни предмети со фонд 2+1+1 и универзитетски изборни предмети со фонд 0+0+4 или 2+2+1.

**Машински факултет**

- Производно машинство
- Транспорт, организација и логистика
- Индустриско инженерство.

На Машинскиот факултет во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година се реализираат 6 студиски програми, организирани како тригодишни или четиригодишни студии, со 180 или 240 кредти според ЕКТС.

Во 2012 година е спроведена реакредитација на студиските програми со назив: транспорт, организација и логистика и производно машинство.

Овие програми се ре/акредитирани како тригодишни или четиригодишни студиски програми.

Во 2017 година, како четиригодишни студии, се акредитирани студиските програми со назив:

Индустриско инженерство и

Производно машинство.

Со завршување на избраната студиска програма на Машински факултет студентите се стекнуваат со соодветни звања и тоа:

- Производно машинство (тригодишни студии) – машински инженер;
- Производно машинство (четиригодишни студии) – дипломиран машински инженер;
- Транспорт, организација и логистика (тригодишни студии) – машински инженер;
- Транспорт, организација и логистика (четиригодишни студии) – дипломиран машински инженер;
- Индустриско инженерство (четиригодишни студии) - дипломиран машински инженер од областа на индустриско инженерство.

Наставно-образовниот процес се реализира преку изучување на задолжителни предмети, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Во поглед на фондот на часови, задолжителните предмети се изучуваат со настава 3+2+2 или 2+2+1 за задолжителните предмети, 2+2+1 за факултетски изборнит предмети и 0+0+4 за универзитетските изборни предмети.

**КАМПУС 3 - МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**

**Факултет за медицински науки**

- Општа медицина
- Дентална медицина
- Фармација
- Медицинска сестра/техничар
- Акушерки
- Забен техничар протетичар
- Оптометрија со очна оптика

- Медицински лаборанти
- Физиотерапија
- Општа медицина (интегрирани студии прв и втор циклус)
- Дентална медицина (интегрирани студии прв и втор циклус)
- Фармација (интегрирани студии прв и втор циклус)
- Забен техничар – протетичар (тригодишни стручни студии)
- Медицински лаборант (тригодишни стручни студии)
- Оптометрија и очна оптика (тригодишни стручни студии)
- Физиотерапевти (тригодишни стручни студии)
- Медицински сестри/медицински техничари (тригодишни стручни студии)
- Акушерки (тригодишни стручни студии).

Секоја од акредитираните студиски програми носи соодветен број кредити определен од бројот на семестри во којшто се реализира студиската програма што ја одбрал студентот. Со завршувањето на избраната студиска програма студентот стекнува соодветно звање и тоа од насоките:

- Општа медицина (интегрирани студии прв и втор циклус) звање – доктор на медицина;
- Дентална медицина (интегрирани студии прв и втор циклус) звање – доктор по дентална медицина;
- Фармација (интегрирани студии прв и втор циклус) звање – магистер по фармација;
- Забен техничар – протетичар (тригодишни стручни студии) звање – дипломиран забен техничар - протетичар;
- Медицински лаборант (тригодишни стручни студии) звање – дипломиран медицински лаборант;
- Оптометрија и очна оптика (тригодишни стручни студии) звање - дипломиран техничар оптометрист;
- Физиотерапевти (тригодишни стручни студии) звање – дипломиран физиотерапевт;
- Медицински сестри/медицински техничари (тригодишни стручни студии) звање – дипломиран медицински техничар;
- Акушерки (тригодишни стручни студии) звање – дипломиран акушерски техничар.

На тековните студиски програми има вкупно 509 предметни програми и тоа: на студиската програма Општа медицина има 85 предмети, на студиската програма Дентална медицина има 96 предмети, на студиската

програма Фармација има 80 предмети, на студиска програма Медицинска сестра/техничар студентите изучуваат 43 предмети, на студиска програма Акушерки студентите изучуваат 46 предмети, на студиската програма Забен техничар/протетичар има 44 предмети, на студиската програма Оптометрија со очна оптика има 41 предмет, на студиската програма Медицински лаборанти има 42 предмети, на студиската програма Физиотерапија студентите изучуваат 42 предмети.

На сите студиски програми наставниот материјал се изучува преку концептот на задолжителни и факултетски изборни предмети. Бројот на задолжителни и факултетски изборни предмети, како и фондот на часови во кои се реализира наставата се разликува зависно од обемот и комплексноста на материјата. Задолжителните предмети се со фонд на часови 270, 150, 180, 120, 210, 60 часа, наспроти факултетски изборните кои се реализираат во фонд од 60 часа.

## КАМПУС 4 - ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ

### Економски факултет

- Финансиски менаџмент
- Меѓународна економија
- Здравствен менаџмент
- Сметководство, финансии и ревизија
- Банкарство, финансии и осигурување
- Менаџмент и претприемништво
- Маркетинг
- Бизнис економија
- Маркетинг менаџмент
- Сметководство и ревизија
- Финансии.

Во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година на Економскиот факултет студираат студенти на 11 (единаесет) студиски програми. Дел од студентите се запишани по програмите од 2012 година и сè уште имаат статус на студент, а останатите се запишани по програмите од 2016 година, кои се ре/акредитирани.

Во 2012 година е спроведена ре/акредитација на следниве студиски програми:

- Финансиски менаџмент
- Меѓународна економија
- Здравствен менаџмент
- Сметководство, финансии и ревизија
- Банкарство, финансии и осигурување
- Менаџмент и претприемништво
- Маркетинг.

Во 2017 година ре/акредитирани се студиските програми:

- Бизнис економија
- Маркетинг менаџмент
- Финансии
- Менаџмент и претприемништво.

Од новите акредитирани програми, програмата со назив Менаџмент и претприемништво е реакредитирана со измени и дополнувања во содржината.

Студиските програми на Економскиот факултет се акредитирани како четиригодишни студиски програми, со чие завршување студентите добиваат диплома со 240 кредити според ЕКТС и соодветно звање од областа во која ги завршиле студиите и тоа:

- Финансиски менаџмент - дипломиран економист од областа на финансиски менаџмент;
- Меѓународна економија - дипломиран економист од областа на меѓународната економија
- Здравствен менаџмент - дипломиран економист од областа на здравствен менаџмент;
- Сметководство, финансии и ревизија - дипломиран економист од областа на сметководство, финансии и ревизија;
- Банкарство, финансии и осигурување - дипломиран економист од областа на банкарството, финансиите и осигурувањето;
- Менаџмент и претприемништво - дипломиран економист од област на менаџментот и претприемништво;
- Маркетинг - дипломиран економист од областа на маркетинг.

На првиот циклус студии на Економски факултет се изучуваат вкупно 420 предмети на сите 11 (единаесет) студиски програми и тоа: Финансиски менаџмент 40 предмети, Меѓународна економија 41 предмет, Здравствен

менаџмент 40 предмети, Сметководство, финансии и ревизија 41 предмети, Банкарство, финансии и осигурување 40 предмети, Менаџмент и претприемништво 40 предмети, Маркетинг 40 предмети, Финансии, сметководство и ревизија, Бизнис економија, Менаџмент и претприемништво, Маркетинг менаџмент 40 предмети, студиската програма Финансии 40 предмети, Сметководство и ревизија 40 предмети, студиската програма со назив Бизнис економија 40 предмети, студиската програма со назив Менаџмент и претприемништво 40 предмети, студиската програма со назив Маркетинг менаџмент 40 предмети.

Структурата на наставните курикулими (предмети) на секоја студиска програма е по концептот задолжителни предмети, факултетски изборни предмети и универзитетски изборни предмети.

**Правен факултет**

- Правни студии (тригодишни студии)
- Правни студии (четиригодишни студии)
- Новинарство и односи со јавноста (тригодишни студии)
- Новинарство и односи со јавноста (четиригодишни студии)
- Применета политика и дипломатија (тригодишни студии)
- Применета политика и дипломатија (четиригодишни студии)
- Правосудна насока
- Медиумски студии и односи со јавноста.

Наставно-образовниот процес на Правниот факултет на првиот циклус на студии се одвива на студиски програми кои носат 180, 240 или 300 ЕКТС, зависно од тоа дали студентот запишал и завршил тригодишна студиска програма (шест семестри), четиригодишна студиска програма (осум семестри) или петгодишна (десет семестри) студиска програма. Студиската програма со назив Правосудна насока сè уште се реализира со последната генерација на студенти запишани во 2012/2013 година.

Во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година на Правниот факултет студираат студенти на следниве насоки:

- Правни студии (тригодишни студии)
- Правни студии (четиригодишни студии)
- Новинарство и односи со јавноста (тригодишни студии)
- Новинарство и односи со јавноста (четиригодишни студии)
- Применета политика и дипломатија (тригодишни студии)

- Применета политика и дипломатија (четиригодишни студии)
- Правосудна насока
- Медиумски студии и односи со јавноста.

Со завршувањето на која било од студиските програми студентите се стекнуваат со соодветно звање од областа што ја студираат и тоа: за завршени тригодишни правни студии со 180 кредити според ЕКТС се стекнуваат со звање правник, за завршени четиригодишни правни студии вклучувајќи ги 60-те кредити стекнати на еден од модулите (деловно право, казнено право, граѓанско право, финансово право, меѓународно право и меѓународни односи и административно право) студентите се стекнуваат со звање дипломиран правник.

За завршени петгодишни студии студентите се стекнуваат со звање дипломиран правник со 300 кредити според ЕКТС. Со завршување на тригодишната студиската програма Применета политика и дипломатија од 180 кредити според ЕКТС студентите се стекнуваат со звање политиколог – применета политика и дипломатија, а со завршувањето на четиригодишната програма од 240 кредити според ЕКТС применета политика и дипломатија, студентите се стекнуваат со звање дипломиран политиколог – применета политика и дипломатија.

Со завршувањето на тригодишната студиска програма Новинарство и односи со јавноста од 180 кредити според ЕКТС студентите се стекнуваат со звање новинар и менаџер за односи со јавноста, а со завршувањето на четиригодишната програма Новинарство и односи со јавноста од 240 кредити според ЕКТС се стекнуваат со звање дипломиран новинар и менаџер за односи со јавноста.

Во рамки на првиот циклус студии на сите студиски програми што се реализираат во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година се слушаат 903 наставни курикулими (предмети). Структурата на студиските програми е организирана по концептот задолжителни предмети, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Задолжителните предмети се со фонд на часови 3+2+2 за предметите што носат 8 кредити според ЕКТС и 2+2+1 за предметите што носат 6 кредити според ЕКТС. Изборните предмети се со фонд на часови 2+2+1, а универзитетските изборни се со фонд на часови 2+2+1 или 0+0+4.

**Факултет за образовни науки**

- Предучилишно воспитување
- Одделенска настава
- Педагогија
- Социјална педагогија
- Образовни политики
- Педагошко-психолошка и методска подготовка
- Историја со археологија (наставна насока)
- Историја
- Историја – наставна насока
- Археологија.

Во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година на Факултетот за образовни науки студираат студенти на 10 (десет) студиски програми. Дел од студентите се студираат по програмите ре/акредитирани во 2012 година, а дел во 2017 година.

Во 2012 година ре/арекдитирани се следниве студиски програми: Предучилишно воспитување, Одделенска настава, Педагогија, Социјална педагогија, Образовни политики, Педагошко-психолошка и методска подготовка, Историја со археологија (наставна насока), Историја.

Во 2017 година:

- Археологија
- Историја – наставна насока
- Историја
- Одделенска настава
- Педагогија.

Секоја од студиските програми носи соодветно звање и тоа: Предучилишно воспитување (четиригодишни студии) со звање – дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, Одделенска настава со звање – дипломиран професор по одделенска настава, Историја со археологија (наставна насока) со звање - дипломиран професор по историја со археологија, Историја со звање – дипломиран историчар, Археологија со звање – дипломиран археолог.

На сите студиски програми на Факултетот за образовни науки, кои се активни во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година, има вкупно 292 предмети и тоа: Одделенска настава 39 предмети, Предучилишно воспитување 39 предмети, Историја со археологија-наставна насока 12

предмети, Историја 35 предмети, Археологија 36 предмети, Археологија 47 предмети.

Наставно-образовниот процес се реализира како задолжителни предмети, факултетски изборни предмети и универзитетски изборни предмети.

**Филолошки факултет**

- Македонски јазик и книжевност (наставна насока)
- Македонски јазик и книжевност (применета насока)
- Англиски јазик и книжевност (наставна насока)
- Англиски јазик и книжевност (преведување и толкување)
- Германски јазик и книжевност (наставна насока)
- Германски јазик и книжевност (преведување и толкување)
- Турски јазик и книжевност (наставна насока)
- Турски јазик и книжевност (преведување и толкување)
- Италијански јазик и книжевност (наставна насока)
- Италијански јазик и книжевност (преведување и толкување).

Во 2011 година на Филолошкиот факултет се акредитирани наставните програми: Турски јазик и книжевност (модули: наставна насока и насока преведување и толкување), Француски јазик и книжевност (наставна насока и преведување и толкување), Италијански јазик и книжевност (наставна насока и преведување и толкување).

На првиот циклус студии на Филолошкиот факултет има 10 (десет) тековни студиски програми организирани како наставна насока или применета насока на студиската програма Македонски јазик и книжевност и наставна насока или преведување и толкување на другите студиски програми.

Секоја студиска програма се реализира во временски рамка од осум (8) семестри. Со завршувањето на која било од тековните студиски програми студентите стекнуваат диплома со 240 кредити и соодветно звање и тоа:

- Македонски јазик и книжевност (наставна насока) – дипломиран професор по македонски јазик и книжевност;
- Македонски јазик и книжевност (применета насока) – дипломиран филолог по македонистика;
- Англиски јазик и книжевност (наставна насока) – дипломиран професор по англиски јазик и книжевност;

- Англиски јазик и книжевност (преведување и толкување) – дипломиран филолог – преведувач и толкувач по англиски јазик;
- Германски јазик и книжевност (наставна насока) – дипломиран професор по германски јазик и книжевност;
- Германски јазик и книжевност (преведување и толкување) – дипломиран филолог – преведувач и толкувач по германски јазик;
- Турски јазик и книжевност (наставна насока) – дипломиран професор по турски јазик и книжевност;
- Турски јазик и книжевност (преведување и толкување) – дипломиран филолог – преведувач и толкувач по турски јазик;
- Италијански јазик и книжевност (наставна насока) – дипломиран професор по италијански јазик и книжевност;
- Италијански јазик и книжевност (преведување и толкување) – дипломиран филолог – преведувач и толкувач по италијански јазик.

На првиот циклус студии се застапени вкупно 410 предмети и тоа на секоја од програмите (наставна насока или применета програма и наставна насока или преведување и толкување) има по 41 предмет, во кои се структурирани соодветни наставни програми од областа на која припаѓа студиската програма.

**Факултет за туризам и бизнис логистика**

- Туризам
- Бизнис логистика
- Гастрономија, исхрана и диететика
- Бизнис администрација
- Хотелско-ресторанска насока.

Наставно-образовниот процес на Факултетот за туризам и бизнис логистика се одвива преку реализирање на следниве насоки: Туризам, Бизнис логистика, Гастрономија, исхрана и диететика, Бизнис администрација и Хотелско-ресторанска насока. Во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 студираат студенти на петте студиски програми.

Во 2012 година ре/акредитирани се следниве студиски програми: Туризам, Бизнис логистика, Гастрономија, исхрана и диететика, Бизнис администрација, Хотелско-ресторанска насока. Првиот циклус на студии со оваа реакредитација е организиран преку студиски програми од 180 ЕКТС (тригодишни студии) и од 240 ЕКТС (четиригодишни студии).

Во 2017 година ре/акредитирани се истите програми, само по концептот на четиригодишни студии. Со завршувањето на некоја од наставните програми студентите се стекнуваат со соодветно звање и тоа:

- Туризам (тригодишни студии) – менаџер по туризам;
- Туризам (четиригодишни студии) – дипломиран менаџер по туризам;
- Бизнис логистика (тригодишни студии) – менаџер по бизнис логистика;
- Бизнис логистика (четиригодишни студии) – дипломиран менаџер по бизнис логистика;
- Гастрономија, исхрана и диететика (тригодишни студии) – менаџер по угостителство и диететика;
- Гастрономија, исхрана и диететика (четиригодишни студии) – дипломиран менаџер по угостителство и диететика;
- Бизнис администрација (тригодишни студии) – менаџер по бизнис администрација;
- Бизнис администрација (четиригодишни студии) – дипломиран менаџер по бизнис администацијa;
- Хотелско-ресторанска насока (тригодишни студии) – менаџер по хотелиерство и ресторанство;
- Хотелско-ресторанска насока (четиригодишни студии) – дипломиран менаџер по хотелиерство и ресторанство.

На првиот циклус на студии се застапени вкупно 220 предмети, по 44 предмети на секоја студиска програма.

### 3.1.2. Структура на студиските програми

Наставно-образовниот процес на првиот циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се спроведува преку реализација на студиски програми креирани и концептирани соодветно на образовниот профил на којшто се запишале студентите и звањето на дипломата што ја добиваат со завршување на студиската програма што ја избрале.

За потребите на наставно-образовниот процес на Универзитетот студиската програма се дефинира и практикува во законска смисла, како збир на наставни компоненти од едно или повеќе студиски подрачја, засновани на резултати од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација што му дава можност на лицето кое ја завршило истата да врши некоја професионална дејност или да ги продолжи студиите.

Структурата на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е концепирана во духот на академската слобода и тоа: слобода на избор на студиските програми, утврдување на содржината и на соодносот на задолжителните и на изборните наставни предмети, содржината на наставните предмети и во подготвување и избор на учебници и други учебни помагала. Студиските програми на Универзитетот се акредитирани од страна на Одборот за акредитација, за период од 5 (пет) студиски години.

Секоја студиска програма се студира преку реализација на соодветен фонд на часови, предвидени во одделните предметни програми, за секоја одделна студиска програма.

Фондот на часови предвиден за секој одделен предмет од студиската програма соодветствува на потребите и природата на образовниот профил што го обезбедува завршувањето на студиската програма.

Предвидениот фонд на часови се реализира преку концептот на изучување на задолжителни предмети, факултетски изборни предмети и универзитетски изборни предмети. Преку овој концепт се покрива теоретскиот и практичнит дел од наставата на секоја студиска програма, а истовремено на студентите им се нуди можност да избираат предмети надвор од областа, со што би ги зголемиле и прошириле своите знаења, што целосно кореспондира со модерниот концепт на студирање на високорангирани универзитети во светот.

Теоретската настава се спроведува преку реализација на соодветен фонд на часови, предвиден во предметните програми во коишто се содржани предмети со статус на задолжителен, факултетски изборен или универзитетски изборен предмет. Истиот е определен од обемот на материјата за секој предмет, изразена во кредити според ЕКТС.

Практичната настава е конципирана и адаптирана на потребите и спецификите на секоја студиска програма во рамки на првиот циклус на студии на секоја единица на Универзитетот. Во организирањето и спроведувањето на практичната настава се води сметка за обврските од Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите, од 12 април 2011 година. Вкупната оптовареност на студентот е изразена преку фондот на часови за теоретска и практична настава, активности за подготовка за совладување на наставните содржини и постигнување на резултати по одделни предмети. Во вкупната оптовареност на студентот влегуваат и сите активности на учење кои се бараат од студентот

во форма на предавања, вежби, проектни активности, практична настава, професионални посети, колоквиуми, испити итн.).

Структурата на студиските програми на факултетите на Универзитетот се содржани во годишните изданија од прв циклус студиски програми на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев".

### 3.1.3. Вештини и компетенции

Целта на секоја студиска програма е студентите да се стекнат со соодветни вештини и компетенции карактеристични за профилот на образование што го стекнуваат со завршување на студиската програма на којашто се запишале. Студиските програми на прв циклус студии на студентот му обезбедуваат компетенции и методолошки вештини во една или повеќе научни или уметнички области и го квалификуваат да работи независно во рамките на својата професија. Со ова се оправдува и законската концепција на вештините и компетенциите што ги стекнуваат студентите од прв циклус.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на додипломските студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VI А за четиригодишните додипломски студии од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

Секоја студиска програма е конципирана со предмети програми кои им овозможуваат на студентите да ги совладаат како теоретските така и практичните аспекти на предметната материја, оспособување за работни активности од подрачјето на наставната и студиската програма, со крајна цел успешна интеграција во стопанствените и општествените текови. Секоја од студиските програми на факултетите е структурирана врз база на потребите на профилот на кадар што дипломира на секоја одделна единица на Универзитетот. Истовремено, студиските програми се конципирани и врз база на кадарот со којшто располага Универзитетот, инфраструктурната опременост и останатите ресурси кои се во функција на наставно-образовниот процес.

Зависно од областа и природата на образовниот профил на кадарите што се продуцираат, при изработката на секоја поединечна студиска програма се земаат предвид потребите, ставовите и перцепциите на стручната и научна фела, мислењето на јавниот и приватниот сектор и останатите општествени интересенти.

Студиските програми од додипломските студии според содржината и резултатите од учењето овозможуваат:

- воведување на студентот во академските дисциплини во една или повеќе научни или уметнички области преку вклучување на теории и методи за да може да се стекне со широки академски знаења и вештини;
- овозможување на студентот академски знаења, теоретски и методолошки квалификации коишто ќе го оспособат за самостојно идентификување, формулирање и решавање на сложени проблеми во рамките на соодветните составни делови на предметните области и
- оспособување на студентот стекнатите неопходни основни вештини да ги применува за практикување на професијата на одредени стручни работни места и за влез во вториот циклус на академски студии.

За потребите на секоја од студиските програми се ангажираат експерти од практиката, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, визитинг професори од земјава и од странство, кои придонесуваат во зголемувањето на квалитетот на наставата, совладувањето на практичните аспекти на предметните програми, размена на компаративни искуства, презентирање на различни методологии на реализирање на предавања и вежби и имплементација на сопствените искуства и практики во бројни и разновидни академски активности.

Со цел согледување на фактичката (реалната) состојба во поглед на вештините и компетенциите со кои се стекнуваат студентите и нивно оспособување во практицирањето на теоретските знаења и искуства, со помош на анкетни прашалници предмет на анализа беа 40 вештини и компетенции понудени во анкетните прашалници.

Табеларно се дефинирани најчестите со кои студентите се стекнуваат во рамките на своето образование на единиците во состав на Универзитетот. Во табеларниот приказ ќе се користиме со скратеници на називите на единиците (факултетите) во состав на УГД.

Преку табеларен приказ на сумираните и обработени резултати во делот на наставно-образовна дејност ќе се презентираат вештините и компетенциите коишто ги стекнуваат студентите по единиците на УГД. (табела 3.1.)

*Сумарен дескриптивен опис на наставно-образовниот процес на полето на надворешна соработка со институции надвор од високообразовната установа (на пример, теренска настава, проекти, посета, надворешно-едукативни активности и друго*).

Истражувањето на состојбата на полето на надворешната соработка на единиците на УГД со надворешните институции покажува сериозност во во процесот на зголемување на соработката со стопанството, индустријата, владиниот и невладине сектор, професионалните организации, што практично значи правилна имплементација на концептот на практична настава за прв циклус на студии.

Зависно од профилот на образование што го нуди, секоја одделна единица е во соработка со институции кои придонесуваат во практичните аспекти на реализацијата на програмите. Единиците кои припаѓаат на општествените науки практикуваат соработка со индустријата, стопанството, единиците кои создаваат профили на професори во основно и во средно образование најмногу соработуваат со училиштата, техничките факултети со индустријата, природно-математички со индустрија и стопанство.

Табела 3.1. Вештини со кои се стекнува студентот во текот на прв циклус студии

| Вид на вештини | Оценка на рангирање по факултети* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Писмено комуницирање | | | ЛА;ФФ | ФТБЛ;ФМН;ЗФ; ТТФ;ФПТН; | ФИ;ПФ;МА;МФ;ФОН; ЕФ; ЕТФ |
| Усно комуницирање | | | ФТБЛ | ФИ; ЗФ; ЛА; ФФ; ЕФ; ТТФ; ФПТН; | ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЕТФ |
| Работа со компјутер | | ПФ; МА; ФОН | ЛА; ТТФ | ФТБЛ; ФМН; ФФ | ФИ; МФ; ЕФ; ЕТФ; ФПТН |
| Работа во лабораторија | ФОН; | ФТБЛ; ТТФ | ПФ; ФПТН | ФИ; ФМН; МФ; ЕТФ; | ЗФ; ЛА |
| Работа во групи | | | | ФТБЛ; ФМН; ПФ; ФФ; ТТФ; ФПТН | ФИ; МА; МФ; ФОН; ЛА;ФА; ЕФ; ЕТФ |
| Подготвување на проекти | | ФТБЛ | ФМН; ФОН; ЛА; ТТФ | ФИ; ПФ; ЗФ; МА; МФ; ЕФ; ФПТН | МА; ЕТФ |
| Познавање на странски јазици | | | ФТБЛ;ЗФ;ФМН; МФ; ФОН; ФФ; ТТФ | ПФ; ЛА;ЕФ; ФПТН | ФИ; ЕТФ |
| Анализа на стручна и научна литература | | ТТФ | ФТБЛ; ФФ; ЕФ; ФПТН | ФИ; ФМН; ПФ; МФ; ФОН; ЛА | МА; ЕТФ |
| Разрешување на проблеми | | | ФТБЛ; ПФ; ФФ; ТТФ; ФПТН; | ФИ; ФМН; МФ;ЕФ | МА;ФОН; ЛА; ЕТФ |
| Менаџерство | | ПФ | ФТБЛ; ФОН; ТТФ; ФПТН; | ФИ; МФ; ФФ; ЕФ; ЕТФ | ЛА |
| Други | | | ФТБЛ; ТТФ | ЕФ; ФПТН | ЛА |

*Оценка на рангирање:1 – крајно незадоволително, 2 – незадоволително,3 – задоволително,4 – добро, 5 – одлично

*Сумарен дескриптивен опис на податоците добиени преку анализа на вештините и компетенции со кои се стекнуваат студентите во текот на прв циклус студии и по завршувањето на прв циклус студии.*

Согласно со природата и содржината на секоја одделна студиска програма, податоците покажуваат типично компатибилни резултати за секоја од програмите, генерално детерминирани од тоа дали станува збор за општествена, природна или техничка наука. За забележување е дека во поглед на вештините и компетенциите кои се предмет на истражување, скоро сите единици имаат високи оценки во поглед на писмената комуникација и усната комуникација. Среда оценка кај најголем број единици постои за параметарот познавање на странски јазик, на што Универзитетот треба да посвети внимание. Истото се однесува и на параметарот за капацитети за анализа на стручна и научна литература, за што се очекува поголем професорски и соработнички ангажман. Зависно од спецификите на секоја програма, доминираат едните во однос на другите вештини. Сепак, сумарно презентирано застапени се скоро сите вештини и компетенции кај единиците во состав на Универзитетот.

Табела 3.2. Вештини и компетенции со кои студентот се стекнува со завршување на прв циклус студии

| | Вештини и компетенции | Факултети (единици на УГД) |
|---|---|---|
| 1 | Писмено комуницирање | ФИ; ФМН; ПФ; ЗФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 2 | Усно комуницирање | ФИ; ФМН; ПФ; ЗФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ;ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 3 | Разрешување на проблеми | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 4 | Способност за анализа и синтеза | ФИ; ФМН; ПФ;МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 5 | Способност за организација и планирање | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 6 | Усна и писмена комуникација на мајчин јазик | ФИ; ФМН; ПФ; ЗФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 7 | Работа во лаборатории | ФИ; ФМН; ПФ; ЗФ;МФ; ФОН; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 8 | Подготвување на проекти | ФИ; ФМН; ПФ; ЗФ; МА; МФ; ФОН;ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 9 | Познавање на светски јазици | ФИ; ФМН; ПФ; МФ; ФОН; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Анализа на стручна и научна литература | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ЕТФ; |
| 11 | Познавање на втор јазик (странски јазик) | ФИ; ФМН; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 12 | Познавање на јазици на заедниците кои не се мнозинство во РМ | ЕФ; |
| 13 | Вештини за работа со компјутери | ФИ; ФМН; ПФ; МФ; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 14 | Работа со компјутери | ФИ; ФМН; ПФ; МФ;ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 15 | Работа во група | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 16 | Менаџерство | ФИ;ПФ; ЗФ; МФ; ФОН;ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 17 | Донесување на одлуки | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 18 | Вештини за управување со информации (способност да се добијат и да се анализираат информации од различни извори) | ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 19 | Решавање на проблеми | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 20 | Критички способности | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ЕФ; ЕТФ; |
| 21 | Самокритички способности | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ЕФ; ЕТФ; |
| 22 | Способност за работа во тим | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 23 | Интерперсонални вештини | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ЕТФ; |
| 24 | Флексибилност | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 25 | Способност да се комуницира со експерти од други полиња | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 26 | Почитување на диверзитетот и мултикултурноста | ФМН; ПФ; МА; ФОН; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 27 | Способност да се работи во меѓународен контекст | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 28 | Етичка посветеност | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 29 | Иницијатива и претприемачки дух | ФИ; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 30 | Вештини за истражување | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ЕТФ; |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | Способност за учење | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 32 | Способност да се работи во интердисциплинарен тим | ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 33 | Способност за приспособување кон нови ситуации | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ФОН; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 34 | Способност за автономна работа | ФИ; ФМН; ПФ; МА; ФОН; ЛА; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 35 | Грижа за квалитетот | ФИ; ФМН; ПФ; МА; ФФ; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 36 | Способност за генерирање на нови идеи (креативност) | ФИ; ФМН; ПФ; МА; МФ; ЛА; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 37 | Лидерство | ФМН; ПФ; МФ; ФОН; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 38 | Разбирање на културите и обичаите во други земји | ФМН; ПФ; МА; ФОН; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 39 | Дизајнирање и управување со проект | ФМН; ПФ; ЗФ; МФ; ФОН; ЕФ; ЕТФ; |
| 40 | Амбициозност | ФИ; ПФ; МА; МФ; ФОН; ЛА; ФФ; ФА; ЕФ; ТТФ; ЕТФ; |
| 41 | Друго | ФМН; ФОН; ЛА; ФФ. |

*Сумарен дескриптивен опис на податоците добиени преку анализа податоците за вештините и компетенции со кои студентот се стекнува со завршување на прв циклус студии.*

Истражувањето на податоците покажува дека отстапки во поглед на презентирантираните вештини и компетенции постојат само во делот на познавање на јазиците кои не се мнозинство, Разбирање на културите и обичаите во други земји, почитување на диверзитетот и мултикултуралноста. Варијации во поглед на вештините и компетенции постојат во сегментот работа во лаборатории и подготвување на проекти, што генерално се базира на различниот карактер на програмите.

**Општи согледувања за студиските програми и наставно-образовниот процес на Универзитетот**

Единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, тргнувајќи од законските основи, сопствените перцепции и согледувања, идентификуваните општествени потреби и перспективи, ги утврдуваат видот, бројот и структурата на студиските програми и предметните програми како составен дел на студиските програми. Наставните програми на секоја единица на УГД се анализираат на катедрите од областа на којашто припаѓа студиската

програма, а се усвојуваат од наставно-научните совети на факултетите при Универзитетот.

Наставните програми се усвојуваат и на Ректорската управа на УГД, со согласност за секоја поединечна програма.

Наставните програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација како тело кое врши надворешна оцена на квалитетот на високообразовната установа и остварувањето на нејзината дејност. Студиските програми акредитирани на единиците на УГД, содржински, концепциски, по број на кредити и звања за стекната диплома се во целост усогласени со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија, во сферата на високото образование.

Студиските програми на УГД акредитирани во 2016/2017 година содржински презентираат потесна специјалност, поголема мобилност како на кадарот така и на студентите. На тековните студиски програми и учебните години кои се предмет на акредитација 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година, унапреден е процесот на мобилност преку премин од една на друга програма, за што Универзитетот има усвоено соодветна постапка што се спроведува на сите единици на УГД.

Од посебните извештаи на факултетски комисии за самоевалуација и од анализата на податоците содржани во табелите може да се извлече заклучок дека во периодот на 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 се фаворизира концептот на четиригодишни студии, со 240 ЕКТС. Иако Законот за високо образование дава можност за организирање на студии од прв циклус и како тригодишни студии со 180 ЕКТС, Универзитетот водејќи сметка за реалните потреби на студентите, допушти доминација на четиригодишните студии.

Во поглед на содржината на програмите, фондот на часови, особено за истакнување е развивањето на соработката со стопанството и индустријата, владиниот и невладин сектор. За забележување е широкото стручно профилирање и флексибилност во студиските програми.

Компарирано со претходните самоевалуации, од аспект на студиски програми, во еден дел може да се забележи:

- осовременување на студиски програми;
- намалување на оптовареноста на студентите со обемот на предметните содржини;
- продолжување на тенденцијата за зголемување на бројот на изборни предмети;

- зголемување на фондот на часови за практична настава на студентите;
- зголемување на бројот на експерти и лица од практика во наставно-образовниот процес;
- зголемување на активностите преку организација на работилници, дебати, тркалезни маси, конференции во рамки на општествените науки, и проектни активности и соработка со индустријата и стопанството во рамки на тенничките науки.

Анализата на реакредитираните и новоакредитираните студиски програми во 2012 и 2013 година покажува капацитет на Универзитетот да ги имплементира законските решенија и да се адаптира на новитетите во поглед на структурата на програмите и бројот на ЕКТС и тоа: тригодишни студии со 180 ЕКТС, четиригодишни студии со 240 ЕКТС.

Земајќи ги предвид сегашните тенденции на Универзитетот во поглед на скицирањето на новите програми, како и податоците за годините кои се предмет на самоевалуација, за истакнување е капацитетот на Универзитетот континуирано да ги следи законските решенија и европските трендови истовремено да манифестира компатибилност со постојните високообразовни политики во рамки на првиот циклус студии. Како податок ова ја рефлектира и кадровската екипираност на Универзитетот, како и капацитетите да се ангажира кадар однадвор со цел обезбедување на квалитетно и стручно реализирање на студиските програми.

Универзитетот го продолжува трендот на интердисциплинарност и на мултидисциплинарност во студиските програми, односно интегрирани студии, при што во реализацијата на наставната програма учествуваат два или повеќе факултети со својот наставнички кадар и опрема. Вакви искуства има на сите факултети при Универзитетот. Првиот циклус студии според последните акредитации на најголем број од единиците трае 4 години, со диплома што носи 240 кредити според ЕКТС. Вкупниот број задолжителни и изборни предмети варира од единица до единица, а изборните предмети се предвидени на сите единици. Во листата на изборни предмети стојат и универзитетски изборни предмет, како можност за проширување на знаењето на студентите во други полиња.

Во факултетските извештаи и приложените табели се прикажани бројот на задолжителни и изборни предмети, бројот на наставници и соработници, соодносот на задолжителни и изборни предмети по концептот 60:30:10 согласно со Законот за високо образование. Во реализирањето на наставно-образовниот процес на прв циклус студии учествуваат наставници со

полно работено време во работен однос со Универзитетот „Гоце Делчев“, но исто така и наставници ангажирани со договори со неполно работно време кои придонесуваат за кадровското екипирање во наставниот процес.

Континуирана прогресија УГД покажува на полето на електронското учење и употребата на електронските алатки како механизам за полесно комуницирање, едуцирање и споделување на искуства, материјали и реализирање на работни задачи помеѓу наставно-соработничкиот кадар и студентите. Својата улога на високообразовна установа за создавање, заштита и пренесување на знаењата за обезбедување на социјална и економска благосостојба и напредок на општеството, подготвување на студентите за занимања за кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, културна и јазична разновидност, поттикнување на технолошкиот развој, развој на уметностите, техничката култура и спортот, Универзитетот ја остварува и преку концептот на делечинско учење, доживотното учење, неформалното образование, имплементацијата на кредит трансфер системот, додаток на диплома и организацијата на прв, втор и трет циклус студии.

Анализирајќи ги податоците преземени од спроведените анализи на факултетските комисии, општа констатација е дека УГД за периодот што е предмет на самоевалуација и тековните тенденции ја остварува својата улога предвидена во Законот за високо образование:

- организирање на студии според студиски програми од прв, втор и трет циклус студии;
- изведување на фундаментални, развојни и применети истражувања и вршење на применувачка дејност;
- пренесување на научни, стручни и уметнички знаења и вештини;
- обезбедување на научен, стручен и уметнички подмладок;
- давање можност секому под еднакви услови да стекне високо образование и да се образува во текот на целиот живот;
- обезбедување на систем за доживотно учење;
- соработка со странски и домашни високообразовни и научни установи и со остварување други форми на меѓународна соработка;
- организирање на други форми и видови на подигање на општото образовно ниво и поттикнување на конструктивен натпревар меѓу различните идеи и пристапи и
- обезбедување учество на студентите во управувањето, особено во врска со прашања кои се од значење за квалитетот на наставата и студентскиот стандард.

**SWOT анализа на студиските програми од прв циклус студии**

| СИЛНИ СТРАНИ (Strengths) | СЛАБИ СТРАНИ (Weaknesses) |
| --- | --- |
| ▪ Брзо и ефикасно адаптирање на студиските програми на новитетите во последните законски решенија;<br>▪ Фаворизирање на четиригодишниот концепт на студирање, согласно со потребите на студентите и избегнување на опасноста од „принудено дооформување на образованието“;<br>▪ Одржување на постојните воспоставени релации со јавниот и во приватиот сектор, како логистика за спроведувањето на практичната настава на студентите;<br>▪ Усовршување на наставните програми на единиците преку засилување на практичната настава во секоја студиска програма;<br>▪ Акредитација на нови студиски програми, согласно со потребите на јавниот и на приватниот сектор;<br>▪ Универзитетски изборен предмет, како можност за проширување на знаењето на студентите во други полиња, согласно со европските и светски образовни практики и искуства;<br>▪ Адекватно реализирање на формите на наставно-образовниот процес, согласно со актуелната реализација и потребата за реализација. | ▪ Незголемување на бројот на институции од јавниот, невладиниот и приватниот сектор, за соработка и практикување на практичната настава;<br>▪ Реализирање на наставата преку блок часови што се одразува на континуитетот во следењето на наставата на студентите;<br>▪ Низок степен на познавање на странски јазик на студентите;<br>▪ Системско ограничување на можноста за избор на универзитетски изборен предмет;<br>▪ Низок степен на способност за анализа на научна и стручна литература на студентите. |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
| ▪ Креирање на Заедничка диплома (Joint Degree) која студените ќе ја стекнат со завршување на студиска програма која заедно ќе се изведува на два или повеќе универзитети во земјава или универзитет од земјава и акредитирана високообразовна установа од странство, односно нејзина единица акредитирана и регистрирана во Република Северна Македонија;<br>▪ Имплементација на концептот на „distance learning”; како можност за понуда на студиските програми на | ▪ Изолираност од центрите на квалитетно високо образование во регионот и во Европа;<br>▪ Незаинтресираноста на визитинг професори да се вклучат во реализацијата на студиските програми;<br>▪ Неефектуирање (само формално склучување) на договорите за студентска практика;<br>▪ Намалување на интересот за студирање на неактуелни студиски програми. |

Внатрешни фактори

домашни студенти кои се во странство и странски студенти;
- Зголемување на можноста за мобилност на наставнички и соработнички кадар и размена на искуства, практики и знаења од странски универзитети;
- Вмрежување преку заеднички дипломи и можност за користење на странски библиотеки на студентите на УГД;
- Зголемување на ангажманот на визитинг професорите, како модус за зголемување на нивото на знаење на странски јазик на студентите;
- Промоција на студиските програми, во периодот на посетување на училишта и субјекти од јавен и приватен сектор;
- Вклучување на средношколци (потенцијални студенти) во некои активности при реализација на студиските програми.

Надворешни фактори

Позитивни

Негативни

## 3.2. Втор циклус студии

### 3.2.1. Студиски програми

**КАМПУС 1 – УМЕТНОСТИ**

**Музичка академија**

Вториот циклус студии на Музичка академија започнува во 2010 година. Во 2012 година се реакредитирани 7 (седум) студиски програми структурирани како едногодишни програми, со 60 ЕКТС и тоа:

- Теорија на музиката и музичка педагогија
- Матичен инструмент
- Пијано – соло интерпретација
- Соло пеење
- Етнокореологија
- Џез музика
- Методика на наставата по пијано
- Теорија на музиката и музичка педагогија
- Џез музика
- Етнокореологија
- Музичар изведувач
- Пијано
- Соло пеење.

Во 2018 година ре/акредитираи се следниве студиски програми:

- Виола
- Виолина
- Виолончело
- Гитара
- Етнокореологија
- Кларинет
- Обоа
- Пијано
- Соло пеење
- Теорија на музиката и музичка педагогија
- Тромбон
- Труба

- Туба
- Фагот
- Флејта
- Хорна
- Џез гитара
- Џез пијано
- Џез саксофон
- Џез тапани
- Џез труба.

Наставата на вториот циклус на секоја од студиските програми се реализира во рамки на 2 семестра, со 60 кредити според ЕКТС. Вкупниот број предмети на втор циклус на сите студиски програми е 83 и тоа: Теорија на музика и музичка педагогија 13 предмети, судиска програма со назив Музичар изведувач има 14 предмети, студиска програма Пијано има 26 предмети, на студиската програма Соло пеење има вкупно 13 предмети, Етнокореологија има 13 предмети, Џез музика, 14 предмети.

**Филмска академија**

Во 2014 година во рамки на вториот циклус студии на Филмската академија се акредитирани следниве студиски програми.

- Creative producing
- Screenwriting
- Филмска музика – тон мајстор
- Филмска музика – филмски композитор
- Филмска продукција
- Филмска режија.

На овие програми нема студенти и се водат како неактивни.

**КАМПУС 2 - ПРИРОДНИ, ТЕХНИЧКИ И БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ**

**Земјоделски факултет**

Наставно-образовниот процес на вториот циклус студии на Земјоделски факултет е организиран во 4 семестри, како двогодишни студии со 120 кредити според ЕКТС. На Земјоделскиот факултет, во периодот на

учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година студираат студенти на една од следниве студиски програми:

- Фитомедицина
- Енологија
- Преработка и контрола на анимални производи
- Лозарство
- Поледелско производство
- Биотехнологија,селекција и семепроизводство
- Безбедност на храна
- Растителна биотехнологија
- Селекција и семепроизводство.

Во 2012 година е спроведена реакредитација на програмите со назив: Енологија, Лозарство, Преработка и контрола на земјоделски производи, Биотехнологија, Селекција и семепроизводство, Поледелско производство. Во 2017 година се реакредитирани:

- Безбедност на храна
- Енологија
- Лозарство
- Поледелско производство
- Преработка и контрола на анимални производи
- Растителна биотехнологија
- Селекција и семепроизведство
- Фитомедицина.

Секоја од акредитираните студиски програми на втор циклус содржи 15 предмети. Вкупно на сите 9-те (деветТе) студиски програми има 90 наставни програми (предмети). Концептот на студирање на секоја од студиските програми е: задолжителни предмети, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Фондот на часови е определен од обемот на материјалот во секоја предметна програма. Задолжителните предмети најчесто се со фонд од 156 или 216 часа, факултетските изборни 120 часа, и унвиерзитетските изборни 156 часа настава.

**Факултет за природни и технички науки**

Наставно-образовниот процес на вториот циклус студии на Факултетот за природни и технички науки во учебните 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 се реализира на 11 (единаесет) студиски програми. Една реакредитација е

спроведена во 2012 година и тоа на студиски програми Рударство, Геологија, Индустриска логистика, Инженерство на животна и работна средина, Инженерство на животна средина, Градежно инженерство и Архитектура и дизајн. Во 2017 година, ре/акредитирани се 11 студиски програми и тоа:

- Геологија и
- Геологија и геофизика
- Дизајн на ентериер и мебел
- Индустриска логистика
- Инженерство за заштита на животна средина
- Инженерство за заштита на работна средина
- Наоѓалишта на минерални суровини
- Петрологија, минералогија и геохемија
- Подготовка на минерални суровини
- Хидрогеологија.

Студиските програми од втор циклус се организирани како двогодишни студии, во траење од 2 (семестра) и со нивното завршување студентите добиваат диплома со 120 кредити според ЕКТС. Концептот на студирање е задолжителни предмети, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Од аспект на фонд на часови, наставата се реализира во 90 часа задолжитена настава, 60 настава во факултетски изборни предмети и 60 за универзитетски изборни предмети.

**Технолошко-технички факултет**

Вториот циклус студии на Технолошко-технички факултет започнува со акредитацијата на програмата Индустриски дизајн на текстил бр. 12-91/3 од 4.5.2012 г. Во 2013 година со Решение бр. 12-242/1-3 од 6.3.2013 г. акредитирани се следниве студиски програми:

- Индустриски дизајн на текстил (едногодишни студии);
- Индустриски дизајн на текстил (двогодишни студии).

Во 2017 година, во рамки на вториот циклус на студии, акредитирана е студиската програма со назив Технологија и дизајн на текстил, со вкупно 13 предмети, организирани по концептот на задолжителни, факултетски изборни и унверзитетски изборни предмети. Задолжителните предмети се спроведуваат во фонд на часови од 240 часа, а факултетските изборни со фонд 180 или 240 часа, зависно од обемот на материјата содржана во предметната програма.

**Факултет за информатика**

Наставно-образовниот процес на Факултетот за информатика се реализира на едногодишни и двогодишни студии во траење од 2 (два) или 4 (четири) семестри, со 60 или 120 кредити според ЕКТС. Првата реакредитација на студиските програми е направена во 2013 година, кога се ре/акредитирани програмите со назив: Вештачка интелигенција и роботика; Софтверско инженерство; Интелигентни веб-технологии; Комуникациски технологии и процесирање на сигнали; Информациски системи; Применета математика; Финансиска и актуарска математика; Математичко-информатичко образование; Математика; Информатика.

Во 2017/2018 година е спроведена нова ре/акредитација на студиски програми на кои студираат студенти во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година и тоа:

- Интелигентно системи и роботика
- Информациски и веб-технологии
- Информациски системи и технологии
- Комуникациски технологии и процесирање на сигнали
- Математичко информатичко образование
- Математика
- Пресметковно инженерство.

Овие програми се ре/акредитирани како двогодишни студиски програми.

Во 2018 година ре/акредитирани како едногодишни студиски програми се следниве програми:

- Биоинформатика
- Интелигентни веб-технологии
- Компјутерска безбедност и дигитална форензика
- Математичко-информатичко образование
- Пресметковно инженерство
- Роботика и интелигентни системи
- Финансиска и актуарска математика.

Концептот на студирање на вториот циклус на Факултетот за информатика е настава на задолжителни, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети.

**Електротехнички факултет**

Вториот циклус студии на Електротехничкиот факултет започнува во 2013 година, со акредитација на студиската програма со назив Автоматизација и процеси, акредитирана по концептот на едногодишни и двогодишни студиски програми, со 60 и 120 кредити според ЕКТС. Во 2017 година, спроведена е ре/акредтација и тоа на следниве студиски програми:

- Автоматизација и процеси
- Неконвенционални извори на енергија.

Овие програми се ре/акредитирани како двегодишни студиски програми, во траење од 4 (четири) семестри, со диплома која на студентите кои ги завршиле студиите им носи диплома со 120 кредити според ЕКТС. Во 2018 година истите студиски програми се ре/акредитирани. Студирањето на овие студиски програми е по концептот на задолжителни, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети.

**Машински факултет**

Вториот циклус студии на Машински факултет започнува во 2012 година, со акредитација на две едногодишни студиски програми со 60 кредити според ЕКТС и тоа: проектирање на производни системи и стратегиски проектен менаџмент, како едногодишни студиски програми.

Во 2017 година ре/акредитирана е програмата со назив: Проектирање на производни системи и тоа како двегодишни студии, со 120 кредити според ЕКТС и настава во реализација од 4 (четири) семестри. Наставата се спроведува преку изучување на задолжителни, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети.

**КАМПУС 3 - МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**

**Факултет за медицински науки**

Наставно-образовниот процес на вториот циклус студии на Факултетот за медицински науки се спроведува на студиски програми со ре/акредитација од 2013/2014 година. Студентите од Медицински факултет во учебните

2015/2016, 2016/2017 и 2107/2018 студираат на една од следниве студиски програми:

- Фиксна протетика;
- Мобилна протетика;
- Ортодонција;
- Физиотерапевт специјалистички студии (рефлексотерапија и акупресура, кинезитерапија, рехабилитација на деца и корекција на телесни деформитети;
- Медицинска сестра – специјалистички студии (инструментарка, семејна и патронажна сестра, ментално здравје, превенција на инфективни и неинфективни заболувања);
- Лаборант по медицинска лабораториска дијагностика - специјалистички студии (санитарно-хемиска лабораторија, хемиско-биохемиска лабораторија, микробиолошка лабораторија);
- Radipharmacy.

Овие програми се ре/акредтирани во 2013/2014 година, а со нивното завршување студентите добиваат едно од следниве звања:

- Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за инструментарка;
- дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана семејна и патронажна сестра;
- дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за превенција на инфективни и неинфективни заболувања;
- дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за ментално здравје;
- дипломиран стручен лаборант по медицинска лабораториска дијагностика специјализиран за работа во хемиско-биохемиска лабораторија;
- дипломиран стручен лаборант по медицинска лабораториска дијагностика специјализиран за работа во санитарно-хемиска лабораторија;
- дипломиран стручен лаборант по медицинска лабораториска дијагностика специјализиран за работа во микробиолошка лабораторија;

- дипломиран стручен физиотерапевт, специјализиран за рефлексотерапија и акупресура;
- дипломиран стручен физиотерапевт, специјализиран за кинезитерапија;
- дипломиран стручен физиотерапевт, специјализиран за рехабилитација на деца и корекција на телесни деформитети;
- стручна специјализација по фиксна протетика;
- стручна специјализација по мобилна протетика;
- стручна специјализација по ортодонција.

Студиските програми на вториот циклус на Факултетот за медицински науки се структурирани како едногодишни и двегодишни студии. Студиските програми се организирани по концептот на задолжителни и факултетски изборни предмети во секоја подинечна студиска програма.

## КАМПУС 4 - ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ

### Економски факултет

Наставно-образовниот процес на Економски факултет се спроведува на едногодишни студии, со настава во 2 (два) семестра и диплома од 60 кредити според ЕКТС. Исклучок претставува програмата со назив: МБА – менаџмент, која е организирана како едногодишни и како двегодишни студиски програми.

Во 2012 година реакредитирани се програмите од 2009 година и акредитирани се уште 2 нови студиски програми и тоа:

- Финансиско известување и ревизија
- Финансии и банкарство.

Во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година студентите на втор циклус студии на Економски факултет студираат на една од следниве тековни студиски програми:

- МБА-менаџмент
- МБА-менаџмент
- Финансии и банкарство
- Финансиско известување и ревизија
- Здравствен менаџмент
- Економија на Европска Унија.

Концептот на студирање е со задолжителни, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Фондот на часови за задолжителните предмети е 156, за изборните 120 и за универзитетските изборни 120 часа.

**Правен факултет**

Во 2012 година Правниот факултет го прошири наставно-образовниот процес на вториот циклус на студии со акредитација на уште две студиски програми од областа на новинарството и тоа:

- Комуникациски менаџмент и односи со јавноста, како едногодишни и двогодишни студиски програми и
- Масовни комуникации и менаџмент во медиумите, како едногодишни и двогодишни студски програми.

Тековни студиски програми на втор циклус на Правен факултет се:

- Правосудна насока
- Јавна администрација
- Применета политика и дипломатија
- Комуникациски менаџмент и односи со јавноста
- Комуникациски менаџмент и односи со јавноста
- Масовни комуникации и менаџмент во медиумите
- Масовни комуникации и менаџмент во медиумите.

Во 2017/2018 година оваа листа на тековни студиски програми е дополнета со ре/акрдитаација на следниве студиски програми:

- Деловно право
- Демократски институции и човекови права
- Европско право
- Јавна администрација
- Казнено право
- Европско право
- Казнено право.

Наставата на втор циклус студии на Правниот факултет се реализира во рамки на два семестри за едногодишните студии и во рамки на четири семестри за двогодишните студии. Бројот на предмети кои се предмет на проучување во едногодишните студии е 9, а во двогодишните студии 18. Вкупно на сите студиски програми на втор циклус има 145 наставни програми (предмети).

Предметите на секоја одделна студиска програма имаат статус на задолжителни или факултетски изборен предмет. Фондот на часови за задолжителните предмети е 3+2+2 или 2+2+1, а за изборните 2+1+1.

**Факултет за образовни науки**

Во 2012 година Факултетот за образовни науки ги спроведува ре/акредитира студиски програми на вториот циклус студии и тоа: Предучилишна педагогија, Училишна педагогија, Менаџмент во образование и образовна политика, Социјална педагогија, Дидактика и методика, Методика на наставата по религиско образование, Предучилишно воспитување и образование (Драмско В и О, Физичко и здравствено В и О, Ликовно В и О, Музичко В и О, Воспитно-образовна работа за природната и општествената средина, Воспитно-образовна работа по математика, Воспитно-образовна работа по култура на говор), Стекнување на наставнички компетенции за предметните наставници.

Во 2016/2017 година се менува едногодишниот концепт на студирање со двегодишен. Со оваа ре/акредитација се одобрени дел од постојните студиски програми, а се акредитирани и нови, сите како двегодишни студски програми и тоа:

- Античка археологија
- Методика
- Образование на наставници
- Образовна политика и менаџмент во образованието
- Педагогија
- Средновековна археологија
- Средновековна историја – Византија и Балканот во средниот век.

На новите програми од 2017/2018 година има вкупно 47 предмети, организирани по универзалниот концепт на задолжителни, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети.

**Филолошки факултет**

Вториот циклус на студии на Филолошки факултет започнува во 2012 година, со акредитација на следниве студиски програми:

- Македонски јазик и книжевност – насока: Македонска книжевност
- Македонски јазик и книжевност – насока: Македонски јазик
- Македонски јазик и книжевност – насока: Методика на наставата по македонски јазик и книжевност
- Англиски јазик и книжевност – насока: Англиска книжевност
- Англиски јазик и книжевност – насока: Англиски јазик
- Англиски јазик и книжевност – насока: Методика на наставата по англиски јазик и книжевност
- Германски јазик и книжевност – насока: Германска книжевност
- Германски јазик и книжевност – насока: Германски јазик
- Германски јазик и книжевност – насока: Методика на наставата по германски јазик и книжевност
- Турски јазик и книжевност – насока: Турска книжевност
- Турски јазик и книжевност – насока: Турски  јазик.

Во 2017/2018 година акредитирани се следниве програми:

- Англиска филологија
- Македонска филологија
- Турска филологија.

Наставата се реализира преку концептот на задолжителни, факултетски изборни и универзтетски изборни предмети.

**Факултет за туризам и бизнис логистика**

Наставно-образовниот процес на втор циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика се спроведува по концептот на двегодишни студии. Во 2012 година, како едногодишни и двегодишни студии, се ре/акредитирани следниве програми: Бизнис логистика, Меѓународен туризам, Гастрономија, исхрана и диететика. Во 2016/2017 година, како двогодишни студии, реакредитирани се следниве студиски програми:

- Бизнис логистика
- Бизнис логистика
- Меѓународен туризам
- Меѓународен туризам.

Наставата на втор циклус студии се спроведува по концептот на задолжителни, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети.

### 3.2.2. Структура на студиските програми

Наставно-образовниот процес на втор циклус студии на единиците (факултетите) на УГД се реализира преку часови од теоретската и практичната настава, индивидуалните активности од задолжителните, изборните и факултативните предмети. Вториот циклус на студии на Универзитетот е конципиран согласно со потребите и спецификите на секоја одделна студиска програма, профилот на кадар што се продуцира, звањата што се стекнуваат и потребите на пазарот на труд, стручноста на кадарот и ресурсите на Универзитетот, и законските барања.

Во студиските програми на вториот циклус студии теориската настава е доминантна форма на работа како во задолжителните така и во изборните предмети. Теоретските истражувања, анализи и елаборирање особено доминираат во рамки на академските студии, каде што на секоја студиска програма ѝ се дава научна димензија карактеристична за втор циклус на студирање. И во рамки на вториот циклус е задржан концептот на реализирање на наставата по задолжителни, факултетски и универзитетски изборни предмети.

Согласно со законските решенија, студиите од втор циклус на академски студии - постдипломски студии се организирани како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити. Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на постдипломските студии припаѓаат на ниво VII А од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации. Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на интегрираните академски студии од прв и втор циклус припаѓаат на нивото VIIА од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на квалификации. Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од втор циклус стручни студии припаѓаат на ниво VII Б од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Структурата на студиските програми на единиците на Универзитретот се дадени во годишното издание од мастер студиски програми на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев”.

**Општи согледувања за вториот циклус на студии**

Според анализираните податоци од единиците и научните институти, втор циклус на студии се организирани како академски (постдипломски) студии и втор циклус стручни студии (специјалистички студии). Ваквата концепција на студии е согласно со постојната законска регулатива. Во компаративната анализа на програмите од 2012 година и програмите акредитирани во 2016/2017/2018 година констатирано е постоењето на трендот на акредитација на студиските програми и како едногодишни и како двегодишни студии. Тргнувајќи од новите перцепции кон вториот циклус на студии, европските трендови на фаворизирање на стручните студии, последните акредитации се фокусираат на акредитација во форма на едногодишни студии.

Во реализирањето на наставата е задржан концептот на спроведување на задолжителни, факултетски изборни и универзитетски изборни предмети. Фондот на часови е согласно со обемот на материјата. Постоењето на повеќе факултетски изборни и унверзитетски изборни предмети им дава можност на студентите да се профилираат како кадри со пошироки (интердисциплинарни) знаења. Содржината на програмите од вториот циклус е концептирана со цел да се продлабочи и прошири знаењето што студентите го стекнале на прв циклус студии. Секоја студиска програма за академските студии содржи обврска за изработка на магистерски труд, како завршен дел на студиската програма на постдипломските студии. Студиските програми од втор циклус на стручни студии од 60 ЕКТС задолжително содржат обврска за изработка на специјалистички труд, како завршен дел на студиската програма од втор циклус на стручни студии.

### 3.3. Трет циклус студии

Согласно со важечкото законодавство во Република Северна Македонија и тоа ЗВО („Службен весник на РМ“, 8.5.2018 година), докторските студии траат најмалку три години и носат најмалку 180 кредити според ЕКТС. Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на науки (dr.sc) односно доктор по уметности (dr.art).

Докторските студии можат да се запишат по завршувањето на соодветни студии од вториот циклус на академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и од вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно.

Со студиската програма на докторските студии може да се предвиди и дека потребниот број на ЕКТС кредити за запишувањето на таа студиска програма изнесува 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Студиската програма за докторските студии задолжително содржи обврска за изработка на докторски труд (докторска дисертација), како завршен дел на студиската програма на докторските студии.

Универзитетот со општ акт го уредува стекнувањето на кредити според ЕКТС на докторските студии и ги пропишува кредитите потребни за пријава на докторски труд. Трет циклус студии на Универзитетот се организираат според ЗВО, Уредбата за норматиците и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, Статутот на Универзитетот и Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (ОМДС.ПРВ.02).

Во досегашниот период студиски програми од III степен акредитирани се студии од областа на природно-математички, техничко-технолошки и биотехнички науки, општествените науки и хуманистички и медицински науки и здравство.

Табела 3.3. Акредитирани судиски програми од трет циклус

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Компјутерска техника и информатика** | **техничко-технолошки науки** |
| | | Применета геологија и геофизика | техничко-технолошки науки |
| | | Наука и технологија за текстил | техничко-технолошки науки |
| | | Наука и технологија за композитни материјали | техничко-технолошки науки |
| | | Геологија | природно-математички науки |
| | | Животна средина | техничко-технолошки науки |
| | | Машинство | техничко-технолошки науки |
| | | Рударство | техничко-технолошки науки |
| | | Заштита на растенијата | биотехнички науки |
| | | Наука за земјиштето и хидрологија | биотехнички науки |
| | | Растително производство | биотехнички науки |
| | | Фитомедицина | биотехнички науки |
| | | Поледелско производство | биотехнички науки |
| | | Биотехнологија,селекција и семепроизводство | биотехнички науки |
| | | Лозарство | биотехнички науки |
| | | Енологија | биотехнички науки |
| | | Преработка и контрола на анимални производи | биотехнички науки |
| | | Наука за земјиштето и хидрологија | биотехнички науки |
| | | Политички системи | општествени науки |
| | | Деловна (бизнис) економија | општествени науки |
| | | Стоматологија, модул: базични и клинички истражувања во дентална медицина | медицински науки и здравство |
| | | Медицински науки – биомедицина | медицински науки и здравство |
| | | Фармацевски науки | медицински науки и здравство |
| | | Невронауки | медицински науки и здравство |
| | | Аналитика на лекови | медицински науки и здравство |
| | | Македонски јазик, книжевност и култура | хуманистички науки |
| | | Воспитание и образование во раниот детски развој | општествени науки |
| | | Училишна педагогија | општествени науки |
| | | Туризам и угостителство | општествени науки |

**Студиски програми**

Табеларниот приказ на трет циклус студии се однесува на сите акредитирани студиски програми на единиците на Универзитетот. Во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година. Студенти на трет циклус има на следниве програми:

- Заштита на растенија;
- Растително производство;
- Компјутерска техника и информатика;
- Наука за земјиштето и хидрологија;
- Рударство;
- Применета геологија и геофизика;
- Животна средина;
- Машинство.

**Ментори**

Во рамки на третиот циклус на студии на Универзитетот има акредитирани вкупно од сите области 66 ментори и тоа:

Факулет за медицински науки - 21

Правен факултет -1

Факултет за образовни науки – 3

Економски факултет – 5

Факултет за туризам и бизнис логистика – 7

Машински факултет – 6

Факултет за природни и технички науки – 9

Земјоделски факултет – 6

Факултет за информатика – 8.

Акредитираните ментори во сите области ги исполнуваат условите согласно со Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовна установа и вршење високообразовна дејност. Бројот на студентите кои се запишуваат на докторската студиска програма за сите три години на докторските студии е во согласност со бројот на расположливите ментори.

Студиската програма за докторски студии согласно со ЗВО главно опфаќа активна истражувачка работа под менторство и вклучува:

- организирана академска обука;
- независни истражувачки проекти што се реализираат под менторство;

- меѓународна мобилност, предавања и друг вид на комуникациски активности;
- публикации во меѓународни научни списанија и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд. Изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект.

**SWOT анализа за студиските програми на втор и трет циклус студии**

| **СИЛНИ СТРАНИ (Strengths)** | **СЛАБИ СТРАНИ (Weaknesses)** |
|---|---|
| ▪ Брзо и ефикасно адаптирање на студиските програми на втор циклус на потребите на пазарот и законските решенија;<br>▪ Рационализација на студиските програми на втор циклус, од аспект на содржина и структура;<br>▪ Зголемување на бројот на понудени академски и специјалистички студии на втор циклус;<br>▪ Можност за избор од голем фонд на понудени факултетски и универзитетски изборни предмети на втор циклус;<br>▪ Нови и современи студиски програми со зголемено присуство на интердисциплинарност во програмите на втор циклус;<br>▪ Имплементација на предностите и слабостите, недостатоците и можностите на претходните во ново структуираните стручни и академски студиски програми. | ▪ Недоволен број на кадри во реализирањето на наставно-оразовниот процес на втор циклус;<br>▪ Менторско реализирање на наставата кај поголем дел од студиските програми на втор циклус;<br>▪ Отсуство на практична димензија во студирањето на стручите студии на втор циклус;<br>▪ Мал број на визитинг професори во вториот циклус академски студии;<br>▪ Отсуство на коцептот на студирање преку проектни активности на трет циклус студии. |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
| ▪ Понуда на студиските програми кои имаат стручен кадар кон странски студенти;<br>▪ Насочување на студентите за користење на европски фондови за кратки студиски престои во интерес на образованието на втор циклус;<br>▪ Мобилност на студентите за остварување кредити на други институции;<br>▪ креирање на студиски програми според потребите на пазарот на трудот; | ▪ Продуцирање на кадар од втор циклус студии кои немаат апликативни знаења од стручните студии;<br>▪ Намалување на интересот за студирање на втор циклус поради сличноста на програмите од прв циклус;<br>▪ Намалување на интересот за студирање поради доминацијата на академски студии. |

Внатрешни фактори

- Користење на фондот за научноистражувачки работи како можност за заедничка работа на менторите и студентите од втор циклус;
- Пријавување на заеднички проекти на менторот и студентот како основа за оригинално научно дело;
- Организирање на втор циклус на странски јазик што ќе се спроведува по концептот на „distance learning";
- Промоција на студиските програми преку користење на електронските платформи (реализирани предавања од професори, промоција на курсевите на втор циклус итн.).

Надворешни фактори

Позитивни

Негативни

## 4. СТУДЕНТИ

Во рамките на УГД во учебната 2015/2016 година се запишани вкупно 8839 студенти од кои 7224 редовни и 1615 вонредни, во учебната 2016/2017 година се запишани 8011 студенти од кои 6666 редовни и 1345 вонредни, а во учебната 2017/2018 се запишани 6718 студенти од кои 5697 редовни и 1021 вонредни. На слика 4.1 е дадено како се однесува бројот на запишани студенти на прв циклус по учебни години и може да се забележи дека од учебната 2011/2012 година кога имало максимално запишани 10626 студенти, во наредните години има тренд на постојано намалување на овој број.




Слика 4.1. Запишани студенти на прв циклус по учебни години

На слика 4.2 е дадено како се однесува бројот на запишани студенти на втор циклус по учебни години. Може да се забележи тренд на намалување на овој број. Како се однесува бројот на запишани студенти на трет циклус по учебни години е дадено на слика 4.3 и може да се види дека само овде има зголемување на бројот на студенти до учебната 2016/2017 година кога имало максимално 56 докторанди, а во 2017/2018 година овој број паѓа на 30 докторанди.




Слика 4.2. Запишани студенти на втор циклус по учебни години на УГД




Слика 4.3. Запишани студенти на трет циклус по учебни години на УГД

Дополнително, во табела 4.1 е даден приказ на бројот на испишани студенти по студиски години, во периодот на самоевалуација. Во 2015/2016 година се испишале вкупно 526 студенти, од кои 84% се испишале во прва година. Следната учебна година се испишале вкупно 408 студенти, од кои над 80% од прва година. Во учебната 2017/2018 година се испишале вкупно 278

студенти, од кои над 74% во прва година. Бројот на испишаните студенти постојано се намалува, како и процентот на испишани студенти во однос на вкупниот број на запишани и испишани студенти на додипломски студии.

Табела 4.1. Структура на испишани студенти по учебни години

| Учебна година | Година на испишување | | | | Вкупно испишани студенти | Вкупно студенти (запишани плус испишани) | Процент на испишани студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прв а | Втора | Трета | Четврта | | | |
| 2015/2016 | 440 | 66 | 18 | 2 | 526 | 9365 | 5,62% |
| 2016/2017 | 328 | 58 | 21 | 1 | 408 | 8419 | 4,85% |
| 2017/2018 | 207 | 53 | 14 | 4 | 278 | 6996 | 3,97% |

На табела 4.2 е прикажан вкупниот број на времено неактивни студенти по учебни години и нивниот моментален статус. Постои позитивна тенденција на зголемување на процентот на активни студенти од групата на времено неактивни, од 7,09% на 11,88%, како и позитивна тенденција на намалување на процентот на испишани студенти од групата на времено неактивните, од 14,29% во 2015/2016 на 6,04% во 2017/2018 година.

Табела 4.2. Структура и моментален статус на времено неактивни студенти по учебни години

| Учебна година | Вкупно времено неактивни студенти во учебна година | Нивен моментален статус | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Времено неактивни | Активни | Испишани студенти |
| 2015/2016 | 1665 | 1309 | 118 | 238 |
| 2016/2017 | 1590 | 1315 | 115 | 160 |
| 2017/2018 | 1523 | 1250 | 181 | 92 |

На УГД се запишани и странски студенти на сите три циклуси, и тоа 81 на прв циклус, 3 на втор и 1 студент на трет циклус за 2015/2016 година, 21 на прв циклус, 4 на втор и 11 студенти на трет циклус за 2016/2017 година, и 32 на прв, 1 на втор и 6 студенти на трет циклус во 2017/2018 година. Странските студенти доаѓаат од Бугарија, Србија, Грција, Турција, Косово, Црна Гора и Германија.

## 4.1. Анализа на број на студенти по кампуси

### 4.1.1. Кампус 1 - Уметности

На Кампус 1 се групирани факултетите од подрачјето на уметностите и во претходните самоевалуациони периоди, овој кампус беше дел од Кампус 4. Во периодот на самоевалуација не е акредитиран трет циклус, а втор циклус има само на Музичката академија. Во учебната 2015/2016 година на прв циклус се запишани вкупно 245 студенти од кои 87 во прва, 77 во втора, 48 во трета година и 33 во четврта година, а на втор циклус се запишани вкупно 2 студенти. Во академската 2015/2016 година на овој кампус се одбранети вкупно 27 дипломски и 4 магистерски трудови.

Во учебната 2016/2017 година на Кампус 1 на прв циклус се запишани вкупно 238 студенти од кои 71 во прва, 66 во втора, 57 во трета и 44 во четврта година, а на втор циклус се запишани вкупно 8 студенти. Истата академска година се одбранети по 1 дипломски труд и 1 магистерски труд.




Слика 4.4. Запишани студенти на прв циклус по учебни години на Кампус 1

На Кампус 1 во учебната 2017/2018 година на прв циклус се запишани вкупно 234 студенти од кои 81 во прва, 46 во втора, 61 во трета и 46 во четврта година. На втор циклус се запишани 3 студенти. Во академската 2017/2018 година на овој кампус се одбранети 12 дипломски трудови и 3 магистерски трудови.




Слика 4.5. Запишани студенти на втор циклус по учебни години на Кампус 1

На слика 4.4 е прикажано како се однесува бројот на запишани студенти на прв циклус по учебни години на Кампус 1, додека на слика 4.5 е прикажан односот на запишани студенти на втор циклус по учебни години на Кампус 1.

### 4.1.2. Кампус 2 - Природни, технички и биотехнички науки

На овој кампус каде што се групирани факултетите од подрачјето на природни, технички и биотехнички науки во учебната 2015/2016 година во прв циклус се запишани вкупно 2280 студенти од кои 748 во прва, 697 во втора, 558 во трета година и 277 во четврта година. На втор циклус се запишани вкупно 27 студенти, а на трет циклус се запишани вкупно 5 студенти. Во академската 2015/2016 година на овој кампус се одбранети вкупно 268 дипломски трудови, 50 магистерски и 1 докторски труд.

Во учебната 2016/2017 година на Кампус 2 на прв циклус се запишани вкупно 2034 студенти од кои 690 во прва, 530 во втора, 562 во трета и 252 во четврта година. На втор циклус се запишани 48 студенти, а на трет циклус се

запишани вкупно 16 студенти. Во академската 2016/2017 на овој кампус се одбранети 264 дипломски трудови, 34 магистерски и 9 докторски трудови.

На Кампус 2 во учебната 2017/2018 година во прв циклус се запишани вкупно 1599 студенти од кои 440 во прва, 440 во втора, 449 во трета и 270 во четврта година. На втор циклус се запишани 26 студенти, а на трет циклус се запишани вкупно 4 студенти. Во академската 2017/2018 година на овој кампус се одбранети 323 дипломски трудови, 32 магистерски и 4 докторски трудови.




Слика 4.6. Запишани студенти на прв циклус по учебни години на Кампус 2

Од слика 4.7 може да се види дека постои тренд на опаѓање на бројот на запишани студенти на втор циклус на Кампус 2, по учебни години. Слика 4.8 дава приказ на промената на бројот на студенти запишани на трет циклус по учебни години на Кампус 2.




Слика 4.7. Запишани студенти на втор циклус по учебни години на Кампус 2




Слика 4.8. Запишани студенти на трет циклус по учебни години на Кампус 2

### 4.1.3. Кампус 3 – Медицински науки

На Кампус 3, односно на Факултетот за медицински науки во учебната 2015/2016 година во прв циклус се запишани вкупно 2290 студенти од кои 703 во прва, 572 во втора, 473 во трета година, 232 во четврта, 198 во петта и 112 во шеста година. На втор циклус се запишани 18 студенти – специјализанти, а на трет циклус се запишани 12 студенти. Во учебната 2015/2016 година се одбранети 257 дипломски и 22 специјалистички трудови.

На Факултетот за медицински науки во учебната 2016/2017 година во прв циклус се запишани вкупно 2167 студенти од кои 663 во прва, 508 во втора, 457 во трета година, 239 во четврта, 203 во петта и 97 во шеста година. На втор циклус се запишани 33 студенти - специјализанти, а на трет циклус се запишани 22 студенти. Во учебната 2016/2017 година се одбранети 306 дипломски и 27 специјалистички трудови.




Слика 4.9. Запишани студенти на прв циклус по учебни години на Кампус 3




Слика 4.10. Запишани студенти на втор циклус по учебни години на Кампус 3




Слика 4.11. Запишани студенти на трет циклус по учебни години на Кампус 3

На Кампус 3 во учебната 2017/2018 година во прв циклус се запишани вкупно 2084 студенти од кои 664 во прва, 466 во втора, 401 во трета година, 259 во четврта, 176 во петта и 118 во шеста година. На втор циклус се запишани 30 студенти – специјализанти, а на трет циклус се запишани 18 студенти. Во учебната 2017/2018 година се одбрането 314 дипломски и 41 специјалистички трудови.

Промената на бројот на студенти запишани на прв, втор и трет циклус на Кампус 3 по учебни години е прикажана на слика 4.9, 4.10 и 4.11, соодветно.

#### 4.1.4 Кампус 4 - Општествени и хуманистички науки

На Кампус 4, односно на факултетите од општествени и хуманистички науки во учебната 2015/2016 година во прв циклус се запишани вкупно 4024 студенти од кои 1391 во прва, 959 во втора, 919 во трета година, 712 во четврта и 43 во петта година. На втор циклус се запишани 91 студенти, а на трет циклус се запишани 18 студенти. Во оваа учебна година на Кампус 4 се одбранети вкупно 488 дипломски и 90 магистерски трудови.




Слика 4.12. Запишани студенти на прв циклус по учебни години на Кампус 4




Слика 4.13. Запишани студенти на втор циклус по учебни години на Кампус 4

Во учебната 2016/2017 година на Кампус 4 се запишани вкупно 3572 студенти од кои 1283 во прва, 771 во втора, 870 во трета година, 605 во четврта и 43 во петта година. На втор циклус се запишани 113 студенти, а на трет циклус се запишани 18 студенти. Во учебната 2016/2017 година на овој кампус се одбранети 610 дипломски и 90 магистерски трудови.




Слика 4.14. Запишани студенти на трет циклус по учебни години на Кампус 4

Во учебната 2017/2018 година на Кампус 4 се запишани вкупно 2801 студенти од кои 993 во прва, 617 во втора, 659 во трета година, 529 во четврта и 3 во петта година. На втор циклус се запишани 72 студенти, а на трет циклус се запишани 8 студенти. Во учебната 2017/2018 година на овој кампус се одбранети 581 дипломски и 104 магистерски трудови.

Од слика 4.13 може да се види дека постои тренд на опаѓање на бројот на запишани студенти на втор циклус на Кампус 4, по учебни години. Истото, од слика 4.14 може да се забележи и за бројот на запишани студенти на трет циклус на Кампус 4.

### 4.2. Анализа на број на студенти по факултети

#### 4.2.1. Ликовна академија

На Ликовната академија има постојано зголемување на бројот на запишани студенти. Притоа, нема вонредни студенти и според половата структура доминира бројот на запишаните женски студенти. Нема запишување на дадена година, вторпат или повисок пат и нема акредитирано

програми за втор и трет циклус на студии. Во учебната 2015/2016 година се запишани вкупно 28 студенти од кои 10 (2 машки и 8 женски) во прва, 12 (2 машки и 10 женски) во втора година, 2 (машки) во трета и 4 (2 машки и 2 женски) во четврта година.

Во учебната 2016/2017 година се запишано 29, од кои во прва година се запишале 11 студенти (4 машки и 7 женски), во втора 9 (3 машки и 6 женски), во трета 8 (2 машки и 6 женски), а во четврта 1 студент.

Во учебната 2017/2018 година се запишани вкупно 28 студенти од кои 10 (4 машки и 6 женски) во прва, 7 (1 машки и 6 женски) во втора година, 9 (3 машки и 6 женски) во трета и 6 (1 машки и 5 женски) во четврта година.

*Видови студентски активности*

Во периодот на самоевалуација, студентите од Ликовна академија учествувале на 12 изложби, 1 работилница за изработка на постери, 2 работилници за изработка на плакати, сликање на подвижен мурал во КУЦ Текстил, 2 учества на Паратисима Скопје, а објавена е и една публикација со студентски дела во соработка со Правен факултет.




Слика 4.15. Број на првпат запишани студенти во прва година на ЛА по учебни години




Слика 4.16. Структура на студентите на ЛА според начинот на студирање




Слика 4.17. Полова структура на студентите на ЛА

*Одбранети дипломски, специјалистички и магистерски студии*

Во академската 2017/2018 година има 2 одбранети дипломски работи.

### 4.2.2. Музичка академија

Во периодот на самоевалуација, бројот на запишани студенти на Музичката академија е приближно ист и во сите години доминира бројот на запишаните машки студенти. Во учебната 2015/2016 година се запишани вкупно 185 студенти (само 1 во прва е вонреден) од кои 59 (42 машки и 17 женски) во прва, 51 (40 машки и 11 женски) во втора година, 46 (37 машки и 9 женски) во трета и 29 (21 машки и 8 женски) во четврта година.

Во учебната 2016/2017 година се запишани вкупно 189 студенти (само 3 се вонредни) од кои 60 (47 машки и 13 женски) во прва, 46 (32 машки и 14 женски) во втора година, 40 (33 машки и 7 женски) во трета и 43 (33 машки и 10 женски) во четврта година.

Во учебната 2017/2018 година се запишани вкупно 186 студенти (само 2 се вонредни) од кои 67 (51 машки и 16 женски) во прва, 38 (30 машки и 8 женски) во втора година, 41 (28 машки и 13 женски) во трета и 40 (30 машки и 10 женски) во четврта година.




Слика 4.18. Број на првпат запишани студенти во прва година на МА по учебни години




Слика 4.19. Структура на студентите на МА според начинот на студирање




Слика 4.20. Полова структура на студентите на МА

Странските студенти на Музичката академија доаѓаат од Србија (на прв циклус) и во 2015/2016 и 2017/2018 година се запишани по 1 странски студент, додека во 2016/2017 година се запишани 4 странски студенти.

*Видови студентски активности*

Музичката академија има учество на семинари и други облици на соработка. Не се евидентирани активности со здруженија, учество на активности во студентска група, конференции и студентски публикации.

*Одбранети дипломски, специјалистички и магистерски студии*

Во академската 2015/2016 година се одбранети 27 дипломски работи и 4 магистерски трудови, а по 1 студент дипломирал и магистрирал во академската 2016/2017 година. Во академската 2017/2018 година се одбранети 8 дипломски работи и 3 магистерски трудови.

**4.2.3. Филмска академија**

На Филмската академија има постојано намалување на бројот на запишани студенти и притоа нема вонредни студенти и според половата структура доминира бројот на запишаните машки студенти. Нема запишување на дадена година, вторпат или повисок пат, и нема акредитирано програми за втор и трет циклус студии. Во учебната 2015/2016 година се запишани вкупно 32 студенти од кои 18 (14 машки и 4 женски) во прва и 14 (10 машки и 4 женски) во втора година.

Во учебната 2016/2017 година се запишани 20 студенти, од кои во втора година се запишале 11 студенти (8 машки и 3 женски), а во трета 8 (6 машки и 3 женски) студенти.

Во учебната 2017/2018 година се запишани вкупно 16 студенти од кои 4 (1 машки и 3 женски) во прва, 1 машки студент во втора година и 11 (8 машки и 3 женски) во трета година.

*Видови студентски активности*

Филмската академија со своите студенти има реализирано учество на филмски и танцови фестивали во земјава и во странство, како: Меѓународниот студентски филмски фестивал во Охрид, во организација на Филмската академија од Охрид; Фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ во Битола;

Фестивал на современ танц „Skopje dance festival 2018“; 37. издание на најстариот и еден од најпрестижните танцови фестивали во Њујорк, „Battery Dance Festival“ и др.




Слика 4.22. Број на првпат запишани студенти во прва година на ФА по учебни години




Слика 4.22. Структура на студентите на ФА според начинот на студирање




Слика 4.23. Полова структура на студентите на ФА

*Одбранети дипломски, специјалистички и магистерски студии*

На оваа академија во периодот од 2017/2018 година се одбранети 2 дипломски работи.

### 4.1.4. Електротехнички факултет

Според половата структура, на Електротехничкиот факултет бројот на запишани машки студенти е 3 до 5 пати поголем од бројот на запишани женски студенти. Во периодот на самоевалуација, бројот на запишани студенти константно опаѓа.

На овој факултет во учебната 2015/2016 година запишани се вкупно 195 студенти од кои 63 (48 редовни и 15 вонредни) во прва, 58 (44 редовни и 14 вонредни) во втора година, 46 (30 редовни и 16 вонредни) во трета и 28 (21 редовни и 7 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва е 11, во втора 10, во трета 8, а во четврта 4 студенти. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва е 52, во втора 48, во трета 38, а во четврта 24 студенти.




Слика 4.24. Број на првпат запишани студенти во прва година на ЕТФ по учебни години




Слика 4.25. Структура на студентите на ЕТФ според начинот на студирање




Слика 4.26. Полова структура на студентите на ЕТФ

Во учебната 2016/2017 година на Електротехничкиот факултет се запишани 163 студенти од кои 53 (43 редовни и 10 вонредни) во прва, 40 (28 редовни и 12 вонредни) во втора година, 45 (35 редовни и 10 вонредни) во трета и 25 (20 редовни и 5 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва е 18, 8 во втора, 9 во трета и 6 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти во прва е 35, во втора 32, во трета година 36, а во четврта 19.

Во учебната 2017/2018 година на овој факултет се запишани вкупно 124 студенти од кои 27 (23 редовни и 4 вонредни, 20 машки и 7 женски) во прва, 36 (31 редовни и 5 вонредни, 24 машки и 12 женски) во втора година, 32 (22 редовни и 10 вонредни, 24 машки и 8 женски) во трета и 29 (24 редовни и 5 вонредни, 25 машки и 4 женски) во четврта година.

*Видови студентски активности*

Студентите на ЕТФ имаат учествувано на неколку конференции и научно-стручни собири, како: XII меѓународна конференција за машини, технологии, материјали во Варна, Бугарија; XX и XXII научно-стручен собир

“Informacione tehnologije - sadašnjost i budućnost” во Подгорица, Црна Гора, 9. Советување на МАКО-СИГРЕ и др.

*Одбранети дипломски, специјалистички, магистерски и докторски студии*

Во академската 2015/2016 година дипломирале 2 студенти и 1 студент магистрирал, во 2016/2017 дипломирале 12 студенти, а во 2017/2018 дипломирале 16 студенти.

### 4.1.5. Земјоделски факултет

На Земјоделскиот факултет во сите академски и студиски години доминира бројот на запишаните машки студенти. Исто така, постои тенденција на намалување на бројот на првпат запишани студенти во прва година на додипломски студии. На овој факултет во учебната 2015/2016 година во запишани се вкупно 498 студенти од кои 170 (248 редовни и 98 вонредни) во прва, 160 (132 редовни и 28 вонредни) во втора година, 108 (77 редовни и 31 вонредни) во трета и 60 (36 редовни и 24 вонредни) во втора година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва е 75, во втора 60 студенти, 44 во трета и 24 во четврта. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва е 95, во втора 100, во трета 64, а во четврта 36.




Слика 4.27. Број на првпат запишани студенти во прва година на ЗФ по учебни години




Слика 4.28. Структура на студентите на ЗФ според начинот на студирање




Слика 4.29. Полова структура на студентите на ЗФ

Во учебната 2016/2017 година на Земјоделски факултет се запишани вкупно 469 студенти од кои 149 (105 редовни и 44 вонредни) во прва, 122 (94 редовни и 28 вонредни) во втора година, 133 (111 редовни и 22 вонредни) во трета година и 65 (46 редовни и 19 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва е 62, 53 во втора, 55 во трета година и 27 во четврта. Вкупниот број на запишани машки студенти во прва година е 87, во втора 69, во трета година 78 и во четврта 38.

На овој факултет во учебната 2017/2018 година се запишани вкупно 345 студенти од кои 95 (79 редовни и 16 вонредни) во прва, 76 (60 редовни и 16 вонредни) во втора година, 99 (78 редовни и 21 вонредни) во трета година и 75 (61 редовни и 14 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти во прва година е 32, 40 во втора, 43 во трета година и 33 во четврта. Вкупниот број на запишани машки студенти во прва година е 63, во втора 36, во трета година 56 и во четврта 42.

На втор циклус, во учебната 2015/2016 година се запишани 2 машки и 4 женски студенти, во 2016/2017 година - 4 машки и 3 женски студенти, а во 2017/2018 година се запишани 1 машки и 3 женски студенти.

На трет циклус, во учебната 2016/2017 година е запишан 1 студент оф женски пол.

*Видови студентски активности*

Во периодот на самоевалуација, студентите на Земјоделски факултет биле вклучени во неколку обуки и тоа: обука во лаборатории и опитни полиња на Институтот за земјоделство Карнобат, Р. Бугарија; обука за современо производство на расад во заштитен простор во компанијата „Агрис“ Клиди, Р. Грција; обука за технологија за комерцијална микропропагација во „SBW Romero VITRO/SBW Iribov“ – Виница и „Антура“ – Кочани; посета на органска фарма „Моравско село“, Предел Банско, Р. Бугарија итн.

*Одбранети дипломски, специјалистички, магистерски и докторски студии*

Во академската 2015/2016 година дипломирале 78 студенти, а 4 студенти магистрирале. Во 2016/2017 дипломирале 59 студенти, 3 магистрирале, а 2 студенти докторирале, додека во 2017/2018 дипломирале 69 студенти, 3 магистрирале и 1 студент докторирал.

### 4.1.6. Машински факултет

Традиционално на овој факултет доминира бројот на запишани машки студенти. Почнувајќи од учебната 2014/2015 година кога имало максимален број на првпат запишани студенти во прва година, на овој факултет има тенденција на намалување на бројот на запишани студенти во прва година.




Слика 4.30. Број на првпат запишани студенти во прва година на МФ по учебни години

На овој факултет во учебната 2015/2016 година се запишани вкупно 183 студенти од кои 72 (46 редовни и 26 вонредни) во прва година, 53 (46 редовни и 12 вонредни) во втора година, 34 (25 редовни и 9 вонредни) во трета и 24 (17 редовни и 7 вонредни) во четврта година. На додипломски студии се запишале 49 женски студенти (7 во прва, 15 во втора, 13 во трета и 14 во четврта) и 134 машки студенти (65 во прва, 38 во втора, 21 во трета и 10 во четврта).

Во учебната 2016/2017 година на Машински факултет се запишани вкупно 154 студенти од кои 54 (45 редовни и 9 вонредни) во прва година, 44 (34 редовни и 10 вонредни) во втора година, 38 (31 редовни и 7 вонредни) во трета и 18 (16 редовни и 2 вонредни) во четврта година. На додипломски студии се запишале 45 женски студенти (13 во прва, 6 во втора, 16 во трета и 10 во четврта) и 109 машки студенти (41 во прва, 38 во втора, 22 во трета и 8 во четврта).

На овој факултет во учебната 2017/2018 година се запишани вкупно 145 студенти од кои 44 (37 редовни и 7 вонредни) во прва година, 44 (36 редовни и 8 вонредни) во втора година, 32 (24 редовни и 8 вонредни) во трета и 25 (22 редовни и 3 вонредни) во четврта година. На додипломски студии се запишале 49 женски студенти (по 9 во прва и во втора, 7 во трета и 12 во четврта) и 134 машки студенти (по 35 во прва и во втора, 25 во трета и 13 во четврта).

На втор циклус во учебната 2015/2016 година е запишан само 1 машки студент, додека на трет циклус во учебната 2016/2017 година се запишал 1 женски студент, а во 2017/2018 година се запишале 2 машки студенти.




Слика 4.31. Структура на студентите на МФ според начинот на студирање




Слика 4.32. Полова структура на студентите на МФ

*Видови студентски активности*

Во периодот на самоевалуација, студентите од Машински факултет биле вклучени во неколку посети и активности организирани од факултетот.

*Одбранети дипломски, специјалистички, магистерски и докторски студии*

Во академската 2015/2016 година дипломирале 12 студенти и 1 студент магистрирал, во 2016/2017 година дипломирале 14 студенти, додека во 2017/2018 дипломирале 17 студенти.

**4.1.7. Технолошко-технички факултет**

Ова е единствениот факултет од Кампус 2 каде што доминира бројот на запишаните женски студенти. На овој факултет бројот на првпат запишани студенти во прва година постојано варира. Во учебната 2015/2016 година на Технолошко-техничкиот факултет се запишани вкупно 216 студенти од кои 78 (64 редовни и 14 вонредни) во прва, 75 (53 редовни и 22 вонредни) во втора година, 39 (33 редовни и 6 вонредни) во трета и 24 (18 редовни и 6 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва година е 51, 43 во втора, 29 во трета и 20 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти во прва година е 27, во втора 32, во трета година 10 и 4 во четврта година.




Слика 4.33. Број на првпат запишани студенти на прва година на ТТФ по учебни години




Слика 4.34. Полова структура на студентите на ТТФ

Во учебната 2016/2017 година на Технолошко-техничкиот факултет се запишани вкупно 212 студенти од кои 71 (60 редовни и 11 вонредни) во прва,

44 (38 редовни и 6 вонредни) во втора година, 69 (49 редовни и 20 вонредни) во трета и 28 (23 редовни и 5 вонредни) во четврта година. На додипломски студии се запишале 136 женски студенти (42 во прва, 28 во втора, 43 во трета и 23 во четврта) и 76 машки студенти (29 во прва, 16 во втора, 26 во трета и 5 во четврта).

Во учебната 2017/2018 година на овој факултет се запишани вкупно 173 студенти од кои 41 (сите редовни) во прва, 49 (45 редовни и 5 вонредни) во втора година, 42 (33 редовни и 9 вонредни) во трета и 41 (32 редовни и 9 вонредни) во четврта година. На додипломски студии се запишале 104 женски студенти (18 во прва, 32 во втора, 28 во трета и 26 во четврта) и 69 машки студенти (23 во прва, 17 во втора, 14 во трета и 15 во четврта).

На втор циклус во учебната 2016/2017 година се запишани 5 женски и 1 машки студент, а во 2017/2018 е запишана само 1 студентка.

На трет циклус во учебната 2015/2016 година се запишани 4 женски и 1 машки студент, а во 2016/2017 се запишани 2 машки студенти и 1 студент од Германија како странски студент.




Слика 4.35. Структура на студентите на ТТФ според начинот на студирање

*Видови студентски активности*

Студентите на ТТФ во периодот на самоевалуација биле ангажирани на модни ревии во Штип и во Крушево.

*Одбранети дипломски, специјалистички, магистерски и докторски студии*

Во академската 2015/2016 година дипломирале 22 студенти, во 2016/2017 дипломирале 23 студенти, додека во 2017/2018 дипломирале 31 студент, а биле одбранети 2 магистерски трудови и 1 докторски труд.

**4.1.8. Факултет за информатика**

Факултетот за информатика бележи константно опаѓање на бројот на првпат запишани студенти во прва година, почнувајќи од 2009/2010 година кога овој број бил максимален. На овој факултет бројот на запишани машки студенти е двапати поголем од бројот на женски студенти. Во учебната 2015/2016 година  се запишани вкупно 441 студенти од кои 135 (115 редовни и 20 вонредни) во прва, 134 (109 редовни и 25 вонредни) во втора година, 96 (80 редовни и 16 вонредни) во трета и 76 (70 редовни и 6 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва е 35, во втора 51 студенти, 36 во трета и 26 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва година е 100, во втора 83, во трета 60 и 50 во четврта година.

Во учебната 2016/2017 година на Факултетот за информатика се запишани вкупно 403 студенти од кои 138 (121 редовен и 17 вонредни) во прва, 84 (69 редовни и 15 вонредни) во втора, 110 (95 редовни и 15 вонредни) во трета година и 71 (62 редовни и 9 вонредни) во четврта година. На додипломски студии се запишале 134 женски студенти (39 во прва, 29 во втора, 37 во трета и 29 во четврта) и 269 машки студенти (99 во прва, 55 во втора, 73 во трета и 42 во четврта).

На овој факултет во учебната 2017/2018 година се запишани вкупно 361 студенти од кои 120 (107 редовен и 13 вонредни) во прва, 85 (70 редовни и 15 вонредни) во втора, 83 (69 редовни и 14 вонредни) во трета година и 73 (66 редовни и 7 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва е 30, во втора 35 студенти, 27 во трета и 30 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва е 90, во втора 50, во трета 56 и 43 во четврта година.




Слика 4.36. Број на првпат запишани студенти во прва година на ФИ по учебни години




Слика 4.37. Структура на студентите на ФИ според начинот на студирање

На втор циклус во учебната 2015/2016 година се запишани 2 женски и 2 машки студенти, а во 2017/2018 се запишани 3 женски и 6 машки студенти.

На трет циклус во учебната 2016/2017 година се запишани 4 женски и 3 машки студенти. Од странски студенти се запишани 1 студент од Турција на прв циклус и 3 студенти од Косово на трет циклус.

*Видови студентски активности*

Студентите од Факултетот за информатика учествувале на 2 хакатона организирани од факултетот на тема „Студентски живот" и „Креативни решенија за здравството" и на други организирани во Македонија. Учествувале и на тренинг школата First Modeling Week, на Семинар за кодирање и криптографија и на Денот на диференцијалните равенки. Тројца студенти биле во двонеделна посета на НР Кина во рамки на програмата „Huawei Seeds for the Future".

*Одбранети дипломски, специјалистички, магистерски и докторски студии*

Во академската 2015/2016 година дипломирале 51 студент, магистрирале 18 студенти и докторирал 1 студент, додека во 2016/2017 година дипломирале 63 студенти, 16 магистрирале, а 3 студенти докторирале. Во 2017/2018 година дипломирале 44 студенти, а магистрирале 7 студенти.




Слика 4.38. Полова структура на студентите на ФИ

### 4.1.9. Факултет за природни и технички науки

Факултетот за природни и технички науки е најголем во Кампус 2 според бројот на запишани студенти, но и кај него се бележи постојано опаѓање на бројот на првпат запишани студенти во прва година, почнувајќи од 2010/2011 година кога овој број бил максимален.




Слика 4.39. Број на првпат запишани студенти на прва година на ФПТН по учебни години

На овој факултет во учебната 2015/2016 година се запишани вкупно 747 студенти од кои 230 (170 редовен и 60 вонредни) во прва година, 217 (162 редовни и 55 вонредни) во втора, 235 (189 редовни и 46 вонредни) во трета година и 65 (49 редовни и 16 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва година е 87, во втора 91 студенти, 107 во трета и 28 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва година е 143, во втора 126, во трета 128 и 37 во четврта година.

Во учебната 2016/2017 година на овој факултет се запишани вкупно 633 студенти од кои 225 (179 редовен и 46 вонредни) во прва, 196 (150 редовни и 46 вонредни) во втора, 167 (119 редовни и 48 вонредни) во трета година и 45 (40 редовни и 5 вонредни) во четврта година. На додипломски

студии се запишале 272 женски студенти (97 во прва, 77 во втора, 82 во трета и 16 во четврта) и 361 машки студенти (128 во прва, 119 во втора, 85 во трета и 29 во четврта).




Слика 4.40. Структура на студентите на ФПТН според начинот на студирање

На Факултетот за природни и технички науки во учебната 2017/2018 година на овој факултет се запишани вкупно 451 студенти од кои 113 (83 редовен и 30 вонредни) во прва, 150 (122 редовни и 28 вонредни) во втора, 161 (121 редовен и 40 вонредни) во трета година и 27 (18 редовни и 9 вонредни) во четврта година.

Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва година е 43, во втора 71 студенти, 73 во трета и 9 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва година е 70, во втора 79, во трета 88 и 18 во четврта година.




Слика 4.41. Полова структура на студентите на ФПТН

На втор циклус, во учебната 2015/2016 година има запишано 5 женски и 11 машки студенти, во 2016/2017 10 женски и 12 машки студенти, а во 2017/2018 има запишано 12 женски и 7 машки студенти.

На трет циклус во учебната 2016/2017 година се запишани 5 машки студенти, а следната учебна година 2 машки студенти. Од странски студенти се запишани 5 студенти од Турција на прв циклус и 1 студент на втор и 3 студенти на трет циклус од Косово, Турција и Грција.

*Видови студентски активности*

Во последните години, студентите од ФПТН учествуваат на меѓународната студентска манифестација „Георударијада”, која секоја година се одржува на различни места на Балканот. Исто така, секоја година се вклучени во петдневна теренска пракса на планината Плачковица, а постојано остваруваат и посети на Рудникот „САСА“ во Македонска Каменица. Студентите од насоката Архитектура и дизајн имале изложување на плакати и дизајнерски решенија во рамки на изложбата „Еднаш ние” во штипскиот Безистен (26 мај 2017 г.).

*Одбранети дипломски, специјалистички, магистерски и докторски студии*

Во академската 2015/2016 година дипломирале 103 студенти, а магистрирале 26 студенти, додека во 2016/2017 дипломирале 93 студенти, 15 магистрирале, а 4 студенти докторирале. Во 2017/2018 година дипломирале 146 студенти, а магистрирале 20 студенти.

### 4.1.10. Факултет за медицински науки

Факултетот за медицински науки според бројот на запишани студенти на додипломски студии е најголем во рамките на УГД. Бројот на запишани женски студенти е повеќе од двапати поголем од бројот на запишани машки студенти. Во периодот на самоевалуација има тенденција на зголемување на бројот на првпат запишани студенти во прва година. На Факултетот за медицински науки во учебната 2015/2016 година се запишани вкупно 2290 студенти од кои 703 (591 редовен и 112 вонредни) во прва, 572 (460 редовни и 112 вонредни) во втора, 473 (420 редовен и 53 вонредни) во трета, 232 (сите редовни) во четврта, 198 (сите редовни) во петта и 112 (сите редовни) во шеста година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва година е 446, во втора 411 студенти, 351 во трета, 161 во четврта година, во петта 147 и 79 во шеста година. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва година е 257, во втора 161, во трета 122, 71 во четврта година, во петта 51 и 33 во шеста година.




Слика 4.42. Број на првпат запишани студенти на прва година на ФМН по учебни години




Слика 4.43. Структура на студентите на ФМН според начинот на студирање




4.44. Полова структура на студентите на ФМН

Во учебната 2016/2017 година на овој факултет се запишани вкупно 2167 студенти од кои 663 (530 редовен и 133 вонредни) во прва, 508 (439 редовни и 69 вонредни) во втора, 457 (392 редовен и 65 вонредни) во трета, 239 (сите редовни) во четврта, 203 (сите редовни) во петта и 97 (сите редовни) во шеста година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва е 440, во втора 357, 329 во трета, 169 во четврта, 139 во петта и 71 во шеста година. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва е 223, во втора 151, во трета 128, 70 во четврта година, во петта 64 и 26 во шеста година.

Во учебната 2017/2018 година на овој факултет се запишани вкупно 2084 студенти од кои 664 (539 редовен и 125 вонредни) во прва, 466 (393 редовни и 73 вонредни) во втора, 401 (353 редовни и 48 вонредни) во трета година, 259 (сите вонредни) во четврта, 176 (сите редовни) во петта и 118 (сите редовни) во шеста година. На додипломски студии се запишале 1451 женски студент (448 во прва, 336 во втора, 289 во трета, 174 во четврта, 126 во петта, 78 во шеста) и 633 машки студенти (216 во прва, 130 во втора, 112 во трета, 85 во четврта, 50 во петта, 40 во шеста).

На втор циклус во учебната 2015/2016 година се запишани 2 машки и 16 женски студенти, во 2016/2017 година - 5 машки и 28 женски студенти, а во 2017/2018 година се запишани 6 машки и 24 женски студенти.

На трет циклус, во учебната 2015/2016 година се запишани 5 машки и 7 женски студенти, во 2016/2017 година - 10 машки и 12 женски студенти, а во 2017/2018 година се запишани 8 машки и 10 женски студенти.

На Факултетот за медицински науки има најголем број на запишани странски студенти, и тоа 71 на прв циклус и 3 на втор за 2015/2016 година, 14 на прв и 2 на втор за 2016/2017 година и 26 на прв и 1 на втор циклус за 2017/2018 година. Странските студенти доаѓаат од Турција, Бугарија, Србија и од Црна Гора.

*Видови студентски активности*

Во периодот на самоевалуација студентите од Факултетот за медицински науки биле вклучени во организација на Првиот студентски интернационален симпозиум, Првиот интернационален студентски конгрес за дентална медицина  и Првиот студентски конгрес за општа медицина; учествувале на 39, 40 и 41 Интернационален медицински научен конгрес

(2016, 2017, 2018), Шести конгрес на фармација во Македонија со меѓународно учество (2016), 22, 23 и 24 Меѓународен конгрес на студенти по стоматологија (2016, 2017, 2018); имале две стручни посети на Државниот медицински универзитет во Самара, Русија итн.

*Одбранети дипломски, специјалистички, магистерски и докторски студии*

Во академската 2015/2016 година дипломирале 257 студенти, а специјализирале 22 студенти, додека во 2016/2017 дипломирале 306 студенти, а 27 специјализирале. Во 2017/2018 година дипломирале 314 студенти, а специјализирале 41 студент.

### 4.2.11. Економски факултет

На Економскиот факултет доминира бројот на женски студенти, и тоа од 1,7 до 2,2 пати повеќе од запишаните машки студенти на додипломски студии. Бројот на првпат запишани студенти на прва година додипломски студии има тенденција на намалување, почнувајќи од 2009/2010 година кога овој број бил максимален.

Во учебната 2015/2016 година на овој факултет се запишани вкупно 790 студенти (634 редовни и 156 вонредни). Во прва година на овој факултет се запишале 235 студенти (198 редовни и 37 вонредни), во втора 187 (150 редовни и 37 вонредни), во трета 203 (155 редовни и 48 вонредни), а во четврта 165 (131 редовни и 34 вонредни). Вкупниот број на запишани машки студенти на прв циклус студии е 246 (106 во прва, 53 во втора, 50 во трета и 37 во четврта), а на женски студенти е 544 (129 во прва, 134 во втора, 153 во трета и 128 во четврта).

На Економскиот факултет во учебната 2016/2017 година се запишани вкупно 718 студенти (600 редовни и 118 вонредни). Во прва година на овој факултет се запишале 244 (209 редовни и 35 вонредни) студенти, во втора година се 157 (134 редовни и 23 вонредни) студенти, во трета 170 (137 редовни и 33 вонредни) студенти и во четврта 147 (120 редовни и 27 вонредни) студенти. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии е 457 (119 во прва, 99 во втора, 128 во трета и 111 во четврта), а на машки е 261 студенти (125 во прва, 58 во втора, 42 во трета и 36 во четврта).




Слика 4.45. Број на првпат запишани студенти на прва година на ЕФ по учебни години




Слика 4.46. Структура на студентите на ЕФ според начинот на студирање




Слика 4.47. Полова структура на студентите на ЕФ

Во учебната 2017/2018 година на овој факултет има вкупно 578 запишани студенти, од кои 486 редовни и 92 вонредни. Во прва година на овој факултет се запишале 199 (169 редовни и 30 вонредни) студенти, во втора година 136 (109 редовни и 27 вонредни) студенти, во трета 132 (116 редовни и 16 вонредни) студенти и во четврта 111 (92 редовни и 19 вонредни) студенти. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва година е 112, во втора 74, 89 во трета и 88 во четврта. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва година е 87, во втора 62, во трета 43 и 23 во четврта година.

На втор циклус во учебната 2015/2016 година се запишани 9 машки и 14 женски студенти, во 2016/2017 година - 10 машки и 23 женски студенти, а во 2017/2018 година се запишани 8 машки и 13 женски студенти.

На трет циклус во учебната 2015/2016 година се запишани 6 машки и 1 женски студент, во 2016/2017 година - 5 машки и 3 женски студенти, а во 2017/2018 е запишана само 1 студентка. Запишани се и двајца студенти од Косово на трет циклус во 2016/2017 година.

*Видови студентски активности*

Студенти од Економскиот факултет освоија петто место во натпревар за тргување на берзи на европско ниво - Rotman European Trading Competition во Рим.

*Одбранети дипломски, специјалистички и магистерски студии*

Во академската 2015/2016 година се одбранети вкупно 145 дипломски работи и 30 магистерски трудови. Во академската 2016/2017 година се одбранети вкупно 168 дипломски работи и 40 магистерски трудови, додека во 2017/2018 година се одбранети вкупно 114 дипломски работи и 58 магистерски трудови.

**4.2.12. Правен факултет**

И на Правниот факултет се запишуваат двапати повеќе женски отколку машки студенти на додипломските студии. Бројот на првпат запишани студенти на прва година додипломски студии има тенденција на намалување, почнувајќи од 2009/2010 година кога овој број бил максимален.

На овој факултет во учебната 2015/2016 година запишани се вкупно 500 студенти, од кои во прва година се запишале 190 (147 редовни и 43 вонредни) студенти, во втора 94 (82 редовни и 12 вонредни) студенти, во трета 91 (71 редовни и 20 вонредни) студенти, во четврта 82 (71 редовни и 11 вонредни) и во петта година 43 (38 редовни и 5 вонредни) студенти. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва година е 130, во втора 64, 61 во трета, 54 во четврта и 31 во петта. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва година е 60, во втора 30, во трета 30, 28 во четврта и 12 во петта година.

Во учебната 2016/2017 година на Правниот факултет се запишани вкупно 443 студенти, од кои 356 се редовни, а 87 се вонредни. Во прва година има 153 (114 редовни и 39 вонредни) запишани студенти, во втора овој број е 96 (82 редовни и 14 вонредни), во трета е 94 (76 редовни и 18 вонредни), во четврта 57 (45 редовни и 12 вонредни) и во петта 43 (39 редовни и 4 вонредни). Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии е 287 (89 во прва, 72 во втора, 58 во трета, 40 во четврта, 28 во петта), а на машки е 156 студенти (64 во прва, 24 во втора, 36 во трета, 17 во четврта, 15 во петта).




Слика 4.48. Број на првпат запишани студенти во прва година на ПФ по учебни години

Во учебната 2017/18 година на Правниот факултет се запишани вкупно 299 студенти, од кои 246 редовни, а 53 вонредни. Во прва година се запишани 90 (71 редовни и 19 вонредни) студенти, во втора овој број е 71 (55 редовни и 16 вонредни), во трета е 78 (68 редовни и 10 вонредни), во четврта 57 (50 редовни и 7 вонредни) и во петта е 3 (2 редовни и 1 вонреден). Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва година е 55, во втора 45, 64 во трета, 32 во четврта и 3 во петта година. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва година е 35, во втора 26, во трета 14 и 25 во четврта година.

На втор циклус во учебната 2015/2016 година се запишани 17 машки и 18 женски студенти, во 2016/2017 година - 16 машки и 26 женски студенти, а во 2017/2018 година се запишани 13 машки и 23 женски студенти.

На трет циклус, во учебната 2015/2016 година се запишани 2 студента и 1 студентка.




Слика 4.49. Структура на студентите на ПФ според начинот на студирање




Слика 4.50. Полова структура на студентите на ПФ

*Видови студентски активности*

Секоја година студенти од Правен факултет учествуваат на Ораторските вечери на Правен факултет. Во периодот на самоевалуација студентите на овој факултет учествувале во повеќе дебати и работилници реализирани преку Центарот за правно-политички истражувања, работилници, обуки, тренинзи и дебати реализирани преку факултетот („Лажни вести и истражувачко новинарство“, “Policy of Education: Quality vs Quantity”, „Позитивни и негативни страни на мигрантската криза во Европа", „Дебата за криминал од омраза: феноменологија, трендови и последици”), на повеќе државни и меѓународни натпревари во симулирано судење, на Првата и втората летна школа на тема Човекови права и кривично право, во проекти (како Денови на симулирано судење, поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Македонија), како и на Првата конференција наменета за студентите на правните факултети во Република Македонија.

*Одбранети дипломски, специјалистички и магистерски студии*

Во академската 2015/2016 година се одбранети вкупно 36 дипломски работи и 45 магистерски трудови, во 2016/2017 година се одбранети вкупно 68 дипломски работи и 28 магистерски трудови, додека во 2017/2018 година се одбранети вкупно 69 дипломски работи и 28 магистерски трудови.

### 4.2.13. Факултет за образовни науки

На овој факултет во текот на периодот на самоевалуација се забележува преовладување на женските наспроти машките студенти. Кај овој факултет во периодот на самоевалуација има постојано зголемување на бројот на првпат запишани студенти во прва година на додипломски студии.

Во учебната 2015/2016 година на Факултетот за образовни науки се запишани вкупно 174 студенти, од кои во прва година се запишале 47 (42 редовни и 5 вонредни) студенти, 24 (19 редовни и 5 вонредни) во втора, 42 (33 редовни и 9 вонредни) во трета и 61 (41 редовни и 20 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на женски студенти е 117 (34 во прва, 11 во втора, 22 во трета, 50 во четврта), а на машки е 57 (по 13 во прва и втора, 20 во трета, 11 во четврта).

Во учебната 2016/2017 година на овој факултет се запишани вкупно 153 студенти од кои 126 редовни, а 27 вонредни. Од овие студенти 53 (51 редовни и 2 вонредни) се запишани во прва година, 42 (30 редовни и 12 вонредни) во втора, 29 (22 редовни и 7 вонредни) во трета и 29 (23 редовни и 6 вонредни) во четврта година. Бројот на женски студенти преовладува со 101 (43 во прва, 29 во втора, 15 во трета, 14 во четврта) студенти, а бројот на машки студенти изнесува 52 (10 во прва, 13 во втора, 14 во трета, 15 во четврта).




Слика 4.50. Број на првпат запишани студенти во прва година на ФОН по учебни години

Во учебната 2017/2018 година на Факултетот за образовни науки се запишани вкупно 194 студенти од кои 91 (63 редовни и 28 вонредни) се во прва, 43 (38 редовни и 5 вонредни) се во втора, 39 (27 редовни и 12 вонредни) во трета и 21 (18 редовни и 3 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти на додипломски студии во прва година е 78, во втора 38, 27 во трета и 9 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти на додипломски студии во прва година е 13, во втора 5, и по 12 во трета и четврта година.

На втор циклус, во учебната 2015/2016 година се запишани 3 женски студенти, во 2016/2017 година - 1 машки и 6 женски студенти, а во 2017/2018 година се запишани 2 студентки.

На трет циклус, во учебната 2015/2016 и 2016/2017 година се запишани по 1 студент и 1 студентка, а во 2017/2018 година се запишани 1 студент и 2 студентки. Запишани се и 3 студенти на трет циклус од Косово.




Слика 4.51. Структура на студентите на ФОН според начинот на студирање




Слика 4.52. Полова структура на студентите на ФОН

*Видови студентски активности*

Во периодот на самоевалуација се организирани следниве активности на студентите на Факултетот за образовни науки: работилници во рамки на проектот *Универзитетски курикулум за интеркултурна работа со млади*; теренски истражувања во рамки на археолошки проекти; студентски конференции по историја, археологија, класични студии и други науки, УГД и УКИМ; настапи во рамките на настанот *Учителите го менуваат светот*; обука на студенти од педагошките факултети на тема „Решавање на конфликти по мозаик - моделот”, како дел од проектот на USAID за унапредување на социјалната кохезија; учество на студенти во „Олимпијада за читање и математика“ за деца од предучилишна возраст и одделенска настава и др.

*Одбранети дипломски, специјалистички и магистерски студии*

Во академската 2015/2016 година се одбранети вкупно 33 дипломски работи и 7 магистерски трудови. Во академската 2016/2017 година се одбранети вкупно 47 дипломски работи и 10 магистерски трудови, додека во 2017/2018 година се одбранети вкупно 43 дипломски работи и 9 магистерски трудови.

**4.1.14. Факултет за туризам и бизнис логистика**

На овој факултет во текот на периодот на самоевалуација се забележува намалување на бројот на запишани студенти и приближно сличен број на запишани машки и женски студенти.

Во учебната 2015/2016 година се запишани 1924 студенти од кои 1522 се редовни, а 402 се вонредни. Во прва година на овој факултет се запишани 758 (619 редовни и 139 вонредни) студенти, во втора 515 (395 редовни и 120 вонредни), во трета 421 (323 редовни и 98 вонредни), а во четврта година 230 (185 редовни и 45 вонредни) студенти. Во овој период се запишани 963 (317 во прва, 264 во втора, 234 во трета, 148 во четврта) женски и 961 (441 во прва, 251 во втора, 187 во трета, 82 во четврта) машки студенти.

На ФТБЛ во учебната 2016/2017 година се запишани вкупно 1751 студенти од кои 1435 се редовни, а 316 се вонредни. Од оваа вкупна бројка на студенти 706 (589 редовни и 117 вонредни) се запишани во прва година, 363

(295 редовни и 68 вонредни) во втора година, 434 (343 редовни и 91 вонредни) во трета година и 230 (208 редовни и 40 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти во прва година е 289, во втора 195, 226 во трета и 149 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти во прва година е 417, во втора 168, 208 во трета и 99 во четврта година.




Слика 4.53. Број на првпат запишани студенти во прва година на ФТБЛ по учебни години

Во учебната 2017/2018 година се запишани вкупно 1302 студенти, 1115 како редовни, а 187 како вонредни. Од нив 505 (440 редовни и 65 вонредни) се запишани во прва година, 274 (225 редовни и 49 вонредни) во втора година, 284 (241 редовни и 43 вонредни) во трета година и 239 (209 редовни и 30 вонредни) во четврта година. Вкупниот број на запишани женски студенти е 659 (222 во прва, 148 во втора, 154 во трета, 135 во четврта), а на машки студенти е 643 (283 во прва, 126 во втора, 130 во трета, 104 во четврта).

На втор циклус, во учебната 2015/2016 година се запишани 13 машки и 4 женски студенти, во 2016/2017 година има 6 машки и 10 женски студенти, а во 2017/2018 година се запишани 1 студент и 2 студентки.




Слика 4.54. Структура на студентите на ФТБЛ според начинот на студирање




Слика 4.55. Полова структура на студентите на ФТБЛ

На трет циклус, во учебната 2015/2016 година се запишани 4 машки и 2 женски студенти, во 2016/2017 година се запишани по 4 машки и женски студенти, а во 2017/2018 година се запишани 1 студент и 3 студентки. Запишани се 2 студенти на прв циклус и 4 студенти на трет циклус од Турција и од Косово.

*Видови студентски активности*

Студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика во периодот на самоевалуација учествувале на саеми по туризам, на гастрономски манифестации во земјава и во странство, на работилници со гости предавачи од приватниот сектор, имале обуки во Американскиот универзитет во Бугарија, имале практична работа во Грција, Шпанија и Германија, учествувале во организација на изложба за алтернативни форми во туризмот, како и на Меѓународен конгрес за факултети за туризам – Туризмијада во Тиват, Црна Гора, изведувале теренска настава и посета на аеродромот „Александар Велики“, Катлановска бања, Агенција за поддршка и промоција на туризмот, Травел тренинг центар – Туристичка агенција Савана, Североисточен регион и Кратово, Струмички карневал и др.

*Одбранети дипломски, специјалистички и магистерски студии*

Во академската 2015/2016 година се одбранети вкупно 157 дипломски работи и 4 магистерски трудови, во 2016/2017 се одбранети вкупно 245 дипломски работи и 9 магистерски трудови, а во академската 2017/2018 година се одбранети вкупно 246 дипломски работи и 4 магистерски трудови.

**4.2.15. Филолошки факултет**

На Филолошкиот факултет продолжува да доминира бројот на женски студенти во сите академски и студиски години. На овој факултет постои тренд на намалување на бројот на студенти од година во година.

На Филолошкиот факултет во учебната 2015/2016 година се запишани вкупно 636 студенти од кои во прва година 161 (129 редовни и 32 вонредни) студент, во втора година 139 (113 редовни и 26 вонредни), во трета 162 (131 редовни и 31 вонредни) и 174 (136 редовни и 38 вонредни) во четврта година. Од овие студенти 466 (109 во прва, 97 во втора, 131 во трета, 129 во четврта) се женски, а 170 (52 во прва, 42 во втора, 31 во трета, 45 во четврта) се машки.




Слика 4.56. Број на првпат запишани студенти во прва година на ФФ по учебни години

Во учебната 2016/2017 година на Филолошкиот факултет има вкупно 507 запишани студенти, од кои 401 редовен, а 106 вонредни. Во прва година се запишани 127 (105 редовни и 22 вонредни) студенти, во втора 113 (84 редовни и 29 вонредни), во трета 143 (106 редовни и 37 вонредни) и во четврта година 124 (106 редовни и 18 вонредни). Вкупниот број на запишани женски студенти во прва година е 76, во втора 82, 107 во трета и 101 во четврта година. Вкупниот број на запишани машки студенти во прва година е 51, во втора 31, 36 во трета и 23 во четврта година.

Во учебната 2017/2018 година на Филолошкиот факултет се запишани вкупно 428 студенти (331 редовни и 97 вонредни). Од овие студенти 315 (75 во прва, 65 во втора, 96 во трета, 79 во четврта) се женски, а 113 (33 во прва, 28 во втора, 30 во трета, 22 во четврта) се машки. Во прва година се запишани 108 (92 редовни и 16 вонредни) студенти, во втора 93 (72 редовни и 21 вонредни), во трета 126 (91 редовни и 35 вонредни) и во четврта 101 (76 редовни и 25 вонредни).




Слика 4.57. Структура на студентите на ФТБЛ според начинот на студирање

На втор циклус, во учебната 2015/2016 година се запишани 1 студент и 10 студентки, во 2016/2017 година има 3 машки и 12 женски студенти, а во 2017/2018 се запишани 10 студентки. Од странските студенти, 4 студенти се запишани на прв циклус и 1 на втор циклус, а доаѓаат од Турција и од Германија.




Слика 4.58. Полова структура на студентите на ФТБЛ

*Видови студентски активности*

Поважни студентски активности во рамките на овој факултет се: две учества во проектот „Ментор“ за употреба на компјутерски алатки во процесот на преведување, учество на Републички награден конкурс за преведувачи „Вавилон“ и учество на Преведувачка работилница за студенти во соработка со Здружението на преведувачи.

*Одбранети дипломски, специјалистички и магистерски студии*

Во академската 2015/2016 година се одбранети 117 дипломски работи и 4 магистерски трудови, во 2016/2017 година се одбранети 82 дипломски работи и 3 магистерски трудови, а во академската 2017/2018 година се одбранети вкупно 109 дипломски работи и 5 магистерски трудови.

**SWOT анализа за студентите на додипломски студии**

| **СИЛНИ СТРАНИ (Strengths)** | **СЛАБИ СТРАНИ (Weaknesses)** |
|---|---|
| ▪ Зголемен број на студенти на трет циклус<br>▪ Можност за дообразование преку голем број на запишани вонредни студенти<br>▪ Зголемен интерес за студирање на одредени факултети | ▪ Намален број на студенти на прв циклус<br>▪ Намален број на студенти на втор циклус<br>▪ Голем процент на времено неактивни и испишани студенти |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
| ▪ Привлекување на странски студенти<br>▪ Можности за едукација на кадри соодветно на потребите на пазарот на трудот<br>▪ Проширување на можностите за едукација со имплементација на системот на доживотно учење (life long learning)<br>▪ Можност за соработка универзитет – стопанство за кариерен развој и пракса на студентите | ▪ Заминување на студентите во странство<br>▪ Одлив на студенти на други факултети<br>▪ Појава на конкурентски факултети, особено во одредени области |

Внатрешни фактори

Надворешни фактори

Позитивни

Негативни

## 5. ПРОСТОРНА И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ

Наставно-образовниот процес и истражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип се остварува во новоизградени, но и во објекти коишто се реновирани и приспособени кон реалните потреби и имаат вкупна површина од 48.585 m$^2$. Во вкупниот простор со кој располага Универзитетот влегуваат 4 кампуси, Ректорат, дел од објект на библиотека, спортска сала, објектот на Плачковица, како и објекти кои Универзитетот ги користи под наем во повеќе градови во државата со кои има склучено договори за времено користење на истите, со цел непречено одвивање на процесот на студирање на сите студенти кои студираат во овие места.

Вкупната површина на трите кампуси е 40.918 m$^2$. Соодносот на расположливиот простор по број на студенти е даден во табела 5.1.

Табела 5.1. Простор по број на студенти

| Кампуси на УГД | Простор (m$^2$) | Број на студенти | (m2) на студент |
|---|---|---|---|
| К1 - Уметности | 1.608 | 240 | 6.70 |
| К2 - Природни технички и биотехнички науки | 14.220 | 1950 | 5.55 |
| К3 - Медицински науки | 7.639 | 2.200 | 3.47 |
| К4 - Општествени и хуманистички науки | 17.450 | 3.413 | 5.11 |

### 5.1. Кампус 1 - Уметнички академии

#### 5.1.1. Музичка академија

*Дидактички простор*

Музичката академија има евидентирано соодветен сопствен простор од вкупно 667 m$^2$ наменет за изведување на наставните програми во текот на студиските години. Тука спаѓаат 9 кабинети за одвивање на индивидуализирана работа, 3 кабинети наменети за групна настава со вкупен капацитет од 40 седишта и се опремени со современа аудиовизуелна опрема, концертна сала која е опремена со 2 полуконцертни клавири, со вкупен капацитет од 40 седишта за публика и 9 канцеларии наменети за наставничкиот, техничкиот и помошниот персонал.

*Видови на опрема*

Музичката академија има на располагање 7 полуконцертни пијана Yamaha (од кои 5 се наоѓаат во зградата на Музичката академија, едно во Националната галерија „Безистен“ и едно во концертната сала на Мултимедијалниот центар при Економскиот факултет), 8 вертикални пијана, 2 сета за ударни инструменти. Исто така, има 2 предавални со вкупен капацитет од 20 седишта и се опремени со современа аудиовизуелна опрема, концертна сала е опремена со 2 полуконцертни клавири и со вкупен капацитет од 40 седишта за гледачите. На Музичката академија има 12 кабинета за музичка настава кои се опремени со клавири, аудио системи и пултови.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Музичката академија располага со 28 компјутери и 28 интернет приклучоци, 2 ЛЦД проектори, 2 скенери и 1 печатач.

*Библиотека*

На Музичката академија има библиотечен фонд со вкупно 54 книги нотен материјал за изведување на редовната настава, како и 1672 книги од кои 1481 се на македонски јазик, а 191 на странски јазици.

**5.1.2. Ликовна академија**

*Дидактички простор*

Ликовната академија има евидентирано соодветен простор од вкупно 541 $m^2$ наменет за изведување на наставните програми во текот на студиските години, од кои 230 $m^2$ користи во сопствените простории кои се во рамките на објектот на ФОН, а кои простории се наменети за студиската програма Класично сликарство, канцелариски простории наменети за декан, продекан и технички персонал и 311 $m^2$ во просториите на НУУБ „Гоце Делчев“ која е придружна членка на УГД, чии простории се користат и се наменети за студиската програма Вајарство.

*Видови на опрема*

Од опремата која се користи, Ликовната академија располага со 17 штафелаи за сликање, 7 клупи за цртање, 4 штафелаи за скулптура, 15 столчиња на вртење, 2 практикабли, 1 скелет во природна големина, 6 дрвени ормани, 2 метални ормани, 1 табла, зелена, 1 табла, бела, 9 маси за цртање, 5 клупи, 16 столчиња за пишување, како и постаменти, драперии, гипсени

мулажи, вазни, керамички садови, пластично овошје, зеленчук и цвеќе, геометриски тела и табли за цртање.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Ликовната академија располага со 4 компјутери и 28 интернет приклучоци и 1 печатач.

### 5.1.3. Филмска академија

*Дидактички простор*

Филмската академија има евидентирано соодветен простор од вкупно 100 $m^2$ во рамките на зградата на Економскиот факултет, наменет за изведување на наставните програми во текот на студиските години. Исто така за потребите на практичната настава по студиската програма Современ танц, Универзитетот користи под наем простор во објект во Скопје со површина од 300 $m^2$. Во рамките на Филмската академија припаѓа и студиото на Универзитетската телевизија со вкупен простор од околу 60 $m^2$ и простор за архива од 15 $m^2$. Телевизиското студио поседува соодветна нова телевизиска и студиска опрема:

1x миксер за камери BlackMagicDesign 4K
1x видеохаб BlackMagicDesign 12x12
2x broadcast studio камери BlackMagicDesign HD
2x теренски камери Canon HDV
5x микрофонски буици за во студио BayerDynamic
2x помошни микрофони ShotGun ByerDynamic
1x аудио миксета Mackie 22FX
1пар аудио монитори Genelec
5x подвижни светла за снимање
3 монтажни станици (PC)
1 дизајн станица (iMAC)
1x capture машина
1x Playout машина.

## 5.2. Кампус 2 - Природни, технички и биотехнички науки

Кампус 2 на факултетите за природни, технички и биотехнички науки располага со простор од вкупно 14220 $m^2$, 4 амфитеатри со вкупен капацитет од 576 места за седење, 15 предавални со вкупен капацитет од 630 места за седење, 54 кабинети за академскиот кадар, 15 компјутерски училници, 9 лаборатории, 1 спортски објект со вкупен капацитет од 400 седишта, 2 објекти за практична настава, книжарници, библиотеки и простори за студентски прашања. Вкупниот капацитет на седишта изнесува 2921 седиште.

*Објекти и површини за изведување огледна настава и истражување*

На Земјоделскиот факултет функционираат 4 специфични простори со вкупна површина од 2700450 $m^2$ наменети за изведување на практичната настава.

Факултетот има 3 опитни полиња со површини 2700000 $m^2$, 1 ген банка со површина од 20 $m^2$ и 1 стакленик со површина од 430 $m^2$.

*Опсерватории*

Факултетот за природни и технички науки има еден сеизмолошки простор со површина од 105 $m^2$. Земјоделскиот факултет поседува 3 простории со вкупна површина од 30 $m^2$ наменети за заштита на околината.

*Видови на опрема*

Амфитеатрите на факултетите за природни, технички и биотехнички науки се опремени со современа аудиовизуелна опрема. Во предавалните постојат специфични опреми за определена студиска програма и електронски табли.

Во рамките на Кампус 2 комплетно се опремени следниве лаборатории:

1. На студиската програма Фармација, на Катедрата по аналитика на лекови и фармацевтска хемија е лабораторијата за радиофармација која располага со најсоодветна апаратура за изведување на практичните вежби на студентите по фармација, за реализација на дипломски, магистерски и докторски студии.

Лабораторијата е опремена со:

- сушара,
- автоклав,
- инкубатор,
- помошна лабораториска опрема / машина за миење на стакло, три фрижидери со замрзнувач,
- ламинарна комора за стерилна работа,
- две ламинарни комори за клеточни култури,
- лиофилизатор,
- ХПЛЦ / систем на течна хроматографија под висок притисок во УБ детектор,
- систем за тенкослојна хроматографија и ауторадиографија / Cyclon,
- грејна плоча,
- дигитална вага/ до 5 децимали,
- дигитална вага/ до 2 децимали,

- pH метар,
- систем за електрофореза,
- дозни калибратори за мерење на радиоактивност,
- оловен кабинет за работа со радиоактивност (лоциран во Кампус 2 / оддел на лабораторијата наменет за работа со радиоактивни изотопи),
- центрифуга за микроепрувети /до 1мл,
- магнетна мешалка,
- орбитален мешач.

2. За практичната настава по предметите од областа на хемијата – Општа и неорганска хемија за сите насоки на Факултетот за медицински науки, Органска и биорганска хемија за студентите на Фармација, Аналитичка хемија 1 и 2 за студентите на фармација, Аналитичка хемија за студентите од насоката Лаборанти, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2 и Фармацевтска хемија 3 за студентите на Фармација, Биохемија за студентите на Фармација, Општа медицина и стручните студии, Фармацевтска технологија 1 и 2 за студентите на Фармација, Аналитика на лекови за студентите на Фармација, Токсиколошка хемија за студентите на Фармација, Броматологија за студентите на Фармација, се користи хемиската лабораторија која е лоцирана во зградата на текстилното училиште.

Таа е опремена со:
- дигитална вага со 2 децимали,
- дигитална вага со 3 децимали,
- сушара,
- UV/VIS спектрофотометар,
- центрифуги за микроепрувети,
- pH-метри,
- водени бањи,
- грејно тело (плоча),
- UV ламба.

3. Студиската програма Оптометрија и очна оптика располага со лабораторија за очна оптика (опремена со прибори и инструменти за обработка на корективни леќи), како и оптометриски кабинет опремен со најсовремен аутокераторефрактометар –тонометар за автоматска објективна рефракција, кератометрија и тонометријаа.

4. Студиската програма Физикална медицина и кинезитерапија располага со два кабинети за клиничка пракса на студентите од оваа студиска програма и тоа кабинетот за физикална медицина и кабинетот за кинезитерапија. Овие кабинети се во состав на Универзитетскиот рекреативен центар кој се наоѓа на Кампус 2 и започна со работа во почетокот на 2013

година. Се простира на површина од 130 m2. Овој Рекреативен центар овозможува современа реализација на наставната програма и практичните вежби на студентите од стручните студии за физиотерапевти, како и реализација на специјалистичките студиски програми од втор циклус. Студентите имаат можност да ја реализираат својата задолжителна пракса и да ги развиваат и усовршуваат своите професионални вештини. Исто така, во Рекреативниот центар се организираат стручни семинари и работилници со реномирани домашни и странски професори. Со отворањето на Рекреативниот центар се зголеми и можноста за соработка со други институции и стручни лица од различни профили. Спецификацијата на опремата со која располага кабинетот за физикална и кинезитерапија е наведена во прилог 5.4.

5. Во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, активно функционира лабораторијата – УНИЛАБ, со старото име Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина (променето од Институтот за акредитација на барање на раководителот на лабораторијата, со Одлука за промена на името на лабораторијата од 12.10.2016 г.) постојат следниве оддели:

- Оддел за заштита на растенијата;
- Оддел за контрола на семе и саден материјал;
- Оддел за геохемија;
- Оддел за агрохемија и исхрана на растенијата;
- Оддел за микробиологија;
- Оддел за контрола на квалитет на храна;
- Одделение за контрола на квалитет на масло;
- Одделение за контрола на квалитет на вино.

За своите долгогодишни клиенти, Лабораторија продолжува со своите анализи:

- агрохемиски анализи на почвата и давање на соодветни препораки за ѓубрење и прихрана на растенијата;
- испитување на присуство макро и микро елементи, тешки метали и елементи во траги и резидуи од пестициди во различни медиуми, како што се: почвата, водата и растителниот материјал, утврдувањето на активните материи во пестицидите, утврдувањето на застапеноста на хранливите елементи во ѓубривата;
- анализа на квалитетот на семенскиот и садниот материјал, утврдување на генетски модифицирани организми;
- детерминација и идентификација на присуството на болести и штетници кај растенијата и складираните земјоделски производи;
- утврдување на биолошката ефикасност на пестицидите;

- квалитативно и квантитативно определување за присуство на микотоксини во растителните производи.

Одделението за бактериологија и вирологија при УНИЛАБ во периодот од јуни 2018 г. се опреми со најсовремен апарат за молекуларна дијагностика – Real Time PCR апарат – анализи во реално време и сите понатамошни активности поврзани со молекуларната структура на патогените ќе се проучуваат на овој апарат. Приказот на опремата во лабораторијата – УНИЛАБ е дадена во прилогот 5.1. од извештајот.

Одделението за фитофармација во периодот 2017/2018 година беше опремено со нов апарат за течна хроматографија со детектор со низа од диоди (PDA), детектор со индекс на рефракција (RI) и флуоресцентен детектор, марка Шиматцу. Лаборантите од одделението имаа можност да се здобијат со предвидената обука за апаратот. Се разработуваа и оптимизираа нови методи за детекција на пестициди. Во моментот се разработени методи за испитување на присуството на активните материи нуаримол, фенбуконазол, фенитротион, процимидон, винклозолин, паратион, паратион метил, толилфлуанид, трифлоксистробин, феноксапроп-п-етил, тебуфенпирад, требуфос, хлорпирифос, пиридабен, делтаметрин, бромоксанил октаноат, цис и транс перметрин, пиримикарб, монокротофос, фолпет, дифлуфеникан, дихлофлуанид, диметоат, етофумесат, метидатион и пропизамид во различни матрикси.

6. Лабораторија за биотехнологија (Земјоделски факултет, кампус Струмица);
7. Микроскопска лабораторија (Медицински факултет) опремена со 30 микроскопи (моно и бинокулари)
8. Лабораторија за хемија и геохемија (Земјоделски и Медицински факултет, Кампус 2) која располага со следнава опрема:
    - *сушара, Advantage Lab, 0-250oC*
    - *центрифуга, Tehtnica LC-320*
    - *грејна плоча Inco 0-2500 C*
    - *дигитална вага, Kern, 0,001 g*
    - *спектрофотометар,*
    - *апарат за ултра чиста вода,*
    - *pH метар*
9. Лабораторија за минералогија и кристалохемија (ФПТН)
10. Лабораторија за подготовка на минерални суровини (ФПТН)
11. Лабораторија за механика на карпи (ФПТН)
12. Лабораторија за геофизика (ФПТН)
13. Лабораторија за безбедност на компјутерски системи и компјутерска форензика (Факултет за информатика)

14. Лабораторија за дигитални ресурси и отворен пристап (Факултет за информатика)
15. Лабораторија за роботика и интелигентни системи (Факултет за информатика) располага со следнава опрема:
- Модуларен роботски комплет RASCAL
- Модуларен роботски комплет LEGO
- Модуларен роботски комплет ARobot

16. Теренска лабораторија за животна и работна средина и електронска микроскопија, (ФПТН) акредитирана ISO 17025.

Опремата која ја последува оваа лабораторија е дадена во прилог 5.2 на овој извештај.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Компјутерските лаборатории на Кампусот за природни, технички и биотехнички науки располагаат со 252 компјутери, 17 ЛЦД проектори, 3 скенери, 19 печатачи и 21 телевизор.

*Интернет приклучопци*

На факултетите од Кампусот за природни, технички и биотехнички науки има вкупно 1000 интернет мрежни приклучоци наменети за пристап на студентите, академскиот кадар, администрацијата и библиотекарскиот персонал.

*Библиотеки*

Библиотеките на факултетите за природни, технички и биотехнички науки бројат вкупно 44534 книги од областите на студиската група. Од набавените книги, 37082 се домашни, а 7452 се странски книги.

**5.2.1. Факултет за природни и технички науки**

*Дидактички простор*

Факултетот за природни и технички науки располага со вкупен простор од 6999 $m^2$, 2 амфитеатри со вкупна површина од 179$m^2$ и капацитет од 191 седиште.

Наставната програма се одвива во 4 предавални кои имаат вкупна површина од 143 $m^2$ и вкупен капацитет од 97 седишта.

На Факултетот за природни и технички науки има вкупно 2 компјутерски училници со површина од 83 m$^2$ и 46 расположливи седишта.

Наставно-научниот процес се одвива во 4 лаборатории со вкупна површина од 164 m$^2$ и 85 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби. Лабораториите за изведување аудиовизуелни самостојни вежби има вкупен капацитет од 47 m$^2$ површина во која се распоредени 12 седишта.

Факултетот располага со 19 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 203 m$^2$ и капацитет од 11 седишта.

*Видови опсерватори*

Факултетот за природни и технички науки има сеизмолошка/геомагнетна опсерваторија со површина од 100,50 m$^2$.

*Видови на опрема*

Двата амфитеатри на факултетот се опремени со современа аудиовизуелна опрема. Четирите предавални се опремени со 3 специфични опреми за определена студиска програма.

*Библиотека*

Факултетот за природни и технички има вупно 14320 книги од областите на студиската групаод кои 10518 се домашни а 3802 се странски книги.

### 5.2.2. Машински факултет

*Дидактички простор*

Вкупната површина на објектите на Машинскиот факултет опфаќа простор од 700 m$^2$ (Струмица и Штип) и вкупен капацитет од 153 седишта.

Во објектот во Штип, факултетот има на располагање свој кабинет и ги користи 4-те предавални на Кампус 2 со површина од 350 m$^2$ и вкупен капацитет од 174 седишта, во објектот во Струмица користи 1 предавална и еден кабинет со површина од 200 m$^2$ и вкупен капацитет од 60 седишта. Машинскиот факултет има вкупно 2 кабинети за наставно-научниот кадар со површина од 90 m$^2$ и 10 седишта.

*Видови на опрема*

Факултетот има 2 предавални кои се опремени со современа аудиовизуелна опрема. Во предавалните има и соодветни показни материјали кои се користат во наставата.

*Опременост на лаборатории*

Машинскиот факултет за потребите на практичната настава користи 2 лаборатории: Компјутерска лабораторија со капацитет од 20 места на Институтот за информатика. Машинскиот факултет располага со 10 компјутери и сервер компјутер кои се користи за извршување на настава за предмети кои вклучуваат употреба на програмски софтвер

Машинскиот факултет располага со уште една просторија од 15 $m^2$ и едно седиште за потребите на студентските прашања.

*Библиотека*

Машинскиот факултет располага со вкупен фонд од 3618 книги од областите на студиската група од кои 3453 се домашни, а останатите 165 се странски наслови.

**5.2.3. Факултет за информатика**

*Дидактички простор*

Факултетот за информатика располага со вкупна површина од 2050 $m^2$, (Штип и Кавадарци) 2 објекти, 1 амфитеатар со капацитет од 115 седишта.

Наставната програма во Кавадарци се одвива во 2 компјутерски лаборатории со вкупен капацитет од 74 места и во Штип користи 2 амфитеатри со капацитет од 200 места и 7 предавални кои имаат вкупен капацитет од 348 седишта. На Факултетот за информатика има 6 компјутерски училници со 248 расположливи седишта.

*Видови на опрема*

Амфитеатарот на факултетот е опремен со современа аудиовизуелна опрема. Седумте предавални имаат на располагање телевизори/електронски табли кои служат како специфична опрема за определена студиска програма.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Компјутерските лаборатории на Факултетот за информатика располагаат со 216 компјутери и 220 интернет приклучоци, 7 ЛЦД проектори и 2 печатачи.

*Пристап до интернет*

На Факултетот има вкупно 250 интеренет мрежни приклучоци од кои 220 се наменети за пристап на студентите, 24 се наменети за академскиот кадар, 4 за администрацијата и 2 се наменети за библиотеката.

*Библиотека*

Факултетот за информатика има вупно 6799 книги од областите на студиската група. Од вкупниот број на набавени книги, 6539 се домашни а 260 се странски книги.

Техничката опременост на факултетот е дадена во прилог 5.5.

**5.2.4. Земјоделски факултет**

*Дидактички простор*

Земјоделскиот факултет има површина од 5837 $m^2$, (Штип, Кавадарци, Свети Николе, Струмица и Прилеп) 6 објекти, 1 амфитеатар со вкупна површина од 100 $m^2$ и капацитет од 130 седишта.

Наставната програма во Прилеп се одвива во 3 предавални кои имаат вкупен капацитет од 105 седишта.

Наставната програма во Струмица се одвива во 1 амфитеатар и хемиска лабораторија кои имаат вкупен капацитет од 144 седишта.

Наставната програма во Кавадарци се одвива во 4 предавални со капацитет од 210 седишта.

Наставната програма во Штип се одвива на Кампус 2 во 1 амфитеатар со капацитет од 80 места, 4 предавални со капацитет од 148 седишта и микроскопска лабораторија.

На Земјоделскиот факултет има вкупно 3 компјутерски училници со површина од 172 $m^2$ и 83 расположливи седишта.

Наставно-научниот процес се одвива во 2 лаборатории со вкупна површина од 90 $m^2$ и 15 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби. Содржината на лабораториската опрема е дадена во прилог 5.1. и 5.3.

Факултетот располага со 22 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 200 $m^2$ и капацитет од 32 седишта.

Земјоделскиот факултет има 2 други објекти кои се наменети за изведување на практична настава чија површина е 50 $m^2$ и вкупен капацитет од 100 седишта.

*Објекти и површини за изведување огледна настава и истражување*

Земјоделскиот факултет располага со земјоделско земјиште со вкупна површина од 1988610 $m^2$ наменети за изведување на практичната настава.

*Видови опсерватори*

Земјоделскиот факултет поседува 3 простории со вкупна површина од 300 $m^2$ наменети за заштита на околината.

Амфитеатарот на Земјоделскиот факултет е опремен со современа аудио-визуелна опрема.

*Библиотека*

Библиотеката на Земјоделскиот факултет има вупно 9807 книги од областите на студиската група. Од набавените книги домашни се 6928 книги а 2879 се странски книги.

### 5.2.5. Електротехнички факултет

*Дидактички простор*

Вкупниот простор со кој раполага Електротехничкиот факултет изнесува 1079 $m^2$ во Радовиш и вкупен капацитет на 100 седишта.

Наставната програма се одвива во 3 предавални кои имаат вкупна површина од 80 $m^2$ и вкупен капацитет од 64 седишта. Наставно-научниот процес се одвива во 1 лабораторија со вкупна површина од 40 $m^2$.

На дисперзираните студии на Електротехнички факултет во Штип, Факултетот располага со 2 кабинета за наставно-научен кадар со капацитет од 8 седишта.

Електротехничкиот факултет располага со 4 лабаратории: лабораторија од област на електротехника, лабораторија за мерни инструменти, соларна атест лабораторија и лабораторија за производни и разводни системи и постројки.

Електротехничкиот факултет има 1 компјутерска училница со површина од 40 $m^2$ и 30 расположливи седишта.

Факултетот располага со 1 кабинет за наставно-научен кадар со вкупна површина од 60 $m^2$ и капацитет од 6 седишта.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

На Електротехничкиот факултет има 25 компјутери и 150 интернет приклучоци, 3 ЛЦД проектори, 2 печатачи.

*Библиотека*

Електротехничкиот факултет има вупно 4598 книги од областите на студиската група од кои 4352 се на македонски, а 246 се странски книги.

**5.2.6. Технолошко-технички факултет**

*Дидактички простор*

Технолошко-техничкиот факултет располага со 3 објекти (Пробиштип, Штип и Прилеп) со вкупен простор од 1885 $m^2$. Наставната програма во Прилеп се одвива во 2 предавални со капацитет од 70 места, во Пробиштип располага со 3 предавални со капацитет од 80 места и во Штип користи 5 предавални со вкупно 326 места за седење и еден амфитеатар со капацитет од 80 места.

На Технолошко-техничкиот факултет има вкупно 2 компјутерски училници со површина од 84 $m^2$ и 64 расположливи седишта.

Наставно-научниот процес се одвива во 2 лаборатории: биохемиска (на Кампус 2) и текстилна лабораторија (во Музејот на Штип) со вкупна површина од 120 $m^2$ и 25 седишта за изведување експериментални и самостојни вежби. Факултетот располага со 7 кабинети за наставно-научен кадар со вкупна површина од 126 $m^2$ и капацитет од 8 седишта.

Технолошко-техничкиот факултет има 2 други објекти кои се наменети за изведување на практична настава чија површина е 50 $m^2$ и вкупен капацитет од 100 седишта.

*Видови на опрема*

Предавалните на Технолошко-техничкиот факултет се опремени со современа аудиовизуелна опрема.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Двете лаборатории на Технолошко-техничкиот факултет се опремени со специфична опрема со капацитет од 63 седишта, а едната текстилна лабораторија има капацитет од 16 седишта.

На Технолошко-техничкиот факултет има 32 компјутери и 102 интернет приклучоци, 3 ЛЦД проектори, 1 скенер и 3 печатачи.

*Пристап до интернет*

Технолошко-техничкиот факултет располага со вкупно 102 интеренет мрежни приклучоци од кои 74 се наменети за пристап на студентите, 24 се наменети за академскиот кадар и 4 за администарцијата.

*Библиотека*

Библиотеката на Технолошко-техничкиот факултет има вупно 2476 наслови на книги од областите на студиската група, од кои 2462 се на македонски јазик и 14 се преводи на странски автори.

## 5.3. Кампус 3 - Медицински науки

### 5.3.1. Факултет за медицински науки

*Дидактички простор*

Факултетот за медицински науки располага со вкупен простор од 7639 $m^2$, распоредени во 3 објекти и вкупно 4 амфитеатри со капацитет од 610 седишта.

Наставната програма на Факулетот за медицински науки се одвива во 12 предавални со вкупен капацитет од 540 седишта. На Факултетот за медицински науки има вкупно 1 компјутерска училница со 90 расположливи седишта.

Наставно-научниот кадар располага со 14 кабинети со вкупен капацитет од 44 седишта.

*Видови на клинички бази*

Факултетот за медицински науки располага со 7 претклинички лаборатории, 20 клинички и болнички одделенија за практични вежби и 14 здравствени установи за практична настава.

*Видови на опрема*

Амфитеатрите на факултетот се опремени со современа аудиовизуелна опрема. Во предавалните постојат специфични опреми за определените студиски програма и електронски табли.

*Опременост на лаборатории*

Факултетот за медицински науки има повеќе лаборатории кои се опремени соодветно на студиските програми сместени во Кампус 3, сегмент Текстилно училиште. Студиската програма Дентална медицина располага со целосно опремен Стоматолошки центар од 509 $m^2$ со 10 стоматолошки столчиња и 10 фантоми. Студентите на дентална медицина, исто така, ги користат и капацитетите на стоматолошката лабораторија за научноистражувачка работа опремена со современи технологии наменети за: изработка на фиксни стоматолошки конструкции, изработка на мобилни и фикснопротетски изработки врз база на протетска смола, како и хируршки физиодиспенсер, заботехнички ласер за лотање, лемење и пунктирање, комбиниран ласер за меки и тврди ткива со дерматолошка апликација, апарат за галванизација и позлатување на протези, компјутерски систем за анализа на денталната оклузија со T-Scan анализа, техничка турбина со водено ладење, апарат за дигитално одбирање на боја - интраорален дентален спектрофотометар и дентални лупи со рамка.

На студиската програма Фармација, на Катедрата по аналитика на лекови и фармацевтска хемија е лабораторијата за радиофармација која располага со најсоодветна апаратура за изведување на практичните вежби на студентите по фармација, за реализација на дипломски, магистерски и докторски студии.

Лабораторијата е опремена со:

- сушара,
- автоклав,
- инкубатор,
- помошна лабораториска опрема / машина за миење на стакло, три фрижидери со замрзнувач,
- ламинарна комора за стерилна работа,
- две ламинарни комори за клеточни култури,
- лиофилизатор,
- ХПЛЦ / систем на течна хроматографија под висок притисок во УБ детектор,
- систем за тенкослојна хроматографија и ауторадиографија / Cyclon,
- грејна плоча,
- дигитална вага/ до 5 децимали,
- дигитална вага/ до 2 децимали,
- pH метар,
- систем за електрофореза,
- дозни калибратори за мерење на радиоактивност,
- оловен кабинет за работа со радиоактивност (лоциран во Кампус 2 / оддел на лабораторијата наменет за работа со радиоактивни изотопи),
- центрифуга за микроепрувети /до 1 мл,
- магнетна мешалка,
- орбитален мешач.

За практичната настава по предметите од областа на хемијата – Општа и неорганска хемија за сите насоки на Факултетот, Органска и биорганска хемија за студентите на Фармација, Аналитичка хемија 1 и 2 за студентите на Фармација, Аналитичка хемија за студентите од насоката Лаборанти, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2 и Фармацевтска хемија 3 за студентите на Фармација, Биохемија за студентите на Фармација, Општа медицина и стручните студии, Фармацевтска технологија 1 и 2 за студентите на Фармација, Аналитика на лекови за студентите на Фармација, Токсиколошка хемија за студентите на Фармација, Броматологија за студентите на Фармација, се користи хемиската лабораторија која е лоцирана во зградата на текстилното училиште.

Таа е опремена со:

- дигитална вага со 2 децимали,
- дигитална вага со 3 децимали,

- сушара,
- UV/VIS спектрофотометар,
- Центрифуги за микроепрувети,
- pH-метри,
- водени бањи,
- грејно тело (плоча),
- UV ламба.

Студиската програма Оптометрија и очна оптика располага со лабораторија за очна оптика (опремена со прибори и инструменти за обработка на корективни леќи), како и оптометриски кабинет опремен со најсовремен аутокераторефрактометар –тонометар за автоматска објективна рефракција, кератометрија и тонометрија.

Во Кампус 3, сегмент Текстилно училиште, е сместен и комплетно опремен кабинет по анатомија во кој се изведува практична настава за студентите на сити студиски програми опремен со фантоми, мулажи, постери, коски, одделни органи од човечкото тело. На истото место се наоѓаат и:

- Хемиска и биохемиска лабораторија (наведена во прилог 5.1),
- Микроскопска лабораторија (наведена во прилог 5.1),
- Лабораторија за молекуларна биологија,
- Лабораторија за хистологија и
- Лабораторија за биоелектрохемија.

Студиската програма Физикална медицина и кинезитерапија располага со два кабинети за клиничка пракса на студентите од оваа студиска програма и тоа кабинетот за физикална медицина и кабинетот за кинезитерапија. Овие кабинети се во состав на Универзитетскиот рекреативен центар кој се наоѓа на Кампус 2 и започна со работа на почетокот на 2013 година. Се простира на површина од 130 $m^2$. Овој Рекреативен центар овозможува современа реализација на наставната програма и практичните вежби на студентите од стручните студии за физиотерапевти, како и реализација на сецијалистичките студиски програми од втор циклус. Студентите имаат можност да ја реализираат својата задолжителна пракса и да ги развиваат и усовршуваат своите професионални вештини. Исто така, во Рекреативниот центар се организираат стручни семинари и работилници со реномирани домашни и странски професори. Со отворањето на Рекреативниот центар се зголеми и можноста за соработка со други институции и стручни лица од различни профили. Спецификација на опремата со која располага кабинетот за физикална и кинезитерапија е наведена во прилог 5.4.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Компјутерските лаборатории на Факултетот за медицински науки располагаат со 49 компјутери и 550 интернет приклучоци, 6 ЛЦД проектори, 2 скенери, 6 печатачи и 6 ЛЦД телевизори.

### 5.4. Кампус 4 - Општествени и хуманистички науки

#### 5.4.1. Економски факултет

*Дидактички простор*

Економскиот факултет има соодветен простор со површина од 2705 $m^2$. Располага со еден амфитеатар со површина од 295 $m^2$ и вкупен капацитет од 331 седиште. На Економскиот факултет има вкупно 13 кабинети за наставно-научниот кадар со површина од 265 $m^2$ и 32 седишта.

Наставната програма во Струмица се одвива во 2 амфитеатри со капацитет од 260 места.

Наставната програма во Скопје се одвива во 2 предавални со капацитет од 120 места.

Наставната програма во Штип се одвива во 7 предавални со капацитет од 510 места.

*Музичко сценски и креативен простор*

Вкупниот наставно-научен процес на Економскиот факултет се остварува во разновидни содржини. Во рамките на Економскиот факултет постои Мултимедијален центар кој располага со театарска сцена со површина од 44 $m^2$ и капацитет од 300 седишта за гледачи, еден подготвен простор – лабораторија за создавање звук со површина од 15 $m^2$ и еден подготвен простор – лабораторија за снимање звук со површина од 15 $m^2$. Овој Мултимедијален центар се користи од сите факултети на Универзитетот за одржување концерти, претстави, кино проекции, семинари, конференции и други свечености организирани од Универзитетот.

*Видови на опрема*

Амфитеатарот и предавалните се опремени со современа аудиовизуелна опрема, а концертната сала е опремена со еден клавир за потребите на концертните ативности на уметниците.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Економскиот факултет има опременост на компјутерските лаборатории со вкупно 60 компјутери и 128 интернет приклучоци. Располага со 5 ЛЦД проектори, 3 скенери, 6 печатачи и други соодветни помагала.

*Библиотека*

На Економскиот факултет има вупно 10173 книги од областите на студиската група од кои 9404 се домашни а 769 се странски книги.

### 5.4.2.Правен факултет

*Дидактички простор*

Правниот факултет располага со вкупен просор од 2550 $m^2$ (стариот Ректорат на УГД и објектот во Кочани). Во Кочани има простор со вкупен капцитет од 672 седишта. Научно-образовната дејност на Правниот факултет се спроведува во еден амфитеатар со вкупен капацитет од 322 седишта. Наставната програма се одвива во 5 предавални кои имаат вкупна површина од 320 $m^2$ и капацитет од 350 седишта. На Правниот факултет има една компјутерска училница со површина од 32 $m^2$ и 37 расположливи седишта.

За остварување на наставно-образовниот процес, академскиот кадар има на располагање вкупно 18 кабинети со 30 седишта.

Во функција на факултетот се 3 простории, библиотека, студентски прашања и книжарница наменети за потребите на студентите и академскиот кадар.

Во Штип, Правниот факултет располага со една предавална со капацитет од 50 седишта со околу 140 $m^2$, една судница за изведување на симулативни судски процеси со 120 $m^2$, една свечена конференциска сала за одржување на конференции, свечени активности и сл. со 160 $m^2$ и 10 канцеларии за професорскиот кадар. Останатиот простор кој се користи од страна на Правниот факултет се наоѓа во зградата на Факултетот за образовни науки во Штип.

Наставната програма во Струмица се одвива во 2 предавални со вкупен капацитет од 100 места и еден амфитеатар со капацитет од 124 места.

Наставната програма во Скопје се одвива во 1 предавална со вкупен капацитет од 60 места.

*Видови на опрема*

За изведување на определената студиска програма на кампусот во Кочани на располагање се 25 компјутери, 2 печатачи и 1 ЛЦД проектор.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Правниот факултет има вкупно 45 компјутери и 350 интернет приклучоци. Располага со 4 ЛЦД проектори, 2 скенери и 2 печатачи.

*Библиотека*

Библиотечниот фонд го сочинуваат домашна и странска литература. На Правниот факултет има вупно 17400 книги од областите на студиската група. Од нив 16579 се на македонски јазик, додека 821 се на странски јазици.

### 5.4.3. Факултет за образовни науки

*Дидактички простор*

Факултетот за образовни науки има соодветен простор со површина од 1300 $m^2$. Располага со две поголеми предаални, едната со површина од 107,1 $m^2$ и вкупен капацитет од 150 седишта и другата со површина од 72 $m^2$.

Наставната програма на Факултетот за образовни науки се одвива и во уште 6 помали предавални кои имаат вкупна површина од 540 $m^2$. На Факултетот за образовни науки има вкупно 8 кабинети за наставно-научниот кадар и една компјутерска училница која е мрежно поврзана со интернет.

Наставната програма во Струмица се одвива во 1 предавална со вкупен капацитет од 60 места и еден кабинет по информатика со капацитет од 27 места.

*Видови на опрема*

Сите предавални на Факултетот за образовни науки и предавалната се опремени со современа аудиовизуелна опрема со што се олеснува реализацијата на наставните програми.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Факултетот за образовни науки има опременост на компјутерските лаборатории со вкупно 41 компјутер и 1260 интернет приклучоци.

Наставната програма се извршува со помош на 5 ЛЦД проектори и 2 печатачи.

*Библиотека*

На Факултетот за образовни наукиима вупно 19865 книги од областите на студиската група од кои 13823 се домашни а 6033 се странски книги.

### 5.4.4. Филолошки факултет

*Дидактички простор*

Филолошкиот факултет има соодветен простор со површина од 2118 $m^2$. (Кампус 4). Располага со еден амфитеатар со површина од 107,1 $m^2$ и вкупен капацитет од 150 седишта и еден амфитеатар со површина од 72 $m^2$. Наставната програма на Филолошкиот факултет во студиските програми се одвива во 11 предавални кои имаат вкупна површина од 700 $m^2$.

Филолошкиот факултет на Кампус 4 располага и со своја библиотека со наслови на македонски јазик и на странските јазици кои се изучуваат на факултетот. Две од предавалните на факултетот се опремени со електронски табли, а во секоја предавална е поставен телевизор.

Во Кампусот во Струмица за наставната програма по англиски јазик Филолошкиот факултет користи еден кабинет за наставно-научен кадар и две предавални за настава (предавална 4 и предавална 5). Двете предавални се опремени со компјутер, а едната од нив (П4) и со телевизор.

*Видови на опрема*

Двата амфитератри на Филолошкиот факултет и предавалната се опремени со современа аудиовизуелна опрема со што се олеснува реализацијата на наставните програми на различните јазични студиски програми.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

Филолошкиот факултет има опременост на компјутерските лаборатории со вкупно 21 компјутер и 610 интернет приклучоци. Наставната програма се извршува со помош на 3 ЛЦД проектори и 2 печатачи.

*Библиотека*

На Филолошкиот факултет има вупно 14124 книги од областите на студиската група од кои 4878 се домашни, а 9246 се странски книги.

**5.4.5. Факултет за туризам и бизнис логистика**

*Дидактички простор*

Вкупната површина на дидактичкиот простор на Факултетот за туризам и бизнис логистика е 3.602, 2 $m^2$ и вкупен капацитет од 487 седишта.

На Кампус 4 се расположливи околу 1300 $m^2$ простор за изведување на теоретска и практична настава на студентите.

Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија има соодветен простор со површина од 602 $m^2$ и расположливи 480 седишта. Факултетот располага со еден амфитеатар со површина од 340 $m^2$ и вкупен капацитет од 280 седишта. Наставната програма се одвива во 4 предавални кои имаат вкупна површина од 182 $m^2$ и капацитет од 200 седишта.

На Факултетот за туризам и бизнис логистика има вкупно 2 кабинети за наставно-научниот кадар со површина од 48 $m^2$ и 5 седишта. На располагање се два други дидактички простори со вкупна површина од 12 $m^2$ и расположливи седишта.

Факултетот за туризам и бизнис логистика има дисперзирани студии во Скопје со соодветен простор од 1700 $m^2$ и расположливи 400 седишта.

Академскиот кадар располага со 3 предавални и вкупен капацитет од 400 седишта, еден кабинет и две седишта. Наставно-научниот кадар располага со уште една просторија и две седишта.

*Видови на опрема*

Предавалните се опремени со современа аудиовизуелна опрема.

*Опременост на компјутерските лаборатории*

На дисперзираните студии во Скопје, Факултетот располага со 25 компјутери, 22 телефонски апарати, 3 фиксни пероектори, една мултимедијална табла, 4 мрежен печатач, 8 преносливи компјутери, 3 оптоманоподвижни проектори, една камера, 3 ЛЦД проектори и 4 ЛЦД телевизори.

Објектот во Гевгелија располага со компјутерска опрема која се состои во 6 персонални компјутери, еден мултифункционален уред, 1 мрежен печатач, активна мрежна опрема и сервери, 3 телефонски апарати.

Според видот на опремата, Факултетот за туризам и бизнис логистика располага со 12 компјутери, 12 интернет приклучоци, 5 ЛЦД проектори, 2 скенер и 3 печатачи.

*Пристап до интернет*

На Факултетот за туризам и бизнис логистика има 7 пристапи до интернет за академскиот кадар и 2 пристапи за администарцијата.

*Библиотека*

Факултетот за туризам и бизнис логистика има вупно 3076 книги од областите на студиската група, од кои 2924 на македонски јазик и 152 на странски јазици.

**5.5. Просторна и материјална опременост на наставните центри**

**Струмица**

Наставниот центар во Струмица располага со вкупна површина од 3726 $m^2$ простор во кој спаѓаат амфитеатри, предавални, компјутерски училници, лаборатории, студентско бифе, како и кабинети за наставници и технички персонал. Во периодот 2016-2018 година Наставниот центар во Струмица за своите дисперзирани студии го користеле: Факултетот за образовни науки, Машинскиот факултет, Економскиот факултет, Земјоделскиот факултет, Факултетот за информатика, Филолошкиот факултет и Правниот факултет. Исто така во Наставниот центар во Струмица Универзитетот користи под закуп и спортска сала со површина од 970 $m^2$ која ги задоволува потребите на студентите од овие факултети за извршување на вежбите по предметот Спорт и рекреација.

**Кавадарци**

Наставниот центар во Кавадарци располага со вкупна површина од 1451 $m^2$ простор во кој спаѓаат амфитеатри, предавални, компјутерски училници, како и кабинети за наставници и технички персонал. Во периодот 2016-2018 година Наставниот центар во Кавадарци за своите дисперзирани студии го користеле: Земјоделскиот факултет, Факултетот за информатика и Факултетот за природни и технички науки. Исто така во наставниот центар во Кавадарци Универзитетот користи под закуп и спортска сала со површина од 970 $m^2$ која ги задоволува потребите на студентите од овие факултети за извршување на вежбите по предметот Спорт и рекреација.

**Гевгелија**

Наставниот центар во Гевгелија располага со вкупна површина од 2760 $m^2$ простор во кој спаѓаат амфитеатри, предавални, како и кабинети за наставници и технички персонал. Во периодот 2016-2018 година наставниот центар во Гевгелија го користел единствено Факултетот за туризам и бизнис логистика. Исто така во наставниот центар во Гевгелија Универзитетот користи под закуп и спортска сала со површина од 970 $m^2$ која ги задоволува потребите на студентите од овие факултети за извршување на вежбите по предметот Спорт и рекреација.

**Радовиш**

Наставниот центар во Радовиш располага со вкупна површина од 1530 $m^2$, простор во кој спаѓаат предавални, компјутерски училници, како и кабинети за наставници и технички персонал. Во периодот 2016-2018 година Наставниот центар во Радовиш за своите дисперзирани студии го користел Економскиот факултет, а како матичен објект го користел Електротехничкиот факултет. Исто така, во Наставниот центар во Радовиш Универзитетот користи под закуп и спортска сала со површина од 970 $m^2$ која ги задоволува потребите на студентите од овие факултети за извршување на вежбите по предметот Спорт и рекреација.

**Кочани**

Наставниот центар во Кочани располага со вкупна површина од 1818 $m^2$ простор во кој спаѓаат амфитеатри, предавални, компјутерски училници, како и кабинети за наставници и технички персонал.

**Прилеп**

Наставниот центар во Прилеп располага со вкупна површина од 961 $m^2$ простор во кој спаѓаат амфитеатри, предавални, компјутерски училници, како и кабинети за наставници и технички персонал. Во периодот 2016-2018 година Наставниот центар во Прилеп за своите дисперзирани студии го користеле: Земјоделскиот факултет, Технолошко-техничкиот факултет и

Факултетот за природни и технички науки. Исто така, во Наставниот центар во Прилеп Универзитетот користи под закуп и спортска сала со површина од 970 $m^2$ која ги задоволува потребите на студентите од овие факултети за извршување на вежбите по предметот Спорт и рекреација.

**Скопје**

Наставниот центар во Скопје располага со вкупна површина од 2731 $m^2$ простор во кој спаѓаат амфитеатри, предавални, компјутерски училници, како и кабинети за наставници и технички персонал. Во периодот 2016-2018 година Наставниот центар во Скопје за своите дисперзирани студии го користеле: Економскиот факултет, Факултетот за туризам и бизнис логистика, Правниот факултет и Факултетот за природни и технички науки.

**Виница**

Наставниот центар во Виница располага со вкупна површина од 316 $m^2$ простор во кој спаѓаат предавални, како и кабинети за наставници и технички персонал.

**Пробиштип**

Наставниот центар во Пробиштип располага со вкупна површина од 1885 $m^2$ простор во кој спаѓаат предавални, како и кабинети за наставници и технички персонал.

**SWOT анализа за просторна и материјална опременост на УГД**

| **СИЛНИ СТРАНИ (Strengths)** | **СЛАБИ СТРАНИ (Weaknesses)** |
|---|---|
| ▪ Зголемен број на стручни книги и учебници на сите единици на Универзитетот<br>▪ Отворени неколку нови лаборатории за научноистражувачка работа на повеќе единици на Универзитетот (некои од нив и комерцијални)<br>▪ Целосна компјутеризација на универзитетските кампуси<br>▪ Интернет приклучоци за потребите на студентите, академскиот и административниот кадар<br>▪ Зголемена површина на универзитетски дидактички простор во однос на бројот на студенти | ▪ Повеќе објекти во градовите каде што во изминатиот период имало дисперзирни студии сè уште се под закуп на Универзитетот, иако нема активни студиски програми во тие градови<br>▪ Недоволен простор за библиотеки и читални |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
| ▪ Поголема ефикасност во одвивањето на наставниот процес поради сконцентрираноста на наставничкиот и соработнички кадар во поголемите наставни центри | ▪ Намален интерес за студирање на дисперзираните студии во одредени центри<br>▪ Тешкототии во менаџирањето и администрирањето на комплексна и дисперзирана структура |

Внатрешни фактори

Надворешни фактори

Позитивни

Негативни

## 6. СТУДЕНТСКА АНКЕТА

Во рамките на самоевалуациониот процес, Комисијата за самоевалуација во соработка со комисиите за самоевалуација на факултетите при УГД спроведе студентска анкета. Во анкетата учествуваа 683 студенти-испитаници од сите години и од сите студиски програми или околу 10,17% од вкупниот број на студенти на УГД за учебната 2017/2018 година. Анкетниот лист вклучуваше 46 прашања распоредени во 9 подрачја.

Подолу се дадени сумираните резултати прикажани по кампуси.

### 6.1. Организација на процесот на настава

#### 6.1.1. Информираност

**Кампус 1**: Три осмини (37,5%) од испитаниците се информирани за организацијата на наставата, една четвртина (25%) не можат да се одлучат, а останатите (37,5%) се неинформирани.

**Кампус 2**: 64,5% од испитаниците се информирани за организацијата на наставата, 16,8% не можат да се одлучат, а помалку од една петина (18,3%) се неинформирани.

**Кампус 3**: Повеќе од две петини (42,7%) од студентите се информирани за организацијата на наставата, две петини (39,7%) се неинформирани, а останатите 17,6% не можат да се одлучат.

**Кампус 4**: 54,6% од студентите се информирани за организацијата на наставата, а помалку од една петина (19,1%) не можат да се одлучат. Неинформирани се 27% од анкетираните студенти.

СУМАРНО: Околу три петини (59,3%) од испитаните студенти се информирани за правилата на организирање на наставата и режимот на студии, 27,3% не се информирани, а останатите 17,9% не можат да се одлучат. *Може да се заклучи дека процентот за информираност на студентите е задоволителен, но сепак УГД може да преземе мерки за поголема информираност на студентите околу организацијата на наставата и режимот на студирање*.

### 6.1.2. Организираност на наставата

СУМАРНО: Предавањата се оценети дека се одвивале според дадениот распоред од страна на 86,3% од испитаниците. Најмногу одговориле најчесто (35,7%) и често (33,6%), а 17,0% одговориле понекогаш.

Повеќе од три четвртини (76,7%) од испитаниците сметаат дека во текот на семестарот биле рализирани предвидените предавања, а околу пет осмини (62,6%) сметаат дека годишниот распоред за настава, за испитни сесии и за одмор соодветствува на потребите на студентите.

Табела 6.1. Мислење на студентите за организираноста на наставата во кампусите на УГД

| ОРГАНИЗИРАНОСТ НА НАСТАВАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Кампус** | **Предавања според распоред** | **Реализирани предвидени предавања** | **Соодветен годишен распоред** | **Организираност на наставата во целина** |
| **Кампус 1** | 100,0% | 100,0% | 87,5% | 62,5% |
| **Кампус 2** | 92,4% | 86,5% | 77,3% | 66,5% |
| **Кампус 3** | 71,8% | 64,9% | 45,0% | 39,7% |
| **Кампус 4** | 90,8% | 73,7% | 58,6% | 60,5% |
| **УГД** | 86,3% | 76,7% | 62,6% | 57,1% |

Четири седмини (57,1%) на анкетираните студенти сметаат дека наставата е добро организирана во целина, при што од истата најголем процент на незадоволни студенти, околу две петини (38,9%), има на Кампус 3. *Иако средниот процент на УГД е задоволителен, потребни се мерки за да се зголеми организираноста на наставата во целина, а бидејќи најслаби оценки доби годишниот распоред, потребно е да се посвети повеќе внимание при неговата изработка и истиот доследно да се почитува, посебно на Кампус 3.*

### 6.2. Студиска програма

СУМАРНО: Повеќе од пет осмини (63,9%) од испитаниците сметаат дека студиската програма нуди можност да се стекнат со компетенции соодветни за нивните идни професии (19,7% не се одлучни).

Табела 6.2. Мислење на студентите за студиските програми на УГД

| СТУДИСКА ПРОГРАМА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Кампус** | **Овозможува стекнување на компетенции** | **Преобемна** | **Повеќе практична настава** | **Овозможува стекнување на практични вештини** |
| **Кампус 1** | 75,0% | 12,5% | 75,0% | 37,5% |
| **Кампус 2** | 57,8% | 35,7% | 77,3% | 40,5% |
| **Кампус 3** | 71,0% | 68,7% | 78,6% | 35,1% |
| **Кампус 4** | 64,5% | 25,7% | 64,5% | 45,4% |
| **УГД** | 63,9% | 41,2% | 73,5% | 40,5% |

Повеќе од две петини (41,2%) од анкетираните студенти сметаат дека студиската програма е преобемна во поглед на бројот на предмети (повеќе од една петина или 23,7% не се одлучни).

Дури 75,0% од студентите на Кампус 1, 77,3% од студентите на Кампус 2, 78,6% од студентите на Кампус 3 и 64,5% од студентите на Кампус 4 бараат зголемување на практичната настава.

Три осмини од студентите на Кампус 1 (37,5%), две петини на Кампус 2 (40,5%), 35,1% на Кампус 3 и 45,4% од студентите на Кампус 4 сметаат дека начинот на кој се реализира практичната настава не ми овозможува стекнување со потребните практични вештини. Неодлучни се 12,5%, 18,4%, 13,0% и 22,4% од студентите, соодветно по кампуси.

*Најголем дел од студентските коментари се однесуваа на зголемување на квалитетот и бројот на часови за практичната настава, со изразена желба за повеќе лабораториски вежби и поминување на подолго време во соодветните лаборатории со практична работа. Потребно е зголемување на квалитетот на реализирање на практичната настава и нејзиното времетраење, посебно на факултетите од Кампус 2 и 3. Со воведувањето на практична настава како задолжителна во парните семестри, доколку истата се спроведува правилно, се надеваме дека ќе се подобри ситуацијата.*

### 6.3. Предметни програми

#### 6.3.1. Содржина на предметни програми

СУМАРНО: 65,8% од студентите сметаат дека содржините на предметните програми се разбирливи, додека над една петина (21,4%) не можат да се одлучат.

Околу пет осмини (62,6%) од студентите сметаат дека преку содржината на предметните програми се стекнале со очекуваните знаења (21,0% не се одлучни). Повеќе од две деветини од испитаниците (23,7%) сметаат дека обемот на соодржините на предметната програма соодветствува на предвидениот број на кредити, а помалку од две седмини или 27,9% не можат да се одлучат.

Табела 6.3. Мислење на студентите за содржините на предметните програми

| СОДРЖИНИТЕ НА ПРЕДМЕТНИТЕ ПРОГРАМИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Кампус** | **Се разбирливи** | **Ги даваат очекуваните знаења** | **Се преобемни во однос на предвидениот број на кредити** |
| **Кампус 1** | 75,0% | 75,0% | 12,5% |
| **Кампус 2** | 68,6% | 60,5% | 48,1% |
| **Кампус 3** | 58,8% | 55,7% | 58,0% |
| **Кампус 4** | 67,8% | 70,4% | 42,1% |
| **УГД** | 65,8% | 62,6% | 48,3% |

Се очекува новите предметни програми да бидат уште поинтересни, поразбирливи, поприфатливи и усогласени согласно со очекувањата на идните студенти.

#### 6.3.2. Литература

**Кампус 1:** Пет осмини (62,5%) од испитаниците учат од фотокопирани учебници и скрипти, една четвртина (25,0%) користат оригинална литература во електронска форма, а една осмина (12,5%) користат нешто друго.

**Кампус 2:** 45,4% од испитаниците користат фотокопирани учебници и скрипти за учење, додека повеќе од три седмини (42,2%) користат оригинална литература во електронска форма. Само 8,1% од испитаниците користат оригинална литература во печатена форма, а 4,3% користат нешто друго.

**Кампус 3:** Дури четири петини (79,4%) од испитаниците учат од фотокопирани материјали, а само 16,8% користат оригинална литература (9,9% во печатена форма и 6,9% во електронска форма). 3,8% користат нешто друго.

**Кампус 4:** 69,7% од испитаниците учат од фотокопирани материјали, а една четвртина (25,0%) користат оригинална литература (13,8% во печатена форма и 11,2% во електронска форма), 5,3% користат нешто друго.

СУМАРНО: Околу 32,6% од испитаниците учат од оригинална литература било во печатена или електронска форма, додека над пет осмини (62,8%) од испитаниците учат од фотокопирани материјали.

*Карактеристично е што при користењето на фотокопирани материјали е позастапена користена литература кај студентите од Кампус 3, 4 и 1. УГД треба да продолжи со мерките кои ги презема во врска со комплетното искоренување на фотокопирањето како појава, односно повеќе да ги стимулира професорите да пишуваат учебници и книги.*

## 6.4. Следење и оценување на постигнувањата на студентот

Табела 6.4. Мислење на студентите за критериумите за оценување

| Кампус | Правилата и критериумите за следење и оценување се јавни и достапни | Испитните и колоквиумските прашања/задачи соодветствуваат со содржините предвидени со предметните програми | Оценките се објективни |
|---|---|---|---|
| **Кампус 1** | 50,0% | 75,0% | 50,0% |
| **Кампус 2** | 77,8% | 81,1% | 63,8% |
| **Кампус 3** | 62,6% | 64,1% | 40,5% |
| **Кампус 4** | 65,1% | 85,5% | 55,3% |
| **УГД** | 69,1% | 77,7% | 54,4% |

**Кампус 1:** Една половина од испитаниците (50,0%) сметаат дека правилата и критериумите за следење и оценување се јавни и достапни, а три четвртини (75,5%) сметаат дека испитните и колоквиумските прашања/задачи соодветствуваат на содржините предвидени со предметните програми. Само една половина (50,0%) од испитаниците сметаат дека оценувањето е објективно, една осмина (12,5%) сметаат дека оценувањето не е објективно, а останатите три осмини (37,5%) не можат да се одлучат.

**Кампус 2:** Околу седум деветини од испитаниците (77,8%) сметаат дека правилата и критериумите за следење и оценување се јавни и достапни, а над четири петини (81,1%) сметаат дека испитните и колоквиумските прашања/задачи соодветствуваат на содржините предвидени со предметните програми. Над пет осмини од анкетираните студенти (63,8%) сметаат дека оценувањето е објективно, а 17,8% сметаат дека оценувањето не е објективно. Останатите 18,4% не можат да се одлучат.

**Кампус 3:** Само две петини (40,5%) од анкетираните студенти сметаат дека оценувањето е објективно, а дури 29,0% сметаат дека оценувањето не е објективно. Останатите 30,5% не можат да се одлучат. Околу пет осмини (62,6%) сметаат дека правилата и критериумите за следење и оценување се јавни и достапни, а 64,1% сметаат дека испитните и колоквиумските прашања/задачи соодветствуваат на содржините предвидени со предметните програми.

**Кампус 4:** Околу пет деветини (55,3%) од студентите сметаат дека оценувањето е објективно, над две деветини (22,4%) сметаат дека оценувањето не е објективно, а останатите 21,7% не можат да се одлучат. 65,1% од испитаниците сметаат дека правилата и критериумите за следење и оценување се јавни и достапни, а дури 85,5% сметаат дека испитните и колоквиумските прашања/задачи соодветствуваат на содржините предвидени со предметните програми.

СУМАРНО: Над две третини од анкетираните студенти (69,1%) сметаат дека правилата и критериумите за следење и оценување на постигнувањата на студентот се јавно достапни за студентите.

Околу пет деветини (54,4%) од студентите сметаат дека оценувањето е објективно, а дури две деветини (22,3%) сметаат дека оценувањето не е објективно. Останатите 23,1% не можат да се одлучат. Ова е полоша ситуација од претходната самоевалуација, кога 58,4% од студентите сметаа дека оценувањето е објективно, а само 12,6% сметаа дека оценувањето не е објективно.

Седум деветини (77,7%) од студентите сметаат дека испитните и колоквиумските прашања и задачи соодветствуваат со содржините предвидени со предметните програми.

### 6.4.1. Потребно време за учење

**Кампус 1:** Најголем број од студентите учат 3 до 5 дена (62,5%), додека на 12,5% од студентите за да ги подготват испитите за 1 до 2 дена или 9 до 20 дена или повеќе од 20 дена.

**Кампус 2:** 5,9% од студентите испитите ги подготвуваат за 1 до 2 дена. Најголем број од студентите учат 3 до 5 дена (35,1%) или 6 до 8 дена (33,5%) за завршните испити. На 15,7% од студентите им се потребни 9 до 20 дена за подготовка на завршните испити, а на 9,7% од студентите им е потребно повеќе од 20 дена.

**Кампус 3**: Само 0,8% од студентите испитите ги подготвуваат за 1 до 2 дена. Најголем број од студентите учат 6 до 8 дена (43,5%) или 3 до 5 дена (32,1%) за завршните испити. На 19,8% од студентите им е потребно 9 до 20 дена за подготовка на завршните испити, а на 3,8% од студентите им е потребно повеќе од 20 дена.

**Кампус 4**: 7,9% од студентите испитите ги подготвуваат за 1 до 2 дена. Најголем број од студентите учат 3 до 5 дена (36,8%) или 6 до 8 дена (27,6%) за завршните испити, а 9 до 20 дена им е потребно на 19,7% од испитаниците. Само на 7,2% од студентите им се потребни повеќе од 20 дена за подготовка на завршните испити.

СУМАРНО: Завршните испити на УГД се задолжителни за сите. Околу осум деветини (87,2%) од студентите на УГД просечно учат од 3 до 20 дена (35,3% за 3 до 5 дена, 33,8% за 6 до 8 дена и 18,1% за 9 до 20 дена) за завршните испити (слика 6.1). Само на 5,3% од студентите им се потребни само 1 до 2 дена за подготовка на завршните испити, додека 7,4% учат повеќе од 20 дена.




Слика 6.1. Време на подготвување на испити на УГД

### 6.5. Мислење за наставниците

Табела 6.5. Мислење на студентите за наставниците

| МИСЛЕЊЕ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кампус | Редовност на предавања | Разбирливост на предавања | Поттикнуваат поставување на прашања | Коректност | Општа оценка |
| **Кампус 1** | 75,0% | 62,5% | 62,5% | 62,5% | 87,5% |
| **Кампус 2** | 91,9% | 70,3% | 74,1% | 83,8% | 87,0% |
| **Кампус 3** | 83,2% | 65,6% | 61,8% | 58,8% | 85,5% |
| **Кампус 4** | 75,7% | 75,0% | 73,7% | 73,7% | 85,5% |
| **УГД** | 84,0% | 70,4% | 70,4% | 73,3% | 86,1% |

**Кампус 1:** Три четвртини (75,0%) од испитаниците сметаат дека наставниците се редовни на предавања (37,5% даваат оценка 4 и 37,5% даваат оценка 5). Пет осмини (62,5%) од студентите сметаат дека наставниците организираат разбирливи предавања и исто толку сметаат дека наставниците ги охрабруваат да поставуваат прашања и дека имаат коректен однос. 87,5% од испитаниците ја оценуваат со оценка 3, 4 или 5 севкупната компетентност

на наставникот во целина. Најмногу ја има оценката 4 (50,0%), потоа оценката 5 (25,0%) и на крај оценката 3 (12,5%).

**Кампус 2:** Дури 91,9% од испитаниците сметаат дека наставниците се редовни на предавања (16,2% даваат оценка 3, 31,4% даваат оценка 4 и 44,3% даваат оценка 5). 70,3% од студентите сметаат дека наставниците организираат разбирливи предавања, помалку од три четвртини (74,1%) сметаат дека наставниците ги охрабруваат да поставуваат прашања, додека 83,8% сметаат дека наставниците имаат коректен однос. 87,0% од испитаниците ја оценуваат со оценка 3, 4 или 5 севкупната компетентност на наставникот во целина. Најмногу ја има оценката 4 (34,1%), потоа оценката 5 (28,1%) и на крај оценката 3 (24,9%).

**Кампус 3:** 83,2% од испитаниците сметаат дека наставниците се редовни на предавања (31,3% даваат оценка 3, 29,8% даваат оценка 4 и 22,1% даваат оценка 5). Помалку од две третини (65,6%) од студентите сметаат дека наставниците организираат разбирливи предавања, 61,8% сметаат дека наставниците ги охрабруваат да поставуваат прашања, а 58,8% сметаат дека наставниците имаат коректен однос. 85,5% од испитаниците ја оценуваат со оценка 3, 4 или 5 севкупната компетентност на наставникот во целина. Најмногу ја има оценката 3 (36,6%), потоа оценката 4 (33,6%) и на крај оценката 5 (15,3%).

**Кампус 4:** Над три четвртини (75,7%) од испитаниците сметаат дека наставниците се редовни на предавања (24,3% даваат оценка 3, 25,0% даваат оценка 4 и 26,3% даваат оценка 5). Три четвртини (75,0%) од студентите сметаат дека наставниците организираат разбирливи предавања, 73,7% сметаат дека наставниците ги охрабруваат да поставуваат прашања и исто толку сметаат дека наставниците имаат коректен однос. 85,5% од испитаниците ја оценуваат со оценка 3, 4 или 5 севкупната компетентност на наставникот во целина. Најмногу ја има оценката 4 (40,1%), потоа оценката 5 (23,0%) и на крај оценката 3 (22,4%).

СУМАРНО: *Генерално, општата оценка на наставниците на ниво на УГД е задоволителна.*

### 6.6. Мислење за асистентите

**Кампус 1:** Три четвртини (75,0%) од испитаниците сметаат дека асистентите се редовни на вежби (12,5% даваат оценка 3 и 62,5% даваат оценка 5). Три четвртини (75,0%) од студентите сметаат дека асистентите

организираат разбирливи вежби и дека асистентите ги охрабруваат да поставуваат прашања. Дури седум осмини (87,5%) сметаат дека асистентите имаат коректен однос. 75,0% од испитаниците ја оценуваат со оценка 3, 4 или 5 севкупната компетентност на асистентот во целина. Најмногу ја има оценката 5 (50,0%), а потоа оценките 3 и 4 со 12,5%.

**Кампус 2:** Дури 86,5% од испитаниците сметаат дека асистентите се редовни на вежби (15,1% даваат оценка 3, 16,2% даваат оценка 4 и 42,7% даваат оценка 5). 69,7% од студентите сметаат дека асистентите организираат разбирливи вежби, повеќе од три четвртини (76,2%) сметаат дека асистентите ги охрабруваат да поставуваат прашања, додека 83,8% сметаат дека асистентите имаат коректен однос. 84,9% од испитаниците ја оценуваат со оценка 3, 4 или 5 севкупната компетентност на асистентот во целина. Најмногу ја има оценката 5 (35,1%), потоа оценката 4 (33,0%) и на крај оценката 3 (16,8%).

**Кампус 3:** Четири петини (79,4%) од испитаниците сметаат дека асистентите се редовни на вежби (16,0% даваат оценка 3, 31,3% даваат оценка 4 и 32,1% даваат оценка 5). Помалку од три четвртини (73,3%) од студентите сметаат дека асистентите организираат разбирливи вежби, 76,3% сметаат дека асистентите ги охрабруваат да поставуваат прашања, а 77,9% сметаат дека асистентите имаат коректен однос. 83,2% од испитаниците ја оценуваат со оценка 3, 4 или 5 севкупната компетентност на асистентот во целина. Најмногу ја има оценката 5 (30,5%), потоа оценката 4 (29,8%) и на крај оценката 3 (22,9%).

**Кампус 4:** Околу шест деветини (66,4%) од испитаниците сметаат дека асистентите се редовни на вежби (20,4% даваат оценка 3, 23,7% даваат оценка 4 и 22,4% даваат оценка 5). Помалку од една половина (49,3%) од студентите сметаат дека асистентите организираат разбирливи вежби, 53,9% сметаат дека асистентите ги охрабруваат да поставуваат прашања и 61,2% сметаат дека асистентите имаат коректен однос. 71,7% од испитаниците ја оценуваат со оценка 3, 4 или 5 севкупната компетентност на асистентот во целина. Најмногу ја има оценката 4 (28,3%), потоа оценката 3 (24,3%) и на крај оценката 5 (19,1%).

Табела 6.6. Мислење на студентите за наставниците

| МИСЛЕЊЕ ЗА АСИСТЕНТИТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кампус** | **Редовност на вежби** | **Разбирливост на вежби** | **Поттикнуваат поставување на прашања** | **Коректност** | **Општа оценка** |
| **Кампус 1** | 75,0% | 75,0% | 75,0% | 87,5% | 75,0% |
| **Кампус 2** | 86,5% | 69,7% | 76,2% | 83,8% | 84,9% |
| **Кампус 3** | 79,4% | 73,3% | 76,3% | 77,9% | 83,2% |
| **Кампус 4** | 66,4% | 49,3% | 53,9% | 61,2% | 71,7% |
| **УГД** | 77,9% | 64,3% | 69,1% | 75,0% | 80,0% |

СУМАРНО: *Генерално, општата оценка на асистентите на ниво на УГД е задоволителна.*

### 6.7. ИКТ поддршка на наставата

СУМАРНО: 70,8% од анкетираните студенти сметаат дека наставата беше поддржана со информатичко-комуникациска технологија (споредено со 73,9% од претходната самоевалуација).

#### 6.7.1. Платформа за е-учење

Табела 6.7. Мислење на студентите за платформата е-учење

| ПЛАТФОРМА ЗА Е-УЧЕЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Кампус** | **Ја поддржуваш е наставата** | **Го олеснува процесот на учење** | **Заштедува време и пари** | **Користење на сите негови можности** |
| **Кампус 1** | 50,0% | 37,5% | 50,0% | 0% |
| **Кампус 2** | 93,0% | 91,4% | 88,1% | 60,0% |
| **Кампус 3** | 88,5% | 81,7% | 77,1% | 40,5% |
| **Кампус 4** | 80,3% | 72,4% | 74,3% | 40,1% |
| **УГД** | 87,0% | 81,7% | 80,0% | 47,3% |

СУМАРНО: 87,0% од анкетираните студенти сметаат дека наставата беше поддржана со платформата на е-учење.

Над четири петини (81,7%) од испитаниците сметаат дека е-учењето го олеснува процесот на учење и отприлика исто толку (80,0%) сметаат дека е-учењето заштедува време и пари.

Дека во текот на наставата беа користени сите можности (форуми, чат, тестови, оценување) кои ги нуди платформата за електронско учење се изјаснија помалку од поовината (47,3%) од анкетираните студенти. *Генерално платформата за електронско учење е корисна алатка за студентите на УГД.*

### 6.7.2. Е-индекс

СУМАРНО: Дури 97,7% од анкетираните студенти сметаат дека е-индексот ми овозможи поедноствен пристап до информациите за нивните постигнувања вреднувани/оценети од страна на наставникот. 94,5% сметаат дека е-индекс им го крати времето потребно за извршување на административните обврски.

Табела 6.8. Мислење на студентите за е-индекс

| **Е-ИНДЕКС** | | |
|---|---|---|
| **Кампус** | **Поедноставен пристап до информациите за оценување** | **Пократко време за административни обврски** |
| **Кампус 1** | 87,5% | 87,5% |
| **Кампус 2** | 97,3% | 96,2% |
| **Кампус 3** | 97,7% | 94,7% |
| **Кампус 4** | 98,7% | 92,8% |
| **УГД** | 97,7% | 94,5% |

*Студентите се многу задоволни од е-индекс и според коментарите овој сервис претставува една од најголемите предности на УГД во однос на другите универзитети во Република Северна Македонија.*

### 6.7.3. Е-библиотека

СУМАРНО: Повеќе од четири петини (80,9%) од испитаниците сметаат дека со е-библиотека имаат поголема достапност на учебници и учебни помагала, а 1,3% не можат да се одлучат. 72,9% од испитаниците сметаат дека е-библиотеката им заштедува пари, а само 1,9% не можат да се одлучат.

Табела 6.9. Мислење на студентите за е-библиотеката

| Е-БИБЛИОТЕКА | | |
|---|---|---|
| **Кампус** | **Поголема достапност на учебници и учебни помагала** | **Заштедува пари** |
| **Кампус 1** | 87,5% | 87,5% |
| **Кампус 2** | 84,3% | 84,9% |
| **Кампус 3** | 78,6% | 62,6% |
| **Кампус 4** | 78,3% | 66,4% |
| **УГД** | 80,9% | 72,9% |

*Мислењата на студентите за корисноста на е-библиотека со моменталниот фонд на учебници и учебни помагала се далеку подобрени во однос на претходната самоевалуација (77,6%). Ова значи дека насоката на УГД за збогатување на овој фонд е правилна и им овозможува на студентите повеќе да ја користат е-библиотеката.*

### 6.8. Мислење за сервисните служби

Табела 6.10. Мислење на студентите за сервисните служби студентски прашања и библиотека

| Кампус | Соработка со оделот за студентски прашања | Соработка со лицата во библиотеката |
|---|---|---|
| **Кампус 1** | 50,0% | 50,0% |
| **Кампус 2** | 67,6% | 83,8% |
| **Кампус 3** | 70,2% | 72,5% |
| **Кампус 4** | 79,6% | 78,9% |
| **УГД** | 71,8% | 78,6% |

**Кампус 1:** По една половина (50,0%) од анкетираните студенти не се задоволни од соработката со референтите на одделите за студентски прашања и од соработката со лицата во библиотеката.

**Кампус 2:** 31,9% од анкетираните студенти не се задоволни од соработката со референтите на одделите за студентски прашања, а 13,5% не се задоволни од соработката со лицата во библиотеката.

**Кампус 3:** Три десетини (29,8%) од анкетираните студенти не се задоволни од соработката со референтите на одделите за студентски прашања, а 26,7% не се задоволни од соработката со лицата во библиотеката.

**Кампус 4:** Околу една петина (20,4%) од анкетираните студенти не се задоволни од соработката со референтите на одделите за студентски прашања и отприлика исто толку (19,1%) не се задоволни од соработката со лицата во библиотеката.

СУМАРНО: *Генерално, мислењата на студентите за службата на студентски прашања се влошени (77,6% во претходната самоевалуација), додека за лицата вработени во библиотеката мислењата се подобрени (76,9%% во претходната самоевалуација). УГД треба да продолжи со збогатувањето на стручната литература во библиотеките.*

### 6.9. Општа оценка

Табела 6.11. Општа оценка на студентите за УГД

| Кампус | Материјално-техничка опременост | Вкупна оценка на вработените на УГД | Вкупна оценка за студиската програма | Исполнување на очекувањата |
|---|---|---|---|---|
| **Кампус 1** | 25,0% | 50,0% | 62,5% | 25,0% |
| **Кампус 2** | 56,2% | 75,1% | 65,9% | 54,1% |
| **Кампус 3** | 37,4% | 58,8% | 65,6% | 43,5% |
| **Кампус 4** | 53,9% | 71,7% | 75,0% | 57,9% |
| **УГД** | 49,8% | 69,1% | 68,7% | 51,9% |

**Кампус 1:** Една половина (50,0%) од анкетираните студенти не се задоволни со материјално-техничката опременост на Универзитетот (25,0% не се одлучни) и исто толку се задоволни од вработените (12,5% не се одлучни). Пет осмини (62,5%) од испитаниците се задоволни од студиската програма

(12,5% не се одлучни), а половина од студентите сметаат дека УГД не ги исполнило нивните очекувања (25,0% не се одлучни).

**Кампус 2:** Две деветини (22,7%) од испитаниците не се задоволни со материјално-техничката опременост на Универзитетот (20,0% не се одлучни), а повеќе од три четвртини (75,1%) се задоволни од вработените (13,5% не се одлучни). 65,9% од испитаниците се задоволни од студиската програма (20,5% не се одлучни), а само 18,4% сметаат дека УГД не ги исполнило нивните очекувања (26,5% не се одлучни).

**Кампус 3:** Околу една третина (33,6%) од испитаниците не се задоволни со материјално-техничката опременост на Универзитетот (29,0% не се одлучни), а 58,8% се задоволни од вработените (26,7% не се одлучни). 65,6% од испитаниците се задоволни од студиската програма (16,8% не се одлучни), а 30,5% сметаат дека УГД не ги исполнило нивните очекувања (26,0% не се одлучни).

**Кампус 4:** Повеќе од две деветини (23,0%) од испитаниците не се задоволни со материјално-техничката опременост на Универзитетот (23,5% не се одлучни), а 71,7% се задоволни од вработените (14,5% не се одлучни). Три четвртини (75,0%) од испитаниците се задоволни од студиската програма (16,4% не се одлучни), а 21,1% сметаат дека УГД не ги исполнило нивните очекувања (21,1% не се одлучни).

СУМАРНО: *Општата оценка на студентите за УГД генерално е задоволителна.*

## 7. АНКЕТА НА НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

Во рамките на спроведената самоевалуација, Комисијата за самоевалуација во соработка со комисиите за самоевалуација на факултетите при Универзитетот спроведе анкета на наставно-научниот и соработнички кадар. Во анкетата учествуваа **249 испитаници** од наставничкиот и соработничкиот кадар од сите факултети во постојан работен однос или околу **83%** од наставничкиот и соработничкиот кадар со постојан работен однос на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Анкетниот лист вклучуваше 29 прашања распоредени во 4 подрачја.

### 7.1. Организациска поддршка на наставата

#### 7.1.1. Информираност

Наставничкиот и соработничкиот кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ беше прашан дали информациите за организацијата на наставно-образовниот процес на ниво на Универзитет се познати пред почетокот на секој семестар. Одговорите го покажуваат следното:

**Уметности (Кампус 1)**: испитаниот кадар покажува голем процент на информираност за организацијата на наставата со 96%.

**Природни, технички и биотехнички науки (Кампус 2)**: 84% од испитаниот наставнички кадар се информирани за организацијата на наставата, 16% се изјасниле како недоволно информирани, а бројот на неизјаснети е 0.

**Медицински науки (Кампус 3)**: 72% од наставниците и асистентите се информирани за организацијата на наставата, а 28% се изјасниле како недоволно информирани и нема неизјаснети.

**Општествени и хуманистички науки и уметности (Кампус 4)**: 79% од испитаниците се информирани за организацијата на наставата, а 21% се изјасниле како недоволно информирани, без неизјаснети.

Табела 7.1. Информираност со организацијата на наставно-образовниот процес

| | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Информирани | 96% | 84% | 72% | 79% | **82%** |
| Недоволно информирани | / | 16% | 28% | 21% | **18%** |
| Без одговор | 4% | / | / | / | **0%** |

**УГД:** 82% од испитаниот наставно-научен и соработнички кадар сметаат дека информациите за организацијата на наставата беа познати пред да започне семестарот, 18% не се информирани, со незначителен број на неизјаснети испитаници.

### 7.1.2. Годишен академски распоред

Наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ беше прашан за компатибилноста на годишниот академски распоред и наставно-образовниот процес. Сумираните резултати се следните:

**Уметности (Кампус 1)**: Испитаниците со голем процент се изјасниле дека академскиот распоред одговара со образовниот процес.

**Природни, технички и биотехнички науки (Кампус 2)**: 87% од испитаниот кадар се изјасниле дека распоредот одговора со наставно-образовниот процес, 13% се изјасниле дека не одговараат, а бројот на неизјаснети е незначителен.

**Медицински науки (Кампус 3)**: 83% од наставниците и асистентите се изјасниле дека распоредот одговора со наставно-образовниот процес, а 17% се изјасниле дека не се во склад распоредот и образовниот процес на УГД. Бројот на неизјаснети е незначителен.

**Општествени и хуманистички науки и уметности (Кампус 4)**: 82% од испитаниците изјавиле дека распоредот и наставно-образовниот процес се компатибилни, а 18% се изјасниле дека не одговара. Бројот на неизјаснети е премал за да се земе во предвид.

Табела 7.2. Компатибилноста на академски распоред и наставно-образовен процес

| | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Академскиот распоред одговара со образовниот процес | 100% | 87% | 83% | 82% | 86% |
| Академскиот распоред не одговара со образовниот процес | / | 13% | 17% | 18% | 14% |

**УГД:** 86% од испитаниот наставнички и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев" сметаат дека се во склад годишниот академски распоред за настава, вежби, колоквиуми, испитни сесии и одмор во однос на наставно-образовниот процес. Бројот на оние што го мислат спротивното е 16%.

### 7.1.3. Наставно-нагледни средства

Наставно-научен и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев" даде одговор и за обезбеденоста на потребните наставни и нагледни средства од страна на универзитетот.

**Уметности (Кампус 1)**: Позитивно се изјасниле 73%, кое што е и највисока оцена на опременоста со нагледни средства во споредба со другите кампуси.

**Природни, технички и биотехнички науки (Кампус 2):** 63% од наставниците и асистентите се изјасниле дека се обезбедени потребните наставни и нагледни средства од страна на Универзитетот, а 36% се изјасниле во спротивното при што бројот на неизјаснети е незначителен.

**Медицински науки (Кампус 3):** 36% од испитаниот кадар се изјасниле дека се обезбедени потребните наставни и нагледни средства, а 64% се изјасниле дека не се обезбедени. Во споредба со претходната самоевалуација, бројот на ипитаници што сметаа дека се обезбедени потребните наставни и нагледни средства се намали, тогаш бил 54%. Бројот на неизјаснети е незначителен за да се земе во превид.

**Општествени и хуманистички науки и уметности (Кампус 4)**: 64% од испитаниците изјавиле Универзитетот има обезбедено потребни наставни и нагледни средства, додека 35% се изјасниле дека не се обезбедени. Бројот на неизјаснети е 1%.

Табела 7.3. Обезбеденост на наставно-нагледни средства

| | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Наставно-нагледните средства се обезбедени | 73% | 63% | 36% | 64% | 61% |
| Наставно-нагледните средства не се обезбедени | 27% | 36% | 64% | 35% | 39% |

**УГД:** 61% од испитаниот наставнички и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ сметаат дека се обезбедени наставните и нагледните средства за нормално одвивање на наставата на Универзитетот. Бројот на оние што го мислат спротивното е 39%. Овие резултати се помали во споредба со претходната самоевалуација.

### 7.1.4. Платформа за е-учење

**УГД:** 61% од наставно-научениот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ смета дека платформата е-учење го олеснува образовнииот процес, 39% од испитаниците сметаа дека платформата не им помага во образовниот процес.

Во споредба со претходната евалација има значително зголемување на задоволството на Кампус 2, 3 и 4. Вкупно на Универзитетот задоволството споредбено со претходната евалуација е намалено поради влијанието на одговорите од Кампус 1, каде што оваа платформа е оценета со 61% корисност.

Деталната анализа по кампуси е прикажана во следната табела:

Табела 7.4. Електронско учење (е-учење)

| | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Го олеснува образовниот процес | 69% | 92% | 89% | 83% | 61% |
| Не го олеснува образовниот процес | 31% | 8% | 11% | 17% | 39% |

### 7.1.5. Електронски индекс

Наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев" го даде следниот одговор за работењето на електронскиот индекс:

Табела 7.5. Електронски индекс (е-индекс)

| | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Го скратува времето за административни обврски | 85% | 86% | 78% | 82% | 82% |
| Не го скратува времето за административни обврски | 15% | 17% | 22% | 18% | 18% |

**УГД:** 82% од анкетираниот наставничи и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев" смета дека е-индекс го скратува времето за административни обврски. Ова задоволство е зголемено во споредба со претходната самоевалуација каде што задоволството од истата платформа е 65%.

### 7.1.6. Електронска библиотека

Наставно-научниот и соработничкиот кадар на Универзитет „Гоце Делчев" беше прашан за придобивките од користењето на електронската библиотека (е-библиотека), при што сумираните резултати се дадени во табела 7.6.

Табела 7.6 Електронска библиотека (е-библиотека)

| | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Ја олеснува работата, ја подобрува достапноста на учебниците до студентите | 85% | 95% | 86% | 88% | 82% |
| Не ја олеснува работата, не ја подобрува достапноста на учебниците до студентите | 15% | 5% | 14% | 12% | 18% |

**УГД:** 82% од наставно-научниот и соработнички кадар сметаат дека е-библиотека ја подобрува достапноста на учебниците до студентите и ја олеснува нивната работа.

### 7.2. Внатрешна соработка

### 7.2.1. Соработка во рамките на факултетот

*Соработката со студентската служба на факултетот*

88% од наставно-научниот и соработничкиот кадар ја оценува позитивно соработката со студентската служба на факултетот на ниво на Универзитет, при што 12% се изјасниле негативно во однос на ова прашање.

*Соработката со техничкиот секретар на факултетот*

Наставно-научниот и соработничкиот кадар со 87% позитивен одговор ја оценува соработката со техничкиот секретар на факултетот. 13% од одговорите се воздржани по ова прашање, а нема без одговор.

*Соработката со секретарот (правникот) на факултетот*

Соработката со секретарот на факултетот е оценета на ниво на Универзитет како позитивна од 89% од наставно-научниот и соработничкиот кадар, а бројката на оние што негативно ја оценуваат оваа соработка е 10%.

Табела 7.7. Внатрешна соработка

| | | УГД |
|---|---|---|
| Студентска служба на факултетот | Задоволен сум од соработката | 88% |
| | Не сум задоволен од соработката | 12% |
| | Без одговор | / |
| Технички секретар | Задоволен сум од соработката | 87% |
| | Не сум задоволен од соработката | 13% |
| | Без одговор | / |
| Секретар (правникот) | Задоволен сум од соработката | 89% |
| | Не сум задоволен од соработката | 10% |
| | Без одговор | 1% |

*Соработката со деканот на факултетот*

Анализата е направена на ниво на кампуси и на **Кампус 1** наставно-научниот и соработнички кадар 92% се изјаснил дека е задоволен во соработката со деканот, а 4% се изразиле негативно за ова прашање. Има и мал дел на неодговорени прашалници.

**Кампус 2**, односно наставно-научниот и соработничи кадар од природни, технички и биотехнички науки позитивно ја оценуваат соработката со деканот со 91%.

Наставно-научниот и соработничи кадар од **Кампус 3**, исто така, ја оценува позитивно соработката со деканот со 72% позитивни одговори.

Позитивно со 70% е оценета соработката со деканот на **Кампус 4**, односно општествените и хуманистичките науки и уметности.

Овде незадоволни се 27% од испитаниците, а има и 3% кои не одговориле.

*Соработката со продеканот за настава на факултетот*

Соодветно и соработката со продеканите за настава е анализирана по кампуси. Наставно-научниот и соработничкиот кадар од **Кампус 1** и **Кампус 2** ја оценува позитивно соработката со продеканот со голем процент на позитивни одговори, односно со 100% и 91% соодветно.

Табела 7.8. Соработка со декан и продекан

| | | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** |
| **Декан** | Задоволен сум од соработката | 92% | 91% | 72% | 70% |
| | Не сум задоволен од соработката | 4% | 9% | 25% | 27% |
| | Без одговор | 4% | / | 3% | 3% |
| **Продекан** | Задоволен сум од соработката | 100% | 96% | 83% | 62% |
| | Не сум задоволен од соработката | / | 4% | 14% | 35% |
| | Без одговор | / | / | 3% | 3% |

Академскиот кадар на **Кампус 3** се изјасниле позитивно со 83%, незадоволни се 148% од испитаниците, а бројот на неодговорени е 3%.

На **Кампус 4** ситуацијата е следна: 62% се изјасниле позитивно, додека има 35% испитаници со незадоволство од соработката со продеканот.

### 7.2.2. Соработка со одделенија и сектори

**Одделението за радио, ТВ и веб** е оценето позитивно во својата работа со 81%, на цел Универзитет, при што Кампус 1 и Кампус 4 особено го истакнуваат ова задоволство.

Табела 7.9. Соработка со одделенија и сектори

| | | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Одделение за радио, ТВ и веб | Задоволен/на | 85% | 77% | 81% | 85% | 81% |
| | Незадоволен/на | 15% | 18% | 11% | 10% | 14% |
| | Без одговор | / | 5% | 8% | 5% | 5% |
| Одделение за издавачка дејност | Задоволен/на | 85% | 87% | 83% | 84% | 85% |
| | Незадоволен/на | 15% | 13% | 14% | 13% | 13% |
| | Без одговор | / | / | 3% | 3% | 2% |
| Сектор за фин., смет. материјално работење | Задоволен/на | 92% | 77% | 78% | 76% | 78% |
| | Незадоволен/на | 4% | 21% | 19% | 20% | 18% |
| | Без одговор | 4% | 2% | 3% | 4% | 3% |
| Одделение за меѓународна соработка | Задоволен/на | 73% | 74% | 69% | 62% | 69% |
| | Незадоволен/на | 19% | 23% | 22% | 29% | 25% |
| | Без одговор | 8% | 3% | 8% | 9% | 6% |
| Сектор за ИКТ | Задоволен/на | 77% | 80% | 78% | 78% | 79% |
| | Незадоволен/на | 19% | 18% | 17% | 18% | 18% |
| | Без одговор | 4% | 2% | 6% | 3% | 3% |
| Одделение за е-учење | Задоволен/на | 85% | 86% | 86% | 87% | 86% |
| | Незадоволен/на | 15% | 14% | 8% | 10% | 12% |
| | Без одговор | / | / | 6% | 3% | 2% |
| Сектор за е-индекс | Задоволен/на | 81% | 82% | 78% | 76% | 80% |
| | Незадоволен/на | 19% | 18% | 18% | 22% | 18% |
| | Без одговор | / | / | 4% | 2% | 2% |

**Одделението за издавачка дејност и култура** е исто така оценето со задоволителни оценки од страна на наставно-научниот и соработнички кадар со 85% позитивни одговори.

Работењето на **Секторот за финансиско работење, сметководство и материјално работење** е позитивно оценето од 69% од испитаниците на ниво на Универзитет. Постои тенденција на намалување на задоволството од овој сектор во споредба со претходната самоевалуација.

**Одделението за меѓународна соработка** е оценето со 69% позитивно работење од страна на наставно-научниот и соработнички кадар на ниво на Универзитет.

Од соработката со **Секторот за ИКТ** на ниво на Универзитет, 79% од наставно-научниот и соработнички кадар се изјасниле позитивно, а незадоволството е многу мало на сите кампуси.

**Одделението за е-учење** е оценето позитивно до 86% од академскиот кадар на ниво на Универзитетот. Испитаниците на сите кампуси во голем дел се изјасниле дека соработката со овој центар е позитивна.

**Секторот за е-индекс** на ниво на Универзитет е оценет со 80% од страна на испитаниците. Има негативен изразен одговор од околу 20% од страна на наставно-научниот и соработнички кадар.

### 7.2.3. Веб-страница

Наставно-научниот и соработнички кадар се изјасни и за организираноста и информираноста на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, а резултатите се прикажани во следнава табела:

Табела 7.10. Веб-страница на УГД

| | | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Веб-страна | Задоволен/на од | 85% | 83% | 83% | 77% | 81% |
| | Воздражан/на | 15% | 16% | 11% | 20% | 16% |
| | Незадоволен/на од | / | 1% | 6% | 3% | 2% |

**<u>УГД</u>:** 81% од наставно-научниот и соработнички кадар се задоволни од организираноста и информираноста на веб-страната на Универзитетот со многу мал процент незадоволство од истата.

## 7.3. Научноистражувачка работа

### 7.3.1. Услови за научноистражувачка работа

Наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се изјасни за условите за научноистражувачка работа на Универзитетот и сумираните резултатите се пркажани во следната табела:

Табела 7.11. Услови за научноистражувачка работа

| | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Соодветни услови | 85% | 65% | 50% | 59% | 63% |
| Несоодветни услови | 12% | 31% | 47% | 33% | 32% |
| Без одговор | 4% | 4% | 3% | 9% | 6% |

**Уметностите (Кампус 1)** кои се дел од Универзитетот се изјасниле со 85% дека постојат соодветни услови за научноистражувачка работа. 12% го мислат спротивното, а 4% не дале одговор.

**Природни, технички и биотехнички науки (Кампус 2)**: 65% од испитаниците позитивно ги оценуваат условите за научноистражувачка работа, но мора да се забележи и број на оние што го сметаа спротивното (31%).

**Медицински науки (Кампус 3)**: Процентот на испитаници кои сметаат дека условите за научноистражувачка работа се соодветни на Универзитетот е скоро ист со оние коишто го сметаат спротивното.

**Општествени и хуманистички науки и уметности (Кампус 4):** 59% од Наставно-научниот и соработнички кадар на Кампус 4 смета дека има соодветни услови за научноистражувачка работа. 33% од испитаниците го сметаа спротивното.

**УГД:** 63% од наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитетот сметаат дека има соодветни услови за научноистражувачка работа.

### 7.3.2. Фонд за научноистражувачка работа

Самоевалуацијата опфати и прашања поврзани со проектнитните активности на наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип од Фондот за научноистражувачка работа. Сумираните резултати се прказани во следната табела:

Табела 7.12. Проектна активност од Фондот за НИ работа на УГД

| | | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Вклучени во НИ проект | Вклучен во НИ проект | 46% | 82% | 72% | 77% | 75% |
| | Не е вклучен во НИ проект | 54% | 18% | 25% | 20% | 23% |
| | Без одговор | / | / | 3% | 3% | 2% |
| Средства | Користеле | 31% | 61% | 56% | 51% | 53% |
| | Не користеле | 69% | 39% | 39% | 46% | 45% |
| | Без одговор | / | / | 6% | 3% | 2% |




Слика 7.1. Вклученост во проекти и искористенот на средства

На **Уметностите (Кампус 1)** 46% биле вклучени во НИ проект од Фондот за НИ работа на УГД, но само 31% користеле средства.

**Природни, технички и биотехнички науки (Кампус 2)**: Голем процент од испитаниците на овој кампус (82%) се вклучени во НИ проект на УГД од Фондот за НИ работа на УГД. Како и на другите кампуси така и овде, иако голем дел се вклучени во проекти користењето на средствата е само од 61% од испитаниците.

**Медицински науки (Кампус 3)**: Процентот на испитаници кои се вклучени во проект спонзориран од Фондот за НИ на УГД на овој кампус е најголем на Универзитетот, со 72%. Но при користењето на средствата 56% од испитаниците немаат користено средства од фондот.

**Општествени и хуманистички науки и уметности (Кампус 4):** 77% од испитаниците имаат користено средства за проектни активности од фондот за НУ на УГД.

**УГД:** Наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип ги користат можностите за проектно работење со средства од Фондот за научноистражување на Универзитетот. Постои дисбаланс во однос на користењето на средствата и 53% од испитаниците кои се вклучени во проект користат средства.

### 7.3.4. Апликативни проекти

Прашање поврзано со апликативните проектни активности на наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип беше поставено и сумираните резултати се прикажани во следната табела:

Табела 7.13. Апликативни проекти

| | Уметности | Природни, технички и биотехнички науки | Медицински науки | Општествени и хуманистички науки | **УГД** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **(Кампус 1)** | **(Кампус 2)** | **(Кампус 3)** | **(Кампус 4)** | |
| Вклучени во апликативен проект | 31% | 58% | 28% | 43% | 45% |
| Не се вклучени во апликативен проект | 65% | 41% | 67% | 52% | 51% |
| Без одговор | 4% | 1% | 6% | 4% | 3% |

**Уметности (Кампус 1)** Мал дел од наставно-научниот и соработнички кадар на овој кампус е вклучен во апликативни проекти (31%).

**Природни, технички и биотехнички науки (Кампус 2)**: Голем процент од испитаниците на овој кампус (58%) се вклучени во апликативни проекти.

**Медицински науки (Кампус 3)**: 38% од испитаниците се дел од апликативен проект.

**Општествени и хуманистички науки и уметности (Кампус 4):** 43% од испитаниците се дел од апликативен проект.

**УГД:** На ниво на Универзитет, 45% од наставно-научниот и соработнички кадар е вклучен во апликативни проекти, при што Кампус 2 е во предност со вклученоста во апликативни проекти од 58%.

# 8. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

## 8.1. Учество во меѓународни научноистражувачки проекти

Научноистражувачката дејност на единиците при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип се покажа дека е доста стабила и интензивирана. Тоа се должи на искористените можности за пристап до меѓународни извори, европски можности за финансирање, како и на Фондот за научноистражувачка работа на УГД преку финансирање на проекти од сопствени универзитетски средства.

Табела 8.1. Учество во меѓународни проекти на академиите од Кампус 1

| Вид на програма | 2015/2016 | | | 2016/2017 | | | 2017/2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЛА | МА | ФА | ЛА | МА | ФА | ЛА | МА | ФА |
| Erasmus+ | | 1 | | | 1 | | | 2 | |
| IPA/IPARD | | | | | | | | | |
| NATO | | | | | | | | | |
| МОН билатерални | | 5 | | | 4 | | | 2 | |
| COST | | | | | | | | | |
| Horizon 2020 | | | | | | | | | |
| Други | | | | | | | | | |
| Вкупно | | 6 | | | 5 | | | 4 | |
| Вкупно проекти К1 | 6 | | | 6 | | | 4 | | |
| 2015-2018 | 16 | | | | | | | | |

Табела 8.2. Учество во меѓународни проекти на факултетите од Кампус 2

| Вид на програма | 2015/2016 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕТФ | ЗФ | МФ | ТТФ | ФИ | ФПТН |
| Erasmus+ | 1 | 1 | | | 3 | |
| IPA/IPARD | | | | | | |
| NATO | | | | | 1 | |
| МОН билатерални | | 3 | | | 2 | 1 |
| COST | 1 | | | 2 | 10 | |
| Horizon 2020 | | | | | 1 | |
| Други | | | | | 2 | 1 |
| Вкупно | 2 | 4 | | 2 | 19 | 2 |
| | 2016/2017 | | | | | |
| Erasmus+ | 1 | 1 | | | 4 | |
| IPA/IPARD | | | | | | |
| NATO | | | | | 1 | |
| МОН билатерални | | 3 | | | 3 | 2 |
| COST | 1 | | | 4 | 7 | |
| Horizon 2020 | | | | | 1 | |
| Други | | | | | 2 | |
| Вкупно | 2 | 4 | | 4 | 13 | 2 |
| | 2017/2018 | | | | | |
| Erasmus+ | | 1 | | | 1 | |
| IPA/IPARD | | | | | | |
| NATO | | | | | 1 | |
| МОН билатерални | | | | | 2 | 1 |
| COST | | | | 3 | 2 | |
| Horizon 2020 | | | | | 1 | |
| Други | | | | | | |
| Вкупно | | 1 | | 3 | 7 | 1 |
| Вкупно проекти К2 | 4 | 9 | | 9 | 39 | 5 |
| 2015-2018 | 66 | | | | | |

Табела 8.3. Учество во меѓународни проекти на Факултетот за медицински науки од Кампус 3

| Вид на програма | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|
| Erasmus+ | 5 | 4 | 4 |
| IPA/IPARD | | | |
| NATO | | 3 | 3 |
| МОН билатерални | 1 | | |
| COST | 3 | 4 | 9 |
| Horizon 2020 | | | |
| Други (IAEA) | 3 | 2 | 4 |
| Други (DAAD) | 3 | 2 | |
| Други (UIS) | 1 | 1 | |
| Други (HUMBOLT) | 1 | 1 | |
| Други (JRD) | 1 | | |
| Други (CRF) | | 1 | 1 |
| Вкупно | 18 | 18 | 21 |
| Вкупно К3 2015-2018 | 57 | | |

Табела 8.4. Учество во меѓународни проекти на факултетите од Кампус 4

| Вид на програма | 2015/2016 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЕФ | ПФ | ФОН | ФТБЛ | ФФ |
| Erasmus+ | | | 1 | 1 | |
| IPA/IPARD | | | 1 | | |
| NATO | | | | | |
| МОН билатерални | | | | | |
| COST | | | | 1 | |
| Horizon 2020 | | | | | |
| Други | | 4 | 3 | | |
| Вкупно | | 4 | 5 | 2 | |
| Вкупно К4 | 11 | | | | |
| | 2016/2017 | | | | |
| Erasmus+ | | | 2 | 2 | |
| IPA/IPARD | 2 | | | | |
| NATO | | | | | |
| МОН билатерални | | | | | |
| COST | | | | 1 | |
| Horizon 2020 | | | | | |
| Други | | 1 | 4 | | |
| Вкупно | 2 | 1 | 5 | 3 | |
| Вкупно К4 | 11 | | | | |
| | 2017/2018 | | | | |
| Erasmus+ | | | 1 | 1 | |
| IPA/IPARD | 2 | | | | |
| NATO | | | | | |
| МОН билатерални | | 2 | | 1 | |
| COST | | | | | |
| Horizon 2020 | | | | | |
| Други | 1 | | 3 | 1 | |
| Вкупно | 3 | 2 | 4 | 3 | |
| Вкупно К4 | 9 | | | | |
| Вкупно К4 2015-2018 | 31 | | | | |

Од меѓународните фондови за периодот 2013-2015 година се финансирани вкупно 170 меѓународни проекти, од кои 16 отпаѓаат на К1, 66 проекти на К2, 57 на К3 и 31 проект се реализирани од единиците на К4.

Во академската 2015/2016 година се финансирани вкупно 64 меѓународни проекти на УГД, 60 се финансирани 2016/2017 година, а 46 проекти се финансирани во 2017/2018 година.

Единствено во Erasmus+ и во билатералните проекти учествувале сите кампуси на УГД, и тоа: од програмата Erasmus+ се финансирани вкупно 37 проекти, а од билатералната програма на МОН за УГД за периодот 2015-2018

се финансирани вкупно 31 проект. Во програмата COST учествувале сите кампуси, освен академиите. Вкупно за К2, К3 и К4 се финансирани 48 COST проекти. NATO програмата е застапена само кај единиците на К2 и К3 со вкупно 6 проекти, фондот на IPA/IPARD е застапен само кај единиците од К4 со вкупно 5 проекти, а проектите од програмата на Horizon 2020 се застапени само на К2 од Факултетот за информатика.

Од другите фондови за финансирање на меѓународни проекти најактивни биле истражувачите од К3 од Факултетот за медицински науки со вкупно 21 проект финансиран од фондовите на IAEA, DAAD, UIS, HUMOLT, JRD и CRF. Од други различни фондови финансирани се 17 проекти на К4 и тоа од програмата ОБСЕ на Правен факултет и на Факултетот за образовни науки од програмите EUROJOS I САНУ- МАНУ. На К2 од други фондови се финансирани вкупно 5 проекти и тоа на Факултетот за информатика од ФИНКИ, ФЕИТ и од МОН на Р. Бугарија и еден проект кај Факултетот за природни и технички науки од програмата EUT.

### 8.2. Учество во домашни научноистражувачки проекти

Универзитетот реализирал вкупно 111 проекти од домашни фондови за поддршка на науката и истражувањето.

Апликативните проекти се застапени со 60% од домашните проекти, а 40% отпаѓаат на научноистражувачките проекти финансирани од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Факултетите од Кампус 2 покажуваат најголема активност во реализација на домашни и меѓународни проекти.

Академиите на Кампус 1 имаат само меѓународна проектна активност.

Кампус 3 или Факултетот за медицински науки има активност и на меѓународен и на домашен план со учество во научноистражувачки и апликативни проекти.

Факултетите на Кампус 4 реализирале вкупно 46 научноистражувачки национални проекти, а ниту еден апликативен проект (слика 8.1).




Слика 8.1. Учество во меѓународни и домашни научноистражувачки проекти на единиците на УГД по кампуси за периодот 2015-2108

Табела 8.5. Учество во национални, научноистражувачки и апликативни проекти

| Факултет | Научноистражувачки | | | Апликативни | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 |
| ЛА | | | | | | |
| МА | | | | | | |
| ФА | | | | | | |
| Вкупно К1 | | - | | | - | |
| ЕТФ | | 1 | | | | |
| ЗФ | 3 | | | | | |
| МФ | | | | | | |
| ТТФ | | | | | | |
| ФИ | | 1 | | 1 | 1 | |
| ФПТН | | | | 18 | 18 | 18 |
| Вкупно | 3 | 2 | - | 19 | 19 | 18 |
| Вкупно К2 | | 5 | | | 56 | |
| ФМН | 3 | 1 | 3 | 1 | 1 | 11 |
| Вупно К3 | | 7 | | | 12 | |
| ЕФ | | | | | | |
| ПФ | | | | | | |
| ФОН | 6 | 4 | 8 | | | |
| ФТБЛ | 4 | 3 | 2 | | | |
| ФФ | | | | | | |
| Вкупно | 10 | 8 | 13 | - | - | - |
| Вкупно К4 | | 31 | | | - | |
| Вкупно УГД | | 43 | | | 68 | |

## 8.3. Учество на меѓународни манифестации (конференции, симпозиуи, семинари) и начин на презентација на трудот

Наставничкиот и соработничкиот кадар на УГД во периодот 2015-2018 реализирал вкупно 1518 презентации со учество на меѓународни манифестации. Во тој поглед најактивни биле наставниците и соработниците од Факултетот за медицински науки од Кампус 3 со вкупно 679 претставувања на меѓународен план, следат факултетите од Кампус 4 со вкупно 461

меѓународна презентација, потоа единиците од Кампус 2 со 347, додека академиите од Кампус 1 на меѓународен план реализирале само 31 презентација.

Што се однесува по академски години за вкупниот број на меѓународни презентации може да се каже дека е скоро еднакво распореден, без некои големи разлики и за 2015/2016 година изнесува 534, за 2016/2017 година е 424 и за академската 2017/2018 година регистрирани се 551 учество на меѓународни манифестации. За академската 2016/2017 реализирани се најмалку учества на меѓународни манифестации.

На годишно ниво, од сите факултети најактивни биле вработените од Факултетот за медицински науки кога за 2017/2018 година реализирале учества на 295 манифестации од меѓународен карактер (табела 8.6).

Табела 8.6. Учество на меѓународни манифестации (конференции, симпозиуми, семинари)

| | 2015/2016 | | | | | | 2016/2017 | | | | | | 2017/2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно |
| К1 – Академии на уметности | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЛА | | | | | 4 | 4 | | | | | 1 | 1 | | | | | 2 | 2 |
| МА | 5 | | | | | 5 | 7 | | 1 | | 1 | 9 | 6 | | 4 | | | 10 |
| ФА | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вк. К1 | 9 | | | | | | 10 | | | | | | 12 | | | | | |
| К2 – Природни, технички и биотехнички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕТФ | 9 | 2 | | 1 | 2 | 14 | 11 | 1 | | 1 | 3 | 16 | 7 | 1 | | 1 | 3 | 12 |
| ЗФ | 6 | 6 | | 2 | 6 | 20 | 2 | 4 | | | 3 | 9 | 5 | 14 | | | 2 | 21 |
| МФ | 3 | 1 | | 1 | | 5 | 1 | | | 3 | | 4 | | | | | | |
| ТТФ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФИ | 8 | 1 | 1 | | 24 | 34 | 9 | | 2 | | 19 | 30 | 18 | 1 | 3 | | 39 | 61 |
| ФПТН | 21 | 11 | | 21 | | 53 | 17 | 5 | | 11 | 2 | 35 | 25 | 4 | | 2 | 2 | 33 |
| Вк. К2 | 126 | | | | | | 94 | | | | | | 127 | | | | | |
| К3 – Медицински науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФМН | 43 | 42 | 12 | 99 | 24 | 220 | 35 | 22 | 7 | 81 | 19 | 164 | 81 | 33 | 14 | 141 | 26 | 295 |
| Вк. К3 | 220 | | | | | | 164 | | | | | | 295 | | | | | |
| К4 - Општествени и хуманистички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕФ | 18 | 5 | | 5 | | 28 | 27 | 8 | | | | 35 | 16 | 9 | | | | 25 |
| ПФ | 35 | 14 | | | | 49 | 26 | | | | | 26 | 9 | | 3 | | | 12 |
| ФОН | 17 | 3 | 1 | 1 | 5 | 27 | 15 | 3 | 1 | 1 | 8 | 28 | 16 | 3 | 1 | 1 | 3 | 24 |
| ФТБЛ | 12 | 3 | 2 | 2 | | 19 | 16 | 2 | 3 | 1 | | 22 | 17 | 6 | 5 | 1 | | 29 |
| ФФ | 65 | | | | | 65 | 45 | | | | | 45 | | | | | | 27 |
| Вк. К4 | 188 | | | | | | 156 | | | | | | 117 | | | | | |
| Вк. УГД | 534 | | | | | | 424 | | | | | | 551 | | | | | |
| 2015-18 | 1518 | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Процентуалната застапеност во учествата во меѓународните манифестации е најголема кај Факултетот за медицински науки, и тоа 44,84% од вкупното учество во меѓународни манифестации отпаѓа на Кампус 3.

Следат единиците од Кампус 4 со вкупна застапеност од 30,36%. Вработените од Кампусот за технички и биотехнички науки во периодот на евалуација 2015-2018 учествувале со 22,85% од вкупните учества, а додека академиите реализирале само 1,95% учества на меѓународни научни собири.

Зголемениот број на учества во меѓународни манифестации укажува на интензивирање на научноистражувачката дејност кај сите кампуси, особено тоа е потенцирано кај Факултетот за медицински науки или Кампус 3.

Начинот на презентациите на меѓународните манифестации на сите единици на УГД детално е анализиран во табела 8.6. Евидентно е дека наставничкиот и соработничкиот кадар од единиците во кампусите 2 и 4 преферираат да учествуваат со усна или постер презентација, а од Кампус 3 учествата на меѓународните собири од медицинската фела главно се презентираат со постери. Академиите учествуваат на други научни собири, кои не се организирани како конференции, симпозиуми, семинари или конгеси, а соодветно на тоа имаат и друг вид на презентација на меѓународните манифестации.

Табела 8.7. Начин на презентација на меѓународните манифестации

| | 2015/2016 | | | | | | 2016/2017 | | | | | | 2017/2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Покането предавање | Усно | Постер | Апстракт | Друго | Вкупно | Покането предавање | Усно | Постер | Апстракт | Друго | Вкупно | Покането предавање | Усно | Постер | Апстракт | Друго | Вкупно |
| К1 – Академии на уметности | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЛА | | | | | 4 | 4 | | | | | 1 | 1 | | | | | 2 | 2 |
| МА | 2 | | | | 3 | 5 | 2 | | | | 7 | 9 | 5 | | | | 5 | 10 |
| ФА | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вк. К1 | 9 | | | | | | 10 | | | | | | 12 | | | | | |
| К2 – Природни, технички и биотехнички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕТФ | 14 | | | | | 14 | 1 | 15 | | | | 16 | | 12 | | | | 12 |
| ЗФ | | 5 | 9 | | 6 | 20 | | 3 | 1 | 5 | | 9 | | 2 | 11 | 6 | 2 | 21 |
| МФ | | 2 | 3 | | | 5 | | 3 | 1 | | | 4 | | | | | | |
| ТТФ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФИ | 1 | 9 | | | 24 | 34 | | 11 | | | 19 | 30 | 1 | 20 | 1 | | 39 | 61 |
| ФПТН | | 25 | 14 | 2 | 12 | 53 | | 16 | 10 | | 9 | 35 | | 12 | 14 | 3 | 4 | 33 |
| Вк. К2 | 126 | | | | | | 94 | | | | | | 127 | | | | | |
| К3 – Медицински науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФМН | 24 | 53 | 80 | 22 | 41 | 220 | 18 | 33 | 70 | 14 | 29 | 164 | 35 | 58 | 146 | 18 | 38 | 295 |
| Вк. К3 | 220 | | | | | | 164 | | | | | | 295 | | | | | |
| К4 - Општествени и хуманистички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕФ | | 25 | 3 | | | 28 | | 35 | | | | 35 | | 25 | | | | 25 |
| ПФ | 11 | 30 | 8 | | | 49 | 5 | | | | 19 | 26 | 2 | 9 | | | 1 | 12 |
| ФОН | | 23 | | | 4 | 27 | | 23 | | | 5 | 28 | | 21 | | | 3 | 24 |
| ФТБЛ | 1 | | | | 18 | 19 | 1 | | | | 21 | 22 | 1 | | | | 28 | 29 |
| ФФ | 65 | | | | | 65 | 45 | | | | | 45 | 27 | | | | | 27 |
| Вк. К4 | 188 | | | | | | 156 | | | | | | 117 | | | | | |
| Вк. УГД | 534 | | | | | | 420 | | | | | | 551 | | | | | |
| 2015-18 | 1505 | | | | | | | | | | | | | | | | | |

### 8.4. Учество на домашни манифестации (конференции, симпозиуми, семинари) и начин на презентација на трудот

Учеството на единиците на Универзитетот на домашни манифестации е прикажано во табелата 8.8. Во периодот на евалуација се направени вкупно 937 учества на домашни конференции, конгреси, семинари и други манифестации, од кои 289 се реализирани во 2015/2016 година, 291 во 2016/2017 година и во 2017/2018 година се реализирани најголем број на учества во домашни манифестации 357.

Со најголем број на учества на домашни манифестации 467 или 50% отпаѓаат на Факултетот за медицински науки, факултетите од Кампус 4 имаат 227 или 24%, потоа на факултетите од Кампус 2 со 190 или 20% учества, а академиите имаат реализирано само 53 учества на домашни манифестации што изнесува 6% од вкупните учества на домашни маниреcтации.

Распределба по број на застапеност на учества по кампусите е иста како за домашните така и за меѓународните учества. И во меѓународни и во домашни манифестации најмногу учествува пероналот од Факултетот за медицински науки од Кампус 3, следат по застапеност факултетите од Кампус 4, потоа од Кампус 2 и со најмал број учества се академиите во Кампус 1.

Табела 8.8. Учество на домашни манифестации (конференции, симпозиуми, семинари)

| | 2015/2016 | | | | | | 2016/2017 | | | | | | 2017/2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно |
| К1 – Академии на уметности | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЛА | | | | | 4 | 4 | | | | | 2 | 2 | | | | | 5 | 5 |
| МА | 5 | 1 | 10 | 1 | 2 | 19 | 2 | | 5 | 2 | 1 | 10 | 7 | | 3 | 1 | 2 | 13 |
| ФА | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вк. К1 | 23 | | | | | | 12 | | | | | | 18 | | | | | |
| К2 – Природни, технички и биотехнички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕТФ | 1 | | | | 1 | 2 | 5 | | | | 1 | 6 | 3 | | | | 2 | 5 |
| ЗФ | | 1 | | | | 1 | | | | 7 | 2 | 9 | 2 | | | 4 | 20 | 26 |
| МФ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ТТФ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФИ | 3 | | | 3 | 3 | 9 | 2 | | | | 6 | 8 | 1 | | 2 | | 6 | 9 |
| ФПТН | 15 | 9 | 6 | 5 | 4 | 39 | 12 | 9 | 8 | 8 | 8 | 45 | 15 | 8 | 5 | 1 | 2 | 31 |
| Вк. К2 | 51 | | | | | | 68 | | | | | | 71 | | | | | |
| К3 – Медицински науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФМН | 23 | 35 | 9 | 50 | 33 | 150 | 23 | 33 | 6 | 51 | 38 | 151 | 26 | 23 | 11 | 58 | 48 | 166 |
| Вк. К3 | 150 | | | | | | 151 | | | | | | 166 | | | | | |
| К4 - Општествени и хуманистички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕФ | 6 | 4 | | | | 10 | 4 | 4 | | | | 8 | 7 | 6 | | | | 13 |
| ПФ | 15 | 3 | | | | 18 | 21 | | | | | 21 | 19 | | 17 | | | 39 |
| ФОН | 5 | 2 | 4 | | | 11 | 7 | 1 | | | 3 | 11 | 8 | | 1 | | 3 | 12 |
| ФТБЛ | 15 | 3 | 3 | 2 | | 23 | 11 | 2 | 4 | 1 | | 18 | 31 | 3 | 2 | 2 | | 38 |
| ФФ | 3 | | | | | 3 | 2 | | | | | 2 | | | | | | |
| Вк. К4 | 65 | | | | | | 60 | | | | | | 102 | | | | | |
| Вк. УГД | 289 | | | | | | 291 | | | | | | 357 | | | | | |
| 2015-18 | 937 | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Во табелата 8.9 е прикажан начинот на презентациите на домашните манифестации на сите единици на УГД. Наставничкиот и соработничкиот кадар од единиците во кампусите 2 и 4 преферираат да учествуваат со усни и постер презентациии, а од Кампус 3 учествата на домашните собири од медицинските науки главно се презентираат со постери. Најмногу поканети пленарни предавања има кај наставничкиот кадар на Факултетот за медицинаски науки кој за 2015/2016 и 2016/2017 година изнесува 30 поканети предавања, а за 2017/2018 година 26 поканети предавања од медицинските науки. Единствено во Кампус 2 недостасува активност со поканети пленарни предавања на вработените наставници од овој кампус.

Ваквата распределба на начинот на презентирањето на трудовите е скоро иста и за меѓународните и за домашните собири. Усната и постер презентација е главен начин на презентирање на резултатите од истражувањата од кампусите 2 и 4, додека од Кампус 3 главниот начин на учества на научните домашни и меѓународни собири е со постери.

Од академиите во Кампус 1 во периодот на евалуација има реализирано мал број учества на собири во споредба со другите кампуси. За 2015/2016 година вкупниот број на презентации изнесува 23, за 2016/2017 година академиите имале 12 презентации, а за 2017/2018 година академиите имале 18 презентации на домашни манифестации. По однос на начинот на презентацијата во Кампус 1 академиите исто така отстапуваат од другите кампуси, заради спецификата на нивната дејност и генерално имаат најголем број на презентации под друго, каде што главно се настани како концерти, изложби, настапи и слични изведби карактеристични за уметностите (табела 8.9).

.




Слика 8.2. Учество во меѓународни и домашни манифестации (конференции, симпозиуми, семинари и други научни собири) на единиците на УГД по кампуси за периодот 2015-2018

Сликата 8.2 ја претставува графички целокупната активност на единиците на УГД во учествата на меѓународни и домашни манифестации (конференции, симпозиуми, семинари и други научни собири) по кампуси за периодот 2015-2018. Академиите од Кампус 1 преферираат учества на домашни манифестации, а факултетите на сите останати Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4 имаат поголем број на учества на меѓународни манифестации отколку на домашни научни собири

Табела 8.9. Начин на презентација на домашните манифестации

| | 2015/2016 | | | | | | 2016/2017 | | | | | | 2017/2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поканeто предавање | Усно | Постер | Апстракт | Друго | Вкупно | Поканeто предавање | Усно | Постер | Апстракт | Друго | Вкупно | Поканeто предавање | Усно | Постер | Апстракт | Друго | Вкупно |
| К1 – Академии на уметности | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЛА | | | | | 4 | 4 | | | | | 2 | 2 | | | | | 5 | 5 |
| МА | 5 | | | | 14 | 19 | 4 | | | | 6 | 10 | 5 | | | | 8 | 13 |
| ФА | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вк. К1 | 23 | | | | | | 12 | | | | | | 18 | | | | | |
| К2 – Природни, технички и биотехнички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕТФ | | 2 | | | | 2 | | | 6 | | | 6 | | 5 | | | | 5 |
| ЗФ | | | 1 | | | 1 | | 1 | 6 | 2 | | 9 | | 4 | 13 | 6 | 3 | 26 |
| МФ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ТТФ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФИ | | 6 | | | 3 | 9 | | 2 | | | 6 | 8 | | 3 | | | 6 | 9 |
| ФПТН | | 17 | 5 | | 17 | 39 | | 18 | | | 27 | 45 | 1 | 18 | | | 12 | 31 |
| Вк. К2 | 51 | | | | | | 68 | | | | | | 71 | | | | | |
| К3 – Медицински науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФМН | 30 | 30 | 67 | 23 | | 150 | 30 | 38 | 57 | 15 | 11 | 151 | 26 | 46 | 43 | 33 | 18 | 166 |
| Вк. К3 | 150 | | | | | | 151 | | | | | | 166 | | | | | |
| К4 - Општествени и хуманистички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕФ | | 10 | | | | 10 | | 8 | | | | 8 | | 13 | | | | 13 |
| ПФ | 8 | 6 | 4 | | | 18 | 5 | 5 | 5 | | 6 | 21 | | 25 | 7 | 4 | 3 | 39 |
| ФОН | | 8 | | | 3 | 11 | | 9 | | | 2 | 11 | | 10 | | | 2 | 12 |
| ФТБЛ | 9 | | | | 14 | 23 | 5 | | | | 13 | 18 | 11 | | | | 27 | 38 |
| ФФ | | 3 | | | | 3 | | 2 | | | | 2 | | | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вк. К4 | 65 | 60 | 102 |
| Вк. УГД | 289 | 231 | 357 |
| 2015-18 | 877 | | |

## 8.5. Организирани собири од страна на единиците на УГД

Факултетите на Универзитетот освен тоа што покажале значително поголема активност на учества во меѓународни и домашни манифестации, овој тренд на зголемена активност во организирање на собири во УГД особено е забележлив во периодот на евалуација. За периодот 2015-2018 година биле организирани вкупно 133 собири на Универзитетот. Овој број двојно е зголемен во споредба со претходната самоевалуација кога за периодот 2013-2015 година во УГД се организирале 65 собири. Во 2015/2016 година се организирале вкупно 28 манифестации, каде што УГД бил домаќин на настанот, во следната 2016/2017 година организирани се вкупно 22 настани, а трендот на зголемување на број на организирани собири се забележува во 2017/2018 година кога има вкупно 44 настани организирани на сите единици на УГД (слика 8.3., табела 8.10).




Слика 8.3. Процентуална застапеност на кампусите во оргнизирањето на собири каде што факултетите и академиите на УГД биле домаќини на настанот за периодот 2015-2108

Табела 8.10. Вкупен број на организирани собири од страна на академиите и факултетите на УГД

| | 2015/2016 | | | | | | 2016/2017 | | | | | | 2017/2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно | Конференции | Симпозиуми | Семинари | Конгреси | Друго | Вкупно |
| К1 – Академии на уметности | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЛА | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| МА | | | 2 | | | 2 | | | 3 | | | 3 | | | 5 | | | 5 |
| ФА | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вк. К1 | 2 | | | | | | 3 | | | | | | 6 | | | | | |
| К2 – Природни, технички и биотехнички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕТФ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЗФ | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| МФ | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| ТТФ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФИ | 2 | | | | 1 | 3 | 2 | | | | 1 | 3 | 2 | | 1 | | 2 | 5 |
| ФПТН | | | | | 1 | 1 | | | | 1 | 1 | 2 | | | | | 1 | 1 |
| Вк. К2 | 4 | | | | | | 5 | | | | | | 8 | | | | | |
| К3 – Медицински науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ФМН | | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 4 | 9 |
| Вк. К3 | 1 | | | | | | 1 | | | | | | 9 | | | | | |
| К4 - Општествени и хуманистички науки | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ЕФ | | | 5 | | | 5 | | | 4 | | | 4 | | | 8 | | | 8 |
| ПФ | 1 | | 8 | | | 9 | 1 | | | | 2 | 3 | 2 | | 15 | | | 17 |
| ФОН | 1 | | 1 | | 5 | 7 | 2 | | 1 | | 4 | 7 | 3 | | 1 | | 5 | 9 |
| ФТБЛ | 3 | 2 | | 1 | | 6 | 2 | 3 | | 2 | | 7 | 5 | 2 | | 2 | | 9 |
| ФФ | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Вк. К4 | 28 | | | | | | 22 | | | | | | 44 | | | | | |
| Вк. УГД | 35 | | | | | | 31 | | | | | | 67 | | | | | |
| 2015-18 | 133 | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## 8.6. Објавени трудови и публикации во научни списанија

Во поглавјето 10 Логистика и студенски сервис е дадена деталната анализа на севкупната активност со која е изразена научноистражувачката, стручната, апликативната, наставната и уметничката дејност на сите 15 факултети на УГД во поднасловот 10.6 Е-репозиториумот на УГД.

Вкупниот број на издадени трудови од наставничкиот и соработничкиот кадар од трите групи науки и академиите, од четирите кампуси, изнесува 4104. Споредено со бројот од претходната самоевалуација, кој изнесувал 3005, се констатира зголемена активност во објавувањето на трудови, која рефлектира како последица од зголемениот број на домашни и меѓународни реализирани проекти. Активноста во објавувањата на трудови и публикации е детално анализирана по кампуси во табелите 8.11, 8.12, 8.13 и 8.14 соодветно за Кампус 1, Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4.

Табела 8.11. Приказ на истражувачките резултати на академиите од Кампус 1

| Трудови и публикации во научни списанија | 2015/2016 | | | 2016/2017 | | | 2017/2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЛА | МА | ФА | ЛА | МА | ФА | ЛА | МА | ФА |
| Трудови со IF | | | | | | | | | |
| Меѓународни трудови без IF | 17 | 5 | | 18 | 1 | | 14 | 3 | |
| Труд во домашно списание | | | | 1 | | | 2 | | |
| Труд од научен собир во земјата | | 7 | | | 5 | | | 8 | |
| Труд од научен собир во странство | | 2 | | | 2 | | | | |
| Стручен труд | | 3 | | | 5 | | | 4 | |
| Поглавје од книга домашно издание | 2 | 1 | | 2 | | | 1 | | |
| Поглавје од книга меѓународно издание | | | | | | | | | |
| Вкупно | 19 | 29 | | 21 | 16 | | 17 | 21 | |
| Вкупно К1 | 47 | | | 29 | | | 36 | | |
| Вкупно К1 2015-2018 | 112 | | | | | | | | |

Сите единици учествувале во објавувањето на резултатите од своите истражувања, освен Филмската академија од Кампус 1, која е формирана најдоцна, има најмал број на наставници, и со активностите започнува реално и подоцна од другите единици.

Академиите учествуваат со вкупно 112 објавени трудови, и тоа распоредени по години за 2015/2016 изнесува 48, за 2016/2017 се објавени 37 научни трудови и за 2017/2018 академиите објавиле 38 публикации (табела 8.11).

Во Кампус 2 – природни, технички и биотехнички науки со најголем број на објавени трудови и публикации е Факултетот на природни и технички науки со вкупно 431 објавени трудови, следат Факултетот за информатика со 227, потоа Технолошко-технички факулет со 149, Електротехнички факултет 123, Земјоделски факултет 106 и Машински факултет со 55 објавени трудови и публикации. За периодот на евалуација од Кампус 2 се објавени вкупно 1102 публикации (табела 8.12).

Табела 8.12. Приказ на истражувачките резултати на факултетите од Кампус 2

| Трудови и публикации во научни списанија | 2015/2016 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕТФ | ЗФ | МФ | ТТФ | ФИ | ФПТН |
| Трудови со IF | 2 | 10 | 2 | 5 | 16 | 14 |
| Меѓународни трудови без IF | 8 | 21 | 9 | 20 | 13 | 23 |
| Труд во домашно списание | | 11 | | 1 | 14 | 30 |
| Труд од научен собир во земјава | 4 | | | | 3 | 30 |
| Труд од научен собир во странство | 15 | | 3 | 17 | 39 | 41 |
| Стручен труд | | | | | | 9 |
| Поглавје од книга домашно издание | | | | | | 4 |
| Поглавје од книга меѓународно издание | 1 | | | | 2 | 2 |
| Вкупно | 30 | 42 | 14 | 43 | 87 | 153 |
| Вкупно К2 | 369 | | | | | |
| | 2016/2017 | | | | | |
| Трудови со IF | 5 | 20 | 1 | 2 | 13 | 15 |
| Меѓународни трудови без IF | 21 | 10 | 8 | 26 | 20 | 25 |
| Труд во домашно списание | | 5 | | 2 | 6 | 31 |
| Труд од научен собир во земјава | 11 | | | 16 | 6 | 31 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Труд од научен собир во странство | 13 | | 13 | | 26 | 22 |
| Стручен труд | | | | | | 7 |
| Поглавје од книга домашно издание | | | | | 3 | |
| Поглавје од книга меѓународно издание | | | | | 1 | 2 |
| Вкупно | 50 | 35 | 22 | 46 | 75 | 133 |
| Вкупно К2 | 361 | | | | | |
| | 2017/2018 | | | | | |
| Трудови со IF | 4 | 10 | 2 | 5 | 3 | 20 |
| Меѓународни трудови без IF | 14 | 19 | 13 | 41 | 26 | 33 |
| Труд во домашно списание | | | | 2 | 8 | 22 |
| Труд од научен собир во земјава | 9 | | | 5 | 6 | 24 |
| Труд од научен собир во странство | 16 | | 9 | 9 | 18 | 31 |
| Стручен труд | | | | | | 10 |
| Поглавје од книга домашно издание | | | | | 4 | 4 |
| Поглавје од книга меѓународно издание | | | | | | 1 |
| Вкупно | 43 | 29 | 30 | 60 | 65 | 145 |
| Вкупно К2 | 372 | | | | | |
| Вкупно по факултети на К2 2015-2018 | 123 | 106 | 66 | 149 | 227 | 431 |
| Вкупно К2 2015-2018 | 1102 | | | | | |

Факултетот за медицински науки објавил вкупно 1280 трудови и публикации од кои 434 за 2015/2016 година, кој број е намален за следната академска 2015/2016 година на 355 вкупно објавени трудови, за да во академската 2017/2018 достигне најголем број 491 вкупно објавени трудови. Од истражувачките резултати кои се анализирани во Кампус 3 се објавени публикации од сите категории со меѓународни и домашни изданија.

Најголема активност е покажана во објавувањето на меѓународни трудови без ИФ со вкупен број 505 трудови без ИФ, распоредени за 2015/2016 година 163, за 2016/2017 105 броја, и за последната 2017/2018 година се објавен дури 222 меѓународни трудови без ИФ (табела 8.13).

Табела 8.13. Приказ на истражувачките резултати на Факултетот за медицински науки од Кампус 3

| Трудови и публикации во научни списанија | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|
| Трудови со IF | 46 | 59 | 71 |
| Меѓународни трудови без IF | 163 | 120 | 222 |
| Труд во домашно списание | 43 | 47 | 38 |
| Труд од научен собир во земјава | 72 | 51 | 55 |
| Труд од научен собир во странство | 75 | 42 | 60 |
| Стручен труд | 19 | 20 | 27 |
| Поглавје од книга домашно издание | 10 | 9 | 15 |
| Поглавје од книга меѓународно издание | 6 | 7 | 3 |
| Вкупно | 434 | 355 | 491 |
| Вкупно К3 2015-2018 | 1280 | | |

Во Кампус 4 има најмногу реализирани публикации и објавени трудови вкупно 1610 за целиот евалуиран период (табела 8.14).

Табела 8.14. Приказ на истражувачките резултати на факултетите од Кампус 4

| Трудови и публикации во научни списанија | 2015/2016 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЕФ | ПФ | ФОН | ФТБЛ | фф |
| Трудови со IF | 1 | | | 5 | 1 |
| Меѓународни трудови без IF | 75 | 25 | 39 | 54 | 44 |
| Труд во домашно списание | | 8 | 7 | 12 | 32 |
| Труд од научен собир во земјава | | 11 | 17 | 23 | 48 |
| Труд од научен собир во странство | | 15 | 53 | 19 | 26 |
| Стручен труд | | 3 | | 6 | |
| Поглавје од книга домашно издание | | 7 | | 5 | 2 |
| Поглавје од книга меѓународно издание | | 2 | | 8 | |
| Вкупно | 78 | 71 | 116 | 132 | 153 |
| Вкупно К4 | 550 | | | | |
| | 2016/2017 | | | | |
| Трудови со IF | 4 | | | 6 | |
| Меѓународни трудови без IF | 68 | 18 | 27 | 68 | 35 |
| Труд во домашно списание | | 12 | 8 | 10 | 24 |
| Труд од научен собир во земјава | | 18 | 12 | 18 | 24 |
| Труд од научен собир во странство | | 4 | 45 | 22 | 28 |
| Стручен труд | | 4 | 4 | 8 | |
| Поглавје од книга домашно издание | | 7 | | 4 | 1 |
| Поглавје од книга меѓународно издание | | | | 9 | |
| Вкупно | 72 | 63 | 96 | 145 | 112 |
| Вкупно К4 | 488 | | | | |
| | 2017/2018 | | | | |
| Трудови со IF | 4 | | 1 | 5 | |
| Меѓународни трудови без IF | 72 | 20 | 28 | 112 | 38 |
| Труд во домашно списание | | 4 | 7 | 15 | 23 |
| Труд од научен собир во земјава | | 20 | 13 | 38 | 26 |
| Труд од научен собир во странство | | 5 | 44 | 29 | 10 |
| Стручен труд | | 2 | | 12 | 24 |
| Поглавје од книга домашно издание | | 5 | | 14 | 1 |
| Поглавје од книга меѓународно издание | 1 | 1 | | 10 | |
| Вкупно | 77 | 57 | 93 | 235 | 122 |
| Вкупно К4 | 584 | | | | |
| Вкупно К4 по факултети 2015-2018 | 225 | 191 | 305 | 512 | 377 |
| Вкупно К4 2015-2018 | 1610 | | | | |

Од целокупниот број на публикации на Универзитетот 39% отпаѓаат на Кампус 4. Најактивни во публикувањето се вработените од Факултетот за туризам и бизнис логистика со 512 трудови, следат Филолошки факултет со 377, Факултетот за образовни науки 305, Економски факултет 225 и Правен факултет 168. Факултетот за туризам и бизнис логистика имаат објавено најголем број на трудови со ИФ за 2015/2016 година објавени се 5, за 2016/2017 година има објавено 6 и за последната 2017/2018 година исто така 5 трудови со ИФ. Единствено наставничкиот кадар од Правниот факултет на Кампус 4 немаат активност во публикување на меѓународни трудови со ИФ. Факултетот за образовни науки немаат публикувано поглавја од книги со домашно и меѓународно издание, а Филолошки факултет немаат објавено поглавја од книги со меѓународно издание за целиот период на евалуација.

По академски години бројот на публикувани изданија на Кампус 4 за 2015/2016 година изнесува 548 публикации за 2016/2017 година е 488, а за 2017/2018 година изнесува вкупно 584 публикации во земјава и во странство (табела 8.14).

Во вкупниот број на објавени трудови 4104 од сите кампуси, факултетите од Кампус 4 учествуваат со најголем број објавени публикации 1601 или изразено во проценти со 39% од целокупните итражувачки резултати на Универзитетот отпаѓаат на единиците од опшествените и хуманистичките науки. Следи Факултетот за медицински науки или Кампус 3 со 1280 објавени трудови и со процентуален удел од 31% од целокупната истражувачка активност во публикувањето на Универзитетот. Потоа следува Кампус 2 со 1102 или 27% објавени трудови и академиите од Кампус 1 со 112 публикации или 3%, прикажано графички за секој факултет на графиконот од слика 8.4.




Слика 8.4. Вкупен број на објавени трудови и публикации од академиите и факултетите на УГД за периодот 2015-2015, распоредени по кампуси

Табела 8.15. Приказ на уметничките достигнувања од академиите на УГД

| Опис на уметничките резултати | Ликовна академија | | | Музичка академија | | | Филмска академија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015/ 2016 | 2016/ 2017 | 2017/ 2018 | 2015/ 2016 | 2016/ 2017 | 2017/ 2018 | 2015/ 2016 | 2016/ 2017 | 2017/ 2018 |
| Самостојни изложби (во земјава) | | 7 | 9 | | | | | | |
| Самостојни изложби (во странство) | | | | | | | | | |
| Групни изложби (во земјава) | 21 | 30 | 23 | | | | | | |
| Групни изложби (во странство) | 2 | 5 | 8 | | | | | | |
| Ликовни колонии (во земјава) | 2 | 1 | | | | | | | |
| Ликовни колонии (во странство) | | | | | | | | | |
| Ликовни работилници (во земјава) | | | 2 | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни работилници (во странство) | | | 3 | | | | | | |
| Илустрации или графички дизајни | | 2 | | | | | | | |
| Манифестација со ликовно дело | 3 | 1 | 1 | | | | | | |
| Концертна активност (во земјава) | | | | 51 | 49 | 52 | | | |
| Концертна активност (во странство) | | | | 25 | 34 | 28 | | | |
| Изведба на дела снимени на ЦД издадено од издавачка куќа | | | | 8 | 11 | 22 | | | |
| Компонирано музичко-сценско дело | | | | 11 | 5 | | | | |
| Теренско истражување, архивирање и дигитализација | | | | 4 | 3 | | | | |
| Селектор и промотор на концертна дејност (во земјава) | | | | 8 | 2 | 4 | | | |
| Селектор и промотор на концертна дејност (во странство) | | | | 2 | 1 | 1 | | | |
| Авторско ЦД или ДВД издание (од издавачка куќа или фестивал) | | | | 4 | 2 | 4 | | | |
| Учество на филмски фестивал (во земјава) | | | | | | | | | |
| Учество на филмски фестивал (во странство) | | | | | | | | | |
| Сценска адаптација (во земјава) | | | | 3 | 1 | | | | 4 |
| Сценска адаптација (во странство) | | | | | | | | | 3 |
| Видеозапис | | | | | | | | | |
| Награди на ликовни конкурси | | 1 | 1 | | | | | | |
| Вкупно | 28 | 47 | 47 | 116 | 108 | 111 | - | - | 7 |
| Вкупно по академии | 122 | | | 335 | | | 7 | | |
| Вкупно К1 2015-2018 | 464 | | | | | | | | |

Заради спецификата на дејностите на академиите, приказот на уметничките достигнувања посебно е анализиран во табела 8.15, кои активности не се однесуваат на другите кампуси на Универзитетот.

Вкупно се реализирани 464 настани, од кои на Музичката академија отпаѓаат 335 и учествуваат со најголем процент во уметничките активности на Кампус 1 со 72% од целокупните активности.

На Ликовната академија отпаќаат вкупно 122 активности со уметнички достигнувања или 26%. Филмската академија нема покажано активности за периодот 2015/2016 и 2015/2017 година.

Филмската академија во 2017/2018 година има реализирано вкупно 7 уметнички достигнувања и тие се однесуваат на сценски адаптации во странство 4 и во земјава 3 (табела 18.14, слика 8.5).

Истите активности компарирани со претходната самоевалуација за периодот 2013-2015, кога вкупно биле реализирани 325 настани покажува дека академиите значително ги зголемиле своите актвности во уметничките достигнувања.




Слика 8.5. Процентуален удел на академиите во Кампус 1 во уметничките достигнувања на Univeritetot за периодот 2015-2018

## 8.7. Фонд за научноистражувачка работа (ФНИР)

Во парадигмата на Универзитетот е науката уште од неговото основање. Низ годините основната дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се темели на единството помеѓу научниот и наставниот процес како трајна вредност. Тесната поврзаност на научниот и наставниот процес произлегува од сознанието дека преку методологијата и апликативната улога на науката на Универзитетот се создава и одржува академски напон како критичен елемент во образовниот процес.

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип негува и произведува академски вредности кои на општата скала на општествени вредности традиционално се поставуваат многу високо. Во најголема мерка позитивните академски вредности се темелат на движечката сила која произлегува од научните активности. Универзитетското наследство, универзитетската независност-автономност, универзитетската веродостојност се основните елементи на кои може со сигурност да се подигнат новите генерации на интелектуалци, извонредни професионалци, квалитетни личности кои можат да ја носат одговорноста на иднината на општеството.

Научните истражувања ги развиваат индивидуалните квалитети на секој поединец како важен елемент на универзитетската академска заедница.

Научните истражувања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се темелат на индивидуалниот проектен пристап кој го одразува и осигурува минималниот развој на академските јадра поради што на Универзитетот се создава мозаична слика од бројни мали научни јадра. Универзитетот „Гоце

Делчев“ – Штип со своите активности силно ги поддржува научните јадра кои забрзано ја развиваат дадената научна област, а со тоа и забрзано го афирмираат Универзитетот во европски и светски рамки. Оваа своја поддршка Универзитетот ја изразува преку формирање на посебни фондови за наука од кои во определена постапка одделни научни јадра можат да користат средства за динамизирањето на своите научни истражувања.

Еден од најпрепознатливите елементи на Универзитетот кој е познат како двигател на научната дејност е Фондот за наука на УГД.

Со Одлука од Универзитетски сенат во март 2013 година се започнати активности во финансирање на научноистражувачки проекти финансирани од сопствен фонд за наука на УГД.

Правилникот, конкурсите и сите детали за апликација и работење на Фондот за наука на УГД се транспарентни и достапни се за апликантите на линкот:

http://research.ugd.edu.mk/index.php/mk/pocetna

Отворањето на сопствен фонд за стимулација на научните и истражувачките активности се покажа како крајно ефективен и стимулирачки механизам во поддршката на сите единици на УГД во финансирањето на научната и истражувачката дејност.

Овој фонд во континуотет поддржува истражувачки проекти веќе цели пет години, а тоа рефлектира на интензивирање на научноистражувачката дејност на Универзитетот преку зголемениот број на публикации, особено на меѓународно ниво, а исто така и на поголем број на учества на научни и стучни собири во земјава и во странство.

Детален приказ на финансираните проекти од Фондот на наука на УГД е прикажан табеларно во табелата 8.16.

Табела 8.16. Фонд за научноистражувачка работа (ФНИР)

| Број на финансирани проекти од Фондот за наука на УГД | | | | 2015-2018 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет | 2015/ 2016 | 2016/ 2017 | 2017/ 2018 | Едно-годишни проекти | Дво-годишни проекти | Вкупно проекти | Бр. на лица вклучени во проекти* |
| К1 Уметности | | | | | | | |
| ЛА | 1 | 1 | 1 | | 3 | 3 | 1 |
| МА | | 2 | 2 | | 4 | 4 | 3 |
| ФА | | | | | | | |
| вк. број | 1 | 3 | 3 | | | | |
| вк. МКД | 200.000 | 300.000 | 300.000 | | | | |
| К2 – Природни, технички и биотехнички науки | | | | | | | |
| ЕТФ | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 6 | 2 |
| ЗФ | 11 | 7 | 8 | 13 | 13 | 26 | 12 |
| МФ | 1 | | | | 1 | 1 | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ФПТН | 9 | 3 | 3 | 7 | 8 | 15 | 10 |
| ТТФ | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 5 | 2 |
| ФИ | 5 | 6 | 6 | 11 | 6 | 17 | 7 |
| вк. број | 29 | 20 | 21 | | | | |
| вк. МКД | 9.200.000 | 3.400.000 | 2.000.000 | | | | |
| К3 – Медицински науки | | | | | | | |
| ФМН | 10 | 14 | 14 | 25 | 13 | 38 | 15 |
| вк. МКД | 3.350.000 | 2.000.000 | 400.000 | | | | |
| К4 - Општествени и хуманистички науки | | | | | | | |
| ЕФ | 4 | 4 | 5 | 9 | 4 | 13 | 6 |
| ПФ | 2 | 4 | 4 | 5 | 5 | 10 | 4 |
| ФОН | 2 | 2 | 3 | 1 | 6 | 7 | 4 |
| ФТБЛ | 3 | 4 | 4 | 5 | 6 | 11 | 4 |
| ФФ | 1 | 3 | 3 | 2 | 5 | 7 | 3 |
| вк. број | 12 | 17 | 19 | | | | |
| вк. МКД | 3.410.000 | 1.800.000 | 900.000 | 84 | 79 | 163 | |
| Вкупно УГД (К1+К2+К3+К4) 2015/18 | | | | 87 | 79 | 163 | 74 |

* Постои можност едно лице да е вклучено во повеќе проекти (согласно со Правилник најмногу во 2 проекти), но едно лице е раководител само на еден проект

- за 2015/2016 год. вкупно УГД (К1+К2+К3+К4) = 16.300.000 ден.
- за 2016/2017 год. вкупно УГД (К1+К2+К3+К4) = 7.500.000 ден.
- за 2017/2018 год. вкупно УГД (К1+К2+К3+К4) = 3.600.000 ден.
- за сите години вкупно УГД (К1+К2+К3+К4) = 27.400.000 ден.

Согласно со бројките дадени во табела 8.16 по кампуси и по единици низ годините на самоевалуација најмногу доделени средства има на Кампус 2 – Природни, технички и биотехнички науки, потоа следува Кампус 3 - Медицински науки, потоа Кампус 4 – Општествени и хуманистички науки и Кампус 1 – Уметности. Согласно со податоците во опаѓање низ годините се и финансиите за научната работа, па ако за 2015/2016 година се вложени 16300000 ден., за 2016/2017 година овој фонд е намален скоро за половина на 750000. Тој фонд за 2017/2018 година изнесува само 3600000 ден. Во периодот на евалуација финансирани се вкупно 163 проекти (едногодишни и двогодишни) и во нив се ангажирани вкупно 74 лица.

Сите факултети, како и академии во составот на УГД имаат користено средства од ФНИР за вкупно 15 единици во УГД има финансирано вкупно 27400000 парични средства од Фондот за наука за поддршка на наулноистражувачки проекти за периодот 2015-2018.




Слика 8.6. Процентуален сооднос на факултетите по број на проекти финансирани од ФНИР за периодот 2015-2018

За целокупниот период на евалуација 2015-2018 изразено во проценти или 23% од целосниот фонд искористиле Факултетот за медицински науки, по нив следуваат: Земјоделски факултет со 16%, па Факултетот за информатика со 10%, Факултетот за природни и технички науки со 9%, Економски факултет со 8%, Факултетот за туризам и бизнис логистика со 7%, Правен факултет со 6%, Факултет за образовни науки со 5%, Филилошки факултет со 4%, Електротехнички факултет со 4%, Технолошко-технички факултет со 3%, Ликовна академија со 2% и Музичка академија со 2%, Машински факултет со 1% и Филмска академија нема користено средства од Фондот за наука на УГД (слика 8.6).




Слика 8.7. Број на проекти застапени по кампуси кои се финансирани од ФНИР за периодот 2015-2018

На слика 8.7 е прикажана бројната застапеност на проекти по кампуси за периодот на самоевалуација, каде што најголем број проекти се реализирани на Кампус 2 - вкупно 70, следи Кампус 4 со 48, па Кампус 3 со 38 и академиите од Кампус 1 со 7 реализирани проекти.




Слика 8.8. Број на проекти застапени по кампуси и по академски години кои се финансирани од ФНИР

Што се однесува до бројот на проекти кои се финансирани по академски години, тој е скоро ист, за 2015/2016 година се финансирани 52 проекти или 32%, за 2016/2017 година се финансирани 54 проекти или 33%, а последната 2017/2018 година се финансирани 57 или 35% од вкупно финансираните проекти за целиот период на евалуација 2015-2018 (слика 8.8).

**SWOT анализа на научноистражувачката дејност**

| СИЛНИ СТРАНИ (Strengths) | СЛАБИ СТРАНИ (Weaknesses) |
|---|---|
| ▪ Компетентен научноистражувачки кадар<br>▪ Компетентност за учество на меѓународни научни собири<br>▪ Капацитет за професионално усовршување и промовирање<br>▪ Подршка и финансирање на проекти од сопствн фонд (ФНИР) | ▪ Незаинтересиранаст на научната фела за следење на современите научни достигнувања<br>▪ Неискористеност на европските фондови за наука Horizon 2020<br>▪ Недоволно научни капацитети за следење и учество во меѓународни проекти<br>▪ Намалена искористеност на финансиските сердствата од Фондот за наука на УГД |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
| ▪ Унапредување на соработката со светски водечки универзитетски центри<br>▪ Можност за вработувања финансирани од проекти<br>▪ Соработка со сродни институции од земјава и во странство во научната дејност<br>▪ Доделување стипендии за студиски престои на реномирани универзитети<br>▪ Сопствен фонд за поддршка на науката од УГД и можност за поголема мобилност регионална и глобална | ▪ Недоволно финансирање од МОН за учество на меѓународни собири и меѓународни проекти<br>▪ Намалување на соработничките позиции<br>▪ Дестимулација за вработување на младите истражувачи<br>▪ Одлив на млад способен истражувачки кадар надвор од државата во други странски универзитети |

Внатрешни фактори

Надворешни фактори

Позитивни

Негативни

## 9. ФИНАНСИРАЊЕ

Најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, за периодот на самоевалуацијата 2015-2018 година, е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН), со просечен дел од 48,42% од вкупниот буџет. Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите и тоа во просек 41,42% од вкупните извори на буџетот на Универзитетот. Само во 2015 година уплатите од студенти биле поголеми од финансирањето од МОН и тоа за само 2.56%. Од 2016 година финансирањето на УГД во најголем процент е од МОН. Просечниот годишен буџет на УГД за периодот на самоевалуација изнесува околу 525 милиони денари (околу 8,5 милиони евра). Вкупниот буџет е распределен во 12 календарски месеци.

Структурата на буџетот е релативно стабилна и незначително се менува во текот на целиот период на евалуација, а збирниот преглед е даден во табела 9.1. Заклучно со 2015 година водечки извор на финансии бил од уплатите на студентите, но од 2016 поголем извор на финансирање е од МОН.

Табела 9.1. Структура на годишниот буџет* на УГД 2015-2018

| **Год.** | **МОН** | **%** | **Уплати од студенти** | **%** | **Научни проекти** | **%** | **Апликативн и проекти** | **%** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 252.298.086 | 43,83 | 267.032.462 | 46,39 | 6.710.633 | 1,16 | 49.530.240 | 8,61 | 575.571.421 |
| 2016 | 241.530.650 | 47,40 | 216.686.246 | 42,53 | 6.079.356 | 1,19 | 45.218.487 | 8,87 | 509.514.739 |
| 2017 | 249.701.241 | 50,14 | 200.951.544 | 40,35 | 6.117.232 | 1,23 | 41.217.363 | 8,28 | 497.987.380 |
| 2018 | 273.965.648 | 52,87 | 185.717.095 | 35,84 | 6.713.051 | 1,30 | 51.793.532 | 10,0 | 518.189.326 |
| Просек 2015-2018 | 254.373.906 | 48,42 | 217.596.837 | 41,42 | 6.405.068 | 1,22 | 46.939.906 | 8,94 | 525.315.716 |

**Сите суми се изразени во денари*

### 9.1. Средствата од буџетот на Република Северна Македонија

Средствата добиени од страна на Министерството за образование и наука, главно, се наменети за наставно-образовниот процес и за плати, а висината на добиените средства се базира на бројот и степенот на образованието на вработените, согласно со применуваните критериуми на Министерството за финансирање за високото образование. Висината на овие средства се движи од 43,83% во 2015 година до 52,87% во 2018 година, што е зголемување за 9,04% од вкупниот буџет во периодот на евалуација.

Останатите трошоци, вклучувајќи ги и дел од претходните, се покриваат со средства кои се остваруваат од самофинансирачки активности (од испити и упис, од самофинансирање и кофинансирање на студентите и од научноистражувачки и апликативни проекти и друго).

Податоците сумирани погоре укажуваат на тренд на зголемување на средствата од буџетот на Република Северна Македонија, а забележително намалување на средствата уплатени од студенти.

Средствата во вкупниот буџет на УГД од научните проекти е стабилен и се движи од 1,16% во 2015 до 1,30% во 2018 година. Незначителен пораст е присутен во апликативните проекти, која сума од околу 49 милиони денари во 2015 година се зголемила на над 51 милиони денари во 2018 година.

Деталната динамика на средствата обезбедени од Министерството за образование и наука, од Буџетот на Република Северна Македонија за целокупниот период на работењето на УГД 2007-2018 година е даден на слика 9.1. Најмногу средства се добиени во 2008 година, што изнесувало 78,82% од вкупниот буџет на УГД. Во 2015 година овој процент изнесува 43,83%, што генерално укажува на големо процентуално намалување на средствата од државата. Од 2007 година, кога овие средства изнесувале 79,01% од буџетот на УГД, во 2015 година се намалиме за цели 55,48%. Во периодот на самоевалуација се забележува мал пораст на финансирањето од МОН и тоа од 241530650 денари за 2016 година на 273965648 денари во 2018 година.




Слика 9.1. Средства обезбедени од МОН 2007-2018 (во денари)

### 9.2. Средства од сопствени приходи

Средства од сопствените приходи се во перманентно опаѓање во периодот на самоевалуацијата. Посебно мора да се потенцира опаѓањето на приходи од студентите. Уплатите од студенти се остваруваат по неколку основи, а најголем дел претставуваат средствата од уписи, такси за полагање на испити и други средства за реализација на настава. Овие средства во 2015 година изнесувале 267032462 денари или 46,39% од буџетот на УГД, а во 2018 година тој износ се намалил на 185717095 т.е. на 41,42% од буџетот на УГД.

Деталниот преглед на средствата уплатени од студентите се прикажани во графикон на слика 9.2. Овие средства, покрај лимитирањето на висината на партиципациите од страна на МОН, биле во континуиран пораст како бруто маса за периодот 2007-2014 година. Во 2007 година уплатите од студенти изнесувале 15,69%, во 2014 година 46,59%, а во 2018 година опаѓаат на 35,84% од вкупниот буџет на УГД. Видното намалување на уплатата на средствата од студенти се забележува по 2014 година, и тоа токму во периодот на самоевалуацијата. Оваа резултира како последица на намалениот број на запишани студенти во академските 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година. Од 2015 година до 2018 година висината на уплатени средства од студентите се намалила за 10.55%, односно од 267.032.462 денари за 2015 година на 185.717.095 денари. Позитивна корелација ја следи висината на уплатените средства од студентите со бројот на запишани и вкупниот број на студенти, па затоа разбирлив е фактот дека уплатите од

студентите во периодот на самоевалуација во просек се помали (41,42%) од средствата финансирани од МОН (48,42%).




Слика 9.2. Средства добиени од уплати од студенти 2007-2018 (во денари)

### 9.3. Средства од научни проекти

Научните проекти, посебно во почетните години од работењето на УГД, учествуваат со многу мал процент во вкупниот буџет, што се должи на минималните средствата кои се добиваат од Министерството за образование и наука за истражувачки проекти, како и релативно малиот капацитет за директно конкурирање на поголемите меѓународно финансирани проекти (слика 9.3). Сепак најзначајно подобрување е остварено во 2011 година, со зголемување од просечните 0,44% за периодот 2007-2010 на 2,88% за истата година со вкупен фонд од 14610566 денари. Во периодот 2011-2015 се забележува тренд на зголемување на овие средства во вкупниот буџет на УГД. Во периодот на самоевалуација 2015-2018 средствата од научни проекти се стабилни и изнесуваат околу 6 милиони денари или во просек 1,22% од буџетот на УГД. Иако се работи за видно зголемување и стабилност во средствата добиени од научни проекти, повеќе од неопходно е да се зголемат напорите за пристап до ваквите проекти, бидејќи овие средства се од суштинско значење за поефикасна и меѓународно препознатлива научна работа. Учество на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот пораснало од 0,37% во 2007 на 1,16% во 2015 година, кое учество било тројно зголемено. Во периодот на самоевалуацијата овие средства стагнираат и во просек се 1,22% од буџетот на УГД.




Слика 9.3. Средства од реализација на научни проекти 2007-2018 (во денари)

### 9.4. Средства од апликативни проекти

За истакнување е зголемувањето на приходите од апликативни проекти, прикажани на слика 9.4, кои во просек за анализираниот период учествуваат околу 8,94% во вкупниот буџет на Универзитетот. Последната година 2018 остварен е највисок износ од 51793532 денари од апликативните проекти. И за апликативните проекти може да се констатира истото како и за научните проекти, дека стагнираат но се стабилни. Овие средства, кои се остваруваат по основ на соработка со стопанството, главно се засновани на индивидуални иницијативи на наставно-научниот кадар, очигледно е дека постои голем простор за подобрување што би било од голем бенефит како за Универзитетот, како и за средината во кој истиот функционира. Најголемиот пораст на овие средства е токму за периодот кој се евалуира и кој процент скоро двојно се зголемил од 4,92% учество во вкупниот буџет во 2007 година на 8,61% за 2015 година. За 2018 година овој процент е највисок и изнесува 10% од буџетот на Универзитетот.




Слика 9.4. Средства од реализација на апликативни проекти 2007-2018 (во денари)

Динамиката на средствата добиени од апликативните проекти укажува на засилена соработка на стопанството со академијата, како и формирање на компактно јадро кое може да влијае на развојот на севкупното општествено живеење.

Финансиската анализа на научните и апликативните проекти исто така укажува на научноистражувачка зрелост на академската фела на Универзитетот, која се согледува во скоро двојно зголемените средства од апликативните проекти и тројно зголемени средства кои влегле во буџетот на УГД од научни проекти, споредено со периодот кој е пред самоевалуацијата 2015-2018.

Динамиката на вкупните средства финансирани од МОН, уплатите на студентите од научни и апликативни средства за периодот 2007-2018 е прикажан со дијаграм на сликата 9.5.




Слика 9.5. Динамика на вкупниот буџет на УГД за периодот 2007-2018 (во денари)

Структурата на буџетот на УГД за периодот 2007-2018 е прикажана на дијаграмите во прилогот број 9.

**SWOT анализа за финансирањето на УГД**

| **СИЛНИ СТРАНИ (Strengths)** | **СЛАБИ СТРАНИ (Weaknesses)** |
|---|---|
| ▪ Пораст на средствата од МОН<br>▪ Стабилност на средствата од научни проекти во буџетот на УГД<br>▪ Стабилност на средствата од апликативни проекти во буџетот на УГД<br>▪ Структура на релативно стабилен вкупен буџет за периодот на самоевалуација | ▪ Намалување на средствата од уплата на студенти<br>▪ Недоволна апликација во ЕУ фондовите за наука<br>▪ Неинформираност за начинот на апликација во меѓународни фондови за финансирање на наука<br>▪ Мала индивидуална иницијатива за добивање на средства од наука и апликација од меѓународни и ЕУ фоднови. |
| **МОЖНОСТИ (Opportunities)** | **ЗАКАНИ (Threats)** |
| ▪ Склучување на договори со стопанските и нестопанските субјекти за апликативни проекти<br>▪ Зголемување и подобрување на условите за добивање научни пректи<br>▪ Можност за користење на средства од фондот за наука на УГД<br>▪ Зголемено и стабилно финансирање од МОН, во делот за плати на вработените | ▪ Намалени средства од самофинансирачките извори<br>▪ Намален интерес за студирање, а со тоа и намалени уплати од студентите<br>▪ Тешкотии во пристапните фондови за апликација во научни проекти финансирани од ЕУ<br>▪ Слаба стопанска структура немоќна за инвестирање и финансирање во образовни и научни цели |

Внатрешни фактори

Надворешни фактори

Позитивни

Негативни

## 10. ЛОГИСТИКА И СТУДЕНТСКИ СЕРВИС

Во ова поглавје ќе се обидеме прецизно да го исцртаме информатичко-технолошкиот капацитет со кој располага УГД и кој е логистичка поддршка на секојдневниот студентски живот заедно со студентскиот сервис кој низ годините се покажал како еден од најсовремените во државата.

Информатичко-технолошкиот центар на Универзитетот ИТЦ-УГД е опремен со најсовремена информатичко, телекомуникациска и телефонска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро. Сето тоа наоѓа огромна примена во креирање и имплементирање на наставата на нов, модерен и функционален начин (вклучувајќи електронско пријавување на испитите и електронско оценување т.е. е-индекс), кој е во чекор со експанзијата на новата ера на информатичката технологија. ИТЦ-УГД дава огромна поддршка во наставата која се изведува во училниците со класична и современа аудиовизуелна, мултимедиска компјутерска опрема. Во современите информатички алатки кои ја помагаат современата настава и квалитетна реализација на студиските програми спаѓаат:

- е-индекс,
- е-библиотека,
- студентска е-пошта,
- е-распоред,
- е-репозиториум,
- е-учење,
- е-календар,

сите достапни на порталот на УГД во сервисот за студенти на линкот http://www.ugd.edu.mk/index.php/studenti/e-ugd.

Квалитетот на наставата се развива и одржува и преку следните механизми:

- На секои три години Универзитетот спроведува процес на самоевалуација на ниво на студиски програми, како и самоевалуација на ниво на сите факултети;
- Секоја година се спроведуваат анкети на студентите за односот на наставничкиот кадар и квалитетот на наставно-образовниот процес;

- Континуирано се унапредуваат предметните програми во процедура преку катедрите и наставно-научниот совет на факултетот.

Факултетите на Универзитетот располагаат со потребниот административно-стручен кадар и простор за обезбедување на потребната логистичка поддршка за студентите на сите степени од студиите и постојано се прават напори да се докомплетира истиот во сегментите каде има недостаток.

Административниот кадар на Универзитетот „Гоце Делчев“ е ангажиран за извршување на административно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. Универзитетот во 2015/2016 година има ангажирано 260 лица за извршување на стручните и административно-техничките работи, за истиот број да се намали на 219 за периодот 2016/2017 и да достигне цифра од 216 за 2017/2018 година. Намалувањето практично не се однесува на реално намалување на бројот на вработени, туку на различна прераспределба на дел од вработените. Во овие години се донесени измени на Законот за високо образование, па согласно со неисполнување/исполнување на одредени законски услови дел од соработничкиот кадар е прераспределен во административен, за потоа по исполнување на условите повторно да биде распределен во наставен/соработнички кадар. Затоа и вкупната бројка на вработени - вкупно административно-технички и стручен кадар не се намалува драстично и изнесува 514 за 2015/2016 година односно 5019 во 2017/2018 година. Структурата на распределбата на стручниот кадар по факултети е дадена во прилог 10.1.

Деканската управа и координаторот на ЕКТС се постојано достапни во рамките на вообичаеното работно време. Достапен е можниот контакт со студентските прашања по факултети со можност за телефонски контакт и електронска комуникација во секое време. Услужувањето на студентите е секогаш соодветно на потребите. Во услови на имплементација на ЕКТС, воведен е информатичкиот систем на сите членки на Универзитетот и нивна меѓусебна поврзаност. Статус на студент на Универзитетот се стекнува со запишувањето на дипломски, постдипломски и докторски студии на факултетите и високата стручна школа на Универзитетот „Гоце Делчев“. Студентите своите права и обврски ги остваруваат согласно со закон и со општите и интерни акти на Универзитетот и на единиците во неговиот состав.

### 10.1. Е-индекс

Електронскиот индекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип претставува софтверско решение кое овозможува реализација на еден сосема нов и модерен начин на студирање на студентите.

Сите досегашни анализи и евалуации на Универзитетот биле направени согласно по кампусите кои се етаблирани по научни области. Оваа самоевалуација покажа дека кампусот 1 и по состав и по уметничките области претставува целина која тешко може да се компарира со другите единици, заради спецификата на активностите од академиите, и затоа во оваа самоевалуација се евалуирани посебно. Активностите и научните достигнувања на академиите се сосема различни од другите единици и затоа се евалуираат посебно во Кампус 1, што даде пореална слика за нивните достигнувања.

### 12.2. Наставнички и соработнички кадар

На Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во учебната 2017/2018 година имало 303 постојано вработен и 87 хонорарен наставно-научен и соработнички кадар. Бројот на наставно-научниот кадар (постојан и хонорарен) во учебната 2017/2018 година изнесува 325, а на соработничкиот кадар изнесува 65.

На Универзитетот е евидентен недостатокот од соработнички кадар, чиј број драстично е намален во однос на претходните години. На пример, на Ликовната и Филмската академија воопшто нема соработнички кадар, а уште

девет други факултети имаат од 1 до 8 соработници. Главните причини се унапредувањето на соработничкиот кадар во наставно звање, како и неодобрувањето на согласности за прием на нови соработници од Министерството за финансии во последните години.

Дури и на останатите три факултети со поголем број соработнички кадар, како Факултетот за медицински науки, каде што има 19 соработници во постојан работен однос или хонорарци, поради големиот број на студенти, параметрите за број на студенти на еден соработник се високи (109,68 за ФМН) и укажуваат на потреба за повеќе соработници.

Перспективно, препораката наша е да се реализира прием на нов соработнички кадар на сите факултети со можности за изнаоѓање на други начини на финансирање на соработниците.

### 12.3. Наставно-образовна дејност

Анализата на податоците обработени за периодот 2015-2018 година покажуваат приспособување на студиските програми од прв и втор циклус кон потребите на студентите и пазарот на труд. Во поглед на третиот циклус студии, акредитирани и понудени се програми за кои постои стручен кадар што ги исполнува условите согласно со Законот за високо образование. Универзитетот во континуитет успева да одржи соработка со надворешни институции од јавниот и приватниот сектор, како можност за поголема апликативна едукација на студентите во делот на практичната настава. Во поглед на вештините и компетенциите што ги стекнуваат студентите во наставно-образовната дејност, со средна оценка е познавањето на странски јазик и капацитетот за анализа на научна и стручна литература.

Земајќи ја предвид сегашната состојба, во претстојниот период Универзитетот треба да се фокусира на интернационализација на студиските програми од прв и втор циклус, како можност за отворање на Универзитетот кон странски студенти, странски универзитети и можност за продлабочена соработка со други институции. Препорака е во оваа насока Универзитетот на програмите каде што постои можност да го имплементира концептот на *„учење од далечина“* и понуда за студирање преку *„заедничка диплома“*, со што ќе се создаде можност за зголемување на бројот на странски и македонски студенти кои живеат и работат во странство. Со ова ќе се интензивира соработката со визитинг професори од странство, студентите ќе може да користат странски библиотеки, со што дополнително ќе се придонесе кон интернационализација на Универзитетот.

### 12.4. Студенти

Во рамките на УГД, во учебната 2017/2018 година се запишани вкупно 6718 студенти на прв циклус (од кои 5697 редовни и 1021 вонредни), 131 студент на втор циклус и 30 студенти на трет циклус. Во оваа учебна година има 1523 времено неактивни студенти, од кои 181 во меѓувреме станале активни, а 92 студенти се испишале.

Во периодот на самоевалуација има постојано намалување на бројот на запишани студенти на прв циклус, што пред сѐ се должи на големиот одлив на студентите во странство. Единствено на Ликовната академија и Факултетот за образовни науки има пораст на бројот на запишани студенти на прв циклус, додека на Музичката академија и Факултетот за медицински науки бројот на запишани студенти на прв циклус е приближно ист. Потребно е да се анализира зошто постои тренд на опаѓање на бројот на студенти на прв циклус на одредени факултети и проблемот да се решава за секој факултет поединечно.

Намалувањето на бројот на студенти на втор циклус главно се должи на немањето на акредитирани едногодишни програми за втор циклус во периодот на самоевалуација, па препорака е сите факултети при УГД кои тоа не го направиле да акредитираат едногодишни програми за втор циклус во претстојниот период.

Во периодот на самоевалуација расте бројот на запишани студенти на трет циклус, до максимум од 56 во 2016/2017 година. Падот во следната година се должи пред сѐ на пополнувањето на менторските места, како и на истекувањето на акредитациите на некои програми. Препорака е да се зголеми бројот на акредитирани ментори на трет циклус и да се забрза процесот на акредитација на студиските програми за трет циклус.

### 12.5. Просторна и материјално-техничка опременост

Вкупната површина на четирите кампуси каде што се изведуваат теоретската и практичната настава, во однос на претходната самоевалуација, се зголемила за 512 $m^2$, што во однос на бројот на активни студенти во изминатиов период претставува зголемување на дидактичкиот простор по глава на студент. Единствено се забележува намалување на површината на земјоделското земјиште кое Универзитетот го користи за одвивање на

теренска и практична работа на одредени факултети. Исто така, отворањето на две нови лаборатории на Медицинскиот факултет значително ја подобрува состојбата со практичната клиничка настава на овој факултет, што пак позитивно влијае врз подобрувањето на условите на студирање и стекнување со соодветна пракса за време на одвивањето на академскиот процес на овие студенти. За разлика од периодот 2013 - 2015 година, во изминативе две години од периодот на евалуација, наставните центри во Кочани, Виница и Пробиштип воопшто не се искористени од страна на факултетите кои во претходниот период одвивале настава во овие центри. Единствено проширување на одреден факултет во дисперзираните центри е случајот со Филолошкиот факултет кој во последните две години своите студиски програми ги прошири во наставниот центар во Струмица.

### 12.6. Студентска анкета

Во анкетата што ја спроведе Комисијата за самоевалуација учествуваа 683 студенти-испитаници од сите години и од сите студиски програми или околу 10,17% од вкупниот број на студенти на УГД. Анкетниот лист вклучуваше 46 прашања распоредени во 9 подрачја. Анализирајќи ги анкетните листови и коментарите кои ги дадоа студентите, Комисијата укажува на следните констатации и препораки:

- Организираноста на наставата студентите сумарно ја оцениле со високи оценки, со исклучок поголем дел од анкетираните испитаници од Кампус 3 (36,6%) кои сметаат дека наставата не се одвива според годишниот распоред и во своите коментари го наведуваат истото. Потребни се мерки за зголемување на организираноста на наставата и подобрување на годишниот распоред во Кампус 3;
- Најголем број од студентските коментари за студиските програми се упатени за организирање на пракса, практична настава и вежби, користење на лаборатории, на сите кампуси. Во таа насока Универзитетот треба да направи силен исчекор напред и да го подобри изведувањето на практичната настава, како и реализацијата на лабораториските, теренските и клиничките вежби;
- Генерално, студентите се задоволни од наставниците и асистентите и ги оценуваат на задоволително ниво;
- По однос на оценувањето, 54,4% од анкетираните студенти сметаат дека оценувањето е објективно, а споредено со претходната евалуација овој процент се намалил;

- Студентите се задоволни од сите електронски платформи на УГД и истите ги коментираат како еден од најголемите предности кои ги имаат за разлика од студентите на другите универзитети. 81,7% се задоволни од платформата е-учење и сметаат дека го олеснува процесот на учење. Дури 97,7% од анкетираните студенти сметаат дека е-индексот им овозможува поедноставен пристап до информациите за оценувањето. Студентското мислење за е-библиотеката е далеку подобрено за разлика од претходната евалуација (од 77% на 80,9%). Наша препорака е постојано да се надградуваат и обновуваат сите е-платформи на УГД.
- 27,9% од анкетираните студенти не се задоволни од соработката со референтите на одделите за студентски прашања, а 19,5% не се задоволни од соработката со лицата во библиотеките;
- Генерално, малку повеќе од една половина (51,9%) од анкетираните студенти сметаат дека студирањето на УГД ги исполнило нивните очекувања, кој процент е намален од претходната самоевалуација.

### 12.7. Анкета на наставнички и соработнички кадар

Од спроведената анкета на наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и направената анализа на податоците произлегоа следниве предлози и препораки:

**Организациска поддршка на наставата**

***Информираност***

Не постои голема промена во информираноста на академскиот кадар од последната самоевалуација. Секако постои простор за подобрување во наредните години, затоа што на некои факултети имаме негатива промена на нивото на информираност.

***Годишен академски распоред***

Академскиот кадар со дадените одговори смета дека компатибилноста на годишниот академски распоред за настава, вежби, колоквиуми, испитни сесии и одмор во однос на наставно-образовниот процес во голема мера е добра.

Со цел да се подобрат календарот и усогласеноста, потребно е да се испита кои делови од распоредот не им одговараат на наставниците и асистентите по факултети и ако постои можност да се променат и подобрат во наредните години.

***Наставно-нагледни средства***

Постои изразено незадоволство во однос на опременоста со наставно-нагледни средства на Универзитетот. Во споредба со претходната самоевалуација ситуацијата е влошена и во иднина треба да се испита што е тоа што им недостасува на наставниците и асистентите за изведување на наставата и во рамките на можностите истото да го обезбеди.

Потребно е да се анализира и разликата во одговори по кампуси, каде што според резултатите постои најголема потреба од подобрување на опременоста на Кампус 3.

***Платформа за е-учење***

Има промена во задоволството со користењето на оваа платформа на ниво на Универзитет. Ова е поради влијанието на извесно незадоволство од академиите при Кампус 1. Оваа разлика е забележителна и во однос на другите кампуси на Универзитетот. Потребно е да се испита зошто постои ова незадоволство на Кампус 1.

Задоволството од платформата е задоволително големо на факултетите при кампусите 2, 3 и 4.

***Електронски индекс***

Генерално, платформата е-индекс е позитивно прифатена и голем дел од испитаниците сметаат дека им е скратено времето за административни обврски.

Кај сите кампуси постои значително зголемување на задоволството во користење на оваа платформа во споредба со претходната самоевалуација.

***Електронска библиотека***

Генерално постои задоволството на ниво на Универзитет со користењето на оваа платформа. Може да се направи анализа по факултети за да се увиди дали постојат разлики во однос на задоволството по факултети.

**Внатрешна соработка**

***Соработка во рамките на факултетот***

Генерално постои позитивна оценка во однос на соработката со студентската служба, техничкиот секретар и секретарот (правникот). Во споредба со претходната самоевалуација постои подобрување во однос на задоволството.

Поради разлики во оцените помеѓу факултети потребно е да се анализира задоволството по факултети.

***Соработка со деканот на факултетот***

Постои генерална позитивна состојба во однос на соработката и комуникацијата со деканите на факултетите. Потребно е да се проанализира поголемиот број на негативни одговори на мал дел од кампусите и да се преземат мерки за подобрување на состојбата.

За да се добие пореална слика на соработката со деканите анализата треба да се направи на ниво на факултети.

***Соработка со продеканот за настава на факултетот***

Позитивна е состојбата во однос на соработката со продеканите на факултетите. Потребно е да се проанализира на ниво на факултети за да се добие пореална слика за соработката со продеканите.

***Соработка со одделенија и сектори***

Постои задоволство во соработката со одделенијата и секторите на Универзитетот. Има мали тенденции кои треба да се анализираат на ниво на факултети и да се даде соодветен одговор.

**Веб-страница**

Задоволството во однос на веб-страницата на Универзитетот е стабилна, но секако постои простор за подобрување со цел да се одговори на динамичната промена на технологијата и потребите на младите студенти.

**Научноистражувачка работа**

***Услови за научноистражувачка работа***

Условите за научноистражувачка работа од 63% од академскиот кадар се оценети позитивно. Ова е зголемување во споредба со претходната самоевалуација. На Кампус 2 е зголемено задоволството од условите за научноистражувачка работа. Сепак е потребно подобрување на условите на сите кампуси.

***Фонд за научноистражувачка работа***

Има зголемување на искористеноста на фондот за научноистражувачка работа од наставно-научниот и соработнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Постои исто зголемување и од искористеноста на средствата на оние што биле дел од проект спонзориран од Фондот за научноистражувачка работа.

Потребна е анализа по факултет и анализа на дебалансот помеѓу кампусите. Потребно е да се анализира и искористувањето на средствата од проектите, иако на некои кампуси има голем број проекти со поголем број на

вклучен кадар, искористеноста на средствата е мала и се користи мал дел од кадарот.

***Апликативни проекти***

Потребна е анализа на причината поради која најголем дел од апликативните проекти се на Кампус 2 и како да се промени таа состојба. Има позитивна тенденција на зголемување на бројот на апликативни проекти на Кампус 4.

### 12.8. Научноистражувачка дејност

За периодот на евалуација 2015-2018 научноистражувачката дејност на Универзитетот се покажа дека е значително интензивирана. Покрај релативно ниските ресурси, во услови на намелени финансиски средства и преголемата ангажираност на расположливиот кадар во наставни и административни активности, како и реализација на дисперзираните студии, научноистражувачките активности за овој период може да се оценат доста позитивно и интензивирани кај повеќето факултети на Универзитетот.

Факултетите од Кампус 2 покажаа најголема активност во реализација на меѓународни проекти, потоа следат единиците од Кампус 3, Кампус 4, додека академиите од Кампус 1 се со најмала активност во реализација на меѓународни проекти. Факултетот за медицински науки од Кампус 3 покажа најголема активност во учества на домашни и меѓународни манифестации (конференции, симпозиуми, семинари и други научни собири), потоа следат единиците од Кампус 4, Кампус 2 и академиите од Кампус 1 со најмала активност.

Зголемените истражувачки капацитети се должат на зголеменото учество на меѓународни и домашни научни собири и манифестации, засилени критериуми за наука при изборот во звање на наставничкиот кадар, зголемени пристапни можности за искористување на странски фондови и програми за наука. Значајна улога во зголемувањето на истражувачките капацитети има и сопствениот Фонд за научноистражувачка работа на УГД. Реализацијата на ФНИР се покажа како ефективен и стимулирачки механизам во поддршката на сите единици на УГД во финансирањето на научната и истражувачката дејност. Освен Филмската академија сите 14 останати единици на УГД користеле средства од фондот за наука, со што се покажа дека ниеден друг фонд или програма за истражување не вклучува толкав број

на проекти и истражувачи вклучени во неа. Финансиските средства кои биле одделени за реализација на истражувачките проекти покажа забележително намалување на средствата во 2016/2017 средствата од фондот на наука се преполовиле, а значително намалување има и во следната 2017/2018 година.

Истражувачките лаборатории во кампус 2 и 3 и нивната соодветна опременост создале исто така услови за осовременување на истражувањата. Овие истражувачки капацитети УГД треба максимално да ги користи во вклучувањето пред сѐ на младите кадри во истражувањата.

Сето оваа рефлектира со видно зголемување на вкупниот број на издадени трудови од наставничкиот и соработничкиот кадар од сите кампуси, кој споредено со бројот од претходните самоевалуации се констатира континуирана зголемена активност во објавувањето на трудови.

Препорака на Комисијата е да се продолжи со финансирање на ФНИР, без намалување на средствата, во кој ќе бидат вклучени поголем број на млади истражувачи асистенти докторанти, со зголемена можноста за користење на средства за сопствените истражувања за постигнувањето на научните цели. Формирање на стратегија за поголемо искористување на пристапните фондови за меѓународните програми, особено европските програми за наука Horizon 2020 и за мобилност Erasmus+, е значајна определба на која треба во иднина да се фокусира Универзитетот.

**12.9. Финансии**

Главниот извор на финансии во периодот на самоевалуација 2015-2018 отпаѓа на двата извори, а тоа се уплатите од студентите и буџетот од Владата на Република Северна Македонија. Во просек за 2015-2018 година уплатите од студентите се 41,42% од вкупните извори за буџетот на Универзитетот и се во видно опаѓање. Сѐ до 2015 година овој извор на финансии бил водечки, но во периодот на самоевалуација е втор по големина извор на средства што рефлектира од намалениот број на студенти. Водечки извор на финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Македонија, со просечен дел од 48,42% од вкупниот буџет.

Учеството на научните проекти во вкупниот буџет на Универзитетот е стабилно, без големи варирања и во просек изнесува 1,12%. За истакнување е исто така зголемувањето на приходите од апликативни проекти, кои во 2015 година изнесувале 8,61% од вкупниот буџет, а во 2018 година се зголемиле на

10%. Зголемената научноистражувачка активност, со зголемениот број на проекти кои се реализирале во последните години реално ја зголемиле и финансиската конструкција на буџетот во делот за наука и апликативна работа.

Во услови на значително намалени извори на финансирање од уплата на студенти, Комисијата препорачува за интензивирање на апликациите од европските и меѓународните фондови за наука, како и апликациите за поддршка на научноистражувачката и образовната дејност на Универзитетот.

### 12.10. Логистика и студентски сервис

Низ годините Универзитетот „Гоце Делчев“ од најмлада државна високообразовна институција со одвај екипирани единици и инфраструктура, прерасна во сериозна високообразовна институција со растечка препознатливост меѓу универзитетите, студентите и стопанството. Платформите и помагалата кои ги интерпретираме во делот „логистика и студентски сервис“ несомнено придонесуваат во голема мера за транспарентноста и препознатливото влијание на Универзитетот особено меѓу младите луѓе. Свесни сме дека технологијата е многу развиена, но и секојдневно се развива, па затоа неопходно е доколку сакаме да бидеме во чекор со трендовите постојано да ги надградуваме овие платформи и постојано да инвестираме во надградувањето и на луѓето коишто работат на одржување на истите.

Платформите е-учење, е-индекс, е-библиотека се алатки преку кои Универзитетот достојно може да се промовира и успешно да ја реализира својата универзитетска приказна, но и да се носи со парадигмата на новото време. Преку овие платформи, покрај влез во домот на секој студент, да можеме да се промовираме и во компаниите кои се нашите крајни соработници, како во областа на најновите истражувања така и како потенцијални вработувачи на нашите дипломирани студенти.

Натамошното надградување, надополнување и максимално искористување на овие платформи е апсолутна препорака на Комисијата за самоевалуација, со цел да имаме еден стабилен електронски систем од една страна, задоволни и успешни студенти од друга страна, како и препознатливост на академијата меѓу компаниите од трета страна.

### 12.11. Надворешна соработка

Во поглед на надворешната соработка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип може да се забележи дека во периодот 2015-2018 година поголемо значење се дава на договорите со други високообразовни институции, Еразмус+ партнери. Склучени се вкупно 304 интеринституционални договори според програмата Еразмус+, наспрема 46 такви договори во периодот на претходната самоевалуација, што е во согласност со зголемените потреби, поради зголемената мобилност.

Во периодот - предмет на оваа самоевалуација се остварени значително поголем број на мобилности, за разлика од периодот - предмет на претходната самоевалуација, односно 157 мобилности на вработени и студенти, за разлика од претходните 52 остварени мобилности.

Значајно е да се напомене и бројот на вработени и студенти кои преку програмата Еразмус+ престојувале на УГД. Во периодот 2015-2018 година на УГД престојувале над 200 вработени и студенти, што е значително поголем број во однос на вкупниот број од 13 наставници и студенти од претходната самоевалуација.

Вработените на УГД, во периодот на самоевалуација, константно учествуваат на меѓународни недели, каде што го промовираат Универзитетот и можностите на студирање на единиците.

Земајќи го предвид фактот дека само преку остварените мобилности, кои ги овозможува Болоњскиот систем, студентите и вработените можат да се стекнат со придобивки во поглед на збогатувањето на своето CV, стекнување на искуства, зголемување на нивната компетентност и самодоверба, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и во иднина треба да ја одржува интернационализацијата на УГД и да ја интензивира работата на канцеларијата за меѓууниверзитетска соработка, преку зголемување на бројот на вработени во канцеларијата, кои ќе бидат стручни и компетентни во својата работа и преку зголемување на меѓуинституционалните договори, со што се зголемува изборот на вработените и студентите, како и квалитетот на нивниот престој.

### 12.12. Внатрешна проверка на квалитет

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е целосно посветен на одржување на квалитетот како во наставата, така и во административното работење. Па така, по сертификација на Универзитетот согласно со барањата

на стандардот ISO 9001:2008, следствено беше направена ресертификација со најновите стандарди ISO 9001:2015.

Процесот опфати ревизијата и унапредувањето на правилниците, процедурите, работните упатства и обрасците кои се дел од Системот за менаџмент со квалитет на Универзитетот. Овој систем е систем за управување со сите активности (наставни, научноистражувачки и административно-технички), кој во своето работење ги има имплементирано важечките закони на Република Северна Македонија, меѓународните договори и конвенции, барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015, како и своите правила и стандарди за работа.

Дел од процесот опфати и дефинирање на ризиците со кои се соочува Универзитетот. Развивањето на Универзитетот базирано на дефинирани ризици ѝ овозможува на организацијата да се воспостават соодветни активности коишто ќе ја спречат појавата на негативни влијанија врз целите на работата и пропуштените можности. Нивната појава се спречува со корективни и превентивни активности кои беа дефинирани како дел од овој процес на ресертификација. Од сето ова произлегува и задачата на Универзитетот секоја година да ја ревидира листата на ризици на поединечните процеси и со интерната проверка да утврди дали ризиците од претходниот период се реализирале и ги загрозиле работните цели.

Дел од процесот на ресертификација беше и дефинирањето на целите на квалитет и политиката на квалитет на Универзитетот. При дефинирањето на целите беа дефинирани клучните ресурси и од кој оддел потекнуваат, индикатор за следење и рок за спроведување и степен на оствареност.

Крајна цел на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е константно и непрекинато подобрување на процесите.

Во анализираниот период за оваа самоевалуација од 2015 до 2018 година беше направена и надворешна евалуација во рамките на Програмата за институционална евалуација (IEP) на Европската асоцијација на универзитети (EUA) по иницијатива на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Целиот процес е реализиран во текот на септември 2017 година, со една посета од страна на тимот за евалуација. Ова беше „follow up“ евалуација за Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, при што тимот за евалуација изготви Извештај од надворешната евалуација, за кој беа известени Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и соодветните тела при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Една година по добивањето на Извештај од надворешната евалуација од страна на Програмата за институционална евалуација (IEP) на Европската асоцијација на универзитети (EUA), од нивна страна беше побаран извештај за прогрес во однос на иницираните промени и подобрувања по добиените забелешки и коментари од извештајот. Прогрес извештај беше изготвен и испратен до Европската асоцијација на универзитети (EUA), кој беше прифатен од нивна страна.

Прилог 1. Организациона поставеност на Универзитетот „Гоце Делчев„ - Штип

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**



**Прилог 2.1. Показател за соодносот на наставничкиот и соработничкиот кадар и за бројот на студенти на еден наставник/соработник, вкупно на УГД и по факултети**

| Факултет | Учебна година | Наставен кадар | Соработнички кадар | Вкупен наставен и соработнички кадар | Број на наставници на еден соработник | Вкупно студенти | Број на студенти на еден вработен од наставниот и соработничкиот кадар | Број на студенти на еден наставник | Број на студенти на еден соработник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ликовна академија | 2015/2016 | 15 | - | 15 | - | 28 | 1,87 | 1,87 | - |
| | 2016/2017 | 19 | - | 19 | - | 29 | 1,53 | 1,53 | - |
| | 2017/2018 | 18 | - | 18 | - | 32 | 1,78 | 1,78 | - |
| Музичка академија | 2015/2016 | 32 | 1 | 33 | 32,00 | 185 | 5,61 | 5,78 | 185,00 |
| | 2016/2017 | 38 | 1 | 39 | 38,00 | 189 | 4,85 | 4,97 | 189,00 |
| | 2017/2018 | 36 | 1 | 37 | 36,00 | 186 | 5,03 | 5,17 | 186,00 |
| Филмска академија | 2015/2016 | 10 | - | 10 | - | 32 | 3,20 | 3,20 | - |
| | 2016/2017 | 14 | - | 14 | - | 20 | 1,43 | 1,43 | - |
| | 2017/2018 | 7 | - | 7 | - | 16 | 2,29 | 2,29 | - |
| Вкупно Кампус 1 | 2015/2016 | 57 | 1 | 58 | 58,00 | 245 | 4,22 | 4,30 | 245,00 |
| | 2016/2017 | 71 | 1 | 72 | 71,00 | 238 | 3,31 | 3,35 | 238,00 |
| | 2017/2018 | 61 | 1 | 62 | 61,00 | 234 | 3,77 | 3,84 | 234,00 |
| Електротехнички факултет | 2015/2016 | 20 | 2 | 22 | 10,00 | 195 | 8,86 | 9,75 | 97,50 |
| | 2016/2017 | 17 | 3 | 20 | 5,67 | 163 | 8,15 | 9,59 | 54,33 |
| | 2017/2018 | 18 | 2 | 20 | 9,00 | 124 | 6,20 | 6,89 | 62,00 |
| Земјоделски факултет | 2015/2016 | 30 | 2 | 32 | 15,00 | 498 | 15,56 | 16,60 | 249,00 |
| | 2016/2017 | 31 | 10 | 41 | 3,10 | 469 | 11,44 | 15,13 | 46,90 |
| | 2017/2018 | 37 | 10 | 47 | 3,70 | 345 | 7,34 | 9,32 | 34,50 |
| Машински факултет | 2015/2016 | 22 | 4 | 26 | 5,50 | 183 | 7,04 | 8,32 | 45,75 |
| | 2016/2017 | 22 | 3 | 25 | 7,33 | 154 | 6,16 | 7,00 | 51,33 |
| | 2017/2018 | 22 | 4 | 26 | 5,50 | 145 | 5,58 | 6,59 | 36,25 |
| Технолошко-технички факултет | 2015/2016 | 22 | 5 | 27 | 4,40 | 216 | 8,00 | 9,82 | 43,20 |
| | 2016/2017 | 25 | 5 | 30 | 5,00 | 212 | 7,07 | 8,48 | 42,40 |
| | 2017/2018 | 27 | 3 | 30 | 9,00 | 173 | 5,77 | 6,41 | 57,67 |
| Факултет за информатика | 2015/2016 | 33 | 8 | 41 | 4,13 | 441 | 10,76 | 13,36 | 55,13 |
| | 2016/2017 | 37 | 9 | 46 | 4,11 | 403 | 8,76 | 10,89 | 44,78 |
| | 2017/2018 | 39 | 5 | 44 | 7,80 | 361 | 8,20 | 9,26 | 72,20 |
| Факултет за природни и технички науки | 2015/2016 | 61 | 2 | 63 | 30,50 | 747 | 11,86 | 12,25 | 373,50 |
| | 2016/2017 | 60 | 6 | 66 | 10,00 | 633 | 9,59 | 10,55 | 105,50 |
| | 2017/2018 | 53 | 8 | 61 | 6,63 | 451 | 7,39 | 8,51 | 56,38 |
| Вкупно Кампус 2 | 2015/2016 | 188 | 23 | 211 | 8,17 | 2280 | 10,81 | 12,13 | 99,13 |
| | 2016/2017 | 192 | 36 | 228 | 5,33 | 2034 | 8,92 | 10,59 | 56,50 |
| | 2017/2018 | 196 | 32 | 228 | 6,13 | 1599 | 7,01 | 8,16 | 49,97 |
| Факултет за медицински науки | 2015/2016 | 79 | 41 | 120 | 1,93 | 2290 | 19,08 | 28,99 | 55,85 |
| | 2016/2017 | 65 | 25 | 90 | 2,60 | 2167 | 24,08 | 33,34 | 86,68 |
| | 2017/2018 | 69 | 19 | 88 | 3,63 | 2084 | 23,68 | 30,20 | 109,68 |
| Вкупно Кампус 3 | 2015/2016 | 79 | 41 | 120 | 1,93 | 2290 | 19,08 | 28,99 | 55,85 |
| | 2016/2017 | 65 | 25 | 90 | 2,60 | 2167 | 24,08 | 33,34 | 86,68 |
| | 2017/2018 | 69 | 19 | 88 | 3,63 | 2084 | 23,68 | 30,20 | 109,68 |
| Економски факултет | 2015/2016 | 25 | - | 25 | - | 790 | 31,60 | 31,60 | - |
| | 2016/2017 | 26 | 5 | 31 | 5,20 | 718 | 23,16 | 27,62 | 143,60 |
| | 2017/2018 | 26 | 2 | 28 | 13,00 | 578 | 20,64 | 22,23 | 289,00 |
| Правен факултет | 2015/2016 | 29 | 3 | 32 | 9,67 | 500 | 15,63 | 17,24 | 166,67 |
| | 2016/2017 | 33 | 1 | 34 | 33,00 | 443 | 13,03 | 13,42 | 443,00 |
| | 2017/2018 | 26 | 1 | 27 | 26,00 | 299 | 11,07 | 11,50 | 299,00 |
| Факултет за образовни науки | 2015/2016 | 25 | 5 | 30 | 5,00 | 174 | 5,80 | 6,96 | 34,80 |
| | 2016/2017 | 31 | 2 | 33 | 15,50 | 153 | 4,64 | 4,94 | 76,50 |
| | 2017/2018 | 32 | 2 | 34 | 16,00 | 194 | 5,71 | 6,06 | 97,00 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 2015/2016 | 29 | 6 | 35 | 4,83 | 1924 | 54,97 | 66,34 | 320,67 |
| | 2016/2017 | 27 | 7 | 34 | 3,86 | 1751 | 51,50 | 64,85 | 250,14 |
| | 2017/2018 | 27 | 8 | 35 | 3,38 | 1302 | 37,20 | 48,22 | 162,75 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Филолошки факултет | 2015/2016 | 27 | 13 | 40 | 2,08 | 636 | 15,90 | 23,56 | 48,92 |
| | 2016/2017 | 27 | 16 | 43 | 1,69 | 507 | 11,79 | 18,78 | 31,69 |
| | 2014/2015 | 27 | 16 | 43 | 1,69 | 428 | 9,95 | 15,85 | 26,75 |
| Вкупно Кампус 4 | 2015/2016 | 135 | 27 | 162 | 5,00 | 4024 | 24,84 | 29,81 | 149,04 |
| | 2016/2017 | 144 | 23 | 167 | 6,26 | 3572 | 21,39 | 24,81 | 155,30 |
| | 2017/2018 | 138 | 29 | 167 | 4,76 | 2801 | 16,77 | 20,30 | 96,59 |
| УГД | 2015/2016 | 300 | 61 | 361 | 4,92 | 8839 | 24,48 | 29,46 | 144,90 |
| | 2016/2017 | 299 | 84 | 383 | 3,56 | 8011 | 20,92 | 26,79 | 95,37 |
| | 2017/2018 | 325 | 65 | 390 | 5,00 | 6718 | 17,23 | 20,67 | 103,35 |

**Прилог 2.2. Структура на наставно-научен и соработнички кадар според наставно-научно звање, по факултети и кампуси за учебната 2015/2016**

| 2015/2016 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет | Статус | Наставно-научно звање | | | | | | | | |
| | | Редовен професор | Вонреден професор | Доцент | Виш лектор | Лектор | Асистент докторанд | Асистент | Помлад асистент | Вкупно |
| Ликовна академија | Пост. | | 2 | 4 | | | | | | 6 |
| | Од УГД | 2 | 2 | 3 | | | | | | 7 |
| | Хонор. | | | 2 | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **2** | **4** | **9** | | | | | | **15** |
| Музичка академија | Пост. | 2 | 13 | 3 | | | 1 | | | 19 |
| | Од УГД | 3 | 2 | 1 | | | | | | 6 |
| | Хонор. | | 3 | 5 | | | | | | 8 |
| | Вкупно | **5** | **18** | **9** | | | **1** | | | **33** |
| Филмска академија | Пост. | | | 2 | | | | | | 2 |
| | Од УГД | | 3 | 4 | | | | | | 7 |
| | Хонор. | | 1 | | | | | | | 1 |
| | Вкупно | | **4** | **6** | | | | | | **10** |
| **Вкупно Кампус 1** | Пост. | 2 | 15 | 9 | | | 1 | | | 27 |
| | Од УГД | 5 | 7 | 8 | | | | | | 20 |
| | Хонор. | | 4 | 7 | | | | | | 11 |
| | Вкупно | **7** | **26** | **24** | | | **1** | | | **58** |
| Електротехнички факултет | Пост. | | 4 | 2 | | | | | 2 | 8 |
| | Од УГД | 3 | 1 | 5 | | | | | | 9 |
| | Хонор. | 2 | | 3 | | | | | | 5 |
| | Вкупно | **5** | **5** | **10** | | | | | **2** | **22** |
| Земјоделски факултет | Пост. | 7 | 6 | 5 | | | | 2 | | 20 |
| | Од УГД | 5 | 1 | 3 | | | | | | 9 |
| | Хонор. | 2 | 1 | | | | | | | 3 |
| | Вкупно | **14** | **8** | **8** | | | | **2** | | **32** |
| Машински факултет | Пост. | | 3 | 3 | | | 1 | 2 | 1 | 10 |
| | Од УГД | 3 | 2 | 5 | | | | | | 10 |
| | Хонор. | 2 | 2 | 2 | | | | | | 6 |
| | Вкупно | **5** | **7** | **10** | | | **1** | **2** | **1** | **26** |
| Технолошко-технички факултет | Пост. | | 3 | 3 | | | 3 | 2 | | 11 |
| | Од УГД | 4 | 2 | 8 | | | | | | 14 |
| | Хонор. | | | 2 | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **4** | **5** | **13** | | | **3** | **2** | | **27** |
| Факултет за информатика | Пост. | 2 | 3 | 7 | | | 4 | 1 | 3 | 20 |
| | Од УГД | 6 | 5 | 8 | | | | | | 19 |
| | Хонор. | | | 2 | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **8** | **8** | **17** | | | **4** | **1** | **3** | **41** |
| Факултет за природни и технички науки | Пост. | 14 | 2 | 6 | | | | 2 | | 24 |
| | Од УГД | 9 | 11 | 15 | | | | | | 35 |
| | Хонор. | 2 | 1 | 1 | | | | | | 4 |
| | Вкупно | **25** | **14** | **22** | | | | **2** | | **63** |
| **Вкупно Кампус 2** | Пост. | **23** | **21** | **26** | | | **8** | **9** | **6** | **93** |
| | Од УГД | **30** | **22** | **44** | | | | | | **96** |
| | Хонор. | **8** | **4** | **10** | | | | | | **22** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **61** | **47** | **80** | | | **8** | **9** | **6** | **211** |
| **Факултет за медицински науки** | **Пост.** | 8 | 8 | 6 | | | 4 | 5 | 3 | 34 |
| | **Од УГД** | 2 | 3 | 4 | | | | | | 9 |
| | **Хонор.** | 18 | 12 | 18 | | | | 25 | 4 | 77 |
| | **Вкупно** | **28** | **23** | **28** | | | **4** | **30** | **7** | **120** |
| **Вкупно Кампус 3** | **Пост.** | **8** | **8** | **6** | | | **4** | **5** | **3** | **34** |
| | **Од УГД** | **2** | **3** | **4** | | | | | | **9** |
| | **Хонор.** | **18** | **12** | **18** | | | | **25** | **4** | **77** |
| | **Вкупно** | **28** | **23** | **28** | | | **4** | **30** | **7** | **120** |
| **Економски факултет** | **Пост.** | 2 | 4 | 10 | | | | | | 16 |
| | **Од УГД** | | 2 | 3 | | | | | | 5 |
| | **Хонор.** | 1 | | 3 | | | | | | 4 |
| | **Вкупно** | **3** | **6** | **16** | | | | | | **25** |
| **Правен факултет** | **Пост.** | | 3 | 10 | | | 1 | 1 | 1 | 16 |
| | **Од УГД** | 2 | 3 | 3 | | | | | | 8 |
| | **Хонор.** | | 3 | 5 | | | | | | 8 |
| | **Вкупно** | **2** | **9** | **18** | | | **1** | **1** | **1** | **32** |
| **Факултет за образовни науки** | **Пост.** | 7 | 3 | 6 | | | | 2 | 1 | 19 |
| | **Од УГД** | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | | | | 7 |
| | **Хонор.** | 1 | | 3 | | | | | | 4 |
| | **Вкупно** | **9** | **6** | **10** | **1** | **1** | | **2** | **1** | **30** |
| **Факултет за туризам и бизнис логистика** | **Пост.** | | 3 | 12 | | | 5 | 1 | | 21 |
| | **Од УГД** | 1 | 5 | 3 | | | | | | 9 |
| | **Хонор.** | | 2 | 3 | | | | | | 5 |
| | **Вкупно** | **1** | **10** | **18** | | | **5** | **1** | | **35** |
| **Филолошки факултет** | **Пост.** | 1 | 6 | 8 | 2 | 7 | | | 4 | 28 |
| | **Од УГД** | 4 | 2 | 1 | | | | | | 7 |
| | **Хонор.** | 3 | 1 | 1 | | | | | | 5 |
| | **Вкупно** | **8** | **9** | **10** | **2** | **7** | | | **4** | **40** |
| **Вкупно Кампус 4** | **Пост.** | **10** | **19** | **46** | **2** | **7** | **6** | **4** | **6** | **100** |
| | **Од УГД** | **8** | **15** | **11** | **1** | **1** | | | | **36** |
| | **Хонор.** | **5** | **6** | **15** | | | | | | **26** |
| | **Вкупно** | **23** | **40** | **72** | **3** | **8** | **6** | **4** | **6** | **162** |
| **УГД** | **Пост.** | **43** | **63** | **87** | **2** | **7** | **19** | **18** | **15** | **254** |
| | **Хонор.** | **31** | **26** | **50** | | | | **25** | **4** | **136** |
| | **Вкупно** | **74** | **89** | **137** | **2** | **7** | **19** | **43** | **19** | **390** |

**Прилог 2.3. Структура на наставно-научен и соработнички кадар според наставно-научно звање, по факултети и кампуси за учебната 2016/2017**

| | | 2016/2017 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет | Статус | Наставно-научно звање | | | | | | | | |
| | | Редовен професор | Вонреден професор | Доцент | Виш лектор | Лектор | Асистент докторанд | Асистент | Помлад асистент | Вкупно |
| Ликовна академија | Пост. | | 3 | 4 | | | | | | 7 |
| | Од УГД | 5 | 3 | 2 | | | | | | 10 |
| | Хонор. | | | 2 | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **5** | **6** | **8** | | | | | | **19** |
| Музичка академија | Пост. | 5 | 11 | 2 | | | 1 | | | 19 |
| | Од УГД | 5 | 2 | | | | | | | 7 |
| | Хонор. | | 3 | 10 | | | | | | 13 |
| | Вкупно | **10** | **16** | **12** | | | **1** | | | **39** |
| Филмска академија | Пост. | | 1 | 2 | | | | | | 3 |
| | Од УГД | 2 | 2 | 2 | | | | | | 6 |
| | Хонор. | | 1 | 4 | | | | | | 5 |
| | Вкупно | **2** | **4** | **8** | | | | | | **14** |
| **Вкупно Кампус 1** | Пост. | **5** | **15** | **8** | | | **1** | | | **29** |
| | Од УГД | **12** | **7** | **4** | | | | | | **23** |
| | Хонор. | | **4** | **16** | | | | | | **20** |
| | Вкупно | **17** | **26** | **28** | | | **1** | | | **72** |
| Електротехнички факултет | Пост. | 2 | 2 | 2 | | | 2 | 1 | | 9 |
| | Од УГД | 4 | 2 | 2 | | | | | | 8 |
| | Хонор. | | | 3 | | | | | | 3 |
| | Вкупно | **6** | **4** | **7** | | | **2** | **1** | | **20** |
| Земјоделски факултет | Пост. | 6 | 6 | 6 | | | | | 10 | 28 |
| | Од УГД | 5 | 3 | 2 | | | | | | 10 |
| | Хонор. | 1 | 1 | 1 | | | | | | 3 |
| | Вкупно | **12** | **10** | **9** | | | | | **10** | **41** |
| Машински факултет | Пост. | 1 | 4 | 2 | | | 1 | 1 | 1 | 10 |
| | Од УГД | 4 | 1 | 8 | | | | | | 13 |
| | Хонор. | | 1 | 1 | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **5** | **6** | **11** | | | **1** | **1** | **1** | **25** |
| Технолошко-технички факултет | Пост. | 1 | 2 | 3 | | | 5 | | | 11 |
| | Од УГД | 5 | 4 | 7 | | | | | | 16 |
| | Хонор. | | | 3 | | | | | | 3 |
| | Вкупно | **6** | **6** | **13** | | | **5** | | | **30** |
| Факултет за информатика | Пост. | 2 | 7 | 5 | | | 5 | 4 | | 23 |
| | Од УГД | 9 | 5 | 7 | | | | | | 21 |
| | Хонор. | | | 2 | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **11** | **12** | **14** | | | **5** | **4** | | **46** |
| Факултет за природни и технички науки | Пост. | 15 | 2 | 8 | | | | | 6 | 31 |
| | Од УГД | 6 | 17 | 10 | | | | | | 33 |
| | Хонор. | | 2 | | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **21** | **21** | **18** | | | | | **6** | **66** |
| **Вкупно Кампус 2** | Пост. | **27** | **23** | **26** | | | **13** | **6** | **17** | **112** |
| | Од УГД | **33** | **32** | **36** | | | | | | **101** |
| | Хонор. | **1** | **4** | **10** | | | | | | **15** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **61** | **59** | **72** | | | **13** | **6** | **17** | **228** |
| **Факултет за медицински науки** | **Пост.** | 8 | 9 | 13 | | | 5 | 2 | 9 | 46 |
| | **Од УГД** | 3 | 2 | 3 | | 1 | | | | 9 |
| | **Хонор.** | 4 | 8 | 15 | | | 4 | 3 | 1 | 35 |
| | **Вкупно** | **15** | **19** | **31** | | **1** | **9** | **5** | **10** | **90** |
| **Вкупно Кампус 3** | **Пост.** | **8** | **9** | **13** | | | **5** | **2** | **9** | **46** |
| | **Од УГД** | **3** | **2** | **3** | | **1** | | | | **9** |
| | **Хонор.** | **4** | **8** | **15** | | | **4** | **3** | **1** | **35** |
| | **Вкупно** | **15** | **19** | **31** | | **1** | **9** | **5** | **10** | **90** |
| **Економски факултет** | **Пост.** | 3 | 4 | 9 | | | | | | 16 |
| | **Од УГД** | 1 | 2 | 5 | | 5 | | | | 13 |
| | **Хонор.** | | | 2 | | | | | | 2 |
| | **Вкупно** | **4** | **6** | **16** | | **5** | | | | **31** |
| **Правен факултет** | **Пост.** | 1 | 6 | 8 | | | 1 | | | 16 |
| | **Од УГД** | 3 | 3 | 6 | | | | | | 12 |
| | **Хонор.** | | 2 | 4 | | | | | | 6 |
| | **Вкупно** | **4** | **11** | **18** | | | **1** | | | **34** |
| **Факултет за образовни науки** | **Пост.** | 9 | 3 | 9 | | | 1 | | | 22 |
| | **Од УГД** | 2 | 1 | 2 | 1 | | | | | 6 |
| | **Хонор.** | 2 | | 3 | | | | | | 5 |
| | **Вкупно** | **13** | **4** | **14** | **1** | | **1** | | | **33** |
| **Факултет за туризам и бизнис логистика** | **Пост.** | | 9 | 6 | | | 5 | | | 20 |
| | **Од УГД** | 3 | 4 | 2 | | 2 | | | | 11 |
| | **Хонор.** | | | 3 | | | | | | 3 |
| | **Вкупно** | **3** | **13** | **11** | | **2** | **5** | | | **34** |
| **Филолошки факултет** | **Пост.** | 2 | 8 | 4 | 3 | 8 | 1 | | 4 | 30 |
| | **Од УГД** | 4 | 2 | 1 | | | | | | 7 |
| | **Хонор.** | 3 | 1 | 2 | | | | | | 6 |
| | **Вкупно** | **9** | **11** | **7** | **3** | **8** | **1** | | **4** | **43** |
| **Вкупно Кампус 4** | **Пост.** | **15** | **30** | **36** | **3** | **8** | **8** | | **4** | **104** |
| | **Од УГД** | **13** | **12** | **16** | **1** | **7** | | | | **49** |
| | **Хонор.** | **5** | **3** | **14** | | | | | | **22** |
| | **Вкупно** | **33** | **45** | **66** | **4** | **15** | **8** | | **4** | **175** |
| **УГД** | **Пост.** | **55** | **77** | **83** | **3** | **8** | **27** | **8** | **30** | **291** |
| | **Хонор.** | **10** | **19** | **55** | | | **4** | **3** | **1** | **92** |
| | **Вкупно** | **65** | **96** | **138** | **3** | **8** | **31** | **11** | **31** | **383** |

**Прилог 2.4. Структура на наставно-научен и соработнички кадар според наставно-научно звање, по факултети и кампуси за учебната 2017/2018**

| Факултет | Статус | Редовен професор | Вонреден професор | Доцент | Научен соработник | Виш лектор | Лектор | Асистент докторанд | Асистент | Помлад асистент | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ликовна академија | Пост. | | 4 | 3 | | | | | | | 7 |
| | Од УГД | 3 | 3 | 2 | | | | | | | 8 |
| | Хонор. | | 1 | 2 | | | | | | | 3 |
| | Вкупно | **3** | **8** | **7** | | | | | | | **18** |
| Музичка академија | Пост. | 11 | 5 | 2 | | | | 1 | | | 19 |
| | Од УГД | 3 | 2 | 2 | | | | | | | 7 |
| | Хонор. | | 4 | 7 | | | | | | | 11 |
| | Вкупно | **14** | **11** | **11** | | | | **1** | | | **37** |
| Филмска академија | Пост. | | 1 | 2 | | | | | | | 3 |
| | Од УГД | | | 1 | | | | | | | 1 |
| | Хонор. | | 1 | 2 | | | | | | | 3 |
| | Вкупно | | **2** | **5** | | | | | | | **7** |
| **Вкупно Кампус 1** | **Пост.** | **11** | **10** | **7** | | | | **1** | | | **29** |
| | **Од УГД** | **6** | **5** | **5** | | | | | | | **16** |
| | **Хонор.** | | **6** | **11** | | | | | | | **17** |
| | **Вкупно** | **17** | **21** | **23** | | | | **1** | | | **62** |
| Електротехнички факултет | Пост. | 3 | 2 | 3 | | | | 2 | | | 10 |
| | Од УГД | 3 | 2 | 3 | | | | | | | 8 |
| | Хонор. | | 1 | 1 | | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **6** | **5** | **7** | | | | **2** | | | **20** |
| Земјоделски факултет | Пост. | 9 | 4 | 6 | 1 | | | | | 7 | 27 |
| | Од УГД | 5 | 6 | 4 | | | 2 | | | | 17 |
| | Хонор. | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 3 |
| | Вкупно | **15** | **11** | **11** | **1** | | **2** | | | **7** | **47** |
| Машински факултет | Пост. | 3 | 2 | 2 | | | | 2 | | | 9 |
| | Од УГД | 2 | 3 | 5 | | | 2 | | | | 12 |
| | Хонор. | 1 | 3 | 1 | | | | | | | 5 |
| | Вкупно | **6** | **8** | **8** | | | **2** | **2** | | | **26** |
| Технолошко-технички факултет | Пост. | 3 | 3 | 4 | | | | 2 | | | 12 |
| | Од УГД | 7 | 2 | 6 | | | 1 | | | | 16 |
| | Хонор. | | 1 | 1 | | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **10** | **6** | **11** | | | **1** | **2** | | | **30** |
| Факултет за информатика | Пост. | 2 | 9 | 8 | | | | 5 | | | 24 |
| | Од УГД | 6 | 5 | 7 | | | | | | | 18 |
| | Хонор. | | | 2 | | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **8** | **14** | **17** | | | | **5** | | | **44** |
| Факултет за природни и технички науки | Пост. | 17 | 5 | 7 | | | | | | 5 | 34 |
| | Од УГД | 5 | 8 | 9 | | | 3 | | | | 25 |
| | Хонор. | | 2 | | | | | | | | 2 |
| | Вкупно | **22** | **15** | **16** | | | **3** | | | **5** | **61** |
| **Вкупно Кампус 2** | **Пост.** | **37** | **25** | **30** | **1** | | | **11** | | **12** | **116** |
| | **Од УГД** | **28** | **26** | **34** | | | **8** | | | | **96** |
| | **Хонор.** | **2** | **8** | **6** | | | | | | | **16** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | **67** | **59** | **70** | **1** | | **8** | **11** | | **12** | **228** |
| Факултет за медицински науки | Пост. | 12 | 7 | 17 | | | | 4 | | 8 | 48 |
| | Од УГД | 3 | 1 | 3 | | | 1 | | | | 8 |
| | Хонор. | 3 | 8 | 15 | | | | 5 | 1 | | 32 |
| | Вкупно | **18** | **16** | **35** | | | **1** | **9** | **1** | **8** | **88** |
| Вкупно Кампус 3 | Пост. | **12** | **7** | **17** | | | | **4** | | **8** | **48** |
| | Од УГД | **3** | **1** | **3** | | | **1** | | | | **8** |
| | Хонор. | **3** | **8** | **15** | | | | **5** | **1** | | **32** |
| | Вкупно | **18** | **16** | **35** | | | **1** | **9** | **1** | **8** | **88** |
| Економски факултет | Пост. | 5 | 4 | 10 | | | | | | | 19 |
| | Од УГД | 1 | 1 | 4 | | | 2 | | | | 8 |
| | Хонор. | | | 1 | | | | | | | 1 |
| | Вкупно | **6** | **5** | **15** | | | **2** | | | | **28** |
| Правен факултет | Пост. | 2 | 8 | 6 | | | | 1 | | | 17 |
| | Од УГД | 2 | | 4 | | | | | | | 6 |
| | Хонор. | | 2 | 2 | | | | | | | 4 |
| | Вкупно | **4** | **10** | **12** | | | | **1** | | | **27** |
| Факултет за образовни науки | Пост. | 10 | 5 | 6 | | | | 1 | | | 22 |
| | Од УГД | 2 | 2 | | | | 1 | | | | 5 |
| | Хонор. | 1 | 1 | 5 | | | | | | | 7 |
| | Вкупно | **13** | **8** | **11** | | | **1** | **1** | | | **34** |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Пост. | 3 | 7 | 7 | | | | 4 | | | 21 |
| | Од УГД | 1 | 3 | 3 | | | 4 | | | | 11 |
| | Хонор. | | | 3 | | | | | | | 3 |
| | Вкупно | **4** | **10** | **13** | | | **4** | **4** | | | **35** |
| Филолошки факултет | Пост. | 4 | 6 | 5 | | 5 | 4 | 1 | 2 | 4 | 31 |
| | Од УГД | 4 | 1 | | | | | | | | 5 |
| | Хонор. | 4 | 1 | 2 | | | | | | | 7 |
| | Вкупно | **12** | **8** | **7** | | **5** | **4** | **1** | **2** | **4** | **43** |
| Вкупно Кампус 4 | Пост. | **24** | **30** | **34** | | **5** | **4** | **7** | **2** | **4** | **110** |
| | Од УГД | **10** | **7** | **11** | | | **7** | | | | **35** |
| | Хонор. | **5** | **4** | **13** | | | | | | | **22** |
| | Вкупно | **39** | **41** | **58** | | **5** | **11** | **7** | **2** | **4** | **167** |
| УГД | Пост. | **84** | **72** | **88** | **1** | **5** | **4** | **23** | **2** | **24** | **303** |
| | Хонор. | **10** | **26** | **45** | | | | **5** | **1** | | **87** |
| | Вкупно | **94** | **98** | **133** | **1** | **5** | **4** | **28** | **3** | **24** | **390** |

**Прилог 2.5. Вкупен број на ангажирани стручњаци од практиката по факултети**

| Факултет | Учебна година | Вкупно |
|---|---|---|
| Ликовна академија | 2015/2016 | / |
| | 2016/2017 | 3 |
| | 2017/2018 | 2 |
| Музичка академија | 2015/2016 | 15 |
| | 2016/2017 | 12 |
| | 2017/2018 | 12 |
| Филмска академија | 2015/2016 | / |
| | 2016/2017 | 6 |
| | 2017/2018 | 5 |
| Вкупно Кампус 1 | 2015/2016 | 15 |
| | 2016/2017 | 21 |
| | 2017/2018 | 19 |
| Електротехнички факултет | 2015/2016 | / |
| | 2016/2017 | 1 |
| | 2017/2018 | 2 |
| Земјоделски факултет | 2015/2016 | 1 |
| | 2016/2017 | / |
| | 2017/2018 | / |
| Машински факултет | 2015/2016 | / |
| | 2016/2017 | 2 |
| | 2017/2018 | / |
| Технолошко-технички факултет | 2015/2016 | 1 |
| | 2016/2017 | / |
| | 2017/2018 | / |
| Факултет за информатика | 2015/2016 | / |
| | 2016/2017 | / |
| | 2017/2018 | / |
| Факултет за природни и технички науки | 2015/2016 | 2 |
| | 2016/2017 | 2 |
| | 2017/2018 | 2 |
| Вкупно Кампус 2 | 2015/2016 | 4 |
| | 2016/2017 | 5 |
| | 2017/2018 | 4 |
| Факултет за медицински науки | 2015/2016 | 45 |
| | 2016/2017 | 85 |
| | 2017/2018 | 80 |
| Вкупно Кампус 3 | 2015/2016 | 45 |
| | 2016/2017 | 85 |
| | 2017/2018 | 80 |
| Економски факултет | 2015/2016 | / |
| | 2016/2017 | / |
| | 2017/2018 | / |
| Правен факултет | 2015/2016 | / |
| | 2016/2017 | 5 |
| | 2017/2018 | / |
| Факултет за образовни науки | 2015/2016 | 1 |
| | 2016/2017 | / |
| | 2017/2018 | 1 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 2015/2016 | / |
| | 2016/2017 | 4 |
| | 2017/2018 | / |
| Филолошки факултет | 2015/2016 | 2 |
| | 2016/2017 | 4 |
| | 2017/2018 | 5 |
| Вкупно Кампус 4 | 2015/2016 | 3 |
| | 2016/2017 | 13 |
| | 2017/2018 | 6 |
| УГД | 2015/2016 | 67 |
| | 2016/2017 | 124 |
| | 2017/2018 | 109 |

**Прилог 2.6. Структура на наставно-научен и соработнички кадар според академско звање, по факултети и кампуси за учебната 2015/2016**

| 2015/2016 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Факултет | Статус | Академско звање | | | |
| | | Д-ри | М-ри | ВСС | Вкупно |
| Ликовна академија | Пост. | 6 | / | / | 6 |
| | Од УГД | 7 | / | / | 7 |
| | Хонор. | 2 | / | / | 2 |
| | Вкупно | 15 | / | / | 15 |
| Музичка академија | Пост. | 18 | 1 | / | 19 |
| | Од УГД | 6 | / | / | 6 |
| | Хонор. | 8 | / | / | 8 |
| | Вкупно | 32 | 1 | / | 33 |
| Филмска академија | Пост. | 2 | / | / | 2 |
| | Од УГД | 7 | / | / | 7 |
| | Хонор. | 1 | / | / | 1 |
| | Вкупно | 10 | / | / | 10 |
| Вкупно Кампус 1 | Пост. | 26 | 1 | / | 27 |
| | Од УГД | 20 | / | / | 20 |
| | Хонор. | 11 | / | / | 11 |
| | Вкупно | 57 | 1 | / | 58 |
| Електротехнички факултет | Пост. | 6 | / | 2 | 8 |
| | Од УГД | 9 | / | / | 9 |
| | Хонор. | 5 | / | / | 5 |
| | Вкупно | 20 | / | 2 | 22 |
| Земјоделски факултет | Пост. | 18 | 2 | / | 20 |
| | Од УГД | 9 | / | / | 9 |
| | Хонор. | 3 | / | / | 3 |
| | Вкупно | 30 | 2 | / | 32 |
| Машински факултет | Пост. | 6 | 3 | 1 | 10 |
| | Од УГД | 10 | / | / | 10 |
| | Хонор. | 6 | / | / | 6 |
| | Вкупно | 22 | 3 | 1 | 26 |
| Технолошко-технички факултет | Пост. | 6 | 5 | / | 11 |
| | Од УГД | 14 | / | / | 14 |
| | Хонор. | 2 | / | / | 2 |
| | Вкупно | 22 | 5 | / | 27 |
| Факултет за информатика | Пост. | 12 | 5 | 3 | 20 |
| | Од УГД | 19 | / | / | 19 |
| | Хонор. | 2 | / | / | 2 |
| | Вкупно | 33 | 5 | 3 | 41 |
| Факултет за природни и технички науки | Пост. | 22 | 2 | / | 24 |
| | Од УГД | 35 | / | / | 35 |
| | Хонор. | 4 | / | / | 4 |
| | Вкупно | 61 | 2 | / | 63 |
| Вкупно Кампус 2 | Пост. | 70 | 17 | 6 | 93 |
| | Од УГД | 96 | / | / | 96 |
| | Хонор. | 22 | / | / | 22 |
| | Вкупно | 188 | 17 | 6 | 211 |
| Факултет за медицински науки | Пост. | 22 | 9 | 3 | 34 |
| | Од УГД | 9 | / | / | 9 |
| | Хонор. | 48 | 25 | 4 | 77 |
| | Вкупно | 79 | 34 | 7 | 120 |
| Вкупно Кампус 3 | Пост. | 22 | 9 | 3 | 34 |
| | Од УГД | 9 | / | / | 9 |
| | Хонор. | 48 | 25 | 4 | 77 |
| | Вкупно | 79 | 34 | 7 | 120 |
Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е државен универзитет основан од Владата на Република Македонија на 27 март 2007 година. Првото собрание на Универзитетскиот сенат беше одржано на 28 јуни 2008 година. На почетокот имаше само седум факултети и едно средно училиште, а во 2008/2009 година на Универзитетот беа додадени уште шест нови факултети. Подоцна во 2014/2015 година Факултетот за музичка уметност стана Музичка академија, со уште две новоотворени академии за уметност и филм. Универзитетот е сместен во Штип, а дванаесетте факултети и трите академии се лоцирани во четири кампуси. За време на првичната проценка на IEP во 2014 година беше образложено дека клучна стратешка точка на Владата на РМ за високото образование е спроведувањето на дисперзирани студии, со намера да го зголемат бројот на дипломирани студенти од руралните средини. Делот од оваа стратегија е Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Покрај главната локација во Штип, наставата се одвива во единаесет други македонски градови, како што се: Струмица, Кочани, Радовиш, Пробиштип, Виница, Свети Николе, Гевгелија, Кавадарци, Прилеп, Скопје и Берово.

Во првичните, но и подоцнежните проценки беше образложено дека основањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ ги промени економијата и културата на градот, а во некој поглед и на регионот пошироко. Во извештајот од евалуацијата за 2014 година е констатирано дека одлуката за основање на нов универзитет во Штип се гледа со гордост од градот, посебно затоа што Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ претходно бил одговорен за ограничено обезбедување на високото образование во градот. Универзитетското раководство пред IPE тимот излезе со коментар дека од гледна точка на Владата на Република Македонија, УГД беше дел од стратегијата да го намали масовното иселеништво на македонските студенти кои ја напуштаа државата со цел да студираат во Бугарија, Грција и Србија, но и со стремеж да се поддржат посиромашните семејства во регионот кои не можат да си дозволат студирање надвор од нивното место на живеење.

УГД е институција основана со цел да ги задоволи потребите за високо образование во областа поголема од онаа што ја сметаме како Источна Македонија. Оваа област ги вклучува источниот, југоисточниот

и северноисточниот дел од Македонија со 35 поголеми населени места. Така, се очекува населението коешто живее во овие региони своето високо образование да го продолжи во Штип или во околните градови.

Според SER, по завршувањето на првата деценија од своето работење, УГД стана препознатлив универзитет, на национално и на меѓународно ниво, со посебен акцент на квалитетот на наставата и подобрувањето на студентскиот живот преку нови модерни студиски програми и воспоставени системи за квалитет на највисоко институционално ниво.

Универзитетот функционира како интегриран универзитет и е предводен од ректор.

SER укажува дека Универзитетот е самостојна јавна институција за високо образование, која обезбедува единство во перформансите и развојот на високото образование, наука, уметност и експертиза. Се гарантира слобода на научниот и уметничкиот напор. Оттука, Универзитетот е одговорен за сопствената самоуправа и за спроведување на сопствените стратегии и развојни политики. Сепак, кажано е на тимот дека Универзитетот е немоќен и нема автономија од Владата. Ова беше причина за неспроведување на препораките од претходниот тим. Овој недостаток на автономија, се тврди, е во контрадикција со перцепираниот недостиг на персонал во рамките на Универзитетот. Тимот подоцна беше советуван дека автономијата е ограничена во однос на креирање на нови работни места, елементи на финансиско управување и структура и управување на Универзитетот.

Според SER, од своето основање УГД е подложен на постојан проток на академскиот кадар, бидејќи Универзитетот се обидува да го балансира растот и капацитетот. Академскиот кадар во академската 2013/2014 година се состоеше од 290 вработени со полно работно време и 164 со скратено работно време, а во 2014/2015 година тој број е намален на 280 со полно работно време и 154 со скратено работно време - соработници.

Академскиот кадар се состои од 74 редовни професори, 99 вонредни професори, 130 доценти, а вработените со скратено работно време се составени од еден виш предавач, двајца постари соработници за истражување, тројца научни соработници, двајца постари предавачи, шест предавачи, 26 докторски асистенти, 52 асистенти и 39 млади асистенти.

### 1.3. Процес на евалуација

Процесот на евалуација бил спроведен со прегледување на извештајот и препораките на првична евалуација, анализа на извештаите на самоевалуацијата во врска со следната евалуација, и посетата на терен. Освен тоа, тимот го прегледа извештајот од напредокот поднесен од страна на УГД во јануари 2016 година како би овозможиле повторно започнување на активностите преземени уште за време на првичната

евалуација, како и одговорот даден од страна на тимот за евалуација. Извештајот забележал дека напредокот во имплементација на некои клучни препораки од тимот бил отежнат од промени во однос на универзитетскиот менаџмент и на претстојните процеси на државна реакредитација во врска со студиските програми. Одговорот на тој извештај потенцирал да се забрза реакцијата на некои од клучните препораки со јасни планови на активности и поголемо нагласување на одредени резултати.

SER за оваа евалуација која следи, заедно со дополненија, е испратен на тимот за евалуација во август 2017 година. Иако SER бил подготвен во летото во 2017 година ја немал содржината со информацијата во врска со 2016 и 2017 година. Посетата на тимот за евалуација била од 25 до 29 септември 2017 година.

Членови на тимот за евалуација (подолу тим) се:

1. Проф. Октем Вардар, бивш ректор, ТЕД Универитет, Турција, Чаир;
2. Д-р Беноит Лесафре, бивш стар потпретседател, Универзитет Париз-Ист, Франција;
3. Проф. Лучка Лорбер, проректор за развој на квалитетот, Универзитет Марибор, Словенија;
4. Тијана Исоски, студент, Универзитет Сингидунум, Белград, Србија;
5. Анди Гибс, бивш директор за интернационални врски, Универзитет Единбург Напер, Обединето Кралство, координатор на тимот.

Тимот им се заблагодарува на ректорот Блажо Боев, проректорите, професорите Мираковски и Барбареев и на асистент Мишко Џидров за топлото добредојде на Универзитетот и гостопримството на остатокот од тимот и персоналот, на студентите и останатите кои беа заинтересирани за учеството на состаноците.

**1. Управување и институционално донесување одлуки**

Во работата на тимот во текот на евалуацијата на УГД преовладаа три начела: регионалната основа како начело за основање; релативно краткиот период на постоење (десет години) и перцепцијата на интегриран универзитет.

Од првичната евалуација постои промена на ректор. Тимот за евалуација беше известен дека продолжувањето на стратешкиот пристап се одржува со постојани средби на сегашниот ректор со претходниот ректор.

Тимот што ја спроведе првичната евалуација направи серија од препораки што се однесуваат на мисијата и визијата на Универзитетот, големината и формата на структурата на факултетите, централизираната и од врвот кон надолу стратешка структура на донесување одлуки

и надворешни заинтересирани страни, како и учество од страна на студентите. Универзитетот извести дека никаков напредок не е направен во однос на овие препораки. Во текот на посетата, тимот утврди дека ситуацијата е непроменета. Не постојат показатели дека постојат други тела (освен Сенатот) ниту пак стратешки план. Акциониот план поднесен во Извештајот за самоевалуација (SER) покажува слични наоди во првичната евалуација, тоа е план од страна на ректорот кој не содржи клучно стратешко планирање, на пример не постојат приоритети, временска рамка за реализирање, како и имплементирање на планирањето. Таму не постојат други стратегии, на пример за учење и поучување, истражување и интернационализација, и постои недостаток на усогласеност меѓу организационата и управувачката структура.

Со мали исклучоци, менаџерскиот и административниот персонал што ги сретна нашиот тим беа наклонети да изразат ограничена промена. Тимот забележа, како и некои членови од менаџерскиот тим, недостаток на соодветно искусен и квалификуван персонал со способност на поттикне промена. Тимот предлага да се вложи труд во обидите за привлекување повеќе луѓе од академскиот персонал кон справување со проблеми од областа на менаџирање на Универзитетот и истите да се обучат, на пример, преку поттикнување учество на значајни конференции, курсеви и работилници во Европа, така што поголема група на учесници ќе биде на располагање да дискутира и развива долгорочни стратегии на Универзитетот.

Покрај гореспоменатото, две страни во Извештајот за самоевалуација се посветени на автономија, а тимот од академскиот персонал кој го сретнавме во голема мера нагласи колку малку автономија имаат тие. Автономијата и одговорноста се како две страни на една монета, затоа тимот советува Универзитетот во иднина да ја разгледа можноста како да воведе мерки за одговорност во оние области во кои може да се спроведе автономија.

Постои апсолутен де факто напредок во однос на поучување и учење, истражување, квалитет, интернационализација и услуга за општеството. Универзитетот посветил значителен колективен напор во развојот на надворешни односи, партнерство и надворешно насочени активности. Универзитетот објави постојано растечки дел од буџетот од самостојно создаден приход. Во 2016 година создале 6 милиони евра буџет со 5 милиони евра буџет од државата. Но, политиката на дополнување на приходите на вработените во апсолутни услови (за секое евро од приход додавање 0.40 евро од самостојно создадениот приход) не е одржлива. Постои ризик од насочување на целиот самостојно стекнат приход за приходите наместо да има дел за финансирање на стратешките приоритети.

Добро употребените е-услуги, генералното задоволство од страна на студентите и наставниците и мислењето за Универзитетот од страна на локалните бизниси и компании со кои тимот се сретна сигнализираат напредок. Но, високото ниво на активност во отсуство на формален стратешки план со цели и мониторинг создаде портфолио кое е нефокусирано, разновидно и индивидуално водено. Ова ги растега ресурсите, создава неурамнотеженост и лидерски императив за оперативни наместо стратешки прашања. За да се максимизираат и операционализираат клучните компоненти на една интегрирана универзитетска структура, активноста треба да се институционализира во формалните процеси, политики и процедури, наместо да биде лоцирана на поединци. Клучно дејство за да се постигне тоа е да **се прошири сопственоста и надворешната валидност на работната програма на тој начин што ќе се претвори во стратешки план (кој ќе содржи група *клучни индикатори за работење/перформанси* (KPIs), цели, приоритети, ресурси и временска рамка), според кој ќе може да се мери и следи напредокот на транспарентен начин и поддржан од внатрешната самоевалуација**.

Моменталната состојба го доведува во прашање регионалниот „raison d'être" на Универзитетот. Наставните центри се лоцирани во 10 регионални центри, плус Штип и Скопје. Генерално, секој центар е поврзан со еден факултет или една или повеќе програми. Запишувањето на студенти во 2016/2017 година се движело од 0 до 1366 студенти, од оваа бројка седум центри запишале помалку од 40 студенти. Понудениот одговор на ова од страна на ректорот, кој се базира повеќе на трошоци отколку на потребите на студентите и студентското искуство, е да се затворат извесен број на центри и да се дислоцираат активностите во центрите кои имаат поголем број студенти при запишување. Со ова, тимот заклучи во основа би се нарушил регионалниот карактер на Универзитетот. Забелешките на надворешните заинтересирани страни нагласија дека основањето на Универзитетот го заживеал регионот и некои студенти објаснија дека кога не би бил регионалниот карактер на Универзитетот тие не би студирале. Овие забелешки упатуваат на тоа дека за сметка на заштедени директни трошоци, многу предности би биле изгубени. Освен тоа, досегашниот развој на пренесување на знаење преку е-учење може да придонесе за алтернативна употреба на центрите за учење. На Универзитетот му се препорачува да **направи осврт на регионално-распределениот модел, земајќи ги предвид регионалните и националните потреби, општествената одговорност и студентското искуство наспроти директната заштеда на трошоци.**

Осврнувајќи се на регионално распределениот модел, Универзитетот би можел да ги земе предвид забелешките на тимот од првичната евалуација во 2014 година дека: „со оглед на големината на УГД, тешко

е да се оправда постоењето на 12 факултети и 3 академии и нивната бројка треба да се намали. Врз база на расположливите области во Универзитетот, одреден број на универзитети треба да се спојат, што би довело до развој на департменти/катедри под чадорот на помалку, но поголеми факултети (на пример, четири или пет на број)“. Овој тим ги прочита забелешките во извештајот за напредок поднесен од УГД којшто го оправдува непостоењето на промена во оваа област: „во согласност со Универзитетот, би било неопходно да се направи промена во националното законодавство за да се одобри име на новоспоен факултет“. Тимот забележа дека Универзитетот веќе создал промена во структура на факултет во 2014/2015 година кога Факултетот за музичка уметност станал Академија за музичка уметност. Универзитетот може да го искористи ова искуство на промена **за да ја рационализира академската структура.**

Тимот од првичната евалуација препорачаа Универзитетот да ја ревидира неговата мисија и визија со цел тие да ги отсликуваат, меѓу другото, специфичниот карактер и развојната насока на Универзитетот. Сегашниот тим заклучи дека оваа препорака треба да се прошири, да се нагласи учеството на надворешните заинтересирани страни и врската меѓу мисијата, визијата и стратегијата. **Мисијата и визијата треба да се ревидираат за да бидат поконкретни, да ги одразуваат специфичните карактеристики и да ги вклучуваат сите надворешно заинтересирани страни на Универзитетот. Мисијата и визијата треба да бидат отсликани во сите стратегии и дејства кои произлегуваат од нив.**

Тимот заклучи, исто како и тимот од првичната евалуација, дека Студентскиот парламент е неефективен во вклучувањето на студентите во универзитетскиот живот и донесувањето одлуки. За да се постигне аспирацијата на Универзитетот да го стави студентот во центар, **Универзитетот треба да го поддржи развојот на независно, транспарентно и самоизбрано студентско тело (Студентски парламент).** Исто така, да соработува со регионалната заедница со цел Универзитетот да одговори на локалните потреби и да овозможи релевантна наставна содржина. **На Универзитетот му се препорачува да го активира учеството на Универзитетскиот совет или друга еквивалентна надворешна заинтересирана страна во управувањето на Универзитетот.**

### 2. Контрола на квалитет

Извештајот за самоевалуација изјавува дека Универзитетот го препознава значењето на контрола на квалитет и од „самиот почеток Универзитетот имплементира процеси за овозможување и подобрување на квалитетот на работата и ги става на највисоко институционално ниво“. Извештајот за самоевалуација во продолжение констатира дека во рамките на овие процеси се имплементирани одреден број на активности

за развивање на култура на квалитет во сите аспекти на работење на Универзитетот. Ова вклучува стандардизација на целокупното работење на Универзитетот, која е спроведена во согласност со ИСО9001-Стандарди за управување со квалитет и која континуирано се спроведува од 2013 година. Универзитетот е сега во фаза на подготовка за повторна стандардизација според најновите стандарди и ова се очекува да биде завршено до крајот на годината. Првичната евалуација во 2014 известува за воведувањето на центарот за обезбедување на квалитет и завршувањето на втората тригодишна самоевалуација.

Овие дејства укажуваат на посветеноста на Универзитетот за квалитет, но како што откри првичната евалуација, дејствата сами по себе не го подобруваат квалитетот и не развиваат култура на квалитет. Тие забележале премногу нагласеност на известување и недоволно време посветено на значајна анализа.

Тригодишниот циклус на самоевалуација е добро поставен, со тоа што Универзитетот има спроведено три евалуации. Тие се спроведени од страна на група за самоевалуација, во која поединци имаат задолжение за прашања како што се квалитетот на наставничкиот кадар, наставните програми и успехот на научноистражувачките проекти. Групата е со перманентен состав и редовно се состанува во подготовка за следната самоевалуација. По самоевалуацијата се подготвува извештај кој се претставува пред Сенатот. Тимот доби впечаток дека Сенатот само го прима и забележува извештајот. Извештајот беше на располагање само на македонски јазик. Извадоци беа преведени од членовите на тимот и можеше да се види дека извештајот содржи значајна содржина за Извештајот за самоевалуација за подготовка на овој извештај на евалуацијата на ИЕП. Извештајот содржеше препораки од претходната ИЕП евалуација без никакви коментари.

Спроведувањето на самоевалуација е составен дел од создавањето култура на квалитет, но тимот заклучи дека собирањето на информации е сфатено како цел сама по себе, наместо да придонесе во процесот на донесување одлуки и подобрување на квалитетот. Ова исто така се рефлектира во недостатокот на аналитички и рефлексивен пристап на Извештајот за самоевалуација за оваа евалуација. **Тимот охрабрува континуиран развој на системот за квалитет и препорачува Универзитетот да овозможи неговиот опсег, структура и содржина да бидат интегрален дел од стратешкото и оперативното управување.**

Тимот дојде до сознание дека процесот на самоевалуација има нереализиран потенцијал кој може да придонесе за стратешко планирање, мониторинг, евалуација и донесување одлуки и забележа дека постои корисна СВОТ анализа во Извештајот за самоевалуација на Универзитетот. Планот на ректорот и СВОТ анализата заедно се добра почетна точка за имплементирање на промена и подобрување,

поддржано од обезбедување на квалитет. Но, тригодишниот циклус е премногу долг и како што заклучи првичната евалуација на ПИЕ премногу акцент се става на известување, а недоволно време се посветува на суштинска анализа. **Процесот на самоевалуација треба да се спроведува на годишно ниво и да информира за напредокот на стратешкиот план и понатамошниот развој на Универзитетот.**

Воедно, неповрзаноста на процесот на самоевалуација (и другите процеси на евалуација, како прашалниците за студенти) покажаа незавршен циклус на квалитет, кругот на квалитет не е затворен. Првичната евалуација препорача Универзитетот да ги примени стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европската високообразовна заедница (ESG) на систематска основа со цел да се развијат индикатори за работење за обезбедување на квалитет и подобрување на работењето и активностите на УГД. Поточно, тимот смета дека овие насоки треба да му помогнат на Универзитетот во подобро искористување на анализите на податоци за да поттикнат подобрување наместо сегашната тенденција да се потпираат на механизмите на обично известување. Универзитетот треба да создаде цикличен внатрешен систем за развој на квалитет (*планира-прави-проверува-делува*) и да ја имплементира Европската високообразовна заедница (ESG).

На крај, за да се изгради култура на квалитет, неопходно е вклучување и вреднување на придонесот на целокупниот персонал. **Целокупниот персонал треба да учествува, да биде обучен и да придонесе за процесите на обезбедување квалитет**.

### 3. Настава и учење

СЕИ објавува дека „Универзитетот става посебен акцент на квалитетот на наставата и подобрувањето на студентскиот живот“. Сепак, работната програма нема специфични активности поврзани со наставата и учењето и СЕИ немаше дел за наставата и учењето, ниту пак планови за како да ги развие.

Првичната евалуација на ИЕП бараше Универзитетот да разгледа повеќе иновативни пристапи за развојот на наставната програма која ќе го рефлектира динамичниот карактер на Универзитетот и ќе им помогне на студентите во учењето. Се предложи создавање на Центар на иновација во наставата (ЦИН) и овозможување на систематски можности за обука на академскиот кадар. Таков центар се основа и одговорот во Извештајот за напредок од 2016 година се однесуваше на тоа дека „претстојниот процес на реакредитација ќе беше идеална можност за новосоздадениот ЦИН да помогне во програмскиот развој на академскиот кадар“. Во врска со имплементацијата на студиските програми (типови и методи на изведување), секоја програма покажа усогласеност со националните барања преку цикличен надворешен процес на акредитација извршен

во 2016 год. Сегашниот тим утврди, исто како и тимот од првичната евалуација, дека развојот на наставната програма треба да се постави над барањата за реакредитација и да се заснова на меѓународната практика, земајќи ги предвид потребите на сите заинтересирани страни.

Бидејќи резултатите постигнати во процесот на учење се однесуваат на одреден предмет, општите вештини и компетенции како тимска работа, лидерство и претприемништво не се постојано застапени во наставата ниту пак се оценуваат, но истите може да се стекнат како резултат на активна настава и за време на практични задачи. Еден начин како да се спроведе тоа е прикажан во првичната евалуација: „методологиите за оценка на општите компетенции треба да бидат јасно изразени во документацијата. Ова може да значи дека лицата задолжени за индивидуалните студиски програми ќе треба да ги преразгледаат наставните програми или да воведат придружни активности, бидејќи наставната програма вклучува само постигнување на компетенциите за дадениот предмет“. Притоа, студентите изјавија држење на формални испитувања често придружени од други форми на оценување, што покажа дека техниките на оценување секогаш не се најрелевантни. Ова особено се гледа од извештаите на студентите за стекнување одлично искуство за време на пракса, практични задачи и работно искуство. Сегашниот тим ја проширува препораката од 2014 год. дека општите компетенции, повеќенаменските вештини и комуникациските вештини треба да се дел од сите студиски програми со посебно внимание кон конструктивно усогласување.

Индивидуалните наставници, пак, изјавија дека по сопствено видување тие воведе партиципативни, активни и методи сосредоточени на студентите. Така, некои факултети имаат фокусирани пристапи за развојот на квалитетот на учењето додека други немаат. Ова резултира со нерамномерност во однос на тоа дека и студентите и вработените се изјаснуваат за постоење на дел иновативна настава и пошироко распространети традиционални пристапи. Тимот забележа дека добрата практика во наставата и учењето зависи од придонесот на индивидуалниот наставник и нивната мотивација и дека активното управување со програмите е поверојатно да се случи на факултетско отколку на универзитетско ниво, иако ова исто така зависи и од деканот. Тимот заклучи дека зависноста од индивидуалци да изберат пристап резултира со непостојаност и видливо отсуство на иновативност, кое може да се реши со управување со наставата и учењето на универзитетско ниво.

Влијанието на ваквите различни пристапи не е јасно, бидејќи тимот увиде само збирни а не индивидуални информации за програмата. Тимот не можел да увиде постојан пристап до уредби за осигурување на квалитетот на програмско ниво за време на интервјуата. Студентите

постојано изјавувале дека ги ценеле високомотивираните наставници и дека тие биле секогаш подготвени да ја дадат нивната поддршка. Некои факултети воведоа нивни прашалници и пристапи за евалуација на програмата со позитивни резултати, но тие не се достапни на универзитетско ниво. Постои универзитетски прашалник за студентите, кој се пополнува на крајот од секој семестар, но резултатите не се објавуваат, и до кои според некои декани тие немаат пристап. Студентите не добиваат повратна информација. Стапката на пополнување е само 8%, а Универзитетот не планирал да ја подобри оваа бројка. Во моментов, прашалникот не укажува за некакво систематско подобрување на квалитетот на наставниците поединци, ниту пак за наставата и учењето воопшто. Подобрувањето на наставата и учењето треба да биде дел од внатрешен цикличен систем за развојот на квалитетот (*планирај – врши – проверувај – дејствувај*) и имплементацијата на ЕВП ќе значи развој на програмата, како што веќе е препорачано во претходната глава.

Студентите од сите факултети изјавуваат дека можат директно да стапат во контакт со деканот и да разговараат за проблеми и дека овој систем функционира добро. Сепак, тимот забележа дека ефективноста на оваа пракса може да се должи, како во примерите погоре, на лична иницијатива и мотивација и смета дека овие неформални механизми треба да се заменат со формални, институционални и систематски механизми за осигурување квалитет.

Универзитетот воспостави е-учење и други електронски извори на информација и дата бази за поддршка на учењето. Студентите и наставниците изјавуваат дека употребата на овие ресурси е непостојана со тоа што некои наставници се поактивни и иновативни од други. Во секој случај, е-учење е дополнување на наставата лице в лице, а не замена. Во однос на тоа, Универзитетот ги обврзува наставниците да користат е-учење во секоја студиска програма и им овозможи обука за тоа. Тимот го поздравува систематскиот пристап за обука на кадарот за е-учење, но би сакал да поттикне развој на поширока програма за иновации во педагогијата. Развојот на ЦИН треба да се фокусира на нудење педагошка обука и поддршка на целокупниот академски кадар, врз основа на позитивното искуство од обуката за дигитални вештини.

Сегашниот тим имаше увид на голем број графикони кои го прикажуваа бројот на студентите по факултет, локација, пол, редовни/вонредни и апсолвенти. СЕИ ја обезбеди оваа информација за академската година 2013/2014 и 2014/2015, па не можеше да се определат развојните трендови. Ректорот обезбеди алтернативни прикази и најнови информации за бројот на студентите. Се покажа дека целокупниот број на студенти бележи постојано опаѓање од највисоката точка во 2009/2010 год., а бројот на запишаните студенти во споредба на тие што дипломираат укажува на предолг период до дипломирање,

високи стапки на намалување и голем број на неактивни студенти. На пример, еден графикон покажа дека помеѓу 2009 год. и 2016 год. имало 683 дипломирани од 2386 запишани студенти, кое покажува ниска стапка на завршување на студии. Ректорот зема бројка од 10859 активни студенти за да пресмета сооднос студент: наставник од 1:29.5. СЕИ покажа тотална бројка од 9559 студенти во 2015 год. со сооднос студент : наставник од 1:22. Генерално, тимот не можеше да забележи клучни информации за соодносот студент : наставник и заклучи дека нема јасен пристап за управувањето на бројот на студентите и следствено за проблемите како менаџментот на продолжителноста на студиите и намалување на бројката. Соодносот студент : наставник не може јасно да се утврди. Тимот ја потврди забелешката од првичната евалуација дека треба да се посвети поголемо внимание на запишувањето на студентите, постигнувањата, дипломирањето и прекинот на студиите.

Решавањето на прашањата во врска со структурата на наставната програма и високата стапка на намалување на бројка и неактивни студенти може да се врши истовремено со воведување на флексибилност во наставниот план и овозможување на трансфери од една студиска програма во друга, без да се губат кредити.

Во работната програма за периодот 2015-2019 стои дека „на Универзитетот студентите се центарот на процесот на стекнување знаења и исто така се одговорни за успехот на образовниот процес“. Тимот се согласи дека студентите имаат одредена одговорност за успехот на образовниот процес и предложи дека тоа треба да се поткрепи со поголема вклученост на студентите во универзитетскиот живот и во донесувањето одлуки. Студентите имаат придобивка од ЕКТС системот, издавањето на додаток на дипломата и јасни критериуми за мобилност и признавање на мобилност. Студентите изјавија дека на наставата и учењето им недостасуваат многу од карактеристиките и социјалните аспекти на универзитетскиот живот. Тимот не можеше да пронајде заеднички социјални капацитети за студентите. Треба да се обезбедат сервиси за студентска поддршка, вклучувајќи ги и тие што го овозможуваат развојот на студентскиот живот (библиотека, заеднички простории за студентите, менза, воннаставни активности).

Тимот разбра дека бројот на часови по наставник е во просек 8 часа седмично за професор и максимум 16 часа за асистенти. Им беше кажано дека надвор од ова, наставниците и професорите може да си ги организираат истражувачките активности. Тимот забележа голем број табели со набројани имиња на наставничкиот кадар по звање и забележа дека распределбата по различните факултети не е еднаква. Сепак, не можат да се дадат цврсти заклучоци поради претходно споменатата застарена и неконзистентна информација.

**4. Истражување**

СЕИ определува десет стратешки цели поврзани со истражувањето. Истражувањето на Универзитетот е промовирано преку две главни мерки. Прво, истражувачката дејност е клучен фактор за унапредување и второ постои универзитетски фонд за наука со мали грантови за почетно истражување. Така, Универзитетот ги поттикнува истражувањето и особено меѓународната соработка.

СЕИ смета дека следната фаза за развој на УГД мора да се фокусира на создавање подобра клима за истражување и интеграција преку проекти од ЕУ. Ова треба да се прави со конзистентна стратегија за поддршка на проектен развој и истражување поддржани од фондовите на ЕУ. Универзитетот создаде е-репозиториум кој ги содржи сите резултатите од истражувањата, каде што се рефлектира годишната истражувачка работа на Универзитетот. Видливоста на е-репозиториумот се јави како двигателна сила за истражување. Е-репозиториумот има класификациски систем кој, покрај другото, ги класифицира интернационалните и националните проекти. Класификацискиот систем не е експлицитен и не прави споредба со метрика која се користи за класифицирање на истражувањето. ИСИ публикациите се цитирани, врз основа на оваа класификација, а СЕИ има табела со бројот на проекти и сите публикации во периодот од 2013 до 2015 год. Иако ваквите индикатори се секако важни, нивните трендови, распределба помеѓу истражувачи, надворешни практики заедно со нагласувањето на социјално-економски резултати, градење експертиза, еминентност во одредени области се нешта коишто може да помогнат до создавањето на истражувачки центри (можни центри за високи достигнувања) не беа достапни за анализа. Притоа, општествените и хуманистичките науки не добија голема важност, бидејќи метриката повеќе тежнее кон природните науки и инженерството. Индикаторите за истражувањата во општествените и хуманистичките науки треба да се преразгледаат и да вклучат одредници како слични дисциплини во поширокиот регион. Ова ќе му помогне на УГД да разгледа и истражи каде е релативната предност на истражувањето на УГД, во природните науки и инженерството или пак општествените и хуманистичките науки.

Можноста за поставената внатрешна конкуренција за добивање грантови за проекти и награди за високи истражувачки постигнувања е поздравена од кадарот како добар начин за стимулација што секако треба да биде поткрепено со други мотивациски алатки. СВОТ анализата како дел од СЕИ покажува (како и во претходната евалуација) „Просечна научна продукција (научни трудови објавени во списанија со високо влијание, истражувачки грантови добиени во конкуренција со други)“. Тимот разбра дека истражувачката активност е во голем дел прашање на личен избор и дека врските со меѓународната истражувачка заедница се исто така на лична основа. На неколку факултети има софистицирана лабораториска

опрема и тие факултети кои имале меѓународни проекти имаа пристап до меѓународни дата бази. Како резултат на личниот карактер на активноста нема структурни можности за младите истражувачи. Тимот не забележа патенти ниту пак создавање на нови бизниси.

Сегашниот тим забележа дека не е направен напредок по препораките од првичната евалуација. Тимот исто забележа дека во некои факултети истражувањето е развиено до меѓународни стандарди со меѓународна соработка. Постои доказ за одредена меѓуфакултетска/интердисциплинарна соработка. Има сè повеќе фондови од индустриски базирани проекти, а регионалните работодавци користеа истражување и консултации од Универзитетот. Во секој случај, сите овие активности се резултат на индивидуална мотивација и лична посветеност. Истражувачкиот и останатиот кадар покажаа дека една позитивна причина за работа на Универзитетот е тоа што може да се работи на истражувачките интереси. Потребата од фокусирана активност на универзитетско ниво е препорачана во првичната евалуација: „треба да се поставаат јасни приоритетни истражувачки области со специјализирани истражувачки групи и мултидисциплинарни тимови. Треба да се обезбеди институционална поддршка на ваквите истражувачки активности“. Во моментов, истражувачката активност се води со помалку од 0.5 од целосното работно време од страна на проректорот, што тимот смета дека е недоволно за да се постигнат целите на Универзитетот. За да се постигне растечки напредок и зголемен квалитет на истражувањето тимот препорачува дека во склоп на стратешкиот план Универзитетот треба да постави јасно насоки преку давање приоритет и усогласување на сет од реалистични, остварливи и мерливи цели за следните три до пет години, управувани од тим раководен од проректор со полно работно време.

Во моментов има неколку докторанди и многу докторски програми. Првичниот евалуациски извештај од 2014 г. препорача дека „Универзитетот треба да разгледа начини како да ја подобри перцепцијата за докторски студии овде, како на пример заеднички семинари, дружења, гости-предавачи“. Настан за докторанди, кој се очекува да се случува секоја година се одржа во 2016 год. со цел да се постигне одредена кохезија кај студентите. Сегашниот тим го поздрави ова како чекор напред и смета дека е потребна понатамошна активност и за поврзување на некои од програмите и за тие што ќе останат одделно, за студентите да се запознаат, да работат заедно на задачи и заеднички семинари и да започнат да размислуваат за заеднички истражувачки можности. Во поглед на моменталниот мал број на докторанди треба да се разгледа можноста за заеднички докторски програми и заеднички сервиси со цел да се создадат заеднички предавања, понуди за обуки, дружења, гости-предавачи, како и координирана заедничка политика за надзор.

**5. Сервис на заедницата**

Претходниот тим препорача: „односот помеѓу Универзитетот и индустријата / бизнисот / локалната економија би можеле подобро да бидат поддржани со платформи каде што надворешните заинтересирани страни може да придонесат за долгорочната стратегија за развој на УГД и, особено, за развој на политика за трансфер на технологија и продолжување на образованието / проширување на Универзитетот”.

Универзитетот има широка програма за социјални и културни активности. Некои факултети имаат развиено редовни контакти и договори со надворешни партнери и засегнати страни како локални и регионални власти, јавни и приватни компании, претставници на потрошувачите.

Евидентно е дека Универзитетот придонесува за социјалниот, здравствениот, економскиот и културен живот во регионот, како и за општото добро, не само во ангажирање на студенти кои инаку не би се вклучиле во високото образование.

Додека оваа активност е за пофалба, општествените врски може да се зајакнат и повеќе да се фокусирани на задоволување на локалните и регионалните потреби во корист на Универзитетот, заедницата и преку информирање на порелевантни содржини во наставата. Тимот препорачува, во рамките на стратешкиот план, Универзитетот да елаборира интегрирана стратегија за дефинирање на приоритетни национални и странски партнери. На ниво на факултет, јавните и приватните засегнати страни треба да имаат можност да ги изразат своите потреби за вештини, стручност и подобрување нивната поддршка на Универзитетот (практиканти, стипендии, заеднички проекти, меѓународни перспективи.

**6. Интернационализација**

Стратешка цел на Универзитетот е да се постигне активно вклучување во меѓународното високо образование и науката, со поголема мобилност на студентите и наставничкиот кадар.

Тимот на првичната евалуација препорача дека „целните бројки за појдовни и дојдовни Еразмус+ студенти треба да се воведат заедно со формалните процеси на селекција и следење на програмата Еразмус + “, од кои и двете беа имплементирани.

Тековниот тим забележа големо зголемување на бројот на договори со други универзитети. Ова претставува огромен колективен напор и ја одразува одлуката на Универзитетот да се зголеми меѓународната активност. Беа дадени примери на меѓународни истражувачки проекти. Исто така имаше извесен успех во привлекувањето на средства од ЕУ, како што се Еразмус + клучна акција 2 и Жан Моне. Универзитетот планира да ја зголеми мобилноста (претежно кај студентите) во текот на следните

четири години и успеа да обезбеди средства од Еразмус + за да го направи тоа. Постојат добри примери каде искуството за размена / мобилност на студенти беше оценето и искористено во подобрување напорите на факултетот или катедрата. Сепак, тимот разбра дека тие се индивидуални практики, а не систематски и унифицирани универзитетски практики.

Тимот ги поздрави подобрените можности за мобилност на студентите. Студентската мобилност, исто така, обезбедува можности за подобрување и вградување на меѓународна перспектива во рамките на Универзитетот, која може да се искористи за да им помогне на студентите во постигнувањето на меѓукултурни компетенции. Мобилноста може да го постигне ова за индивидуални студенти, но ова може да се прошири за да се вклучи интернационализација на национално ниво, заеднички проекти, наставни програми за споредување на развој, заеднички програми (во истражувачки и други области), мобилност на персоналот и дојдовна мобилност. Проширувањето на мобилноста на студентите се одвиваше без сеопфатна стратегија или план и акцент треба да се даде на максимизирање на можностите кои произлегуваат од мобилноста.

Освен обезбедување на можности, проширената мобилност претставува ризик кој не е земен предвид од страна на Универзитетот. Тука спаѓаат: капацитет ја надминува побарувачката, широка географска распространетост што доведува до недостаток на фокус и влијание, недостаток на интеграција на наставната програма, студентите не се враќаат, управување со бирократијата на ЕУ и репутацијата.

Имајќи го ова на ум, тимот за евалуација дава три препораки:

- Развој на стратегија за интернационализација како дел од стратешкиот план што го дефинира фокусот, смислата и целите на интернационализацијата.
- Да се гарантира дека меѓународните договори се донесуваат според универзитетската стратегија и добро дефинирани критериуми.
- Првичниот извештај за евалуација препорачува да се размисли за дополнителен персонал и обука за Центарот за меѓууниверзитетска соработка. Моментално има само еден редовно вработен што се чини е недоволно за таква амбициозна програма. Затоа тимот препорачува Универзитетот да ги зголеми човечките ресурси во меѓународната канцеларија и да одреди одговорни поединци во рамките на секој факултет да се поврзат со канцеларијата и да водат меѓународна активност.

**7. Заклучоци и резиме на препораките**

Универзитетот „Гоце Делчев“ (Штип) постигна напредок во исполнувањето на својата мисија во последните десет години и сега разгледува како да ја консолидира и понатаму да ја развива својата мисија. Регионалниот придонес на Универзитетот е ценет и признаен

од инволвираните страни. Е-услугите се добро развиени и користени за информации и учење. Успешно се направени некои меѓународно признати истражувања. Универзитетот има корист од високомотивирани индивидуални вработени и сега треба да ги кодифицира очекувањата, политиките, систем и процедурите за квалитет.

Препораките на тимот се дадени заедно со овој извештај, по целосно разгледување на структурите и процесите кои ја карактеризираат работата на Универзитетот, неговите планови за промени и капацитет за продолжување на успешните промени. Прегледот на препораките е наведен подолу.

**Управување и институционално донесување одлуки**

- Да се прошири сопственоста и надворешната важност на работната програма со тоа што ќе се конвертира во стратешки план (кој содржи сет на клучни показатели на успешност (КПИ), цели, приоритети, ресурси и временски рокови), според кои може да се мери и следи напредокот на транспарентен начин и поддржан од внатрешна самоевалуација.
- Преглед на регионално дистрибуираниот модел, земајќи ги предвид регионалните и националните потреби, општествена одговорност и студентско искуство наспроти директни заштеди на трошоците.
- Да се насочи академската структура на институцијата.
- Да ги ревидира мисијата и визијата да бидат поконкретни, да ги одразуваат посебните карактеристики, да се ангажираат сите инволвирани страни на Универзитетот. Мисијата и визијата треба да бидат рефлектирани во сите стратегии и акции што произлегуваат од него.
- Поддршка за развој на независено, транспарентно и самоизбрано студентско тело за управување (Студентски парламент).
- Активирање на Универзитетскиот совет или еквивалентно учество на засегнатите страни во управување со Универзитетот.

**Култура на квалитет**

- Поттикнување на континуиран развој на системот за квалитет и осигурување дека нејзиниот опсег, структурата и содржината го прават составен дел од стратешкиот и оперативниот менаџмент.
- Процесот на самоевалуација треба да се презема на годишно ниво и да се информира за напредокот на стратешкиот план и понатамошниот развој на Универзитетот.
- Креирање на цикличен систем за внатрешен развој на квалитетот (планирај-изврши-провери-делувај) и имплементација на стандардите и упатствата за обезбедување на квалитет во сферата на европското високо образование.

- Сите вработени треба да учествуваат, да бидат обучени и да придонесуваат за квалитетни процеси.

**Учење и настава**

- Развојот на наставната програма треба да оди подалеку од барањата за реакредитација и да биде врз основа на меѓународната практика земајќи ги предвид потребите на сите заинтересирани страни.
- Општите компетенции, трансверзалните вештини и фините вештини треба да бидат вградени во сите студиски програми, со посебно внимание кон конструктивно усогласување.
- Развојот на КТИ треба да се фокусира на нудење на педагошка обука и поддршка на сите академски кадри, надоврзувајќи се на позитивното искуство од обуката за дигитални вештини.
- Да се посвети поголемо внимание на запишувањето, постигнувањето, завршувањето и задржувањето на студентите.
- Да се обезбедат услуги за поддршка на студентите, вклучувајќи ги и оние кои го олеснуваат развојот на студентскиот живот (вклучувајќи библиотека, заеднички простории, кантина, воннаставни активности).

**Истражување**

- Да се постигне напредок кон раст и зголемен квалитет во истражувањето, во рамките на стратешкиот план, Универзитетот треба да постави јасни насоки со давање приоритет на и согласувајќи се со збир на реални, остварливи и мерливи цели за следните три до пет години, под постојано раководство во рамките на тимот предводен од проректор.
- Со оглед на сегашниот мал број на докторски студенти, треба да се размисли за пристапување кон заеднички докторски програми на ниво на кампусот врз основа на постојните акредитирани докторски програми и заеднички служби со цел да се развијат заеднички семинари, понуди за обука, социјални собири, гостувања на говорители и координирана надзорна политика.

**Сервис за општеството**

Тимот препорачува, во рамките на стратешкиот план, Универзитетот да елаборира интегрирана стратегија која ги дефинира приоритетните национални и странски партнери. На ниво на факултет, на јавните и приватните засегнати страни треба да им се даде можност да ги искажат своите потреби за вештини, стручност и подобрување на нивната поддршка за Универзитетот (практиканти, стипендии, заеднички проекти, меѓународна перспектива).

**Интернационализација**

- Да се развие стратегија за интернационализација како дел од стратешкиот план што ги дефинира фокусот, суштината и целите.
- Да се осигура дека меѓународните договори се донесуваат според универзитетската стратегија и добро дефинирани критериуми.
- Зголемување на човечките ресурси во меѓународната канцеларија и одредување на одговорни поединци во рамките на секој факултет за да се поврзат со канцеларијата и да водат меѓународна активност.

**ИЗВЕШТАЈ
ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

(ЗА ПЕРИОДОТ 2015-2018)

КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УГД

ISBN 978-608-244-642-4